**УНИВЕРЗИТЕТ Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ**
**ФИЛОЗОВСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**
**ИНСТИТУТ ЗА ОДБРАНБЕНИ**
**И МИРОВНИ СТРУДИИ**

# ИСКУСТВА, РАЗВОЈ И ПЕРСПЕКТИВИ НА ВОЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА И ВОЕНАТА ВЕШТИНА

докторска дисертација

**МЕНТОР**
Проф. д-р ***Зоран Нацев***

**КАНДИДАТ**
М-р ***Ванчо Кенков***

# ИСКУСТВА, РАЗВОЈ И ПЕРСПЕКТИВИ НА ВОЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА И ВОЕНАТА ВЕШТИНА


**Вовед** ----------------------------------------------------------------------------------------------1

**Предмет на истражување**------------------------------------------------------------------------5

**Цел на истражувањето**-----------------------------------------------------------------------------6

**Хипотетичка рамка на истражувањето**------------------------------------------------------6

**ГЛАВА ПРВА**-------------------------------------------------------------------------------------9

***ВОЈНА, ВООРУЖЕНА БОРБА, ВОЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА И ВОЕНА ВЕШТИНА - ДЕТЕРМИНИРАЊЕ И РАЗГРАНИЧУВАЊЕ НА ПОИМИТЕ***------------------------ 9

**I. ВОЈНА**----------------------------------------------------------------------------------9

**ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ**-------------------------------------------------------------9

**1.ПОИМ**----------------------------------------------------------------------------------10

**2.ПРИЧИНИ ЗА ВОЕНО КОНФРОНТИРАЊЕ**--------------------------------------15

**3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА СОВРЕМЕНИТЕ ВОЈНИ**-----------------------------18

**II. ВООРУЖЕНА БОРБА**------------------------------------------------------------28

**1. ПОИМ**---------------------------------------------------------------------------------28

**2. ФАКТОРИ И СОДРЖИНА НА ВООРУЖЕНАТА БОРБА**---------------------30

**3. ОСНОВНИ СОДРЖИНИ НА ВООРУЖЕНАТА БОРБА**-----------------------34

**III. ВОЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА**------------------------------------------------------38

**1. ПОИМ - ОРГАНИЗАЦИЈА И ВОЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА**-------------------39

**1.1. Воена организација**--------------------------------------------------------------41

**2. СТРУКТУРА - ФОРМАЦИЈА**----------------------------------------------------42

**3. ФОРМИ, ВИДОВИ И НИВОА НА ВОЕНО ОРГАНИЗИРАЊЕ**---------------44

**IV. ВОЕНА ВЕШТИНА**-------------------------------------------------------------47

**1. ПОИМ И РАЗГРАНИЧУВАЊЕ НА ДИЛЕМАТА НАУКА ИЛИ ВЕШТИНА**

**1.1. Воената вештина во системот на науките**---------------------------------51

**1.2. Гранки на воената вештина**----------------------------------------------------54

**1.2.1. Тактика**---------------------------------------------------------------------------56

**1.1.3. Оператика**------------------------------------------------------------------------62

**1.1.3.1. Место на оператиката во воената вештина**-----------------------------65

**1.1.1.3.2. Видови на операции------------------------------------------------------------------------65**
**1.1.4. Стратегија-----------------------------------------------------------------------------------------67**
**2. ПРИНЦИПИ НА ВОЕНАТА ВЕШТИНА-----------------------------------------------73**

**ГЛАВА ВТОРА**

***РАЗВОЈОТ НА ВОЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА И ВОЕНАТА ВЕШТИНА ОД АНТИЧКИОТ ПЕРИОД ДО ФРАГМЕНТАЦИЈАТА НА РЕАЛ-СОЦИЈАЛИЗМОТ***-------------------------------------------------------------------**78**

**I. *ИСТОВЕТНОСТИ И РАЗЛИКИ НА ВОЕНОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ И ВОЕНАТА ВЕШТИНА ВО АНТИЧКИОТ ПЕРИОД***-------------------------------------**78**

**1. СТАРА ГРЦИЈА-----------------------------------------------------------------------79**
**2. АНТИЧКА МАКЕДОНИЈА-------------------------------------------------------82**
**3. СТАРИОТ РИМ----------------------------------------------------------------------85**
**4. НАПОРЕДНА АНАЛИЗА----------------------------------------------------------90**

**II. *СОСТОЈБИ, ПРОЦЕСИ И РАЗВОЈ НА ВОЕНОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ И ВОЕНАТА ВЕШТИНА ОД КРАЈОТ НА II-ТА СВЕТСКА ВОЈНА ДО ФРАГМЕНТАЦИЈАТА НА РЕАЛ-СОЦИЈАЛИЗМОТ***

**1. КОРЕЛАЦИЈА ПОМЕЃУ МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ И ВОЕНОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ**

**1.1. ИСТОВЕТНОСТИ И РАЗЛИКИ НА СУПРАНАЦИОНАЛНОТО ВОЕНО ИНТЕГРИРАЊЕ -НАТО И ВАРШАВСКИОТ ДОГОВОР--------------------96**

**ГЛАВА ТРЕТА-------------------------------------------------------------------------------------108**

***ФАКТОРИ КОИ ГИ ОПРЕДЕЛУВААТ АКТУЕЛНИТЕ СОСТОЈБИ, ПРОЦЕСИ И ПЕРСПЕКТИВИ НА ВОЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА И ВОЕНАТА ВЕШТИНА***-------**108**

**I. МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ ПО ФРАГМЕНТАЦИЈАТА НА РЕАЛ-СОЦИЈАЛИЗМОТ - ПРОЦЕСИ И ПЕРСПЕКТИВИ---------------------------108**
**ОПШТИ НАПОМЕНИ------------------------------------------------------------------108**
**1. „ ГЛОБАЛИЗАЦИЈА„ -----------------------------------------------------------------109**

1.1. ФУНДАМЕНТИ------------------------------------------------------------------115
1.2. ПЕРСПЕКТИВИ------------------------------------------------------------------121
2. „МУЛТИПОЛАРИЗАЦИЈА„-----------------------------------------------------------132
2.1. АНТИТЕЗА НА ГЛОБАЛНОТО ИНТЕГРИРАЊЕ--------------------------132

3. НАТО - ГЛОБАЛНА СУПРАНАЦИОНАЛНА ВОЕНО-ПОЛИТИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА-----------------------------------------------------------------------------142
ОПШТИ НАПОМЕНИ-----------------------------------------------------------------142
3.1. ОРГАНИЗАЦИЈА----------------------------------------------------------------------160
3.2. ФУНКЦИЈА НА НАТО----------------------------------------------------------------163
3.3 ВООРУЖЕНИ СИЛИ НА НАТО-------------------------------------------------166

3.4. ЗЕУ - ЕВРОПСКА ВОЕНО-ПОЛИТИЧКА ДИМЕНЗИЈА --------------------168
3.4.1. ОДНОСИ НА РЕЛАЦИЈА САД, НАТО И ЗЕУ---------------------------------176

4. ВОЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА РУСИЈА, КИНА И ИНДИЈА ВО ФУНКЦИЈА НА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА „МУЛТИПОЛАРНАТА„ СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ------------178
4.1. ВОЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА РУСИЈА--------------------------------------178
4.2. ВОЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА КИНА------------------------------------------185
4.3. ВОЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИНДИЈА-------------------------------------190

*I. ПОСТ - ИНДУСТРИСКИОТ НАУЧЕН И ТЕХНИЧКО- ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ВОЕНОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ И ВОЕНАТА ВЕШТИНА*------------193

1. ВЛИЈАНИЕТО НА НАУЧНИОТ, ТЕХНИЧКИОТ И ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ВООРУЖЕНИТЕ СИСТЕМИ И ВОЕНАТА ОПРЕМА------------------------------------------------------------------193

1.1. УПРАВУВАЧКА ТЕХНИКА------------------------------------------------------------194
1.2. ВООРУЖЕНИ СИСТЕМИ-------------------------------------------------------------197
1.2.1. РАЗВОЈ НА НУКЛЕАРНИ, ХЕМИСКИ, БИОЛОШКИ И ДРУГИ ВООРУЖЕНИ СИСТЕМИ ЗА МАСОВНО УНИШТУВАЊЕ---------197
1.2.1.1. НУКЛЕАРНО ОРУЖЈЕ--------------------------------------------------197
1.2.1.2. ХЕМИСКО И БИОЛОШКО ОРУЖЈЕ-------------------------------204
1.2.1.3. ДРУГИ ОРУЖЈА ЗА МАСОВНО УНИШТУВАЊЕ-----------------206
1.2.2. ВООРУЖЕНИ СИСТЕМИ ВО КоВ-----------------------------------------------208
1.2.2. ВООРУЖЕНИ СИСТЕМИ ВО ВВ И ПВО----------------------------------218
1.2.4. ВООРУЖЕНИ СИСТЕМИ ВО ВОЕНАТА МОРНАРИЦА---------------232
1.2.5. ВСЕЛЕНСКИ ВООРУЖЕНИ СИСТЕМИ-------------------------------------240

**1.3. ВЛИЈАНИЕТО НА НАУЧНИОТ, ТЕХНИЧКИОТ И ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ПОДГОТОВКИТЕ, АНГАЖИРАЊЕТО И ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА ВОЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА------------------------------------------------------------------265**

**1.3.1. ВОЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ГОЛЕМИТЕ СИЛИ---------265**

**1.31.1. Воената организација на Британија-------------------------------------265**

**1.3.1.2.Воената организација на Франција---------------------------------------274**

**1.3.1.3. Воената организација на САД--------------------------------------------281**

**1.4. ПОДГОТОВКИ НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ----------------------------------298**

**1.5. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ-------------------------------312**

**2. ВЛИЈАНИЕТО НА НАУЧНИОТ, ТЕХНИЧКИОТ И ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ НА ВОЕНО-ДОКТРИНАРНИТЕ ОПРЕДЕЛБИ НА ПОСТИНДУСТРИСКОТО ВОЕНОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ-----------------------328**

**2.1. Нова димензија на факторита на вооружената борба-------------------328**

**2.2. Проминентноста на воената доктрина на САД во наднационалниот доктринарен концепт------------------------------------------------------------------331**

**2.2.1. Военодоктринарните аспекти на "воздушнокопнената битка"-----333**

**2.2.2. Проминентен сегмент на военото организирање и воената вештина на прагот на 21-век---------------------------------------------------------------------338**

**2.2.3. Искуствата од Заливската војна, војната со СРЈ, Авганистанската војна и Ирак (2003)---------------------------------------------------------------------341**

**2.3. Руската воена доктрина функција - дисфункција----------------------345**

**ЗАКОНИТОСТИ НА РАЗВОЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА ВОЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА И ВОЕНА ВЕШТИНА-----------------------------------349**

**ЗАКЛУЧОК--------------------------------------------------------------------------351**

**БИБЛИОГРАФИЈА-----------------------------------------------------------------365**

# ИСКУСТВА, РАЗВОЈ И ПЕРСПЕКТИВИ НА ВОЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА И ВОЕНАТА ВЕШТИНА

## Вовед

Историјата на развојот на човековиот род, е "историја на војни" а многу помалку "историја на мирот". Во неа, едно од клучните содржини е "резервирано" за вооружените судири. Сообразно на тоа бележиме континуиран развој на воената организација, воената вештина и комнретните содржини на вооружената борба. Во тие рамки развојот на воената организација и воената вештина може да се следи на два начини. Едниот е во однос на општествените епохи (стар, среден и нов век, односно робовладетелство, феудализам, капитализам, социјализам), а другиот според еволуцијата на создавањето на вооружените сили. Во методолошка смисла исправни се двата приоди бидејќи појдовната основа на оваа поделба во суштина е иста. Имено, воената организација и воената вештина отсекогаш зависеле од достигнатиот степен на развојот на материјално-производствените сили на одредена епоха и држава, карактерот на општественото уредување, усвоените воено-доктринарни ставови на владеачката класа и степенот на развој на науката и воената техника.

Така со појавата на робовладетелските држави воената организација се етаблира како иманентен дел на државната организација. Односно во периодот на раните робовладетелски држави војските не биле постојани за да во подоцнежната фаза на развиените робовладетелски држави, преку робовладетелската милиција се стигне до платеничка војска како постојана војска, чие издржување, вооружување и опремување ќе го обезбедува државата. За овој период е карактеристично тоа што копнената војска е основен вид, а нешто подоцна се појавува и морнарицата. Се бележат првите елементи на воена формацијата како Центурија, Фаланга, Манипула и Легија.

Во феудалното општествено уредување, војските биле мали, составени од мал број на пешадија и коњаници како основен род.

Пополнувањето се вршело во рамките на воената обврска на која подлежале сите слободни граѓани. Подоцна, пополнувањето се врши врз основа на феудалната обврска, што подразбира учество само на племството и земјосопствениците. Овој период најмалку придонел за развојот на воената организација, развојот на воената вештина и воената мисла.

Во т.н. нов век доаѓа до сојузи меѓу градови на кои им одговараше моќната монархија со централна власт. Во тие рамки и на воената организација се рефлектираат општествено-политичките, економските и особено техничко-технолошките новини кои ќе најдат широка примена кај неа. Така се појавува новиот тип на наемнички - професионални војски, како доминатен во овој период. Под влијание на споменатите околности и промените во пополнувањето на војските, начинот на изведувањето на борбените дејства и развојот на огненото оружје, се појавуваат нови формации ( чета, полк, баталјон, бригада а подоцна ескадрон и дивисион).

Натамошните општествено-политичкипромени, научно-технолошкиот напредок, развојот на воено научна мисла, придонесуваат во развојот на воената организација во смисол на нејзиното организациско -формациско организирање, пополнување, вооружување и начин на изведување на борбените дејства. Од друга страна, воената вештина, гледано во одделни периоди своите основи ги има во економската, политичката, техничко-технолошката база, културните и историскте корени и теориските извори. Развојот на воената вештина во областа на теоријата и праксата може да се следи преку истражувањето на конкретните војни и методите на борбените дејства; преку анализата на промените на карактеристиките, бројноста, оружјето и опремата на војските; развојот на технологијата, производството на оружјето и опремата за потребите на армиите; противречностите на новото вооружје, негова употреба во вооружената борба и старите методи на борбените дејства како и влијанието на воената мисла врз промените во теоријата и праксата на воената дејност. Она што е важно да се забележи е дека развојот на воената вештина е условен од постојаните промени на вооружувањето и улогата на човечкиот фактор.

Имајќи ги предвид искуствата од историјата на војните и на вооружените судири, анализата на содржината и обемот на поимите на воената вештина, може да се дојде до хипотетички ставови и идентификација на основните чинители кои влијаеле на развојот на воената вештина.

Односот кон воената вештина и нејзината системност (дисциплини) се разликува на "Исток" и "Запад", а беше условен со општите сваќања за науката во општеството, филозофските претпоставки, моралните и економските фактори, како и од идеолошките антагонизми на социјалистичкото и капиталистичкото сваќања за светот, државата, војската, војната и вооружената борба. Прифаќајки ги причините за тие различности идентификувани се согласни ставови за содржината и обемот на поимите во поимовно-категоријалниот апарат на воената вештина. Развојот на воената вештина до Првата светска војна имаше емпириски карактер, но постепено теоријата, се поизразито, влијаеше на праксата преку содржините на воените доктрини. Интезитетот и значењето на промените на факторите на развојот на воената вештина влијаеле на промените на вредностите на параметрите на вооружената борба, методите на борбените дејства и масовноста на војските.

Поделбата на воената вештина изведена е спрема критериумот на целта или спрема критериумот на фазите при реализирање на задачата. Првиот критериум до скоро важеше за "Истокот", а вториот за "Зпадот" Сепак разликите во системноста на воената вештина се оправдани и претставуваат доктринарен израз на секоја држава и нејзината војска.

Единствениот пристап во истражувањето на сите периоди овозможува прецизно согледување на развојот на воената вештина, а врз основа на тоа да се воочат тенденциите во развојот на битните содржини и категориски поими и прашања кои се значајни за денешното поимање на обемот и сорджината на поимот воена вештина. Воочувањето на правилностите и закономерностите во развојот на воената вештина ќе послужат за формулирање на генералните ставови за тенденциите на развојот на теоријата и праксата на воената вештина.

Анализата на општествено-економските односи е во функција на поврзаноста и утврдување на причинско-последичната зависност со основните прашања на теоријата и праксата на воената вештина. Војната и вооружената борба, најчесто низ историјата, биле предизвикани од противречностите во општествено-економските односи во државите, регионите и во светот, како и хегемонистичките цели и влијателните центри на моќ во светот. Општествено-економските односи битно влијаеле на почетокот, текот и исходот на војните и вооружените судидри.

Технолошкиот развој и состојбата на техниката и воената опрема ќе се анализираат од аспект на карактеристиките на основните параметри, во функција на поврзаноста со воената мисла и влијанието врз неа, доктринарните определби и решенија, организацијата на војската, комадувањето, подготовките, ангажирањето и обезбедувањето на војската во вооружена борба. Развојот на тенологијата и техниката влијаеше на доктринарните решенија за клучните прашања на воената дејност во мир и војна. Предноста во телошкиот развој често овозможувала техничка, квантитативна и квалитативна предност во вооружената борба, како и материјализација на воената мисла во поглед на ангажирањето на војската на различни нивоа на командување.

Техничкиот фактор, како израз на технолошкиот прогрес, непосредно влијаел на обемот, содржината и начинот на реализирање на функциите на борбените дејства во вооружената борба.

Во рамките на напред искажаното, целта на овој труд е да низ една сеопфатна споредбена анализа на општествено-политичкито уредување, техничко-технолошкиот, научниот развој, воената организација и воената вештина, да се согледаат искуствата, развојот и особено тенденциите во развојот на воената организација и воената вештина.

## ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Предметот на истражување е комплексен и опфаќа повеќе елементи. Основата на предметот на истражување ја чинат ***ИСКУСТВАТА, РАЗВОЈОТ И ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА ВОЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА И ВОЕНАТА ВЕШТИНА.***

При истржувањето на предметот на трудот најнапред ќе се детерминираат и разграничат поимите *војна, вооружена борба, воена организација и воена вештина.* Покрај дефинирањето на поимите ќе се изучат причините за военото конфронтирање, видовите и карактеристиките на современите војни. Во однос на веоната организација ќе се изучат структурата, формацијата и формите, видовите и нивоата на военото организирање. Во однос на воената вештина ќе се направи обид да се разграничи дилемата воената вештина - наука или вештина.

Од најраните почетоци човекот се организирал воено со цел да се заштити од непријателот или да изведе некој освојувачки поход. Успешноста во остварувањето на овие цели, во многу била условена од умешноста и воената вештината на водачите во организацијата и водењето на вооружениот судир. Во оваа насока предмет на истражувањето ќе бидат и истоветностите и разликите на военото организирање и воената вештина од античкиот период па се до фрагментацијата на реал-социјализмот.

Премет на истражување, низ призма на меѓународните односи по фрагментацијата на реал-социјализмот, ќе бидат и факторите кои ги определуваат актуелните состојби, процеси и перспективите на воената организација и воената вештина.

Од особен интерес за истажувањето ќе бидат глобалните воено-политички стратегиски цели, односно, воената организација во функција на реализирање на истите, имајќи предвид супранационалната и националната димензија.

## ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Научна цел** на истражувањето ја определуваме со потребата да се даде комплексна и студиозна анализа на развојот и меѓусебноста услованост на воената организација и воената вештина. Во ова смисла непосредната цел на истражувањето ќе биде анализа на достигнатото ниво и перспективите на воената организација и воената вештина.

**Општествена цел** на истражувањето е обезбедување на научни сознанија за состојбата, содржината и насоките за развој на воената организација и воената вештина. Ова истражување ќе постигне цел доколку даде придонес во разрешувањето на дел од проблемите присутни во оваа област ако даде поттик за нови идеи за истражување и проучување на одделни прашања кои ќе бидат споменати во трудот.

## ХИПОТЕТИЧКА РАМКА

Врз основа на теориските основи на истражувањето и целите што се сака да се постигнат, формулирана е следнава:

**Генерална хипотеза:**

*КОНТИНУИТЕТОТ НА РАЗВОЈОТ НА ВОЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА И ВОЕНАТА ВЕШТИНА ОД ПРВИЧНИТЕ ФОРМИ ДО ДЕНЕС , ПЕРСПЕКТИВНО ЌЕ БИДЕ УСЛОВУВАН ОД ВОЕНО-СТРАТЕГИСКИТЕ ЦЕЛИ И ОД НАУЧНИТЕ И ТЕХНИЧКО-ТАХНОЛОШКИ ДОСТИГНУВАЊА.*

**Посебни хипотези:**

- Општонаучниот развој придонесе за развој и на воената наука, а со тоа и на разрешувањето на дилемата дали е воената вештина наука или вештина.

- Општествениот развој има особено влијание врз развојот на воената организација и воената вештина.

- Техничко - технолошкиот напредок влијае врз развојот на военото организирање и воената вештина.

- Научниот и техничко - технолошкиот развој влијаат врз развојот и производсвото на вооружени системи и воена опрема за потребите на воената организција.

- Научниот и техничко - технолошкиот развој битно влијаат врз организацијата, подготовките, ангажирањето и обезбедувањето на воената организација.

- Меѓународните односи се во корелација со военото организирање.

- Супранационалното воено организирање влијае врз националното воено организирање.

- Глобалните воено - политички стратегиски цели влијаат врз военото организирање на супранационално и национално ниво.

- Воено-доктринарните определби се фактор кој определувачки влијае врз воената организација и воената вештина.

## МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во методолошкиот пристап на истржувањето, имајќи ги предвид предметот и целите на истражувањето, ќе се применуваат следните методи:

Генерални методи

- конкретно-дијалектички;
- дескриптивен;
- компаративен.

Општи научни методи

- аналитичко-дедуктивен;
- дијалектичко-историски.
- дескриптивен

Посебни методи

- анализа и синтеза
- компаративна анализа
- логичка анализа
- апстракција и конкретизација

Конкретни истражувачки методи

- анализа на содржината;

Техники за собирање податоци

- анализа на документација.

# ГЛАВА ПРВА

# ВОЈНА, ВООРУЖЕНА БОРБА, ВОЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА И ВОЕНА ВЕШТИНА - ДЕТЕРМИНИРАЊЕ И РАЗГРАНИЧУВАЊЕ НА ПОИМИТЕ

## I ВОЈНА

### ОПШТИ НАПОМЕНИ

Војната како најдеструктивна општесвена појава, од првичните организирани општествени форми па до денес, е постојан придружник во развојот на човековата цивилизација. Според истражувањата на швајцарскиот научник Жан-Жак Ребел, во својата пет ипол вековна историја, човештвото водело околу 14.500 војни, во кои загинале над три милијарди и шестотини милиони луѓе со огромни материјални разорувања. Според Ханс Амолд (Hans Amold), пак, од 2340 седмици кои поминале од 1945 до 1990 год., светот уживал во мир, само три седмици кои навистина биле без војна[1]. Оттука, во досегашната историја на човештвото, современата научна мисла и севкупната светска јавност, никогаш не им посветувале толку големо внимание на проблемите поврзани со војната и мирот, како што е тоа случај во последните неколку децении од минатиот век па сé до денес. Самиот тој факт укажува на извонредното општествено значење што изучувањето на војната, како општествен и политички феномен, го имала и го има во животот на луѓето и на општествената заедница како целина. Зголеменото интересирање на научната мисла и на севкупната јавност за проблемите на војната и на мирот во последниве неколку децении се должи на многу чинители, меѓу кои би укажале на најмалку два:

- на долготрајното присуство на војната во општествените и во меѓународните односи изразено во фактот што војната како најбрутален

облик на примена на физичко (вооружено) насилство, неодбегливо го следи развитокот на човековото општество од првите човечки цивилизации па се до денес.

- енормно проширување на содржините и димензиите на современата воена сила како по обем, така и по разурнувачката и уништувачката моќ на средствата со кои располага, доведе до тоа, војната во современи услови да стане сериозна закана не само за уништување на некој народ, нација, раса или етничка група, туку да стане реална закана и за уништување на биофизичката егзистеницијa на современата цивилизација. Постојат доста егзактни податоци за стравотната разурнувачка и уништувачка моќ на современата воена сила, како и показатели за ужасите и човечките страдања што неминовно ги предизвикува секоја војна. Во тој поглед последната светска војна по својот обем, суровост и трагичниот биланс на човечките и материјалните загуби, претставуваше една од најголемите катастрофи во историјата на човештвото.[2]

# 1. ПОИМ

Војната како мошне сложена општествена појава, со својот драматичен тек и тешките последици што со себе неминовно ги носи за луѓето и за материјалните вредности, отсекогаш претставувала предмет на посебно интересирање на најславните умови во сите изминати епохи, а како специфичен облик на општествен судир била и сеуште е предмет на проучување на голем број автори од различен стручен и научен профил.

Во зависност од општественото уредување и развојот на производните односи, теориите и научната мисла во однос на војната се движеле од апологија на војната до осуда на истата. Постојниот широк дијапазон на

---

[1] Hans Amold, " The century of the Refugee A European Century, Aussenpolitek, Br. III, 1991.

[2] Човечките загуби во Втората светска војна изнесуваа околу 55 милиони луѓе, или во просек 4% од вкупното население на завојуваните држави, додека околу 29 милиони луѓе беа ранети и осакатени (извор: Тоне Жабкар, Губици живе силе у ратовима империјалистичке епохе, Војно дело, 5/76).

толкувања во врска со војната е разбирлив, бидејќи таа појава во различен степен ги засега речиси сите области од општественото живеење (политиката, економијата, дипломатијата, психата, верата и др.).

Некои од тие теории се веќе надминати, некои и денес егзисистираат и се развиваат. Според тоа теориите, условно, можат да се поделат во две групи а) ненаучни и б) научни (модернистички и постмодернистички). Ненаучните теории уште се нарекуваат предмодернистички теории, а типични претставници на овие теории се Хераклит, Платон, Св. Аугустин, Макијавели. Како најексплоатирани од овие теории се издвојуваат: теолошката која се темели на надчовечки и божји основи, хеленистичката која се темели на митски и филозофски основи и римјанската која се темели врз природно-правни основи. Појавата на научните теории се врзува за крајот на XVIII век, односно за општествено-економските промени кои настанале после француската буржоаска револуција. Научниот и техничкиот напредок го условил формирањето на теоретските погледи за војната, кои биле втемелени врз основа на достигнатото ниво на општествените научни сознананија. Треба да се нагласи дека до суштински промени во сваќањата за војната и теориите за војната, во најразвиените земји во сваттот, дошло кон средината на ЦЦ век. Овие промени условиле издвојување на две посебни групи на научни теории: а) теории на класичната војна и б) теории на современата војна.

Според теориите на класичната војна, војната е заснована на сила, физичко насилство каде доминира вооружената борба. Застапено е сваќањето дека без вооружена борба нема војна како конфликтна општествена појава. Најзначајни претставници на овие теории, кои и денес егзистираат и имаат свои поборници, се: Хегел, Клаузевиц, Малтус, Енгелс, Рајт, Расел и други. Во овие теории се вбројуваат: антрополошко-културолошката, биологистичката (биолошката), психологистичката, етичката, геополитичката, економистичката, демографската и други.[3]

---

[3] Ковачевиќ Брацо, *Рат*, Светови, Нови Сад, 1995,стр. 30

Оттука произлегува дека секој од нив, во рамките на пројавениот интерес, се обидувал од свој агол да ја опсервира појавата и врз основа на тие сознанија произлегле низа дефиниции и видувања за војната.

Но и покрај постоењето на голем број оценки и ставови за војната, низ историјата, а и денес, егзистираат одделни толкувања и ставови за кои може да се каже дека се репрезентативни и главно прифатени од поширок круг на проучувачи и теоретичари на војната.

Во теоријата на војната најчесто користена дефиниција, која и денес се смета за релевантна, е на прускиот генерал Клаузевиц, иако и тоа во денешно време, од одделни западни автори, е мошне оспорувано. Тој војната ја дефинира како политички акт, орудие на политиката, продолжение на политичкиот однос, но со други средства. Од формулацијата на Клаузевиц се воочува дека војната има рестриктивно значење, дека е средство, дека политиката ги определува целите, при што војната е само продолжение на таа политика и е нејзино подредено орудие. Всушност, војната е само средство и не може ниту за миг да биде одвоена од политиката. Сепак војната сама по себе, по своето специфично обележје, може да се разгледува одвоено.

Меѓутоа поголем број на теоретичари не се задоволни само со наведената дефиниција, туку како позначајна ја наведуваат другата дефиниција во која се вели дека војната пред сé е акт на насилство што има за цел да го принуди противникот на исполнување на волјата на спротивната страна[4]. Токму овие два става на Клаузевиц биле предмет на расправи за војната, во смисол на потврдување, негирање или усвојување на наведените ставови во современи услови.

Во контекст на дефинирањето на војната, мошне е прифатливо Рајтовото тврдење за кое, исто така, се вели дека претставува валидна определба. Имено, тој во трудот "Студија за војната"[5] тврди дека од гледна точка на секоја завојувана страна, на неа може да се гледа како на крајно интензивирање на воените активности, на психичките напрегања, на

---

[4] Клаузевиц фон К., О рату, Војно дело, Београд, 1951. стр. 35
[5] Wright D., A Study of War, Chikago, 1951, str. 698.

правната власт и на општествената интеграција, поради што војната може да се смета како истовремен конфликт на вооружените сили, на расположението на населението, на правните начела и на националните култури кои се толку изедначени (или пак секоја страна тоа така го проценува) што конфликтот меѓу нив доведува до максимално интензивирање на секој од тие фактори и на двете страни.

Според посочените дефиниции, синтетизирано, за војната може да се каже дека тоа е облик на драстичен конфликт меѓу општествата, во кој, заради остварување на проектираните политички цели, и двете страни ги користат сите форми на насилство, преферирајќи го вооруженото насилство како доминантно во најголемиот тек на судирот. Во тој поглед е интересна констатацијата на Гастон Бутул кој во неговата студија "Војна" меѓу другото констатира: „војната" вели тој е несомнено најспектакуларна општествена појава. Историјата всушност започнала исклучително како историја на вооружени судири и малку е веројатно дека никогаш нема да престанат да бидат историја на битки. Зашто војните се најјасни хронолошки точки и меѓници на големите историски промени. Во војните исчезнаа сите познати цивилизации. Во војните се појавија речиси сите познати цивилизации. Со војната се легализира и се воспоставува определена позиција на подолг или пократок рок на определен општествен тип на чело на човештвото... Со еден збор војната е најистакнат облик на одвивање на општествениот живот. Секоја војна, вели понатаму Бутул, со себе носи две основни последици: уништување на луѓето и разурнување на материјалните вредности.[6]

Теориите на современата војна настанале после Втората светска војна, додека во последните децении имаат битно променет однос кон поимањето на војната и мирот, а се јавува како последица на развојот на нуклеарното оружје и глобализацијата на меѓународните односи. Современите теории за војната го застапуваат стојалиштето дека "светот стана глобално село", каде сите работи се решаваат на општо

---

[6] Гастон Бутул, Војна, Париз, 1959.

(меѓународно) ниво. Оттука, во единствената светска заедница секакво насилство не може да се решава со меѓусебни вооружени судири. Затоа овие теории за војната се темелат на теоријата на моќта со елементи на градирано насилство - вооружената борба е крајно средство - средство на принуда за мир. Последните децении можат да се издвојат, како позначајкјни, следните теории: глобалистичка; военоелитистичката; психолошко- информациската и информатичко-технолошката.

*Глобалистичка теорија* ја застапува тезата на седимензионална војна. За творец на оваја теорија се смета Рејмонд Арон, кој во книгата Паис ет лес натионс,[2], укажал на непотполноста на теоријата на Клаузевиц. Ккнигата на Запад уште ја сметаа како најзначен труд за војната после Клаузевиц. Арон во своето дело го реконструира класичното сваќање за војната и наведува дека тоталната нуклеарна војна, имајќи го предвид степенот на развој, не овозможува реализација на која било политичка цел. Тоа значи дека војната сега не може да биде продолжена рака на политиката, со што веќе се губи законитоста на таа појава. Карактерот на војната зависи од типот на конфликтот, затоа оваа теорија наместо војната во средиштето на вниманието го става мирот. Тој наведува три видови на мир: 1) мир кој се темели на рамнотежа; 2) мир кој се темели на хегемонија и 3) мир кој се темели на империјалните односи. Војната секогаш е производ на сили кои ја уриваат претходната мирновремена рамнотежа, без оглед во која свера таа е нарушена ( економијата, дипломатијата, културата или политиката). Оттука се воспоставува седимензионално стојалиште на војната, како што и постои и седимензионален пристап кон мирот. Војната и мирот се два пола на бивалентна состојба на општите општествени односи.

*Военоелитистичката теорија* или *теорија на чиста* војна прв ја дефинирал Пол Вирилио, кој во образложувањетои на својата теза, тврди дека физичкото насилство е присатно постојано, а неговото експонирање има форма на потенцијален или егзистенцијален воен судир: "чистата војна не е ни војна ни мир, тоа повеќе не е апсолутна или тотална војна,

---

[2] Rejmond Aron, *Pais et les nations, Paris*, 1962 .

тоа е само воена инстанца во својата извесност". Ваквото размислување Вирилио го наоѓа во ставовите на еден од најстарите воени творци Сун Цу Ву дека "не е умешност секогаш да се победува во битките - најдобро е непријателот да се победи без борба".

*Психолошко-информациска теорија* или теорија на т.н неокортикалана војна. Како зачетник на оваа теорија се смета Ричард Шафрански. Поаѓајќи од ставот дека целта на војната е напријателот да го потчиниме на нашата волја, тој смета дека мора да се менуваат конфигурациите на човековиот мозок (троделен мозок), а одговорот на прашањето што е неокортикалната, војна вели дека е тоа влијание на човековиот мозок (особено на мозокот на водачите) за остварување на сопствените цели.

*Информатичко-технолошка теорија* или теорија на виртуелната војна, најсликовито е прикажана во толкувањата на францускиот филозоф Жан Бодијар. Наведувајќи ја војнта во Персискиот залив, која ја нарекува и уште како војна која не се случила, зборува дека последните години можевме, преку светската медијска презентација, да видиме поинакво прикажување на војната како општествена појава. Станува збор за средства кои ја доживеале својата материјализација и светска популаризација низ формата на виртуелен судир (виртуелен- спротивно прикажан, привиден). Врз основа на таквата претстава за војната во некои научни кругови може да се воочи ставот дека тоа што се случува, исклучиво е творба на современото ( електронското) доба и апсолутната моќ на медијумите.

## 2. ПРИЧИНИ ЗА ВОЕНО КОНФРОНТИРАЊЕ

Во утврдувањето на причините за воено конфронтирање во современите меѓународни односи, најприприфатлив е следниот методолошки пристап: а) утврдување на причините што доведоа до водење на војни од завршувањето на Втората светска војна до распаѓањето на реалсоцијалистичкиот систем и Варшавскиот договор како воено политички сојуз; б) утврдување на причините кои доведуваат до војни во

актуелната констелација на меѓународните односи, в) врз основа на актуелните политички, економски, воено-стреатегиски и други процеси во меѓународната заедница, утврдување на причините кои можат да предизвикаат појава на војни во блиска иднина.

а) Основни причини кои доведоа до водење на војни од завршувањето на Втората светска војна до распаѓањето на реалсоцијалистичкиот систем и Варшавскиот договор како воено политички сојуз:

Војните водени во овој период, секоја за себе, според физиономијата и суштината претставува карактеристична појава сама за себе, со соодветни причини што ја предизвикале истата. За таа цел ќе ги елаборираме само оние противречности кои во најопшта смисла имале за последица водење на војни како општествени појави:

- Антиколонијални кои се воделе како последица на противречноста помеѓу стремежите на народите во колониите за остварување на национална слобода и настојувањата на колонијалните сили да го сочуваат владеењето над тие народи. Овој вид војни се најбројни во периодот по Втората светска војна;

- Војни кои се појавиле како последица на глобалната конфронтација Исток-Запад, односно на настојувањата на големите сили за создавање свери на влијание и спритивставување на земјите и народите против ширењето на нивните интереси и влијанија, како и ширење на таквите интереси и влијанија на веќе воспоставените од страна на големите сили;

- Вооружено изведување на социјалистичките револуции во овој период во Кина 1945-1949, револуцијата во Куба од 1953-1959 година;

- Водење на војни како последица на неправилното територијално и национално разграничување помеѓу државите, поради неправилно повлечените граници од страна на колонијалната и големодржавната политика.

б) Основни причини што доведоа до водење на војни во актуелната констелација на меѓународните односи

Современиот развој на цивилизаацијата го карактеризирааат многу процеси и промени во сите свери на човековото живеење, кои според суштината и карактерот попримаат светско историско значење. Меѓутоа ваквите позитивни развојни цивилизацијски процеси се оптоварени со војни и вооружено насилство. Основни причини се следните:

- Основните противречности што беа причина за појаваата на војните по Втораата светска војна, имаат свој континуитет и во актуелниот цивилизациски развој. Повеќето од тие војни се водат во т.н. кризни подрачја во светот.
- Појавата на повеќе војни кои се водат како последица на распаѓањето на реалсоцијалистичкиот систем во источноевропските земји. Таквите војни се обусловени од стремежите на определени народи за создавње на свои национални суверени држави на територијата на веќе постојните држави; граѓанските војни со чиста етничка конотација заради создавање етнички држави и војни на националистичка и верска основа.
- Граѓански војни што се водат во светот како последица на борбата на демократските сили против тоталитарните и дикататорските режими. Овој вид војни е карактеристичен за за земјите од Третиот свет. Некои од овие војни се водат на верски и етнички основи, со тенденција за создавање на чисто етнички државни простори;
- Водење на војни за зачувување на светскиот мир и безбедност. Овој вид војни се водат под закрила на Обединетите нации и имаат за цел неутрализирање на вооружените конфликти на сите простори на планетата кои можат да доведат до загрозување на светскиот мир и безбедност.

в) Основни причини кои можат да доведат до војни во блиска иднина:

Врз основа на актуелните процеси и промени во меѓународните односи можат да се наведат неколку основни причини кои можат да доведат до водење на војна во блиска иднина и тоа:

- Водење на војни како последица на продолжување на континуитетот на причините кои предизвикале водење на актуелните војни.
- Причини кои би можеле да доведат до војна како последица на спротивставувањето на воспоставувањето на новиот светски поредок на кој претендираат западните демократии. Во овој контекст можни се војни заради обезбедување на виталните национални интереси на големите сили надвор од сопствените држави, дефинирани во нивните глобални воено-политички стратегии.
- Можни вооружени судири и водење на војни како последица на се поголемото продлабочување на должничката криза во светот.

## 3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА СОВРЕМЕНИТЕ ВОЈНИ

Во теоријата и праксата за поимот современи војни постојат различни гледишта и многу сваќања. Не налегувајќи во анализата на тоа што се подразбира под поимот современ, ќе наведеме некои општо познатаи и прифатени дефинирања на поимот современа војна. Во однос на класификацијата на современите војни постојата различни методолошки приоди. Меѓутоа, заедничко за сите е тоа што класификацијата на современите војни ја изведуваат врз основа на: општествено-политички, воено-технички, просторната димензија и според бројот на борбено поврзани разурнувања. Во современите воени доктрини, во однос на класификасцијата на современите војни, постојат многу различни видувања, што секако е резултат на нивните доктринарни определби и ставови во однос на војната.

Огромниот број современи војни водени од завршувањето на Втората светска војна па наваму, а посебно на оние водени во поблиското минато, како и на актуелните војни, се разликуваат меѓу себе, како во поглед на причините, целите и формите на манифестирање, така и според начинот на подготовката и нивното водење и последиците кои ги оставаат врз завојуваните страни и воопшто врз човештвото. Меѓутоа, во исто

време тие имаат и заеднички карактеристики чие согледување и воопштување е од огромна важност за одбрамбено-заштитното организирање на државите во новоизменетите социјално-политички и воено-технолошки услови, но и за нивната практична подготовка за водење на евентуална современа војна. Оттаму, гледано од аспект на конкретното манифестирање на војната и нејзината можна идна физиономија, основните карактеристики на современите војни, условно, може да се групираат во три групи: [10]

1) Карактеристики од претходните војни кои се потврдени во современите војни: а) влијание на политичкиот и економскиот фактор, б) ескалација на воените случувања, в) намалување на разликата помеѓу војниците и цивилите во војната, г) човекот остана како одлучувачки фактор, д) тешки последици за сите учесници во војната;
2) Карактеристики кои претставуваат еволуција на својствата од претходните војни: а) се поголемо интернационализирање на војните, б) отсуство на војни помеѓу големите сили, в) се поголемо присуство на граѓанските војни, г) медијско препарирање на јавното мислење, д) масовно учество на луѓето и воената техника, ѓ) маневарски карактер на војните, е) зголемена улога на материјално-техничкиот фактор, особено вооружувањето, ж) примена на разноврсни борбени дејства, з) користење на осовремени воени доктрини;
3) Особености кои ги издвојуваат современите војни од претходните: а) коалициски војни, б) инструментализирање на меѓународните организации и институции, в) користење на граѓанските како посреднички војни, г) војните се се пократкотрајни, д) користење на санкциите како составен дел на војните, ѓ) учество на паравоени единици и состави, е) дезорганизација на противничкиот систем на раководење и командување, ж) зголемено користење на најсовременото вооружување, з) користење на космосот за воени дејства, ѕ) изменета улогата на факторот-простор, и) зголемено

---

[10] Слободан Б. Микиќ, *Поглед на рат*, ВИЗ, Београд, 2003, стр. 171.

значење на времето како простор, ј) брзо трошење на силите и средствата, к) се поголемо учество на професионалните војници, л) зголемена улогата на специјалните дејства, м) употреба на единиците за брзи дејства, н) намалена можноста за стратегиско изненадување, њ) логистичкото обеазбедување станува се посложено.

Анализата на секоја современа војна дава нови сознанија и ја збогатува теоријата за војната и воената вештина. Во поголем дел од современите војни учествувале повеќе земји, при што секоја од нив ја проверувала својата доктрина и воена вештина.

Како заеднички карактеристики на современите војни можат да се издвојат[3]:

- Подготовките за војна се вршат во најголема тајност и во најкратоко време како би се постигнало стратегиско изненадување. Податоци за земјата која ќе биде жртва на агресијата се собираат од повеќе извори и тоа со помош на воеаразузнувачките служби, агентите, безпилотните летилици, сателитското извидување и др. Вршена е темелна и систематска подготовка и обука на вооружените единици за војна. Употребата на воената сила се комбинира со користење на други средства на моќта, со тоа што политичките, економските, дипломатските, разузнувачките, психолошко-пропагандните и другите мерки и активности им претходат на дејствата на оружените сили.

- Некои карактеристични белези на "Војната во Заливот" од 1991 година, а особено војните против СРЈ во 1999 година, Авганистан 2002 година и војната во Ирак 2003 година укажува на фактот дека современите војни сé повеќе стануваат технизирани и механизирани процеси и интензивни судири, во кои воената надмоќ и нерамнотежата во оружјата со висока технологија имаат зголемено, ако не и решавачко значење на методите на водење и исходот на воениот судир. Новата технолошка револуција во воената област (собирање, обработка и дистрибуција на разузнувачките информации, сателитското и друго набљудување и

---

[3] Драшко П. Драшковић, *Савремени ратови*, Велатра, Београд,1997, стр.250.

извидување, интегрирани и ефикасни комуникациски и компјутерски системи, примена на вооружени системи за прецизни удари од големи далечини и височини за уништување и онеспособување на воени цели, како што се крстосувачките ракети и СТЕЛТ технологијата и др.) значајно ја изменија физиономијата и начинот на водењето на војните.

- Технолошките иновации, новата стратегија и воена доктрина (умешност на водење на боевите до главната битка и самата главна битка)[11] укажуваат на фактот дека рововската војна, борбата од непосреден допир, па дури и масовната употреба на оклопно-механизираните сили и средства се веќе надминати форми на војување. Нив ги заменуваат или во XXI-от век ќе бидат заменети со дејства од воздушниот простор и вселената, борба со електромагнетни бранови и др. Земјите на пониско ниво на технолошки развој (неразвиените и помалку развените земји) не можат успешно да водат војна со оружјата на "третиот бран" на развиените земји, имајќи предвид дека не поседуваат најсовремени воени средства и воено применлива техника. Судирите во тие земји (внатрешни) и меѓудржавни и во XXI-от век ќе имаат карактеристики на војните од претходниот период (војни од XX-от, а во некои случаеви и од XIX-от век). Овие војни ќе се одликуваат со масовност во ангажирањето на живата сила и воената техника на војништата и висок степен на загуби во луѓе и материјална деструкција.

- Во современи услови манифестирани се два стратегиска концепта во водењето на војната. Првиот е секавична, краткотрајна војна, конпепт кој го применувале земјите како иницијатори на воената интервенција или војната. Тие се стремат да го постигнат успехот во војната со реализација на главната битка која има точно утврдена цел и сценарио на водење, со јасно дефинирани фази на подготовка и реализација. Денес, располагајќи со воена супериорност во однос на било кој реален или потенцијален противник САД, самостојно или во рамките на Алијансата, фазата на реализација на главна битка ја остваруваат со т.н. "дејства од далечина" на

[11] Види пошироко: Клаузевиц,"За војната", Војно дело, Београд, 1951, стр.39.

високо софистицираните, организираните и опремените и подвижни сили преку изведување на општ воздухопловен напад, со кој се "довршуваат" започнатите дејства, односно се совладува противникот.

Вториот стратегиски концепт на војната е водење на долготрајна војна, како негација на секавичната војна. Ваква војна воделе земјите кои се бореле за ослободување или за зачувување на својот суверинитет и интегритет. Во овие војни бранителот морал да применува долготрајна војна, за да го исцрпи агресорот во секој поглед, да ги ослаби неговите сили, да го подобри односот на силите во своја полза и конечно да го порази агресорот. Меѓутоа, се поставува значајно прашање? Нели се наоѓаме на почетокот на едно време, во кое военотехнолошки заостанатите земји, на пример, земјите на првиот и вториот бран на воено-технолошкиот развој, едноставно не ќе бидат во можност успешно да водат одбранбена војна во случај на напад од воените сили на третиот и четвртиот бран на воено-технолошкиот развој (примерот со НАТО војната врз СРЈ, тоа на одреден начин го потврдува). Ако на ова се придоде и заклучокот на Алвин Тофлер, презентиран во неговата книга "Војна и антивојна-во зорите на XXI-от век", дека на повидок е подготовка за водење на "несмртоносна војна" со софистицирани "несмртоносни" оружја-технологија која може да предвиди, открие, исклучи или негира употреба на смртоносни средства, со што ќе се минимизира убивањето на луѓе, и во која до победа (капитулација) ќе дојде без физички контакт-борба.[12]

- Се развиваат, испробуваат и применуваат т.н. паметни, интелигентни, автономни оружја со кои се управува од голема оддалеченост и кои имаат голема селективна прецизност (Крстосувачки ракети), ракетни системи за борба против тенкови, авиони и бродови, ласерски наведувани бомби, касетни бомби (за уништување на жива сила), графитни бомби (за парализирање и исклучување на електро-

---

[12] Alvin and Haidi Toffler, War and Anti-War, Survival at the dawn of the 21st Century, Little Brown and Company, Boston, 93 (преземено од Д. Николиќ, "Нова војна мо) SAD za XXI. vek-инструмент(стратегија) господарења светом без рата", Војно дело, 4-5/1998, стр.59-60).

енергетските системи), еколошко-билошко-климатски оружја, огромен број разновидни военоразузнувачки сателити специјализирани за правење на супер прецизни фотоси, за прислушкување на телефонски разговори, за собирање на радарски слики, за лоцирање на непријателските бродови, за откривање на странските електронски преноси и комуникации и бројни други навигациони сателити и др. Сé поголемо значење има електронската војна, особено во попречувањето на командувањето (издавање на лажни команди, оневозможување на работата на електронските средства и системи на противникот), како и попречување на работата на телевизиските предаватели, односно телевизиските куќи на противникот, како мошне силно средство во борбата за вистина пред домашната и светската јавност и.т.н.

- Употреба на интегрирана мрежа на разновидни сензори (сателиски, радарски, термо, видео, акустични, информациони итн.) за прецизно и доминантно знаење, односно предност во познавање на боиштето, зафатениот простор и целосна слика за него, и тоа во реално време и во сите временски прилики заради континуиран надзор на зафатениот простор со големина од околу 320 км со 320 км, со што на воениот и политичкиот корисник му се дава целосна информација за противникот.[13]

- Военотехнолошката револуција отвори нови патишта за фундаментално менување на постоечките, конвенционални воени и безбедносни приоритети, во смисла на целите, формите и институциите, како и доктринарните и стратегиските концепти за водење на современата војна. Во тие нови пристапи посебно се издвојуваат следните: драстично намалување на вооружените сили (професионализација); губење на традиционалната поделба на три вида на војска; интегрирање на воздушните, копнените и вселенско-сателитските операции и компоненти; напуштање на старите форми на воена организација и создавање на нови;

---

[13] Според американскиот генерал В.Неш, воениот дел од Дејтонскиот мир се верификува на следниот начин: "Ние во Босна немаме аргументи. Едноставно им ги предадеме видео

создавање на високо специјализирана и високотехнологизирана војска; создавање на нов професионализиран воено-старешински кадар т.н. "информативни војници" и др.

- Реководењето и командувањето сѐ повеќе добива на значење во подготовките и изведување на војната. Посебно внимание му се посветува на командниот кадар, неговата обука, образование, организациските способности и моралните квалитети и способности да водат единици во борбата. За успешно раководење и командување во современите војни користени се разни технички средства, како што се безпилотни летилици, сателити и авиони за извидувачко-разузнувачки задачи, за откривање, снимање на објекти од воздух, а потоа известување на стрешините за тоа, кои потоа превземаат мерки и постапки за сигурно уништување на откриените непријателски објекти.

- Во современите војни посебно е изразен проблемот на логистичката поддршка.

Горенаведените карактеристики на современите војни се резултат на еволутивниот развој и воведување на нови средства на воената техника, што прејде во нов квалитет, односно, нови сознанија и погледи за војната и начинот на водење на истата. Борбените средства и воената техника произведени врз основа на новите технологии, т.н. информатички технологии, нивната масовност, имаа огромно влијание во оформувањето на потполно нова слика на боиштето и војувалиштето во целина, односно, боиште без фронт и заднина, без масовна жива сили и техника на него. Оттука, во технолошки високоразвиените држави, особено САД, промовирани се неколку нови доктринарни концепти или нови видови на војни, како што се *информатичката* и *неокортичката* војна.

Развојот на електрониката и други информатички технологии од самиот почеток продреле во сите пори на стопанството и општествениот живот, внесувајќи револуционерни промени во начинот на организацијата на работата во стопанството и стопанските дејности, како и во воените

---

снимките и тие ги отрануваат своите тенкови. (Walter Wristch, Bits Bytes and Diplomacy, "Foreign Affairs, No.5, September / Octomber, 1977. p.178).

дејности. Осумдесеттите години од XX век започнал, а во деведесеттите забрзан е процесот на техничките иновации во сверата на производство и комуникации.

Во текот на деведесттите години од XX век во американската воена литература доминираа темите за инфотмативна (информатичка) војна (Information War) и информатичкото војување (Information Warfare). Тие прашања ги покрена група автори со своите трудови објавени во часописот СИГНАЛ (орган на службата за врски во КоВ на САД), што беше повод за проучувања во кои се вклучиле воени и политички теоретичари, социолози и политиколози, како и високи воени раководители. Како резултат на тие проучувања развиена е стратегија на информатичката војна која практично е применета најпрво во зоната на Персискиот залив (Пустинска луња) 1991, а потоа на просторите на бившата СФРЈ ( БиХ 1994-95 ), НАТО кампањата против СРЈ 1999 година, Авганистан 2001, Ирак 2003 година. Во литературата и трудовите можат да се сретнат два термини кои се однесуваат на овој проблем. Тоа се "информациска војна" и "информатичка војна". Сепак помеѓу овие два термини, поимовно и содржински, постојат разлики и тоа првиот е по својата содржина и значење е потесен, а вториот поширок.

Информациската војна се води воглавно во сверата на медијумите. Неговото главно средство е *информацијата*, а објект на нападот е *човекот*. Во неа можат да бидат вклучени политичко-пропагандни, психолошки и слични дејства, но не и дејства со огнено оружје. Информатичката војна е војна во која се користат средства развиени врз база на новите, информатички технологии, како борбени така и"помошни" (на пример во командно ифомацискиот систем - КИС). Во информатичката војна информацијата е *средство* со кое се забрзува процесот на проценка на ситуацијата, донесувањето на одлуката и издавањето на наредбите, како и за наведување на оружјата на целта. Објекти на дејство во таа војна се човекот и материјалната базаза (воената и стопанаска инфраструктура) на противникот и неговите средства на воената техника.

***Неокортичката (некортикалната) војна*** (*Neocortical War*) е еден од видовите на информатичката војна. Всушност е неопсихолошка војна со потесно подрачје на делување и со посилни ефекти на дејствување.

Творци на теоријата за неокортичката војна ( Р. Шафрански, Елен и Хајди Тофлер) се раководеле од античката мисла дека "наша цел е секогаш да го убедиме (натераме) непријателот да го прави тоа што ние сакаме да го прави", како и мислата на Сун Цу Ву "потчинувањето на непријателската волја без борба е врв на воената вештина". Овие мисли тие ги модификуваа и ги прошириле на барање на стратегијата на неокортичката војна "да се направи така да противникот мисли онака како мислиме ние или како ние сакаме тој да мисли"[15]

Неокортичката војна своето име го добила од зборот "*неокортес*". Всушност мозокот е и објект и субјект на неокортичкото војување, односно, креатор на стратегијата за напад и нападнат објект.

Во неокортичката војна противникот се гледа како систем со центар на гравитација околу кој се собираат останатите елементи на тој систем. Тој центар по правило, го сочинуваат политичкото и военото раководство на противничката држава. Дејствата на неокоричката војна тежишно се насочуваат кон тој центар, бидејки со освојување на тој центар, всушност, се постигнува саканата цел. Оттука, основен објект на дејство или главна цел, на некортичката војна е противничкото раководство - колективниот мозок на противничката земја.

Доктрината на некортичката војна, војна "без крв и насилство", не се откажува од вооружена сила, доколку саканата цел неможе да се постигне со други, невоени, средства. "Целта не е избегнување на борбата, туку непријателот да се натера да одлучи да не се бори" тоа се постигнува со примена на "рефлексно влијание на скоро парасиметричката контрола

[15] John A. Warden III, Battlefield of the Future – Air Theori for the Twenty – first Century, Air University Maxwell AFB, September 1955, pp. 103-124.

над противничкиот неокортекс" вели Ричард Шафрански, творец на теоријата на неокортичката војна[16].

Силите на неокортичкото дејствување, според некои американски автори, обезбедуваат четири елементи на американската национална моќ (политичка, економска, воена и информатичка), а го спроведуваат јавната дипломатија, службите за однои со јавноста и силите за психолошки дејства.[17]

Неокортичкото војување, со други зборови, го преземаат и водат цивилни и воени структури со политички, економски, воени и пред се информатички средства, а се изведува во мир и во време на војна.

Претходно елаборраните видови на војни, како што наведовме, ќе можат да водат само високо организираните, опремени со технолошки софистицирани вооружени системи воени организации. Денес тоа можат да го обезебедат само економски и техничко-технолошки високоразвиените држави , а таквите држави се малку. Наспроти нив се државите кои немаат таква економска моќ, современи воени организации. Оттука се повеќе ќе се зголемува надмоќноста на првите што, како веќе кажавме, во пракса и се покажа (Ирак, СРЈ, Авганистан и др.).

Државите кои не располагаат со такви вооружени системи ќе изнаоѓаат најразлични начини, со класични вооружени системи, да се спротивстават на супериорниот противник. Оттука денес се во меѓународната заедница се повеќе се зборува за нов вид на војан или војување таканаречени асиметрични војни. Овој вид на војни стана особено актуелен по терористичките напади во 2001 година во САД, затоа што се покажа дека со незначителни средства можат да се постигнат несразмерни резултати и да се тероризира многу посилен противник. Асиметричните војни постоеле уште од времето на Сун Цу ВУ и тие претставуваат судир на двајца противници со несразмерни сили, односно

---

[16] Richard Szafransky, Neokortical WARFARE – the Acme for Skill, "Military Review", November, 1994, pp. 41-54.

војување и постигање задоволителни резултати со сили кои се инфериорни во однос на претивникот. Да се претвори сопствената слабост во предност и да се избегнат силите на противникот за да се постигнат несразмерни резултати се основни карактеристики на асиметричните војни.

Борбата против ширењето на асиметричните војни е многу сложена и не се состои во пронаоѓање на нови оружја за војување, бидејќи тоа може само дополнително да го предизвика противникот. За поефикасна борба против асиметричните закани и војни, потрбно е најпрво да се истражат изворите и причините на асиметријата. Сепак асиметричните закани и асиметричните војни уште долго ќе бидат актуелни и ќе бидат закана по безбедноста во светски рамки.

# II. ВООРУЖЕНА БОРБА

## 1. ПОИМ

Војната е општествена појава, а вооружената борба (ВБ) е основна содржина на војната низ која се применува сила во вооружениот судир на спротивставените страни. Основни носители на вооружената борба се вооружените сили. Целта на вооружената борба е уништување, разбивање, протерување на агресорот преку максимално ангажирање на сите сили и средства со што помалку сопствени загуби.

Воружената борба вообичаено се дефинира како појава и процес низ кој се применува сила и антисила во судир на спротивставените противници и притоа може да се одреди целта и карактерот на војната.

Во воениот лексикон на Германија[4] вооружената борба (ВБ) се дефинира како облик на класна борба и главен составен дел на војната, кој претставува организиран процес на взаемни дејства на оган, удар и

---

[17] Charles W. McLain and Gerry, D. Levin, Publik Affairs in Americas 21 Century Army, "Military Review", November 1994, pp. 6-15.
[4] Душан Вишњиќ, Поим оружане борбе, ВИНЦ, Београд, 1988,стр.61....

движење на спротивставените држави, е ограничена по целта, времето и просторот. Односно се подразбира збир, тотален и делимичен процес кој сам по себе претставува релативно издвоена целина (операција, бој или борба).

Во воениот лексикон на бившата СФРЈ[5] дадена е опширна дефиниција која гласи: Вооружената борба е главна содржина на војната. Во поширока смисла тоа значи: употреба на оружје во судир меѓу луѓето, групи, организаци, движења, држави или кога една држава настојува да ја потчини другата и да ја стави под своја власт со примена на сила. Една од основните задачи на ВБ е уништување на жива сила и материјални средства на противникот.

Социолошката теорија гледа на ВБ[6] како однос на борбените дејства (Б/Д) при што прави разлика помеѓу спротивставување и борба. Спротивставување е пасивна борба, а борбата во потесна смисла е активна борба. Двата процеси секогаш значат губење енергија и животи на луѓето и не се рационални. Селимовиќ смета дека војната настанува тогаш кога разумот или умот е немоќен да го реши постоечкиот спор.

Клаузевиц во своето дело "За војната" ја дефинира ВБ како акт на сила за да се принуди и потчини противникот под наша волја или ништо друго туку проширен двобој. ВБ е период на вооружен спор помеѓу политичките единици.

Вооружената борба мора да биде добро организирана и успешно водена. Целите на одбранбената војна би ги реализирале со два облика на спротивставување и тоа: вооружена борба и невооружено спротивставување кои се единствени и прават нераздвојна целина. Покрај овие облици постојат два вида на отпор: невооружен и вооружен. Основата на вооружената борба ја сочинуваат теориската основа и најбитните практични решенија од доменот на вооружената борба чија основа ја сочинуваат:

---

[5] Исро ..стр.63.
[6]

- Изучување на современите војни, нивната физиономија, услови и можности за нивно водење
- Изучување на современите стратегиски системи кои имаат влијание врз безбедност
- Проценката на потенцијалните загрозувачи на нашата безбедност
- Организација на вооружени сили, нивната големина, односот меѓу мирновременските и воени вооружени сили, односот меѓу видовите, родовите и службите
- Системот на раководење и командување со вооружените сили
- Системот на материјалното и здравствено обезбедување на вооружените сили и нивното функционирање во сите услови на војна
- Севкупните подготовки на вооружените сили, системот на мобилизација на силите и средствата, обуката, борбената готовност, воено планирање и стратегискиот развој на вооружените сили.

## 2. ФАКТОРИ И СОДРЖИНА НА ВООРУЖЕНАТА БОРБА

Вооружената борба се води во сложени услови каде дејствуваат различни фактори. Факторите го одредуваат обликот и начинот на водењето на вооружената борба. Тие меѓусебно се условуваат, дополнуваат и претставуваат една дијалектичка целина. Човекот како субјективен фактор непосредно учествуваат во сите останати фактори. Факторите имаат различна вредност во воените доктрини на завојуваните страни. При тоа најчесто во воените доктрини на оние кои напаѓаат се дава приоритет на модерното вооружување и техничката опременост на нивните вооружени сили. Значајни фактори се: човекот, материјално-техничкиот фактор, просторот и времето.

***Човечкиот фактор*** како фактор на воооружената борба (војната) го опфаќа најголемиот дел на населението на една земја кое може да се ангажира во време на војна. Во вооружената борба луѓето имаат главна и одлучувачка улога. Во неа се манифестираат сите нивни квалитативни и квантитативни вредности.

***Квалитативните вредности*** на човечкиот фактор се манифестираат во политичката свест, борбениот морал, обученоста, психичката стабилност и физичката подготвеност на припадниците на вооружените сили и населението.

***Свеста*** и длабокото осознавање и убеденост да се брани општествениот систем се главна придвижувачка сила на луѓето и основна гаранција за успех при спротивставување на секој агресор. Политичката свест се манифестира во непоколебливата волја и одлучност на населението со бескомпромисна вооружена борба да се спротивстави на секој агресор и да ја одбрани слободата, независноста и територијалниот интегритет на земјата.

***Борбениот морал*** се манифестира во свеста на поединецот, колективот и општеството во целост за потребата и можностите за успешно водење на вооружена борба, како и решеноста и подготвеноста на населението и вооружените сили максимално да се ангажираат во реализација на целите на војната. Тој, пред се, се темели на убедувањето на луѓето во оправданоста на целите за кои се борат и сознанието за општествените вредности кои ги бранат. Појдовна основа при изградбата на борбениот морал и неговиот силен потпир го сочинуваат непоколебливото уверување во можноста за победа над секој агресор и свеста за оправданоста на вооружената борба, бидејќи ги бранат сопствената слобода и независност, физичкиот опстанок, материјалните и културните добра. За неговото одржување и јакнење битно ќе придонесуваат секојдневните успеси во вооружената борба и осигурување на неопходни материјално-технички средства за вооружените сили и населението. Тешкотиите, жртвите и евентуалните неуспеси не би можеле да ги поколебаат политички свесните луѓе, убедени во конечната победа и остварување на целите за кои се борат.

***Обученоста на луѓето*** за вооружена борба, нивната воеnостручна оспособеност, знаење и вештина, заедно со воспитувањето, сочинуваат еден од оние елементи од кои битно зависи непосредниот учинок при изведување на борбените дејства. Обуката на припадниците на вооружените сили е најважна мирновремена задача на сите команди и штабови. Обуката треба

да се изведува во најтешки борбени, просторни и атмосферски услови приближно на воените. Особено е значајно да се развива самоиницијативата при преземањето и изведувањето на борбените дејства и обезбедувањето на континуитетот на вооружената борба на сите делови на македонското војувалиште, без оглед на борбените и други услови.

***Психичката стабилност*** непосредно овозможува и подтикнува поголеми напрегања, пожртвувања, упорност и истрајност во вооружената борба. И покрај високите идеали и мотиви, од особено значење е благовременото и сестраното информирање и објаснување за настаните на војувалиштето и во светот и брзо привикнување на тешките услови и промени во вооружената борба.

***Физичката подготвеност*** овозможува успешно совладување на напорите и тешкотиите кои се наметнуваат и бараат континуирани и интензивни борбени дејства. Од тој аспект, во мирновремени услови треба да се посвети сериозно внимание на планската и масовна физичка обука и создавање навики за нејзино континуирано спроведување. Тоа треба да биде и една од постојаните општествени задачи.

***Квантитативнита вредност*** на човечкиот фактор се изразува во големината на вооружените сили и бројноста на ангажираното население во вооружената борба и за нејзините потреби. Бидејќи во вооружената борба учествува голем дел од населението, а не само вооружените сили, човечкиот потенцијал за вооружената борба и вооружените сили практично во дадени околносити, се поистоветуваат со вкупниот број за борба оспособено население,

Под квантитет на човечкиот фактор се подразбира вкупниот број на активното и способно население. Сите современи војни водени до денес покажале дека и покрај зголемената улога на воената техника, улогата на човечкиот фактор е од пресудно значење.

***Материјално-техничкиот фактор*** го сочинуваат не само воената техника и материјалните средства што ги поседуваат вооружните сили, туку и сите економски потенцијали и материјални ресурси на целата земја. Овој фактор отсекогаш имал големо значење за успешно водење на вооружената борба. Во современи услови на водење на вооружена борба

за кратко време би дошло до исцрпување на материјалните потенцијали на завојуваните страни. За успешно водење на вооружената борба е неопходно планско создавање на што поголеми материјални резерви и нивно разместување според планот за употреба на вооружените сили. Приоритет би имале оние материјално-технички средства чие производство или обновување во војната би било неизвесно или значително отежнато. Затоа во мирновременските подготовки за вооружената борба треба правилно да бидат лоцирани претпријатијата што произведуваат за воени потреби и да бидат оспособени за што пократко време да се прсипособат за производство во воени услови. Снабдувњето на вооружените сили во мир и во војна е од сопствено производство на вооружување и воена опрема во земјата. Поаѓајќи токму од значењето и улогата на материјално-техничкиот фактор, посебно на вооружувањето и воената опрема, денес државите посветуваат особено внимание на модернизација на вооружените сили со најсовремени материјално-технички средства и опрема.

***Просторот како фактор на вооружената борба.*** Денес сме сведоци за брзиот и квалитетен технолошки развој на современите борбени средства. Со нивниот развој се создаваат услови за совладување на големи пространства за кратко време. Денес вооружената борба ќе се води истовремено на копно, море и воздух со што се укажува на можноста за изведување на борбени дејства на огромен простор. Во таквата војна секоја завојувана страна ќе настојува првенствено да ги завладее оние делови на просторот кои имаат големо политичко, воено или економско значење. Во текот на војната просторот се уредува согласно со потребите на ситуацијата со што се олеснува или отежнува водењето на вооружената борба на сопствените или на вооружените сили на агресорот.

***Времето како фактор на вооружената борба*** се изразува како историски период во кој се води вооружената борба, како време на траење, како време на денот и годината и како метеоролошка појава.

Времето како време на денот и годината и како метеоролошка појава е значаен фактор и услов во кој се изведува вооружената борба. Борбените дејства ќе се изведуваат непрекинато во секое време на денот и

годината во сите метеоролошки услови. Притоа на агресорот му се наметнува сопствен облик на водење вооружена борба, а вооружените сили треба максимално да го користат годишното време, ноќта и метеоролошките услови, да вршат правилна проценка на ситуацијата и да преминуваат во изненадување, со што ќе се создаде несигурност кај агресорот. Агресорот ќе биде присилен да води вооружена борба кога тоа нема да му одговара и при такви метеоролошки услови кога тој нема да може да ја користи својата воена техника.

Времето треба максимално и рационално да се користи во согласност со другите фактори на вооружената борба, со што се овозможуваат погодни услови за преземање на стратегиска иницијатива и надмоќност над агресорот.

Успехот на вооружената борба битно зависи од квалитетот на организацијата и сеопфатноста на подготовките и спроведувањето на сите врсти на обезбедување на борбените дејства.

## 3. ОСНОВНИ СОДРЖИНИ НА ВООРУЖЕНАТА БОРБА

Воената вештина детално и научно ги разгледува содржините на вооружената борба, укажува на дијалектичка поврзаност на сите елементи од содржините кои меѓусебно се поврзуваат и испреплетуваат во зависност од односот на силите, облиците на вооружената борба, видовите на борбените дејства, просторот и времето.

Во воената вештина основни содржини на вооружената борба се :

- Противпешадиска борба
- Противоклопна борба
- Противартилериска борба
- Противвоздушна одбрана
- Поморска одбрана
- Противдесантна борба
- Противелектронска борба
- Диверзантски дејства

- Противдиверзантски и противтерористички дејства
- Запречување.

***Противпешадискаша борба*** претставува една од содржините на борбените дејства со големо значење во водење на вооружената борба и е составен дел на сите облици на борбени дејства како најмасовна и најразновидна борба против живата сила на непријателот.

Противпешадиската борба опфаќа борба против пешадијата и другата жива сила на агресорот до исцрпување и уништување. Овој вид на борба овозможува успешно користење на секој дел од просторот и им овозможува на вооружените сили на противникот да му наметнат свој облик на вооружена борба со што непрекинато ќе слабее неговата моќ.

***Прошивоклойна борба*** - При изведувањето на борбените дејства на копно, противникот ќе ги ангажира во прв ред оклопно механизираните единици подржани со авијацијата и артилериско ракетните единици.

Со противоклопната борба се крши нападната моќ, се слабее ударот, се забавува темпото на нападот и се уништуваат и онеспособуваат оклопно механизираните сили на противникот. Овој вид на борба се води непосредно во борба со противоклопно механизираните сили на противникот и посредно со уништување на системот за снабдување и одржување на врските, инфраструктурата и објекти од кои зависи нивната употреба.

Основен носител на противоклопната борба е копнената војска, таа дејствува преку своите родови: пешадијата, оклопните единици, артилеријата, инжинеријата и авијацијата.

***Прошиварішилериско-ракешнаша борба*** е битна содржина на вооружена борба. Главен носител на оваа борба е артилеријата која со силен удар ги неутрализира силите на противникот, им го отежнува дејството и ги уништува.

***Прошиввоздушна одбрана.*** Во евентуална агресија противникот ќе настојува во почетниот удар да оствари превласт над нашиот воздушен простор за да полесно ги оствари своите стратешки цели. Целта на противвоздушната одбрана е да ги брани и штити вооружените сили,

населението и материјалните богатства од дејства на противникот од воздушниот простор. Според задачите што ги извршува опфаќа воздушно набљудување и јавување, противвоздушна борба, противвоздушна заштита и борба против непријателските воздухопловни сили на земјата.

***Поморска одбрана.*** Поморската одбрана претставува збир на сите активности, мерки и постапки што ги преземаат вооружени сили заедно со останатите субјекти на морското боиште. Основни носители на поморската одбрана се силите на воената морнарица со другите видови на вооружени сили. Се изведува заради создавање услови за поефикасно користење на морето за реализацијата на целите на вооружената борба.

Основана цел на поморската одбрана е попречување на противникот да овладее со морето, а со тоа и непречено одвивање на крајбрежниот и поморски сообраќај. Одбраната се организира и се изведува во сите услови на вооружена борба, на целата акваторија и територија на островите кои ја сочинуваат основата на силите на воената морнарица.

***Противдесантна борба.*** Противдесантната борба претставува збир на мерки, постапки и дејства заради разбивање и уништувањена десантот. При планирањето и изведувањето на своите стратегиски дејства. Агресорот не ја исклучува можноста за употреба на поморски и воздушни десанти.

Противдесантната борба се изведува по фази и тоа:

- во реонот на собирањето и истоварувањето;
- за време на превезувањето;
- во реоните на десантирањето;
- по десантирањето.

Успехот на борбата зависи од: подготвеноста на сопствените сили, познавањето на можностите, начинот на употреба и дејство на десантите, реалната проценка и навремено донесените одлуки, иницијативата, одлучноста и смелоста во изведувањето на борбените дејства.

***Против-електронска борба.***Значењето на електрониката е се поголемо и со нејзината примена во воени цели се создаваат услови за електронско извидување, командување, набљудување, јавување и известување за целите во воздухот, на копно, на вода и под вода, за навигација и управување на

борбените средства и системи.

Противелектронската борба има за цел оневозможување или отежнување на работата на електронските средства и системи на агресорот. Со уништување на кој и да било електронски систем на агресорот се создаваат услови за успешна работа на сопствените електронски средства.

Противелектронската борба ја сочинуваат:

- електронско извидување;
- противелектронски борбени дејства;
- противелектронско обезбедување.

***Диверзантски дејства.*** Диверзантските дејства се посебен вид на нападни дејства кои се изведуваат на посебен начин и со посебни борбени средства. Основна цел на диверзантските дејства е да се создаде што поголема несигурност и неизвесност кај непријателот, да се неутрализира системот за командување и врски, да се спречи маневарот и снабдувањето.

Диверзантските дејства се изведуваат тајно, брзо, ненадејно, смело, решително, оригинално и офанзивно.

Објекти на нападот се првенствено вооружените сили на противникот како и објектите и системот на противникот кои влијаат врз водењето на борбените дејства.

***Противдиверзантски и противтерористички дејства.***

Противдиверзантските и противтерористичките дејства претставуваат збир на мерки, постапки и активности со кои се парализираат, оневозможуваат или отежнуваат диверзантските и терористичките дејства на непријателот. Нив ги преземаат и организираат единиците на вооружените сили со цел да ги заштитат органите на власта и раководството, стопанските и јавни објекти и граѓаните.

Основна цел на диверзантските и терористички дејства може да биде предизвикување на внатрешни немири, бунтови, слабеење на единството и одбранбената способност на земјата и систематски да го разурнуваат стопанскиот и економски систем.

Противдиверзантските и противтерористичките дејства подразбираат навремено откривање на намерите и уништување на диверзантско-

терористичките сили пред нивното дејствување. Противникот треба секогаш да се напаѓа таму каде што најмалку се надева, а секогаш треба да се дејствува брзо смело и решително.

***Запречување.*** Запречувањето претставува збир на разновидни препреки усогласени со борбениот распоред на единиците и е составен дел на сите борбени дејства. Запречувањето се презема за заштита од масовната употреба на оклопно механизираните, воздушно-десантните, поморско-десантните сили на противникот.

Основна цел е да се забави темпото на нападот на силите на противникот, да се ограничат нивните дејства, да се отежни спуштањето на воздушни десанти, да се отежни сообраќајот и снабдувањето. Запречувањето мора да биде разновидно, сеопфатно, непрекината, ешалонирано според длабочината, масовно и усогласено со системот на огнот.

Основни носители на запречувањето се инжинаериските единици кои изработуваат противпешадиски препреки, минско-експлозивни полиња, рушат патишта и објекти, изработуваат фортификациски и други препреки.

# III. ВОЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА

## 1. ПОИМ НА ОРГАНИЗАЦИЈА И ВОЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА

Општеството од најрани денови покажува тенденција за организација која произлегува од социјалната природа на човекот и општеството. Организацијата покрива или некое општествено подрачје или се простира низ повеќе општествени сфери.[18]

Зборот организација потекнува од новолатинскиот збор "organisatio" што подразбира спојување на поединечни делови во целина, така да таа целина биде способна за живот, организирање, устројство, уредување,

---

[18] Томислав Чокравски, Организационо општество, НИО Студентски збор, Скопје, 1995, стр. 21.

состав, склоп, општество, здружение, установа. Организацијата ја сочинува систем од функции што ги извршуваат поединци заради постигнување на одредени цели. За организации од пресудно значење е нивната структура, а не нивниот состав. Во рамките на организацијата се издвојуваат посебни функции преку кои се обезбедува трајна насоченост, координација на функциите и дејност на организацијата во одредена насока. Организациите според природата на основната активност која ја извршуваат можат да бидат: економски, политички, културен, воен и друг план.

Организацијата е длабока општествена потреба која извира од самата природа на општеството како комплексна заедница на индивидуи во која се создаваат разни форми на општествениот живот кои бараат поврзаност, меѓусебни односи и координација и во која постојат различни цели и тенденции за нивно остварување.

Организацијата е систем што поврзува, координира, комуницира, остварува цели, функции и улоги.

Најчесто организацијата се определува како систем или специјална единица во која се поврзуваат специјализирани човечки улоги за да се остварат некои цели. Организацијата на институционално ниво го покажува универзалното дејство на законот на општествена поделба на трудот. Во современата организација, смислено и поврзано во еден систем, се собираат и координираат знаењата и вештините кои ги поседуваат многу поединци.

Од инструментално-функционалниот аспект организацијата се гледа како функција или инструмент на определен општествен однос, процес, состојба и сл. Организацијата, од една страна, се поврзува со поширокага општествена подлога, а од друга страна, влијанието на организацијата врз општествените односи, нејзините односи со другите организации или општествени установи.

Структурата[19] на организацијата ја чинат основните елементи од кои што таа е составена. Структурата е вкупност на елементите усогласени меѓу себе во функција насочена за постигнување на определени цели на организацијата. За организацијата, како и за сите системи, важи правилото дека целината не е само механички збир на деловите или некој нивни распоред којшто ја чинат целината, туку целина која поседува карактеристики и белези што ги немаат деловите. Од една страна, деловите или елементите што го сочинуваат основниот состав на структурата ги содржат главните и општи својства на организацијата, а од друга страна поседуваат свои карактеристики и особини, врз основа на кои претставуваат релативни целини, со своја релативна самостојност. Помеѓу деловите и целината и помеѓу самите делови постојат различни видови односи зависни од самиот карактер на организацијата.

Структурата ја изразува поврзаноста на природните или општествените елементи, нивното движење и менување. Организационата структура ги интегрира и поврзува деловите којшто усогласени дејствуваат за остварување на целите на вкупната организација. Структурата ја претставува стабилноста и релативната постојаност на организацијата.

Структурата претставува просторно и временско организирање на движењето кон целите кои организацијата сака да ги постигне. Затоа, структурата не е статичност и неподвижност на организацијата, туку напротив, средство на организационата динамика преку која се постигнува рамнотежа на нејзините внатрешни процеси.

Голем број автори[21] истакнуваат дека организацијата е посебна општествена група, која се одликува со слични карактеристики, кои се сретнуваат кај некои општествени групи, но исто така имаат свои специфични карактеристики, кои ги немаат општествените групи.

---

[19] Исто стр. 95.
[21] Мирко Бојаниќ, Рад са људима у страним армијама, Београд, 1982.

Според тоа може да се каже дека групата се сфаќа пошироко од организацијата, бидејќи секоја општествена група не е организација, но затоа организацијата е опшествена група.

## 1.1. Воена организација

Разгледувањето на проблемот на воената организација се одвива во контекстот на дискусијата на општествена група. Познато дека луѓето во заедничката работа и во процесот на производство и создавањто на материјални добра, стапуваат во одредени општествени групи. Овие групи можат да бидат различни, и тоа според: целта и содржината на активностите, начинот на поврзување, формите на организирањето и настанокот, карактерот на меѓусебниот однос, големината и друго.

Воената организација во вооружените сили покрај општите карактеристики на организација има и свои специфичности кои поблиску ја разоткриваат. Различното сфаќање на поимот воена организација доведе до појава на различни дефиниции на самиот поим.

Така според Џ. Даниган (James Dunnigan)[22] воената организација е организирана социјална група со специфична функција во општеството, со прецизна поделба на функциите, со строга субординација во нивните односи, со единствени цели и активности, со цврсти делови на раководење и командување, со строга поделба на работата и меѓусебно утврдено содејство на нејзините различни делови.

Кревелд (Kreveld von Martin)[23] смета дека вистинската воена организација е таа која претставува соживеана целина, каде луѓето веќе меѓусебно се познаваат и каде се изградени мерила за кој колку вреди. Во таа организација се развива внатрешна доверба за соработка, пријателство низ одговорноста на секој поединец. Ако ова го нема, тогаш единицата ќе се однесува лабилно и несредено.

---

[22] James Dunnigan, Kako voditi rat, VINC, Beograd, 1993.
[23] Kreveld von Martin, Командовање у рату, ВИНЦ, Београд, 1992.

Поради ова потребно е да се спроведат мерки луѓето што подобро меѓусебно да се запознаат и зближат, а старешините подобро да ги познавааат своите војници и другите старешини.

Следното, а можеби и најзастапено мислење[24] е дека организираноста и меѓусебната поделба на улогата се врвна карактеристика на воената организација. Без одредена структура, поставеност и внатрешна кохезија тешко би можело да се зборува за некоја организација.

Воената организација е специфична организација чии специфични појави ги определува природата на воената дејност и карактерот на општествената функција на вооружените сили. Основните организациони делови на воената организација се војниците и старешините кои стапуваат во единствени меѓусебни односи засновани на воената субординација, одговорност и дисциплина, при што свеста на воената организација за заеднички интереси и цели, емоционалната поврзаност и максималното залагање за остварување на заедничките задачи, се релевантни интегративни фактори на воената организација.

## 2. СТРУКТУРА - ФОРМАЦИЈА

Во досегашната практика на човековото битисување не постоеле две исти воени организации. Иако во минатото имало обиди за "клонирање" на еден тип на успешна воена организација, тие набргу биле напуштени поради неможноста да се прилагодат на конкретните услови и потреби на конкретната земја. Определувањето на структурата, а понатаму и на формацијата на вооружените вили, пред се зависи од општите политичко-доктринарни ставови и размислувања на воено-политичкиот врв.

---

[24] Група автори, О војној дисциплини, Политичка управа, ССНО, Београд, 1975.

Секоја држава има свои посебни потреби и интереси во однос на формирањето и егзистирањето на својата армија.Искуствата од разни земји се повеќе од добредојдени, но само притоа ако се почитува сопствената реалност. Со правилно согледување на ризиците по безбедноста на државата и нејзините граѓани, со правилна и рамномерна алокација на економските ресурси, со строго дефинирање на националните интереси, преку почитување на релјефно-земјишните карактеристики на просторот, квалитативните и квантитативните карактеристики на населението, притоа користејќи ги најсовремените научни и техничко-технолошки достигнувања, се гради таков одбранбен систем кој ако не во целост туку во најголема мерка ќе одговара на реалноста и потребите на самата земја.

Ова се однесува како на големите и моќни воени сили така и на помалите земји во светот. Иако истакнавме дека секоја земја има свои посебни особености и карактеристики во однос на воената организација , сепак може да се изведе една општо простапна структура присатна повеќето во армии во светот.

Освен земјите членки на нуклеарниот клуб (Русија, САД , Кина, Франција, Велика Британија, Израел, Северна Кореја, Индија, Пакистан, Иран, Сирија) кои како компонента ги имаат единиците опремени со нуклеарни средства, останатите земји во светот имаат конвенционална структура на своите вооружени сили.Општата структура на тие сили е составена од:

-Активни вооружени сили и територијални сили и

-Резерва.

Континуирано тенденцијата во поглед на големината на активните вооружени сили и резервата се движела во неколкукратно поголема резерва од активните вооружени сили , кои заедно ја формираат воената армија. Иако во минатото за резервниот воен состав по правило била отстапувана технолошки релативно застарена опрема и недоволна обука, денес имаме целосна промена во тој поглед. Оваа промена е изразена во се поинтензивен тренинг и опремување со соодветни борбени средства и средства на тие што ги поседуваат активните вооружени сили.

Активните вооружени сили се организирани во видови, родови и служби.

Како видови можеме да ги дефинираме Копнената војска (КоВ), Воено воздухопловство и против воздушна одбрана (ВВ и ПВО), Воена морнарица (ВМ) за оние земји кои поседуваат излез на отворено море. Во земји како посебен вид се издвојува ВВ и ПВО. Кој вид ќе преовладува зависи пред се од можностите, потребите на земјата, и се разбира и од самиот релјеф.

Родови кои се инкорпорирани во видовите се: пешадија; АРЕартилериско-ракетните единици (АРЕ); инжинерија; авијација; артилериско-ракетните единици на противвоздушната одбрана (АРЕ ПВО); ВРСКИ; нуклеарно хемиско биолошката одбрана (НХБО); оклопномеханизираните единици (ОМЕ) и други.

Служби се следниве: интендантска; санитетска; техничка; ветеринарна; сообраќајна; правна и други.

## 3. ФОРМИ, ВИДОВИ И НИВОА НА ВОЕНО ОРГАНИЗИРАЊЕ

Со текот на времето, односно развојот на вооружените силии доаѓа и до промена во моделот на нивното пополнување, со потребните кадри за извршување на поставените задачи. Како најзначајни типови на воено организирање и начини на пополнување и регрутирање на вооружените сили се истакнуваат: милицискиот систем, систем на постојана војска, систем на доброволно служење на воениот рок и систем на платена професионална војска.

***Милицискиот систем*** е карактеристичен со тоа што сите способни граѓани им припаѓаат на резервните сили и ја сочинуваат главнината на вооружените сили со мошне мало професионално јадро.

***Системот на постојана војска*** за своја основа го има регрутниот начин на пополнување со потребниот кадар. Овој начин има своја долга историја. Имено, овој начин на пополнување на вооружените сили за првпат се

јавува во античките држави, Спарта и Рим, за потоа да биде целосно маргинализиран и заборавен во периодот на средниот век. Своја ренесанса доживува во периодот на Наполеон Бонапарта. Ваквиот начин на пополна ќе биде широк прифатен од државите во светот пред Првата светска војна, и ќе се задржи до ден денешен посебно во поранешните комунистички земји и во земјите од Третиот Свет.

Со сѐ поинтензивниот развој на техниката и нејзиното влијание во вооружените сили, сама од себе се наметнала потребата со одредени скапи и софистицирани системи да ракуваат професионалци. Ова сознание произлегло од увидувањето дека регрутите за време на нивното служење на воениот рок не се во можност и не се способни да ги совладаат потребните вештини за ракување со овие системи. Поради ова доаѓа до прием на професионални војници на местото на регрутите, но притоа регрутите остануваат во армијата да ги извршуваат помалку комплицираните задачи. Овој начин на пополна се нарекува полупрофесионален, или пак доброволно служење на воениот рок.

Јакнењето на свеста за човековите права и негативниот став и однос спрема воената служба, посебно во земјите од Западна Европа и САД, кои се појавуваат во педесетите и шеесетите години на дваесетиот век, ги принудуваат властите да извршат укинување на задолжителната воена обврска и воведување на доброволно служење на воениот рок. Ова претставува прв чекор кон создавање на професионален начин на пополна на вооружените силии. Кон овој систем на платена професионална војска денес се стремат сите земји членки на НАТО но и кандидатите за членство меѓу кои и нашата земја. Тренингот што овие професионалци го добиваат е и подолг и специјалистички.

***Нивоа на воена организација.*** Земјите отсекогаш склучувале разни воено-политички сојузи за определени цели и заеднички интереси. Ова посебно станува значајно за меѓународните односи и политика по Втората светска војна, кога доаѓа до создавање на *такви нивоа на воена организација*, во кои националниот елемент се повеќе се губи, а се истакнува наднационалниот, олицетворени во поранешниот Варшавски договор, НАТО, ЕУ.

Северноатлантската алијанса односно НАТО е фромирана 1949 година во почетокот на она што подоцна ќе биде познато како Студена војна. НАТО е создаден за да се спречи понатамошната пенетрација на комунистичките режими во Западна Европа и да се сочува влијанието на САД во овој дел од светот. Низ текот на времето алијансата ја менувала својата големина почнувајќи како организација за заштита, па завршувајќи денес како борец против меѓународниот тероризам. Таа денес е на прагот на најголемата трансформација од своето постоење, трансформација која се должи на приемот на поранешните непријатели од Варшавскиот договор. При приемот на овие земји се поставуваат одредени стандарди кои за некои земји се полесно, а за некои потешко остварливи. Тука се поставува прашањето за национална компатибилност и интероперативноста со НАТО компатибилноста. Дали тоа што за НАТО претставаува врвен приpритет се однесува и за земјите не само аспиранти туку и земјите членки на НАТО? Одговорот на прашање сам ќе произлезе најверојатно.

Европската Унија претставува регионална организација, со политички и економски предзнак пред сé, и со почетни чекори кои се однесуваат на воената самостојност и обединување.

Трите столба на ЕУ се:

-Европската заедница-со наднационални функции и владини институции;

-Правда и домашни работи и

-Заедничка надворешна и безбедносна политика.

Околу третиот столб на ЕУ, Заедничката надворешна и безбедносна политика, во последно време се кршат копјата помеѓу две спротиставени страни и тоа:Франција и Германија од едната страна кои се залагаат за создавање на единствен Европски одбранбен систем без НАТО и, Велика Британија од друга страна која инсистира на опстојувањето на НАТО и американското воено присуство во Европа.[7]

[7] http://encarta.msn.com/encyclopedia_761579567/European_ Union.html

# IV. ВОЕНА ВЕШТИНА

## 1. ПОИМ И РАЗГРАНИЧУВАЊЕ НА ДИЛЕМАТА НАУКА ИЛИ ВЕШТИНА

Воената вештина во различни држави и војски е дефинирана на различен начин и тоа како вештина, теорија, теорија и пракса, наука, наука и вештина за вооружената борба.

Поимот воена вештина најчесто се поистоветува со поимот воена наука. Најчесто терминот вештина наместо воена наука се користи поради две причини: *прво*, воената теорија освен теоретскиот го истакнува и практичниот аспект, ги разработува содржините за начинот и постапките за подготовување и водење војна кои припаѓаат во сферата на вештината; *второ*, од традиционални причини бидејќи во теорија и пракса сé до денес се задржува терминот воена вештина.

Сваќањето на поимот воена вештина како посебна наука се темели на научни истражувања на вооружената борба и борбените дејства, командувањето во борбени и неборбени активности и борбени дејства во актуелна и реално можна вооружена борба. Проучувањето и истражувањата на содржината на теоријата на воена вештина опфаќа систем, поими, сугестии и заклучоци од вооружената борба и борбените дејства, проблемите во процесот на подготовката и водењето на борбените дејства и нејзините облици, видови, содржини и активности. Освен тоа теоријата на воена вештина ги опфаќа принципите на организирање, опремување, обучување и оспособување на вооружените сили, како и раководење и командување со вооружените сили во борбени дејства.

Оттука под воена вештина како научна теорија се подразбира вкупно научно верификувани, односно стекнати и методски средени знаења во најголем степен за вооружената борба, нејзините облици, видови и содржини на борбените дејства, за проблемите и процесот на нејзината подготовка за водење и кобинација на пратечните активности кои припаѓаат на воениот процес во најшироко значање на зборот. Оваа сознание создава основа за изградба на воена доктрина како научно засновена и усвоена определба на државата за подготовка и водење војна, односно вооружена борба. Во таа насока Сун Цу Ву во своето дело "Вештина на војувањето" вели: "Во мир подготвувајте се за војна, во војна подготвувајте се за мир. Вештината на војувањето е од животна важност за државата. Тоа е прашање на живот и смрт, пат кон безбедност или пропаст. Затоа никогаш не треба да се запостави". [8]

До појавата на масовните армии, вооружената борба била релативно едноставна појава. Стратегијата и тактиката се раводеле врз основа на неколку општопознати принципи и зависеле од способноста на војсководачот да ги примени тие принципи во конкретните битки. Теориските сознанија од областа на стратегијата, доколку биле потребни, се барале во политичките и во историските науки. Тоа било логично бидејќи преовладувало сфаќањето дека војувањето е средство на политиката. Критичкото мислење нѐ доближува до органиченоста на некои сознанија и ни дава можност за надминување на тие органичувања. Воената доктрина, односно практика претворена во теорија, се менува врз основа на научните сознанија. Предмет на научните сознанија се проблемите со кои човекот се соочува, (пронаоѓање лек против сидата), а предмет на вештината (доктрината) се проблемите што наведуваат како да се остварат конкретните активности.

Теоријата на науката е систем на втемелени и логички поврзани поими, а теоријата на вештината ја сочинуваат правила или норми на однесување на човекот при конкретни дејности. Практиката или

---

[8] Сун Цу Ву, Вештина на војувањето, Штрк, Скопје, 1996.

стручноста, односно емпиријата има силно влијаније врз развојот на науката. Меѓутоа, екстремниот емпиризам е една од основните пречки на развојот на науките и тоа особено на воените науки, на новите сознанија на вооружената борба. Тој им се спротивставува на новите вистини, а преку нив и на новата вештина, доктрина и на примената на новите правила и упатства на вооружената борба, односно ја спречуват практичната, стручната, проверка на новите научни сознанија, па така го попречуват развојот и на новата наука, на новата практика, а со тоа и развојот на армијата во целост.

Брзиот и големиот развој на науките битно влијаеле на развојот на вооружувањето и на военотехничката опрема. Во армиите дошло до значајни промени во сите области на воените дејности, особено во областа на информатичката технологија, во процесот на раководењето и командувањето, значително се зголемиле техничките можности на оружјето, воената опрема и сретствата со што дошло до значајни промени во начинот на водење вооружена борба. Науката и воениот фактор се во постојана врска со непрекинато проширување на содржините на заедничките интереси, овие содржини ги има во сите сфери на развојот на армијата, особено на оние што се однесуваат на вооружената борба и засилувањето на воената моќ во целост. Поврзаноста на науката и на научните дисциплини може да се согледа и непосредно, преку основните субјекти на науката, т.е. научниците, иатражувачите, теоретичарите и други. Од биографиите на големите војсководачи и воени теоретичари може да се види дека тие покрај воените, биле врвни познавачи и на други науки. Познатиот кинески воен теоретичар **Сун Цу Ву** бил под непосредно влијание на повеќе филозофи. **Александар Македонски** бил ученик на најголемиот филозоф **Аристотел**, но ги изучувал и медицината, историјата, логиката, математиката и особено воената вештина. **Клаузевиц** покрај воената вештина ги изучувал логиката на **Кант** и филозофијата на **Хегел**. Според наведеново едно од најактуелните прашања што низ векови па до денес си го поставувале воените теоритичари е прашањето кое гласи: Дали и војната е занает или наука? На еден од најдуховитите одговори не потсетува уште од 1732 година

маршалот **Мориц Саксонски** кога во своите размислувања за вештината на војувањето пишува: вНа прашањето дали војната е занает или наука многу добро одговорил витезот **Фолар**: "Војната за неуките е занает, а за учените наука." Оние што денес воената вештина ја сведуваат на занает, всушност ја докажуваат својата неукост и сиромаштвото на својата духовност. Современите војни на сликовит и на практичен начин докажаа дека воената вештина сé повеќе се развива како наука. Можеби сеуште се има поединци за кои ова нема да биде убедливо и кои ќе инсистираат на формално докажување на воената вештина како наука. Како што е познато, некоја теорија да биде признаена за наука, потребно е да исполнува одредени услови[9], од кои најважни се следниве:

1. да има свој посебен предмет на научното истражување;
2. да применува сопствени научни методи;
3. да има посебни научни закони;
4. да можат резултатите да се проверуваат во пракса.

***Првиот услов*** воопшто не е спорен, бидејќи никој не оспорил дека воената теорија изучува специфична област, како што се подготовките и водењето на вооружена борба, односно војна.

***Со вториот услов*** - за научните методи е нешто подруго. Порано упорно се оспоруваше дека воената вештина има свои посебни научни методи. Меѓутоа денес во тој поглед во многу се измени ситуацијата, бидејќи во воените науки денес се применуваат околу четириесет научни методи меѓу кои најзастапени се: операционото истражување, теоријата на играта, теоријата на веројатноста, теоријата на потрагата, теоријата на информацијата, теоријата на одлучувањето, математичкото - програмирање, проспектива итн. Некои од овие научни методи настанале и се развиени во војската (како што е случај со оперативните истражувања), а подоцна се пренесени во останатите научни дисциплини и станале општи. Битно е да се применуваат научните методи, а помалку е

[9] Војна Наука, ВИЗ, Београд, 1971, стр. 15.

важно дали се тие општи или посебни, во овој случај воени. Оваа теза ја подржуваат сé поголем број на научници.

***Третиот услов*** - воената теорија да стекне статус на наука - претставува истражување на објективната вистина за вооружената борба и војна, а пред сé на објективните закони, кои во нив владеат независно од волјата и желбите на луѓето. Изучувањето на објективните закони, меѓусебните врски и условеноста во појавата на вооружена борба и војна, е многу важен и сложен процес. Таквата законитост е теоретски поткрепена во насока на општите принципи (офанзивност, подвижност, маневрирање, економичност итн), а овие понатаму ја конкретизираат во правилата и другите одредби. Кој ќе стекне предност, ќе може подобро да ја насочи својата воена организација, да изнајде поприкладно и ефикасно вооружување, да ја осовремени борбената обука, тактиката, оперативата и стратегијата. Со тоа на најдобар можен начин ќе даде одговор на сите важни и тековни прашања на вооружената борба и војна. Затоа изучувањето на објективните закони, на меѓусебните врски и условеноста е појава која во областа на вооружената борба е постојана задача, која станува сé поширока и посложена.

***Четвртиот услов*** - можностите да се тестира во практика, тезите и резултатите до кои ќе се дојде, не е потребно посебнно да се елаборираа, бидејќи сето она што се однесува на останатите општествени науки, актуелно е и за воената наука. Според тоа, ако за нив не претставува препрека да станат признаени за научни дисциплини, најверојатно не би требало да и пречи ни на воената теорија.

Оттука може да се изведе заклучок дека воената теорија ги исполнува основните услови да биде признаена за наука.

## 1. 1. Воената вештина во системот на науките

Во научната, па и во стручната јавност веќе одамна се води расправа за научното втемелување на воените науки како и за критериумот на нивната класификација. Во досегашните разгледувања доминира ставот дека системот на воените науки е составен од сите науки, научни дисциплини и научни теории кои ги изучуват специфичните проблеми на

подготовките и водењето на војната. Во согласност со ова, определувањето на системот на воените науки има потесно и пошироко значење. Под воена наука во потесно значање се подразбираат т.н. општи воени науки, односно стратегијата, оперативата и тактиката, а под пошироко значање се подразбираат, покрај општите воени науки, сите други воени науки кои ја изучуваат војната без оглед на која матична наука и припаѓаат.

Разгледувајќи ги системските науки се поставува прашањето дали воената наука е системска наука, и ако е така, на кој вид научни системи припаѓа. Врз основа на определувањето на објектот и предметот на истражувањата може да се констатира дека воените науки истражуваат специфични проблеми од подрачјето на воените дејности. Тоа значи дека воените науки не настанале, ниту се развивале од единсвен објект на науките, туку претставуват функционално поврзани науки и научни дисциплини за истражување на специфични проблеми во подрачјето на воените дејности. Тргнувајќи од оваа воената наука мора да биде системска, поради тоа што во неа влегуваат повеќе науки, некои како самостојни, основни или помошни, а некои како приспособени или специјализирани за одредени воени цели.

Како што е веќе кажано, воената вештина е само една од низата воени науки, но најважна која се бави со проучувањето на војната. Освен воената вештина, војната ја изучуваат и следните науки[10] *(шема 1)*, кои заедно го сочинуваат системот на воени науки.

---

[10] Др. Лазовиќ Момчило, Др. Стошиќ Милинко, *Теорија ратне вештине*, Плицијска Академија, ВИЗ, Београд, 1998, стр. 2.




*Шема 1.*

Значи, во современата воена литература, системот на воените науки ги опфаќат: воена вештина, општовоена наука, војноекономска, војнотехничка научна дисциплина, војносоцијолошка, војномедицинска, војнобиолошка, војнопсихолошка и други научни дисциплини. Основата на овој систем ја изградуваат дисциплините на воената вештина: стратегија, оператика, тактика, воена организација, раководење и командување, воена историја, воена географија. Конкретното дефинирање на системот воени науки подразбира, науки кои претежно или суштински иницираат изучување на војната. Иако повеќе науки и научни дисциплини ја изучуваат војната, воената вештина, односно нејзините гранки: стратегијата, оператиката тактиката тоа го прават целосно, заземајки го централното место во системот на воените науки и преставуват група

воени науки кои се бават со изучување на вооружената борба и водењето војна.

Останатите науки во системот на воените науки, кои ги изучуваат посебните делови за воените потреби како што се: технички, биолошки, медицински, економски, социолошки, политички, психолошки и други научни дисциплини се исто така многу значајни. Овие научни дисциплини се поврзани со воената вештина и нејзините гранки, кои пак се насочени кон воената доктрина, односно државната политика за одбрана на земјата.

## 1. 2. Гранки на воената вештина

Класификацијата на воената вештина како воена наука е спорна, исто како и класификацијата на воените науки. Според **Клаузевиц**, воената вештина ја сочинуваат тактиката и стратегијата. Но, постојат и други постапки и активности кои се поврзани со вооружената борба, а тоа се: походи, маршеви, логорувања, логистика кои исто така, ги изучува воената вештина, а кои не влегуваат ниту во стратегија, ниту во тактика.

Во совренените армии постојат две различни поделби на воената вештина. Во земјите поранешни членки на Варшавскиот договор и некои други источноевропски земји воената вештина се дели на: тактика, оператика и стратегија. Во армиите на западните земји, односно кај членките на НАТО пактот воената вештина се дели на тактика и на стратегија, слично на поделбата на Клаузевиц, со тоа што на оваа поделба понекогаш и се додава логистиката како трета дисциплина на воената вештина. Разликата помеѓу овие две поделби, воглавно се однесува на оператиката. Во армиите на земјите членки на НАТО пактот оваа научна дисциплина ја нема, пред сé поради тоа што операцијата не се третира како самостоен облик на борбени дејства и се задржува поделбата на Клаузевиц, иако и таа е надмината. Поради тоа некои западни современи теоретичари согледувајќи дека оваа поделба е тесна, тактиката ја поделиле на голема и на мала, односно на ниска и на висока, а стратегијата на голема, средна и мала. Познатиот француски теоретичар и генерал **Бофр** го воведува и поимот оперативна стратегија. Основната цел на

оперативната стратегија е еволуцијата на тактиката и на техниката да ги приспособи на потребите на стратегијата.

Наведенава класификација на воените науки е целисходна поради следните причиини:

- Поимот воена вештина и во формална и во суштинска смисла го губи значењето. Имено, воената вештина во потполност се редефинира во поимот воена наука. Таа е единствената наука која се занимава со суштинските проблеми на непосредните подготовки и водењето борбени дејства, односно се занимава со изучувањето на вооружената борба од аспект на учеството во непосредните подготовки и во борбите. Поимот воена вештина имплицира на вештина, а не на наука која би била интересна за цивилните науки. Поради тоа, некои ја негираат како наука. Меѓутоа, војната како појава не може да поседува само вештина. Вештината е својство на одредени субјекти (војници, офицери), а не на војната како општесвена појава.
- Со таквото организирање воените науки се ослободуваат од изолација и широко се отварат кон другите науки во општеството. Истовремено се создават услови сите науки да се занимаваат со проблемите на војната и на вооружената борба.
- Воените институции се ослободуваат од сложените проблеми околу школувањето кадри од други воеориентирани научни дисциплини. Таквите обврски би ги преземале матичните науки во општеството, тоа значи дека воените институции би школувале кадар само за стратегија, оператика и тактика, односно кадар кој не се школува во ниту една друга институција во општеството.

Според изнесеното, воените науки и военонаучните дисциплини, во основа се применети науки, со оглед на тоа дека со помош на знаењата од матичните науки ги истражуваат специфичните проблеми на воените дејности. Системот на воените науки преставува организационен, инструментално-рационален и отворен функционален научен систем на меѓусебно поврзани науки и научни дисциплини кои имаат само заедничко подрачје на истражување (специфичните проблеми на военото организирање и функционирање на воените дејности), а во сето останато

повеќе се потпираат на своите матични науки. Од друга страна, постапно со тенденцијата на развојот и на поврзувањето на воените науки и на военонаучните дисциплини во рамките на системот на воените науки како функционален инструментален научен систем, се создаваат претпоставки за нивно прераснување во мултидисциплинарни научни системи.

Како најцелосна и најприфатена поделба на воената вештина денес е на стратегија, оператика и тактика ( *шема 2*).[11]




*Шема 2*

### 1.2.1. Тактика

Терминот тактика (грч. taktike, taktikos-поставувам, постројувам) означува вештината на постројување на борбениот распоред. Ваквото поимовно одредување на тактиката датира од времето кога се појавиле првите теоретски сознанија за војната и начинот на нејзиното водење. Суштината на ваквото значање се задржува долго, но тактиката преку

[11] Др. Лазовиќ Момчило, Др. Стошиќ Милинко, *Теорија ратне вештине*, Плицијска Академија, ВИЗ, Београд, 1998, стр. 2.

историјата на војната се развивала и менувала не само како пракса, веќе и како научна дисциплина и гранка на воената вештина.

Текот на историјскиот развој под влијание на социјално-економскиот, материјално-техничкиот, војниот и други фактори и процеси, тактиката ја менувала своето теоретско обликување и практичната содржина. Како најстара гранка на воената вештина, од која се покасно развиле оперативата и стратегијата, тактиката поминува низ повеќе периоди: период на ладно оружје; период на класично огнено оружје; период на современо конвенционално, нуклеарно-хемиско-биолошко и друго современо оружје. Секој период влијае на теоријата и праксата врз тактиката и битно се менува нејзиното насочување и содржина.

Во периодот на ладното оружје, кога во борбата доминираше поединецот, тактиката се бавеше со случувањето на бојното поле од кои се стекнува основните искуства за понашање во борба. Тогаш тактиката, првенствено била практична вештина.

Во робовладителниот период забележени се првите теоретски искуства и списанија за тактика. Тогаш се истакнуваат некој значајни тактички начела и даваат верна слика на некои тактички постапки.

Во феудалниот период не се десило ништо ново што ќе придонесе теоретски развој на тактиката и воената вештина воопшто. Значајни се само селските буни, востанија и народни војни во кои селската војска масовно учествувала во борбата применувајки герилски начин на војување.

Развојот на капиталистичките социјално-економски односи и појавата на огненото оружје доведува до крупни промени во воените организации, вооружувањето и воената опрема имаат значајно влијание во водењето на војна и развојот на воената вештина, посебно тактиката. Во доменот на пракса тактиката за време на Наполеоновите војни доживува висок степен на развој. Наполеоновите војни подоцна послужиле како основа за проширување на теоретските начела и афирмација на тактиката како самостојна гранка на воената вештина.

Појавата на масовни национални армии и воведувањето на вооружување со поголема огнена моќ и подвижност, настануват крупни и значајни промени во тактиката. Се развиват подвижни борбени распореди, се создаваат нападни колони, а боевите и борбите се водат на секое земјиште и во секое време. Основните начала на тактиката (одредување тежиште, маневар, изненадување и.т.н), се издвојуваат на почетокот на XIX век во војните кои се водени до Втората светска војна и сеуште имаат значајно место во тактиката на современата теорија.

Во периодот на бројните ослободувачки војни и покрети, (втора половина XX век) тактичките постапки стануваат разновrсни, а борбените дејства офанзивни и еластични. Вооружената борба е во целина сложена и динамична, а иницијативата на поединците и единицата даваат нова квалитативна димензија во тактиката. Во текот и после Втората светска војна се произведува и употребува современо конвенционално и оружје за масовно уништување. Со развојот се доаѓа до нови квалитативни промени во вооружената борба, воената вештина, а посебно во тактиката. Сите научни достигања вградени се и проверени преку тактиката, а особено развојот на новите видови вооружување. При тоа улогата на човекот и понатаму е одлучувачки и незаменлив фактор во вооружената борба. Тоа го потврдија сите војни водени после Втората светска војна. Со конвенциите, договорите и преговорите, оружјето за масовно уништување, посебно нуклеарното, останува реалност на денешнината и битно влијае на бројните тактички дејства и активности на единицата. Современите борбени сретства во целина битно ја потикнаа воената и научната мисла и битно влијаат на појавите на нови доктрини, воено-стратегиски концепции, операции, а особено тактики. Важно внимание се посветува на изборот на тежиштето за дејство, единиците се повеќе подвижни на боиштето, а високата маневарска и огнена способност овозможува длабоки пробивања во борбениот распоред на непријателот. Интеграцијата на единиците од различен состав е тежиште на сите елементи на борбениот распоред е потреба и неминовност на современата борба и бој.

Во најопшта смисла тактиката е синтеза, начин, постапка и средство која најлесно и најцелосно може да ги оствари поставените цели на вооружената борба. Таа е гранка на воената вештина која се бави со изочување на појавите, законитостите и начелата на вооружената борба и нејзините пониски облици на борбени дејства (борба и бој). Значи, *тактиката е теорија и пракса за подготовка, обезбедување и водење на борба и бој на копно, водена површина и во воздушниот простор.*

Од дефиницијата се забележува дека тактиката ги изучува законитостите и карактаристиките на борбените дејства во најразлични услови. Исто така ги разработува и дефинира основните начела на борбата и бојот, ги утврдува облиците, начинот, припремата, формацијата, организацијата на соработка и содејство во изведување на борбени дејства од поединец до здружени тактички единици. Исто така ги следи и изучува условите, можностите, организацијата, формацијата, односно тактиката на потенцијалниот непријател, како и достигнувањето на тактиката во други армии. Со тоа се остваруват можности за компаративна анализа на тактиките на странските армии, што е битен услов за утврдување на научните вредности и вистинитости теоријата на воената вештина.

***а) Предмет на тактиката***

*Предмет* на изучување на тактиката се борбата и бојот како најчести појави во вооружената борба на копно, водени површини и во воздушниот простор. Тактиката непосредно ги следи сите промени и процеси кои врз неа влијаат, теоретски ги обработува, воопштува и проверува во пракса. Тактиката ги следи и проучува борбата и бојот во комбинација со фронталниот и територјалниот (партизански) облик на вооружена борба, во услови на дејства во зафатот на фронтот, на заземена територија и во сопствената заднина.

Врз основа на општите законитости и принципи на вооружената борба, тактиката посебно ги изучува основните и битни карактеристики на борбените дејства во кои учествуваат поединци, групи и тактички здружени единици. При тоа тактиката мора да воспостави меѓусебна врска помеѓу теоријата и праксата.

Како наука тактиката обработува сѐ она што се случувало во минатите војни, а посебно во локалните и сега актуелни војни, во областа на подготвувањето и водењето на бој и борба. Затоа нејзината теорија преставува збир на норми кои треба да се применат за да се постигне победа во бојот и борбата, но значајно место има и праксата она ги потврдува, дорадува или отфрлува понудените теоретски решенија.

Предметот и содржината на тактиката ја определуват нејзината конкретна задача. Како применета научна дисциплина тактиката ги определува целите, задачите, редоследот и начинот на нејзиното извршување. При тоа, почетна основа за создавање на општите услови на боиштето, освоените доктринарни ставови и начела на воената стратегија кои се спуштат на ниво на тактика.

Во теоретска смисла, освен изучувањето на општите доктринарни основи и начела, тактиката ги изучува законитостите и тенденциите во развојот на бојот и борбата во најразлични борбени услови и дејства во одбранбена војна.

Посебно значајна содржина на општата тактика се нејзините делови во кој се класифицират, дефинират и разработуваат соодржините и карактерот на бојот и борбата во современи услови, изучуваат и дефинират основните начела на борбата и бојот; го изучува развојот и употребата на современото оружје, воената техника, опрема и нејзиното влијание на изучувањето на борбените дејства; ги пратат, изучуваат и од сите страни ја анализираат јачината, составот, опременоста, обученоста, можностите, и начинот на употреба на тактичките единици и составот на потенционалниот агресор; проучува организацијата, формацијата, командувањето, борбено-материјално и друго обезбедување на тактичките единиците; одредува место, улога и начин на ангажирање на родовите и службите во бој и борба; изградува облик на соработка помеѓу тактичките единици и останатите борбени структури (полициски, доброволни и партизански единици) кои учествуваат во бојот и борбата.

***б) Поделба на тактиката***

Тактиката може да се подели на повеќе начини. Има многу фактори и услови кој ја определуваат нејзината систематизација. Иако се уште не постои општоприфатлива поделба на тактиката, во новата военостручна литература тактиката е поделена на: *општа тактика, видови тактички единици, тактика на родовите и тактика на службите.*




*Шема 3*

***Општата тактика*** ги изучува и разработува законитостите и принципите за употреба на тактичките единици видови, родови и служби во припремувањето и изведувањето на боевите и борбите. Ги изучува и заокружува основните содржини на вооружената борба во бој и борба, облиците на борбените дејства и подготовките и употребата на единиците во тактичките борбени дејства. Тежиштето е изразено на оние содржини и проблеми кои се заеднички за сите видови, родови и служби.

***Тактиката на видовите***, на основа теоретските ставови и начела општа тактика изучува и разработува употребата на видовите тактички единици во војска. Во обзир на просторот, видовите наоружување и услови во кои се изведуваат борбените дејства, специфични се општите и посебните задачи на видовите единици, што од нив се бара да водат посебна борба и бој за почитување и примена на адекватни тактички постапки и работи.

***Тактиката на родовите (службите)*** изучува и дефинира принципот и начинот на употреба на родот (службата) од поединец до тактички и здружени тактички единици во бој и борба. Тактиката на родовите (службитате) истражува и теоретски воопштува и одлучува за начинот на употребата на единиците во различни борбени услови, со тежиште на оптималното искористување на оружјето и опремата што е на располагање, односно борбените можности на тие единици.

### 1.1.3. Оператиката

Во воеиостручната литература на некои земји (првенствено на Запад) се уште постојат две различни стојалишта за прашањето и оправданоста за конституирањето на оператиката како посебна гранка на воената вештина, односно нејзиното лоцирање помеѓу тактиката и стратегијата. Теоритичарите на воените науки кај земјите од "Истокот" непосредно после Втората светска војна ја прифатиле тројната поделба на воената вештина (стратегија, оператика и тактика), па со самото тоа дојде до конституирање на оператиката во посебна гранка на воената вештина. Основно оправдување е факторот дека операцијата е реалност во вооружената борба и сосема сложена категорија која тешко може целосно да се запознае, односно да се дознае од проучувањето на стратегијата и тактиката.

Оператиката во воените науки се дефинира како составен дел, односно гранка на воената вештина чиј предмет е истражување и изучување на теоријата и праксата на подготвување и водење операции како облик на борбени дејства. Тргнувајќи од целта која ја поставува (одредува) стратегијата, оператиката се бави, пред сé со изучување на законитостите и принципите на операциите, начинот на подготвувањето,

планирањето, меѓусебната употреба на оперативните и оперативно-стратегиските единици на поедини видови или комбинирани.

За разлика од воената вештина чиј предмет е истражување на вооружената борба во целост, оператиката се бави со операциите како први, односно најголеми и најсложени делови во вооружената борба. Во предметот на оператиката спаѓаат и оние борбени дејства кои се по општост и сложеност под нивото на операциите, но со нив се постигнува целта и задачите од оперативно значање. Тоа практично значи дека борбените дејства од оперативно значење можат да се изведуваат и надвор од планот на операцијата.

Оператиката како гранка на воената вештина, односно научна дисциплина, тргнува од тоа дека содржината на вооружената борба постојано се менува и развива. Со тоа постојано мора да ги следи промените, да предвидува можни облици на борбени дејства од оперативно ниво и да ги утврдува основните принципи на натамошниот развој во сите облици на вооружена борба, односно идната војна.

Изучувањето на оператиката од повеќе аспекти, освен пратењето и откривањето, овозможува и најцелосно лоцирање на тежишните проблеми и постапки, што е особено значајно за вооената вештина и доктрина. Посебно ниво на изочување на операциите опфаќа првенствено истражувањето на условите, факторите и законитостите кои делуват во одредени воени судири, а се изучуват и операциите на потенционалниот противник. Оператиката ги изучува операциите низ три единствени и меѓусебно зависни целини: подготовка, организација и изведување на операциите.

Предмет на оператиката се операциите што ги изведуват сите три видови на вооружените сили (копнената војска, военото воздухопловство и воената морнарица).

Задачите на оператиката се систематизирани и извршени на различен начин и на различен степен конкретизирани. Користејќи различни критериуми, поедини теоритичари укажуваат само на општите (начелни) задачи на оператиката, додека другите многу прецизно ги формолират основните методолошки работи и реализации. Тргнувајќи од

теоријата на воената вештина најважни задачи спорет местото и улогата на оператиката се:

- изучување на карактерот на современите операции;
- изучување на законитостите, принципите и правилата на операциите;
- начин на подготовка, организација и изведување на сите операции;
- можности и основна употреба на стратегијски, оперативно-стратегијски и оперативни единици и состави во изведување на нападни и одбранбени операции во сите услови;
- начин на подготовка, организација и изведување на операција на копно, вода и воздух;
- оперативно обезбедување на сите видови;
- материјално-техничко и заднинско обезбедување на единиците во операцијата;
- поготовка на операциските простори (терени);
- изучување на искуствата од животот и работата на оперативните единици;
- контрола и командување на здружено-тактички и тактички единици во мир и војна;
- изучување на искуствата на современите војни и искуствата на операциите кои ги подготовува и организира или изведува потенционалниот противник.

Сите наведени задачи можат да се систематизират во четри целини:

- *Првата целина* ги содржи задачите кои се однесуваат на истражувањето и анализирањето на искуствата од минатите војни, посебно оние кои имат значај за развојот на сопствената воена вештина.
- *Втората целина* ги содржи задачите кои се однесуваат на изучување на теоретско-доктринарните погледи на стварниот или потенционалниот агресор.
- *Третата целина* опфаќа задачи кои се однесуваат на изучување на факторите и условите кој го определуваат карактерот, содржината, начинот на припремување, начинот на изведување на операции кои ќе ги изведуваат припадниците навооружените сили.

- *Четвртата целина* содржи задачи кој се однесуваат на мирновременската припрема и изградба на оперативните единици и состави за успешно изведување операции во различни военополитички, економски и борбени услови.

**1.1.3.1. Место на оператиката во воената вештина**

Во многуте научни дисциплини не постои наука која е апсолутно самостојна и независна. Со самото тоа оператиката како гранка на воената вештина, во научна и практична смисла има многу додирни точки со стратегијата и тактиката. Односот на оператиката спрема стратегијата и тактиката е определен со делување на повеќе фактори од кој најзначајни се:

- хиерархиската структура на вооружената борба, односно факторите да се она како појава и процес исполнува низ операцијата, бојот и борбата како посебни и меѓузависни облици.
- теоријата на воената вештина (кој и е предмет вооружената борба како целина) ги содржи теориите на стратегијата, оператиката и тактиката како единствени гранки на теоријата и праксата на вооружената борба.

Сите три гранки на воената вештина, иако во основа посебни, ја изучуваат вооружената борба како единствена појава, но со различни нивоа на општост. Стратегијата како систем на научни знаења и вештини ја изучува вооружената борба како целина, а оператиката и тактиката само нејзините сегменти (делови). Со самото тоа односот на меѓузависност е неопходен и објективно мора да постои.

**1.1.3.2. Видови на операции**

Поделбите и класификаците на операциите можат да се извршат по различен критериум, што првенствено зависи од условите во кој операциите можат да се изведуваат како највисоки облици на организација и изведување воени дејства. Теоријата на воената вештина како основни и почетни елементи за класификација на оператиката ги смета условите во кои операциите се подготвуваатт и изведуват, јачината на силите кои учествуват во операциите и значењето на операциите.

Условите во кои ќе се подготвуваат и изведуват операциите во наредните војни се:

- просторот на војништето;
- вид на борбени дејства;
- периодот на војната;
- облик на вооружена борба;
- односот спрема фронтот;
- употреба на сретствата за воена техника и
- доминантни содржини на борбените дејства.

Врз основа на следните критериуми, услови во кои ќе се изведува операциата, јачината на силите кои ја изведуваат операциата и значењето на операцијата, теоријата на воената вештина ги усвои следните класификаци на операциите:

❖ Во односот на просторот на војништето операцијата може да биде:
  - операција на копно;
  - операција на водени површини и
  - операција во воздушниот простор.
❖ Според видот на борбени дејства операциите се делат на:
  - напаѓачки и
  - одбранбени.
❖ Во однос на периодот на војната операциите се изведуваат:
  - во почетниот период на војната;
  - во самиот тек на војната и
  - во завршниот период на војната.
❖ Во однос на обликот на вооружена борба, операциите се изведуваат:
  - во фронтален облик;
  - во територијален (партизански) облик и
  - комбиниран облик на вооружена борба.
❖ Во однос на фронтот, операциите се изведуваат:
  - во зафатот на фронтот;
  - на заземена територија и
  - во сопствената заднина.

- Во однос на видот и обемот за употреба на воените технички средства, операциите можат да се изведуваат:
  - во конвенционални услови и
  - во услови на употреба на оружјето за масовно уништување (НХБ-оружје)
- Според доминантните содржини на борбените дејства, операциите можат да бидат:
  - операции против воздушен десант;
  - операции против водено-воздушен десант;
  - водено-десантни операции и
  - диверзантски операции.
- Во однос на силите кои ги изведуваат операциите, можат да бидат:
  - операција која ја изведува армијата на целото војниште по единствен план;
  - армијска операција и
  - корпусна операција.
- Во однос на нивото и значењето, операциите можат да бидат:
  - операција од стратегиско значење и
  - операција од оперативно значење.

Истовремено секоја од овие операции има и посебни обележја и содржини, што ја сочинува автентичната воена појава. Со тоа може да се каже дека секоја операција содржи синтеза на општо и посебно.

### 1.1.4. Стратегија

Поимот стратегија етимолошки потекнува од грчките зборови “stratos” што значи војска и “ago” што значи води, под што се подразбира водење на војската, или во послободна интерпретација употреба на вооружените сили во вооружена борба.

Од појавувањето на поимот стратегија во Стара Грција па наваму, тој постојано се надградувал, зависно од развојот на општесвените односи, техничко-технолошкиот развој, а паралелно со тоа и со развојот на физиономијата на војната и на вооружената борба. Затоа, напред изнесеното значење на поимот стратегија, одговарало само за тоа време, и

се додека војната е сведувана на вооружена борба, односно додека помите војна и вооружена борба изразувале еднаквост. Во подоцнежниот период, јасно се наметнувала потребата за тоа, војната како поширока општествена појава да се третира посебно, а во нејзини рамки посебно да се издвои вооружената борба, како нејзина битна содржина, но не и единствена. Тоа довело до поделба на стратегијата на општа и воена, при што интерес на општата стратегија се најкрупните проблеми на одбраната воопшто, а интерес на воената стратегија се теоријата и практиката на подготвување и водење на вооружената борба. Сепак заради значењето на поимното определување на стратегијата, ќе го презентираме низ историскиот развој.

Уште во стариот век се забележани обиди за воопштување на некои искуства и сознанија од војувањето. Имено, уште од големите походи и битки на тогашните војсководители, биле промовирани оделни принципи и правила во водењето војни, што се однесувале на некои појави кои се повторувале континирано во судирите, а се јавувале и обиди за нивно систематизирање.

За периодот на средниот век можат да се истакнат неколку покарактеристични видувања. Така на пример, **Макијавели** настојувал да ги изнајде објективните релации што постојат помеѓу целта на војувањето и техничките можности за нивно остварување, како и помеѓу војската и политичките структури. Врз основа на Наполеоновите војни, **Жомини** ја развива тезата дека стратегијата е речиси неменлива, односно, дека остварениот успех во судирот во кој се почитувале оделни принципи, може да се повтори во исти или слични ситуации, притоа целосно запоставувајќи го техничко-технолошкиот фактор. Според **Клаузевиц**, стратегијата во поширока смисла претставува вештина во употребата на воените средства за постигнување на целите на војната што ги поставува политиката, а пак во потесна смисла нагласува, дека, стратегијата претставува водење на битки за постигнување на воената цел. Карактеристичен е и ставот на овој воен теоритичар за односот помеѓу стратегијата и тактиката. Имено, тој смета дека стратегијата е таа која го изработува воениот план, дека ги проектира воените походи, операции, борбите и битките, додека

вистинските борбени задачи ги извршува тактиката, односно дека тактиката практично ги решава задачите на терен во рамките на стратегијата.

Од погоре изнесените ставови на *класичнаша мисла* за стратегијата, може да се заклучи дека тие целосно кореспондираат со тогашното сфаќање за еднаквоста помеѓу стратегијата и вооружените сили во остварувањето на политичките цели, иако општиот општесвен развој веќе исфрлил на површина и други форми и облици во остварувањето на политичките цели. Секако, тука пред сé, се мисли на класиците на марксизмот, кои ја промовираа тезата за вооружен народ, со што практично стратегијата се прошири (излезе) надвор од вооружените сили, па и од вооружената борба.

За развојот на *современаша воена мисла* за стратегијата, исто така можат да се истакнат неколку покарактеристични видувања. Така на пример, според **Харт**, британски воен теоретичар, стратегијата е вештина на употреба на вооружените сили за постигнување на целите во војната кои ги поставила политиката. Според **Бофр**, француски воен генерал, стратегијата е вештина на остварување на содејство на силите во постигнувањето на политиката и дека стратегијата е вештина на дијалектика на силите, или поточно, вештина на дијалектиката на волјата со употреба на сили заради решавање на нивниот судир, а според **Осгуд**, стратегијата е широк план за користење на сите средства, почнувајќи од воените, преку дипломатските и психолошките, со кои се помага надворешната политика со употреба на легални, илегални или премолчени средства.

Во рамките на ова разгледување, секако посебно место имаат гледањето по ова прашање на поранешниот СССР, кои се актуелни и за денешна Русија, како и на САД. Според советската воена теорија, воената стратегија преставува систем на научни знаења за закономерностите на војната како вооружена борба во име на одредени класни интереси, при што предвид се земаат воените искуства, воено-политичката ситуација, економските и моралните можности на земјата, новите средства за борба, погледите на веројатниот противник и сл., со што се прави проекција на

идната војна и начинот на нејзиното подготвување и водење. Тука , посебно место се дава на највисокото воено-политичко раководство во подготвувањето на земјата за војна и вооружена борба во конкретните историски услови.

САД имаат две стратегии и тоа: национална безбедносна стратегија (општа) и воена стратегија. Притоа, стратегијата за национална безбедност е дефинирана како вештина и наука за развивање и користење на политичките, економските, психолошките и воените сили потребни во време на војна и во време на мир, со цел максимално да се потпомогне политиката, а заради зголемување на веројатноста за победа и намалување на можностите од пораз. Под воена стратегија пак, се подразбира вештина и наука за употреба на вооружените сили и на другите елементи на националните сили за време на мир, на конфликт и на војна, а заради обезбедување на националните безбедносни цели.

Од досега искажаното може да се констатира дека стратегијата за одбрана се занимава со прашањата на одбраната во целина, со тоа што најчесто прашањата на подготовките и водењето на вооружената борба се издвојуваат како битна и посебна содржина. Од тука впрочем и произлегува поделбата на стратегијата на општа и воена.

***а) Општа стратегија***

За **општата стратегија** може да се каже дека претставува научна дисциплина која се занимава со најглобалните проблеми на теоријата и практиката на одбраната во целина, посебно со проблемите на подготвување и водење војна. Од аспект на извршување на политичко-стратегијските цели, непосредно ги извршува задачите на политиката и претставува дејност на највисокото државнополитичко раководство.

Тргнувајќи од ваквата комплексност на општата стратегија, не ретко за неа се користат и поимите како: *национална стратегија, одбранбена стратегија, генерална стратегија, тотална стратегија и сл.* Токму затоа се кажува дека општата стратегија е таа која ги насочува и координира одделните стратегии-воената, политичката, економската и дипломатската. Тоа е и основната причина поради која оваа стратегија се

нарекува "национална одбранбена стратегија како синоним на изразите, тотална, голема, одбранбена стратегија и сл. Составни делови на таа стратегија би биле воената, дипломатската, политичката и економската стратегија, што произлегуваат од неа и се од понизок ранг на општост".

Имено, при третирањето на општата стратегија треба да се има предвид дека таа многу често навлегува во делокругот на политиката, и дека во практиката не е лесно да се повлече граница помеѓу нив. Забуната ќе биде помала, доколку општата стратегија се сфати како едно од средствата на општата политика. Односот помеѓу политиката и стратегијата можеби "најсликовито" е изразен преку познатата синтагма дека "војната не е ништо друго туку продолжување на политичките односи со други средства". Од вака прикажениот сооднос, јасно произлегува дека "војната ја повела политиката заради остварување на своите цели и дека политичките односи заради кои почнала војната сé уште траат, па затоа војната не може да се одвои од тие односи. Политиката врши подготовки за војна, обезбедува сили и средства за нејзино водење, ги насочува воените дејства и настојува да создаде што поповолни политички, економски и други услови за водење и за резултат од војната. Стратегијата, во водењето на војната, како и во водењето на вооружената борба, тргнува од целите и барањата на политиката. Затоа стратегијата е подредена на политиката".

***б) Воена стратегија***

Воената стратегија е научна дисциплина на воената наука и дел на општата стратегија, која се занимава со истразување на воените аспекти на организацијата, подготовките и водењето на вооружената борба во целина, како и употреба на вооружените сили заради остварување на целите на вооружената борба. Накусо кажано, таа се занимава со најкрупните прашања од доменот на вооружените сили и вооружената борба. Таа всушност, создава воен план, структуриран од повеќе последоватални цели, со проектирање на низа дејства што овозможуваат постигнување на крајната цел во судирот. Врз база на решенија на планот, се организираат воените средства и тоа на начин што ќе овозможи нивна

максимална делотворност во однос на противничките намери и дејства, а секако усогласани со она што го овозможува и го пружа објективната ситуација.

Предмет на воената стратегија е и организацијата, опремувањето, вкупната големина на вооружените сили и одделно по видови и родови, обучувањето на војниците и старешините, борбената готовност на вооружените сили, планирањето на борбените дејства, мобилизациските прашања, раководењето и командувањето со составите, координацијата и усогласувањето на дејствата со цивилните компоненти на одбранбениот систем, логистичката поддршка, уредувањето на територијата, дејствувањето на силите во услови на висока контрола на територијата од страна на противникот и начинот на дејство на вооружените сили во оделни етапи на вооружен конфликт.

Основните цели на воената стратегија се насочени кон одвраќање од агресија, давање на адекватен отпор во случај на напад , заштита и суверенитет на воздушниот простор во случај на негово користење за агресија против трети земји. За успешно спротивставување, воената стратегија се занимава и со прашањата врзани за одржувањето на подготвени сили, начинот на зголемувањето на нивната интероперабилност со сојузниците и пријателите, нивната модернизација, активирањето на билетералните договори и други ангажмани во случај на војна и друго. Сепак од мноштвото прашања со кои се занимава воената стратегија, едно е доминантно, а тоа е како да се обезбеди одвраќање од агресијата, со цел максимално да се потпомогне политиката, а заради зголемување на веројатноста за победа и намалување на можноста од пораз.

## 2. ПРИНЦИПИ НА ВОЕНАТА ВЕШТИНА

Различниот пристап во дефинирањето на воената вештина неминовно влијаше на дефиннирањето на принципите на воената вештина по однос на врстите и бројот. Во својот текст, "Девет принципи на воената вештина"[25], Алберто Ровици дава една поширока анализа на принципите на воената вештина и истите ги сврстува во доменот на вештината и не им дава научни својство. Ровици во својата историска аналза, за дефинирањето на основните критериуми (принципи) и нивно продлабочување, смета дека голем придонес дал Клаузевиц со своите дела. Во таа анализа тој заклучува дека денес постојат група држави кои усвоиле одреден број на принципи, за кои смета дека произлегле од делата на Клаузевиц и Молтке и наведува дека бројот на принципите се сведува на девет до десет (табела 40). Анализирајќи го значењето на секој принцип поединечно, авторот заклучува дека во современи услови во доктрината треба да се вградат следните принципи: цел; морал; единствено на командување; подготовка; информирање; иницијатива; концентрација на силите; изненадување и безбеност.

***Цел*** - Најпрвин потребно е да се одреди целта на дејството, која треба да претставува хармонична пропорција помеѓу расположивите средства и можности на нашите сили, и дејствата на противникот.

***Морал*** - Овој принцип авторот повеќе го опишува, отколку што го дефинира и смета дека одржувањето на моралот, свеста на народот, чувството на должност на поединците и на цивилните и воените колективи, како и единството на командувањето, колективниот дух и ефикасноста на единицата, мораат да бидат основна преокупација на воено-политичкиот врв.

***Единствено командување:*** Единственото модерно командување повеќе не претставува командување од еден командант, туку денеска тоа се врши преку колективните организации со кои се обезбедуваат единствени и усогласени одлуки.

***Подготвување*** - Тргнувајќи од историскиот фактор дека исходот на одреден судир или на некоја операција зависи од многу одлучувачки фактори, во анализата на овој принцип посебно место се придава на: подготвувањето на луѓето и средствата; формирањето на команди и штабови; располагање со модерни средства; ефикасно заднинско обезбедување и.т.н. Понатаму, се заклучува дека сите овие елементи, поединачно или заедно можат да претставуваат добра причина за успех или за пораз.

***Информирање*** - Информирањето не подразбира само гаранција на безбедноста, туку тоа е и неопходен услов за добро одлучување и ефикасно маневрирање. Денеска овој принцип се смета за еден од примарните принципи, и тој е неопходен за постигнување на успех.

***Иницијатива*** - Под иницијатива се подразбира во различни амбиенти на различни начини, концепти на слободни дејства, маневри или придвижувања и офанзиви.

***Концентрација на силите*** - Во овој принцип се вклучуваат и одлуките за местото и времето на насочувањето на вкупните напори. Постигнувањето на поголема концентрација на силите можела да се постигне со подобро информирање, кое овозможува донесување на усогласени и брзи одлуки. Стратегиската подвижност е основен елемент на овој принцип.

***Изненадување*** - Тврдењата дека денеска е невозможно да се постигне изненадување авторот ги негира, и смета дека овој принцип е апсолутно неопходен за постигнување на успех во борбата.

***Безбедност*** - Со мерките на безбедност се настојува да се поречи предноста на противникот што тој може да ја оствари во однос на нашите сили, со некои изненадувачки дејства и средства, на неочекувано место или правец, во неочекуван момент.

Во теоријата на САД полковникот Vauh Thomas на деветте принципи го додава, како десетти, - моралот. Во своето дело "*Моралот:*

---

[25] Alberto Rovigi, I nove principi dell arte quera, Revista militarre, 5-6 /1984, str 89-106.

*десеѿѿи ӣринциӣ на војнаѿа*" , под поимот морал го опфаќа "менталниот и емоционалниот однос на една личност или на една група кон работата или кон добиените задачи .... свест за заедничката цел на групата .. степен на индивидуална психолошка состојба ... ",и во контекст на дадената дефиниција, авторот го разгледува моралот во четири нивоа - на ниво на поединец, единица, војска и нација[26].

Тој на крајот на својата анализа, наведува дека моралот како принцип на воената вештина се наоѓа во теориите на СССР и Кина и се залага истиот принцип да се воведе во теоријата на воената вештина на САД.

Слични принципи на воената вештина (по називот, бројот и по содржината) но под името "принципи на војувањето" уште во 1953 година се изнесени од страна на вице-адмиралот Ричард Л.Коноли. Заклучувајќи дека "принципите на војувањето се израз на искуствата од војувањата во последните 2500 години, авторот под овие принципи ги вбројува: целта; едноставност; соработка; офанзива; маневар; концентрација; економика на силите; изненадувањето; безбедноста и готовноста[27].

***Целѿа*** се дефинира како мисија, мета, односно исходот од нечиј напор. Целта е главниот принцип на војувањето.

***Едносѿавносѿа*** не е потребна само во планирањето. Треба да постои едноставност и во стратегијата, едноставност во вооружувањето и едноставност во организацијата....

***Соработка*** - Некои автори предлагаат овој принцип да се замени со принципот на "единствено командување" но тоа не е возможно да се постигне во целост...

***Офанзива*** - Под овој принцип би требало да се подразбира не само максимално разбивање на непријателските сили, туку и ефикасно искористување на почетните успеси заради забрзување и зајакнување на дејствата.

---

[26] Vaugh Thomas, *Morale: The 10th Principle of Wa,r Military Review, 63,maj 1983, str. 23-29.*
[27] United States Naval Institute Proceedins, Janua 1053, str 1-9.

***Маневарот*** е класична демонстрација на вистинската стратегиска подвижност во големи размери во поглед на времето, просторот и употребата на масовни сили, кои секогаш се спремни за дејство.

Поимот ***концентрација*** се смета дека е подобар и од поимот маса и од надмоќ. Маса значи концентрација на голем број на единици и материјали во неодреден простор, а концентрацијата го насочува својот напор кон критичната точка во текот на критичниот временски период.

Под ***економика на силите*** се подразбира правилната и рамномерната распределба на расположивите сили, во согласност со просторот и времето.

***Изненадување*** - Постојат разни фактори кои се земаат во предвид при употребата на овој принцип: тајност, брзина во изведувањето, и.т.н. Најчеста грешка при употребата на овој принцип е во неговото комбинирање со концентрацијата.

Задачата на ***безбедноста*** е да овозможи слободно дејствување. Таа ја оневозможува појавата на изненадување од страна на противникот и е неопходна за ние да го изненадиме противникот.

***Готовноста*** опфаќа: прво готовноста на населението изразена преку физичката подготвеност, моралното воспитување и оспособеноста; второ - готовноста на разузнувачките служби; трето - подготвеноста за изведување на операции, согледана преку организацијата на командувањето; четврто - логистичката подготвеност. Гледано во целина - готовноста на луѓето и на материјалните средства.

Во табелата се дадени принципите на воената вештина на повеќе земији, но авторот на крајот дава и предлог кои би биле принципи на воената вештина. Очигледна е сличноста на принципите на воената вештина, во содржинаска смисла, иако секоја од земјите поинаку ги остварува.

| Назив | САД | В.Британија | СССР | Кина | Франција | Шпанија | ИСИ Лондон | Предлог |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обезбедување | Цел | Национална цел | Уништување | Уништување на против. | | Искорист. на успехот | | Цел |
| Едноставност | Едноставност | Јасност | | | | | | |
| Содејство | Единство на командување | Единство на напор | Комбинирани дејства | Ком. поли. и воен. напори | | Единство на дејства | | Единство на коман. |
| Офанзива | Офанзива | Иницијатива | Офанзива | Иницијатива | | | Офанзива | Иницијатива |
| Подвижност | Маневар | Маневар | Маневар | Неприкидност на маневарот | Слобода на маневар | Слобода на дејството | | Инцијатива |
| Одред. на место на напор | Маса | Маса | Концентрација на напор | Концентрација на напор | Концентрација на напор | | Концентрација на силите | Концентрација на напор |
| Економија | Економија на силите | Економија на силите | Економија на силите | Економија на силите | | Економија на средствата | | Концентрација на силите |
| Изненадување | Изненадување | Реактивност | Изненадување и залажување | Изненадување | Изненадување | Изненадување | Изненадување | Изненадување |
| Безбедност | Безбедност | Заштита на моќта за борба | Постојаност на резервата | Безбедност | | Безбедност | Безбедност | Безбедност |
| | | | Морал | Морал | | Желба за победа | Морал | Морал |
| | | | | | | | Информираност | Информираност |
| | | | | Подршка на напор | | Способност за изврш. | Обученост | Подготовка |
| | | | Продор и консолидација | | | | | |

# ГЛАВА ВТОРА

## РАЗВОЈОТ НА ВОЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА И ВОЕНАТА ВЕШТИНА ОД АНТИЧКИОТ ПЕРИОД ДО ФРАГМЕНТАЦИЈАТА НА РЕАЛ-СОЦИЈАЛИЗМОТ

### I. *ВОЕНОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ И ВОЕНАТА ВЕШТИНА ВО АНТИЧКИОТ ПЕРИОД*

Воената организација и воената вештина се историски категории. Развојот на воената организација и воената вештина може да се следи по општествено-економски или историски епохи (стар, среден и нов век, односно робовладетелство, феудализам, капитализам и социјализам), или спрема еволуцијата на оружените сили. Појдовната основа на сите овие поделби е во суштина иста, и се сведува на тезата дека воената организација и воената вештина отсекогаш зависеле од достигнатиот степен на развој на материјално-производните сили на одредена епоха и држава, карактерот на општественото уредување и вооружените сили, усвоените доктринарни ставови на владеачката класа и степен на развој на науката и воената техника.

Историски, воената организација и воената вештина, а посебно воената вештина започнува да се развива како вештина на извршување на политичките цели и програми во војна. Таа дејност е наречена стратегија, а лицата на кои им е доверувана војската во војна се нарекувани војсководци или стратези. Стратегијата претставувала всушност, посебна вештина со која војсководецот се бидувал да ги оствари поставените воени цели во оружената борба, а бидејќи војските биле мали, вооружени исклучиво со оружје за блиска борба и со ограничена брзина и можности на пешаците, таа се сведувала на избор на најповолна положба за битка, која обично траела неколку часа. Со копнената војска поголемите

робовладетелски држави створаат и морнарица, па со време се развива и посебна поморска воена вештина.

# 1. СТАРА ГРЦИЈА

***а) Пешадија***

Во стара Грција, пешадијата била единствен род на војската, сите способни Грци (Ахајци) биле пешаци, а се postројувале во збиени строеви, по племиња и братства. Оружјето било претежно бронзено. Железното дури тогаш по малку се воведува, а само некои племиња имале лак и стрела. Седум векови подоцна, во класичниот период на Грција, слободните граѓани, кои единствени подпаѓале под воена обврска, скоро исклучиво биле пешаци. Во Спарта тоа биле спартанците, кои биле повластена класа, вооружени и опремени за блиска борба, периејци (полуслободни граѓани), додека хелотите (робовите) оделе во војна како слуги во придружба на своите господари, и во борбата на фалангата учествувале со кратко копје и чатал. Во Атина, пешадијата се делела според имотната состојба на слободните граѓани. Таа се состоела од тешка пешадија (хоплити), која служела за блиска борба, лесна пешадија (псилити) кои служеле за подалечна борба и за подршка на тешката пешадија и бродската пешадија (епибати).

Хоплитите ја претставувале тешката пешадија на античка Грција. За борба се постројувале во монолитен, збиен линиски распоред од 8-12 врсти по длабочина. Биле вооружени со оружје за блиска борба (копје, долго два метри и краток меч). Од заштитната опрема имале граден оклоп од бронза кожа и лен, шлем од бронза кој имал повеќе облици, штит во овална форма и доколеници од тенка еластична бронза. Бидејќи биле основен род на војската, имале одлучувачка улога во борбата. Поради тежината на оклопот и слабата подвижност, во борбата ги следеле лесните пешаци(псилити). Тие во војните походи, претежно во нападните дејства ги штителе хоплитите, а при повлекување боковите на фалангата. Не биле организирани во посебни единици. Од оружје имале: лак и стрела, кратко

копје, и чатал но биле без оклоп и шлем, по што се разликувале од тешката пешадија. Се регрутирале од редовите на најсиромашните граѓани и робовите. Со текот на времето станале одлични стрелци со чаталот и стрелата, па во оделни битки имале важна улога.

Во пелопонеската војна пешадијата веќе била знаечаен елемент на фалангата, што на војсководците им овозможувало повеќе услови за маневар. Во оваа војна, која долго траела, граѓанскта милиција делумно се претвара во наемници, меѓу кои се јавуваат и пелатасти, еден вид на средна пешадина вооружени и опремени за блиска и подалечна борба. Со Епамононда и неговите реформи, силата на пешадијата станала уште поголема. Регрутирано од исклучително виталниот селски елемент на Беотија, пешадија на Епаменондра била поподвижна од сите други во тоа време. Тој повеќе полагал на подвижноста и на вештина на употреба на оружјето, одколку на физичката сила (кос борбен поредок).

### *б) Морнарица* [12]

Воените бродови во Грција се употребени многу рано. Уште во тројанската војна (1194-1184 год.п.н.е.) користен е воен брод со ред весла-пентаконтер (со 50 веслачи), веројатно преземен од Феникаците. Овој вид брод се задржал до VI век п.н.е., кога го истиснала триерата. Овој брод е изграден во Коринт во 704 год.п.н.е., а во V век п.н.е. го прифатиле грците и најмногу го развиле. Тоа е основен Грчки брод во грчко-персијските војни и пелопонеската војна. Триерата имала три реда на весла (62 во горниот, а по 54 во средниот и долниот ред). Како помошен погон служел еден јарбол на средината на бродот. Главно вооружување било клунот кој служел за нанесување на клунов удар, а фрлачките справи служеле за исфрлување на кратки копја и стрели. Во IV векп.н.е се граделе и бродови со 4 реда (тетрери) и 5 реда на весла (пентери), односно големи бродови со по 4 или 5 веслачи на едно весло. Тие големи бродови се повеќе ги истиснувале триерите од употреба. За начинот на опремување и пополнување на флотата и за бројот на бродовите со кој располагале

грчките држави има податоци само за Атина. Атињаните во 428 год.п.н.е. располагале со 300 бродови, а во активна служба биле само 250. Опремувањето и пополнувањето на воената морнарица во Атина било вршено по административно-територијални единици (наукрарии). Секоја наукрарија, а ги имало 48, давала по еден брод. Во реформите што ги извршил Солон, покрај другото, тој ги поделил граѓаните на четири класи. Првата класа на граѓани била богатата аристократија и таа ја опремувала и одржувала флотата од 48 бродови. Бродовите ги давала државата, додека четвртата класа на најсиромашните ги пополнувале екипажите. Со оформување на постојана државна флота е укината поделбата на наукрарии. На секоја триера за време на пелопонеската војна имало по 200 луѓе, од кои 10 вооружени (епибати). Во почетокот на војната атинската држава давала луѓе за сите бродови и ги снабдувала со плата и храна за цело време на експедицијата, а при крајот на војната пополнувањето и одржувањето на бродовите било префрлено на командантите. По извршените пробни возења, опремените бродови ги примала комисија, потоа влегувале во ескадра која била под команда на еден или повеќе стратези. Во таа прилика, триерастите или нивните застапници ја примале командата на бродот. До воените бродови, при подолгите походи, биле транспортни бродови за храна, луѓе и коњи. По патот повеќе се веслало. Едрата се дигале само при поволен ветер. Ноќта се поминувала на брегот до кој се пловело. Во случај на невреме, исто така се поминувало на копно. До пред крајот на V век п.н.е. воените бродови пренесувале хоплити и јаки пешаци (стрелци). Противничките бродови застанувале еден до друг, па борбата се одвивала на палубата како на копно.

***в) Коњаница***[13]

Грчката коњица до грчко-персијските војни (492-449 год.п.н.е.) поинтензивно се развивала само во Тесалија, каде што условите за одгледување на коњи биле подобри, а до некаде и во Теба. Во Атина пред

---

[12] Воерна енциклопедија (том 7), стр. 778.
[13] Воерна енциклопедија (том 4), стр. 553

пелопеонеските војни имало 1.200 коњаници. Во IV век п.н.е. коњицата била пополнувана од втората класа на граѓани кои можеле да набават и издржуваат коњи. Тактичка единица на коњицата била *фила*, со која командувал *филарх*, а со целата коњица командувале два хипарси, секој со по пет фили. Во Спарта, коњицата е формирана во текот на пелопонеската војна, со јачина од 400 коњаници кои се постројувале за борба во квадратен поредок. Во Тесалија и Теба, според видот на оружјето и заштитната опрема, коњицата се делела воглавно на оклопена и неоклопена. Оклопената,т.е. тешката коњаница способна за удар била вооружена со копја, долг меч а понекогаш и со џилит. Коњаниците имале шлем, метален оклоп за горниот дел од телото, а бутините и десната рака им биле заштитени со кожа. Носеле чизми со некој вид на мамузи, а коњите исто така биле оклопени. Неоклопената т.е. лесната коњаница ги опфаќала копјаниците и оние кои се служеле со џилити и лакови. Основна тактичка единица била, со јачина од 64 коњаници, чии борбен распоред се состоел од 15 реда по фронт и 40 врсти по длабочина, обично во облик на ромбоид (Тесалија), погоден за обиколување и напад на крилата и позадината, или во облик на колона погодна за пробој. До пелопеонеската војна грчката коњаница имала безначајна улога, а потоа нејзината улога станува се позначителна. Спартанците ја употребувале за напад на поколебаните, разбиените хоплити или лесната пешадија. Кај тебанците тоа се остварувало и со дејство меѓу коњаницата и лесната пешадија. Зад секој коњаник на коњот седел по еден лесен пешак, кој во борбата бргу се симнувал од коњот и го подржувал коњаникот или во случај на смрт го заменувал. Честопати коњаницата тесно содејствувала со фалангата и со својот маневар принесувала за победа.

## 2. АНТИЧКА МАКЕДОНИЈА

### *а) Пешадија*

Може да се каже дека во времето на Филип II македонската армија, а со тоа и пешадијата станува моќна вооружена сила и еден од најважните

инструменти за одбрана или експанзија на државните интереси. Пред доаѓањето на Филип на власт, македонската пешадија имала занемарливо значење во војската, а нејзината опременост била на најниско ниво. Затоа тој, уште на почетокот на своето владеење, решил да воведе добро опремена пешадија, регрутирана од најсиромашните социјални слоеви и притоа да создаде елитни пешадиски единици. Ова била далекусежна одлука што ги уривала социјалните разлики во оружените сили. Тоа му овозможило на Филип да регрутира релативно масовни воени контингенти, што најдобро се гледа во војната со илирскиот крал Бардилис во 358 год. п.н.е., кога македонската пешадија на военото поле во Линкестија броела 10.000 војници. Пешадијата, од своја страна била карактеристична по двете нејзини најпознати групации: *шшишоносци и фаланга*. Штитоносците, како најелитен дел на пешадијата потекнувале од кралската гарда. Тие биле многубројни, а во времето на Александар Македонски достигнувале до 3.000 луѓе. Тие му биле потребени за да има во секое време на располагање неколку илјади одлично подготвено борци, како еден вид *основна воена сила* која може да служи за натамошно надоградување низ регрутниот систем. Штитоносците, кога станува збор за нивното оружје, не се разликувале од другите делови на пешадијата. Иако некои ги сметаат за лесна пешадија, тие се бореле со исти борбени средства како и фалангата, бидејки и во формациско тактички поглед штитоносците настапувале и се бореле како фаланга. Тие се наоѓале непосредно до кралот и наредбите ги добивале од него. На македонската фаланга Филип II и посветил посебно внимание. Под негова команда и до остварување на неговите воени реформи, таа станала непобедлива воена сила што ја докажала својата супериорност против секој познат модел на пешадиска формација во античко време. Филип ја издигнал македонската фаланга на ниво на непобедливост работејќи упорно на три полиња. **Прво** систематски го подигнал нивниот борбен морал низ постојано присуство меѓу нив и со постојани обраќања. На тој начин тој постигнал фалангата да не се чуствува инферирана во однос на елитните коњички и пешадиски единици, туку како рамноправен род. **Второ,** тој ја создал организационата шема на македонската фаланга. Шемата била едноставна и се состоела од

три нивоа: бригада-чета-вод. Бригадата бројала 1.500 фалангисти и била регрутирана по принципот на територијално-админастративна припадност. Четата броела 250 фалангисти, а во водот 16. Филип II ја прилагодил бројноста на водот на длабочината на фалангистичката линија која во македонската фаланга броела 16 борци. Меѓутоа, таа била маневарски оспособена да ја менува својата длабочина на 32 или само 8 борци, во зависност од потребите што произлегувале од воениот распоред на противникот или од конфигурацијата на теренот на бојното поле. **Трето** за Филип II оружјето на фалангата било, исто така, еден од клучните фактори на создавањето на значајна воена формација. Тој се потрудил да го стандардизита оружјето на фаланга. Најкарактеристично оружје на фалангистите било долгото копје кое можело да достинге и до 6 метри. Ова копје, кое било подолго од копјата на која и да било друга пешадија, се воведува во времето на Филип II. Тоа било потешко од помалите копја на другите пешадии и затоа морало да се носи со двете раце. Тоа пак, од своја страна, барало полесен и помал штит. Во овој поглед, акциите на македонскиот крал покажувале дека убојноста на македонската фаланга добива многу повеќе со употребата на копјата, иако безбедноста на војниците помала заради намаленоста на штитот. Филип II бил свесен и за значењето на лесната пешадија. Тој знаел дека лесната пешадија не може да реши фронтална битка, но исто така знаел дека котинуираното војување, брзите акции каде што противникот не ги очекува, и опсадите на противничките градови, бараат лесно опремени и подвижни пешадиски структури. Така тој создал единици од фрлачи на копја и стрелци. Тие не биле масовни по својот состав, туку мобилни. Иако Александар Македонски и самиот направил некои формациски промени во шемата што ја наследил, сепак може да се констатира дека македонската фаланга своите големи победи и врвот на на својата организираност ги постигнал практично врз системот што го измислил и применил Филип II.

### *а) Коњаница*

Филип II ја реорганизирал македонската коњаница и од неа створил род на војската рамноправен со пешадијата. Таа се состоела од тешка коњица (хетери) и лесна коњица (сарисвори). Тешката коњица, билз наменета за удари и ја сочинувале богаташите кои биле вооружени со копја и меч, а заштитени со оклоп и штит. Пополнувањето било по територијален принцип. Секој округ пополнувал по една *ила* (во мир 64 , а во војна 200-300 коњаници). Лесната коњица која била вооружана со копја, долги околу 3 метри, била наменета за извидување, претстража, гонење, но учествувала и во битките. Македонската коњица, како самостоен род на војската, решавала посебни задачи, а понекогаш ја решавала битката. Александар Македонски ја засилил коњицата, па таа броела 1/6 од тешката пешадија. Борбениот поредок го свел на 8 врсти, оставајки меѓу единиците простор за дејство на лесната пешадија, на која коњица се потпирала во борба. Во битка, коњицата се постројувала на крилата. Тешката коњица, под непосредно водство на Александар, најчесто била на десното крило. Таа обично ја започнувала битката, и кога ќе ја разбиела непријателската коњица и пешадија, изведувала коњички удари на боковите и овозможувала на фалангата да го разбие непријателот. Така, Александар ја употребил коњаницата и за извидување и гонење во оперативни и стратегиски размери.

## 3. СТАРИОТ РИМ

### *а) Пешадија*

Во римската војска, пешадијата исто така имала главна улога. Основна воена единица била легијата, која обично се состоела од 4.500 луѓе, од кои 3.000 тешко вооружени пешаци, 1.200 лесно вооружени пешаци и 300 коњаници. Римската легија била организирана попринципот на старост. Постоеле четири старосни групи: *велити*, или лесната пешадија, биле најмладите војници, малку постарите - *хастати*, оние од средна возраст - *принципи*, а најстарите *триарии*. Во легијата имало по

1.200 велити, хастати и принципи, а 600 триарии. Тешката пешадија била вооружена со краток меч со двојно сечило и двојно копје. Лесните пешаци-велитите, имале лесно копје за фрлање, а од заштитнана опрема кожен шлем и штит. Пешадијата во легиите била поделен на 30 помали единици-манипули. Бојот го започнувале велитите, што ги фрлале копјата врз непријателот, а потоа се повлекувале на крилата, каде се наоѓала коњаницата. По нив, во бој стапувале хастатите, потоа принципите, а триарите се вмешувале само во исклучителни случаеви.

Додека во средината на III век п.н.е. римската војска одела во војна со четири легии (околу 18.000 луѓе), во текот на втората пунска војна бројот на легиите значително се зголемил (од 6 на 23), при што настанале тешкотии при регрутирањето на воени обврзници. За да се совладаат тие тешкотии, во војската се примале доброволци и наемници, дури и слободни робови. Воената реформа ја извршил Гај Мариј. На негов предлог сенатот донел закон со кој секој слободен човек, па и слободните робови можеле да постанат римски војници, без оглед на имотната состојба. Војниците добивале плата и дел од воениот плен, а по 16 години служба и земја. Така, римската војска е бројно засилена но го променила и карактерот, односно станала наемничка, професионална.Во склад со овие промени е реорганизирана и легијата. Таа е поделена на 10 кохорти, а овие на 3 манипули со по 2 центури. Центуријата имала 100, а легијата околу 6.000 борци. Лесната пешадија се укинува, а легиите се формираат само од тешки пешаци. Легионерите се вооружени со копје, долго околу 2 метри и краток меч со 2 острици. Кохортите биле врв во развојот на фалангата.

***б) Коњаница***

Римската коњаница по број и квалитет била една од најслабите во стариот век. При крајот на VI век п.н.е. Рим, покрај 84 центурии на пешаци имал само 6 центурии на коњаници. Подоцна бројот на конањичките центурии се зголемил на 18. Коњаниците биле вооружани со копје, а заштитени со шлем, кожен оклоп и штит. Во време на манипуларната фаланга (III век п.н.е), коњаницата е формирана во турми (30 коњаници)

од по 3 декурии. Коњаницата на сите легии се постројувала на крилата од фалангата (турмиите образувала поредок обично во 5 врсти ) и ги штителе нејзините крила и бокови но е употребувана и за удар против неоријателската коњаница и во бокот на фалангата. Многу често коњаниците слегувале од коњите и се бореле пешки, а штом постигнеле успех, повторно ги јавнунале коњите и се бореле од нив. Тогаш во Рим се создава посебна каста на витези, кои како богати луѓе служеле во коњаниците. Командантот на римската коњица, во време на диктатурата бил прв помошник и заменик на диктаторот. Со коњицата на легиите командувале перфектите и трибуните.

### *в) Морнарица*

Воената морнарица на Римската империја се развила во IV век п.н.е по освојувањето на етрурскиот град Веј и оснувањето на поморската колонија Остија на Тиренското море. Воените бродови ги градела државата, а потоа таа обврска е пренесена на поморските сојузници. Со воената морнарица во војна обично командува консулот во негово отсуство проконзулот а понекогаш дури и преторот. Римската воена морнарица најмногу се развила во пустинските војни (264-146 год. п.н.е). Преовладувало градење на бродови во организација на државата, додека поморските сојузници давале само помошни бродови. Командниот кадар е регрутиран од редовите на богаташите, а екипажите од редовите на пролетеријатот и населението на сојузничките градови. Веслачи биле робовите и воените заробеници а војниците на бродовите се пополнувани исклучиво од редовите на легионерите. По битката кај Акиум во 31 год.п.н.е. покрај стандардната триера се повеќе се користи и помалата и поподвижна либурна. Либурната била долг брод со витки линии со заострен и свиткан прамец и крма. Имала обично два реда весла, а поретко еден или три. На чело на воената морнарица бил царот, а извршната команда над помалите ескадри ја имале префектите.

# НАПОРЕДНА АНАЛИЗА

***Македонската фаланга***. Македонските тешки пешаци(пезетери) се бореле во фаланга од 16 врсти тие биле вооружени со копја долги околу 5,5м. Растојанието помеѓу борците било 0.9м, а одстојанието (по длабичина ) 0.6м. Со поголемата должина на копјето имале можност во исто време да се бодат 5-6 врсти.



Македонска фаланга во движење за борба

Тоа биле непристапни, непробоен ѕид од копја, со неодбранлив удар кога би се втурнал во непријателот. Меѓутоа тоа што го добила на ударната сила изгубила во подвижноста и маневарот.




Сл. Македонска фаланга

- борбен распоред

Освен тешката имало и средна пешадија која била полесно вооружана и подвижна, а служела како спона меѓу коњаницата која се наоѓала на крилата и тешката пешадија. Средната пешадија многу се користела за проширување на постигнатиот успех. Постоела и лесна пешадија-стерлци, кои се наоѓале пред тешката пешадија. На десното крило се наоѓале тешките коњаници (хетери) вооружени со копје и меч а имале оклоп и штит, а на левото крило биле лесните коњаници (сарисвори),вооружани со долго копје и без заштитна опрема. Еластичноста на боиштето македонската фаланга ја постигнувала со дејство на редовите.




*Македонска фаланга построена за борба*

***Грчка фаланга*** - тактиката на грчките војски била иста. Тешката пешадија (хоплити) вооружено со копје долго два метри и краток меч, и која од заштитната опрема имала шлем, оклоп, доколеници и штит, се борела во борбен поредок-фаланга. Бројот на врстите се менувал од битка до битка и изнесувала од 8-12 врсти, со тоа што при поголем број на врсти бројот на редови бил помал бидејќи фалангата била паралелограм чии страни при ист број на борци стојат во обратен однос. Растојанието и

одстојанието меѓу борците било околу еден метар, а во движење малку поголемо. Во одбрана во коњанички напад се менувало на 0.5м. Можеле да се борат првите две или три врсти, додека останатите служеле за замена на мртвите и ранетите и задавање на морална подршка на предните врсти. Теориски, фалангата со поголема длабочина ќе ја победи "поплитката", иако при иста ширина има ист број на борци во акција. Длабочината, всушност, во себе го содржи принципот на резерва и динамички потенцијал, и дава и пробојна сила, а ширината овозможува опфат и дејство на боковите. Пред тешката пешадија се наоѓале лесните пешаци (псилити) кои имале лак и стерла, кратко копје за фрлање и чатал, а немале заштитна опрема. На крилата се наоѓала коњаницата, која служела за напад на разбиените хоплити или на лесната пешадија (Спатра) или за дејство по крилата (Теба). По своите тактички квалитети Грчката фаланга е изразито монолитна формација без било какви маневарски способности. Можела да дејствува само во правецот во која е насочена. Слаби места на фалангата биле крилата. Во одбрана од бочен напад редовите од крилата го свртувале фронтот во страна а тоа доведувало до слабеење на динамичката сила и до расцеп на фалангата. Противничките фаланги пред битката се постројувале паралелно. Се движеле едни кон други со испружено копје. Пред судирот преминувале во трчечки чекор. Додека имало простор борбата се водела со копјеа потоа со меч. Десните крила биле поистакнати од причина што борците го држеле оружјето во десната рака и се настојувало да му се пријде на противникот од десната страна. Затоа на десните страни се поставувале и подобрите борци, но сепак битките биле паралелни или линиски. Лесната пешадија и коњаницата ги штителе крилата на фалангата. Во ваквите судири на фалангата жртвите биле големи, а решенијата на битките брзо доаѓале. Во тактиката на фалангата Епаминонда внесува битни новини. Тој го вовел таканаречен кос борбен поредок. Поставувајки си цел да го победи противничкото десно крило тој го пренесува тежиштето на левото крило на својата фаланга, но не само со квалитетот на борците туку со бројот. Левото крило на фалангата го засилил на 50 врсти и го претворил во длабока ударна колона на чие чело биле најдобрите борци. Тоа било на

штета на центарот и на десното крило кои биле сосема слаби, а за да не ги прегази противникот тој ги поставил скалесто наназад. Левото крило кое го истакнал требало да го нападне идејствува на непријателското десно крило, пред тоа да го нападне сопственото десно крило. Епаминанда применил таканаречена економија на силите, правилно го избрал обликот на маневарот и правците на главниот удари. Тој остварил содејство на пешадијата и коњаницата.




***Римска манипуларна фаланга.*** Во римската манипуларна фаланга тешките пешаци биле поставени во три линии по длабочина:во првата линија биле најмладите(хастати), зад нив на 60-80м, борците од средна возраст(принципи), а зад овие, наоколу 100 м најстарите (тријари). Секоја од овие линии се делела на 10 манипули, кои се постројувале напоредно на растојание приближно исто на нивната ширина. Манипулите на хастатите и принципите имале по 120 луѓе (6 врсти и 20 редови), а на триарите само по 60(3 врсти и 20 редови). Освен мечот, хастатите и принципите имале и копје за фрлање, а тријарите за бодење. Манипулите од втората и третата линија ги покривале меѓупросторите меѓу манипулите од првата и втората врста. Во манипуларната фаланга легиите се поставувани паралелно. Фалангата, инаку, била поделена на легии, кои имале по 3.000 тешки пешаци, 1.200 лесни пешаци и 300 коњаници. Пешадијата во легиите била поделена на 30 помали единици-манипули, коњаницата на 10 помали единици-турми. Во манипуларната фаланга легиите биле построени во три линии, во секоја по 10 манипули од по 2 центурии. Манипулата е тактичка

единица. Со шаховски распоред на манипулите во фалангата е овозможен маневар и на нерамен терен, а со распоредот во длабочина и во три линии била овозможена взаемно да ја пробие првата, односно втората линија. Во легијата коњичките единици-турмите биле распоредени на крилата, на секое крило по 5 турми. Во секоја турма имало по 30 луѓе. Лесната пешадија од сите манипули се поставувала пред првата линија. Таа броела 1.200 луѓе (велити). Од вооружувањето имале по 6 лесни копја за фрлање, чатал, лак и стрела, а од заштитната опрема кожен шлем и лесен штит. Манипулатите значат почеток на тактичките единици во рамките на фалангата. Манипулатите имале знак околу кој се собирале воините. Манипуларната фаланга поаѓала во напад со чекор, затварајки ги постепено интервалите помеѓу манипулатите. Пред судирот се исфрлувани копјата, а потоа манипулатите се впуштале кон непријателот со меч. Манипулатите на принципите ги пополнувале празнините во линијата на хастатите и едните и другите се вовлекувале низ пукнатините во непријателскиот распоред. При подолга борба, принципите ги сменувале хастатите.




*Римска кохортна фаланга.* Во подоцнежната римска професионална војска, во кохортната фаланга, легијата претставува еднородно тело од 10 кохорти со по 3 манипули од по 200 луѓе. Составена е од тешки пешаци и без посебни единици образувани по година на старост. Тактичката улога на легиите со тоа не е битно зголемена, но тие можеле да се употребуваат во посебни правци, под команда на легат. На вака

еднородната легија во борбата и содејствувале лесните трупи и коњаницата. Со оформувањето на кохортите, фалангата се расчленила на тактички единици со кои можела да маневрира.




Војсководецот можел да ги поставува во еден или повеќе степени по длабочина, да ги движи во текот на борбата, да ги оддалечува или зближува, да ги употребува на фронтот или на крилата. Со еден збор, кохортите претставувале врв на развојот на фалангата.

Од претходно искажаното може да се направи една споредба помеѓу македонската, грчката и римската фаланга. Во однос на Грчката, македонската фаланга претставува напредок на тактичкиот квалитет. Порастреситата грчка фаланга давала можности на поединецот да ја истакне својата вештина како борец, а македонската, составена од луѓе кои биле помалку вешти за блиска индивидуална борба, дејствувала повеќ со својата маса. Таа била погломазна од грчката и поосетлива на боковите. Еластичноста на боиштето македонците ја постигнувале со дејство на родовите. При споредба на македонската и манипуларната фаланга се доаѓа до заклучок дека првата е посилна во фронтален судир на рамно земјиште без препреки, а втората може да дејствува на секое земјиште, па и да го избегнува судирот се додека ситуацијата не е поповолна за дејство. Макдеонската фаланга може да ја доведе до неред секој ров и шумичка, а тогаш манипулите на римската фаланга можат да навлезат во отворените

бреши каде веќе не се дејствува фронтално, туку бочно (Киноскефала, Пидна).

## СТРАТЕГИЈА И ТАКТИКА

Стратегијата во војните од робовладетелското општество произлегувала од самата природа на општеството. Војските биле релативно мали и опремени со ладно оружје а ги сочинувале претежно слободните луѓе. Главната сила ја претставува копнената војска, но набргу се ствара и воената морнарица. Од карактерот на општеството произлегувале и мотивите за водење на војна. Готово сите воени походи се водени за грабежи, стекнување на нови робови и територијална експанзија, додека за нападнатиот проблем бил на изнаоѓаење на најефикасни сретства со кој би ја одбил агресијата. Решението, по правило било барано во одсудна битка, па и вештината на војсководците се состоела во правовремено одредување на правецот по кој би се движел во пресрет на непријателот, изборот на најпогоден реон за битката и постројување за таков распоред кој би обезбедил разбивање на непријателот. Самиот судир траел многу кратко (по неколку часови), и скоро секогаш бил дење, обично од април до септември.

Со појавата на разни робовладетелски држави (Македонија, Грција, Рим), настануваат значајна промени во стратегијата. Војните стануваат подолготрајни, походите се изведуваат на значително подолги правци ,во битките се ангажираат поголеми сили на пешадијата и на коњицата, а економските фактори добиле доминантно значење. Во војна веќе не можело да се тргне набрзина. За поефикасно да се реализираат воените цели, посебно внимание се посветувало на изборот и привлекувањето на сојузниците, на кој можело да се потпре во воен и економски поглед, а напоредно со тоа е вршен избор на најповолно воиште за дејствата на спротивната армија. Во државите што имале воена морнарица, подготовката на походите опфаќала и изградба на што појака флота, бидејки борбата за превласт понекогаш се одлучувала и на море.Во грчко-

персиските војни, пресудна улога во одвивањето на персијската агресија имале не само одсудните битки на копно (Маратон и Платеја), туку и поморската битка кај Саламина(септември 480 год. п.н.е.) во кој бројно послабата грчка флота, благодарејки на стратегиската проникливост на Темистокле потполно ги разбирал поморските сили на персијанците. Сознанието дека стратегијата не е само вештина наупотреба на единиците во борба, туку и способност на воените дејства на политичко-економски, воен и морално-психолошки план, станувало се присутно во мерка во која се развиле институциите на државата и се усовршувал воениот механизам. Тоа особено дошло до израз во походите на Александар Македонски и во војните на Римската империја. Проценувајќи дека превласта на Персијанците на море ќе му ги парализира дејствата на копнената војска на Мала Азија и подлабоко, Александар одлучил најпрво по копнен пат да ги завземе сите позначајни бази на персијската флота, а дури после тоа да отпочње со победоносниот поход во Азија. За да успее во тоа, одредил скоро 12 месеци за подготовка: ги собира сојузниците, врбува наемници за пополнување на војската, спрема бродови, се запознава со војувалиштето и ги увежбува единиците. Ни подоцна, кога веќе длабоко навлегол на тлото на Азија, не ја губи од вид сложеноста на стратегистичките проценки и одлуки. Воените победи Александар успешно ги комбинира со политички одлуки, а за да има сигурана задинина подига гарнизони во кои ги остава верните команданти.

Многу од овие карактеристики се типични и за стратегии на римската држава. Со текот на времето, меѓутоа, и таа станува несоодветна поради густината на стројот и на ограничените можности за движење и маневар, па постепено се преоѓа на манипуларен и кохортен систем на легии, а од рамномерниот распоред на силите на фронтот кон сосредување на ударот на една од точките на борбениот распоред. Напоредно се усложнува и целиот систем на командување со единиците, а улогата на воените старешини во борбата станува се позначајна.

# II. СОСТОЈБИ, ПРОЦЕСИ И РАЗВОЈ НА ВОЕНОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ И ВОЕНАТА ВЕШТИНА ОД КРАЈОТ НА II -ТА СВЕТСКА ВОЈНА ДО ФРАГМЕНТАЦИЈАТА НА РЕАЛ-СОЦИЈАЛИЗМОТ

## 1. ИСТОВЕТНОСТИ И РАЗЛИКИ НА СУПРАНАЦИОНАЛНОТО ВОЕНО ИНТЕГРИРАЊЕ - НАТО И ВАРШАВСКИОТ ДОГОВОР

По Втората светска војна главни учесници во офанзивните стратегии и доктрини биле воените блокови НАТО и Варшавскиот договор (ВД). Нивните стратегии и доктрини биле конкретен израз на нивните водечки земји САД и СССР. Тие длабоко влијаеле на развојот и организацијата на воените организации на национално ниво и во сојузите. Научно-технолошките достигнувања претежно беа користени за воени потреби, а карактеристично за овој период е и тоа што воените раководства бараа од научните институции пронаоѓање нови или усовршување на вооружените системи. Сето тоа се рефлектираше и во сверата на воените науки, особено во воената вештина која мораше да ги следи, истражува сите овие промени и да најде најадекватно решение.

**Воена стратегија и доктрина на СССР (ВД)**

Основни фактори кои ја определувале воената доктрина и стратегија на СССР (ВД) по Втората светска војна биле: улогата на СССР во победата на сојузничките сили во Втората светска војна и влијанието на општествено-политичките промени во земјите од централна и источна Европа; биполарните односи на релација СССР-САД, односно ВД-НАТО, посебно во трката за вооружување; нестабилните и променливи односи со Кина; аспирациите во меѓународната заедница и општата криза на општествено-политичкиот систем во СССР до распаѓањето на СССР и ВД.

Воената стратегија и доктрина на СССР (ВД) може да се разгледува во два периода: (а) од основањето на ВД до 1985 година и (б) од 1985 до 1991 година ( до распаѓањето на ВД). Причината за ваквата поделба лежи

во фактот дека во 1985 година советскиот претседател Горбачов ја прокламирал новата стратегија и доктрина на СССР (ВД) "Разумна доволност" која има различни ставови од претходните. Терминот "разумна доволност" за прв пат е употребен од страна на М.С. Горбачов, според кој станува збор за структура на вооружените сили таква што ќе овозможи тие да бидат доволни за одвраќање на можниот агресор, а недоволни за водење на офанзивни операции. Голем број теоретичари сметаат дека и денеска во Русија на сила е оваа доктрина.

Доктрината "разумна доволност" претставува израз на настојувањата да се рационализира воената политика и воностратегиското спротиставување на западот да се сведе во рамките кои се прифатливи и подносливи и од аспект на економските можности на земјата и за спроведување на општествено-политичките и економските промени познати под името "перестројка". Доста напори се вложувале за да се прифати ставот дека ВД не е само воено-политички сојуз туку и меѓународен фактор кој завзема значајни ставови за сите важни прашања во светот, покренува иницијативи, предлози и.т.н. Целта била ВД да се прикаже како политички сојуз кој е заинтересиран за конструктивно решавање на сите големи светски проблеми. Поради тоа одржан е и состанокот на лидерите на ВД ( во Берлин, крајот на мај 1987 год.) на кој е усвоен "Документ за воената доктрина на земјите членки на ВД" во кој акцентот е ставен на одбрамбениот карактер на доктрините на земјите на ВД.

**Основни (воено-политички) стратегии и доктрини на Руската федерација**

По распаѓањето на СССР и ВД, претседателот Елцин ја објавил "Воено-политичката основа на Руската воена доктрина" во која се даваат основните контури и понатамошните правци во развојот на воената доктрина на Руската Федерација (РФ). Таа е донесена во услови на нестабилност на државата; понатаму судирот на Елцин со поголемиот дел од Парламентот; време кога повериниците барале да се врати долгот од 100 милијарди долари; војната во некои републики од бившиот СССР;

сложеното повлекување на трупите од странските земји итн. Овие основи поблиску ги одредуваат: (1) местото на Руската Федерација во меѓународните односи; (2) изворите на опасност на безбедноста на Руската Федерација; (3) составот на силите за одбрана.

(1) Руската Федерација во меѓународните односи посебно се ангажира за: осигурување на сопствената безбедност, активно учествување во спречувањето на војните и целосно расформирање на воените блокови. При тоа се бори за хуманизам, демократија, напредок, мир и решавање на спорoвите со невоени средства.

(2) Внатрешни фактори кои претставуваат опасност по безбедноста на Руската Федерација се националните спротивности; насилното рушење на уставниот поредок (Чеченија); паравоените формации; шверцот и дрогата; криминалот; трговијата со оружје; диверзии и сл.

Надворешни фактори кои влијаат врз загрозувањето на безбедноста се претензиите на другите држави кон територијата на Руската Федерација; постоечките и потенцијални кризни жаришта во близина на границата на Руската Федерација; можност за употреба на НХБ оружје; меѓународниот тероризам итн.

(3) Силите за одбрана на безбедноста на земјата се состојат од: вооружени сили, погранични единици; органи и единици на МВР. Со сите сили командува претседателот Елцин.

Еволуцијата на руската воена стратегија и доктрина по распадот на СССР имала неколку периоди. Првиот период е од декември 1991 година до средината на 1993 година - т.н. фаза на претежно наследената стратегија на чиста (исклучива одбрана). Таа стратегија се темели на принципот на трократно "не" - да не употребуваат први нуклеарно оружје, да не превземаат први воени операции и да не ја преминуваат границата за контранапад. Од втората половина на 1993 година започнува втората фаза така наречена стратегија на активна одбрана. Таа им придава исто значење на офанзивата и дефанзивата, посветувајќи им внимание на опасностите што доаѓаат од надвор, како и на оние што делуваат во Русија.

Оваа стратегија била на сила до првата половина на 1995 година, а од втората половина на 1995 година на сила доаѓа т.н. стратегија на реалистично одвраќање.

На крајот на 1999 година во Руската Федерација објавена е воена доктрина која претставува продолжување на доктрината од 1993 година. Тоа што е посебно карактеристично за руската воена доктрина е нагласувањето дека Руската федерација располага со нуклеарно оружје, и дека ќе го употреби (доколку има потреба) за одбрана на својата територија или територијата на нејзините сојузници.

**Воена стратегија и доктрина на САД (НАТО)**

Деталното анализирање на стратегијата и доктрината на САД (НАТО) се врши поради тоа што САД се смета за единствена суперсила а НАТО е единствениот военополитички сојуз во светот.

Поединими теоретичари стратегијата и доктрината ја нарекуваат по претставниците на САД во одреден период - "Труманова", "Ајзенхауерова", "Кенедиева" .... или по основните одлики - "масовна одмазда", "еластичен одговор", "реалистично одвраќање" или по односот спрема војната - "стратегија на две војни", "две ипол војни", "еднаипол војна" итн. Периодизацијата на поединечните облици на стратегијата и доктрината е различна, но сепак можат да се издвојат два периоди: (1) од крајот на Втортата светска војна, до завршувањето на студената војна" (1945-1991) и (2) период е последната декада на XX век.

(1) Во првите години по Втората светска војна за стратегијата и доктрината на САД, карактеристични се неколку клучни фактори: САД и СССР со антагонистичко општествено уредување од Втората светска војна излегле како најголеми воени сили; САД била единствена земја во светот која располагала со нуклеарно оружје и истото го употребила; САД ја напуштиле политиката на изолација и ја замениле со политика на глобални интереси; колонијализмот во светот кои по Втората светска војна Франција и Велика Британија пробале да го обноват, почнал да се

распаѓа бидејќи и моќта на неговите главни носители била намалена; освен воената моќ, угледот на СССР се зајакнал, посебно во социјалистичките земји од источна и централна Европа, што западот го осетил како опасност од загрозување на виталните интереси, поради што и бил формиран НАТО. Значи привидно поради стравот од "комунистичката" експанзија, а суштински за стабилизација на западноевропскиот капитализам и за остварување на виталните цели и интереси, развиена е стратегијата и доктрината на САД (НАТО) по Втората светска војна, а посебно во ерата на студената војна.

Првите званични стратегии и доктрини на САД (НАТО) се засновале на нуклеарен монопол. Понатамошните случувања во меѓународната заедница, а посебно зголемувањето на нуклеарната моќ на СССР и антиколонијалните процеси, се повеќе ја истакнувале потребата за јакнење на останатите т.е. на конвенционалните видови вооружени сили.

Првата стратегија (доктрина) на САД а подоцна и на НАТО, позната е под името "масовна нуклеарна одмазда". Оваа стратегија (доктрина) теоретичарите обично ја ставаат во периодот од 1946 до 1961 година (до доаѓањето на Кенеди за претстедател на САД). Воениот аспект на оваа стратегија (доктрина) имал за цел да спречи ерозијата на капиталистичкиот свет; да го спречи ширењето на влијанието на СССР и ширењето на националноослободителните и револуционерните движења во светот. Суштината на оваа доктрина и стратегија се состоела во одлучноста, за секоја постапка со која се нарушува интересот на западниот свет, да се обвини СССР и автоматски да се одговори со масовен нуклеарен удар врз виталните центри на неговата територија. Оваа стратегија (доктрина) имала најголемо влијание врз формирањето на доктрината (стратегијата) на НАТО (по неговото формирање во 1949 година). Во периодот по формирањето на НАТО посебно се истакнувале три стратегиски планови за одбрана: "Периферна одбрана", "Жуенов план" и "Шпојделов план за истурена одбрана",. Секој од овие планови имал за цел преку упорната одбрана на територијата на својата земја, да ја зголеми сопствената улога во стратегијата на НАТО. Применувањето на

оваа доктрина (стратегија) во праксата, доведува до заострување на меѓународните односи, посебно со СССР, практично била причина за започнувањето на "студената војна" влијаела на формирањето на блоковите и човештвото го донела на ивица на војната ( за ова, секако придонело и однесувањето на спротивната страна, посебно претседателот на СССР, Сталин). На крајот на 50 тите оваа доктрина покажала големи слабости, како што се: зголемување на нуклеарните и другите можности на СССР, јакнење на Варшавскиот договор и зголемување на интензитетот на антиколонијалните процеси во меѓународната заедница.

Втората званична доктрина (стратегија) на САД (НАТО) усвоена е од кенедиевата администрација во 1961 година, и позната е под името "еластичен одговор". Во нејзините основни определби се истакнуваат следниве ставови: (1) еластично реагирање на постапките на противникот, така да судирите кои можат да ескалираат во меѓународен судир, да бидат локализирани на одреден регион; (2) во реоните со недефинирани интереси во услови на нуклеарна рамнотежа, локалните војни стануваат основен вид на војна, што на САД, им дава можност да стекнат одредена предност; збирот на таквите поединечни победи може да го спречи влијанието и ширењето на социјализмот во светот; (3) се избегнува автоматска закана за масовна употреба на нуклеарно оружје на територијата на СССР, туку тоа се употребува само за да се укаже на спремноста на САД дека ќе употреби нуклеарно оружје, "ако има потреба", меѓутоа тоа сепак е во втор план; (4) во врска со употребата на нуклеарно оружје против СССР, усвоен е принципот на "гарантирано уништување" според кој САД мораат да имаат квалитативна и квантитативна предност во нуклеарното оружје која ќе им обезбеди уништување кое не би било прифатливо за противникот; (5) наместо градовите како цел на нуклеарните дејства се настојува да бидат воените цели. Според оваа доктрина САД морале да бидат способни за водење на "студена војна", ограничена и општа нуклеарна војна, со можност и за истовремено водење на т.н. 2,5 војни: по една поголема во Европа и Азија и една помала војна или интервенција во било кој дел на светот. Поради тоа вооружените сили биле поделени на: стратегиски нуклеарни сили, сили

за општа употреба; сили за специјално војување. Како и претходната и оваа доктрина во праксата не се покажала доволно ефикасна ( кубанската криза, виетнамската војна, и др.). Нејзини слабости биле: ниту САД, ниту пак сојузниците во НАТО во услови на тогашната економска ситуација, не можеле да формираат такви сили кои ќе бидат спремни за водење на 2,5 војни; посебно неефикасна доктрината се покажала кон антиколонијалните процеси и националноослободителните револуции, кои во тоа време се јавувале во се поголем број.

Третата официјална доктрина (стратегија) разработена е, и усвоена од Никсоновата администрација во почетокот на 1971 година, а позната е под името "реалистичко одвраќање". Според неа тежиштето на употреба на воената сила не е на одредено реагирање, туку на одвраќање на силата. Одвраќањето треба да се заснова на реално расположливите сили, со кои противникот мора да се одврати од превземање на било какви акции. Вооружените сили на САД морале да бидат спремни за водење на т.н. 1,5 војни, и тоа една голема војна во Европа или Азија, и една "помала"во било кој регион во светот.

Новата доктрина (стратегија) се базирала на: (1)приоритет на нуклеарното парирање со СССР; (2) зголемување на барањата сојузниците да ги зајакнат своите вооружени сили; (3) примена на локалната војна во зоните што се од витално значење; (4) постепено "пренесување" на чисто воените методи и средства во областите на т.н. специјална војна; (5) поголемо искористување на предностите и слабостите на противникот.

По доаѓањето на Реган за претседател на САД, неговата администрација истакнала дека доктрината "реалистично одвраќање" не е адекватна за остварување на глобалните цели на САД, посебно во: неодлучноста и недоволното потпирање на предностите кои ги имаат САД и НАТО; недоволно ангажирање на сојузниците; недоволното учество и улогата на силите за општа употреба, во реализирањето на глобалните цели. Толкувајќи ја неопходноста за промената на доктрината и стратегијата, Регановата администрација ја истакнувала наводната воена надмоќ , која СССР ја постигнал во тој период, и ја заговарала т.н. тотална стратегија која требала да се заснова на глобален и директен натпревар со

СССР. Со таквиот пристап кој подоцна ги довел САД (НАТО) до победа во "студената војна", требало да се постигнат следниве цели: (1) со забрзано вооружување да се достигне СССР и да се преговара со него кога ќе се стекне одредена воена предност; (2) да се создадат сили со голема борбена готовност, кои ќе ја одвратат агресијата и ќе го зачуваат мирот; (3) да се одржува способноста на вооружените сили на САД да му се спротивставаат на противникот во било кој регион во светот; (4) да се одржува воената и економската способност на САД за да може да одговори на обврските кон сојузниците; (5) да се одржи способноста за одвраќање и водење на конвенционална војна; (6) да се искористи економската предност на Западот во општата конфронтација со Исток.

Основната карактеристика на овој концепт наречен "основа на новата воена стратегија за во случај на евентуален судир со СССР", е зголемување на глобалната и регионалната конфронтација со Варшавскиот договор. Одбиена е варијантата за водење на 1,5 војна и предвидена е можност за водење на два вида војни: општа (светска) и ограничена војна, со нагласување на "океанската стратегија", т.е. обавезно владеење со светските мориња и океани во наредниот век.

Посебниот стратегиски концепт кој пред се се заснова на технолошката надмоќ на САД и Западот над СССР и Истокот и кој бил насочен кон понатамошната трка во вооружувањето а со тоа и кон економското исцрпување и слабеење на СССР (ВД) познат е како "стратегиската одбрамбена иницијатива". Овој концепт се состои од четири елементи: прецизно дефинирање на виталните интереси и цели; потребата за добивање поддршка од јавното мислење; сфаќањето на улогата на САД во светот; јасното дефинирање на правилата (мерките и постапките) во судирот кои се превземаат за да се остварат виталните интереси и цели на САД.

Случувањата во меѓународната заедница во почетокот на последната декада на XX век, а посебно распаѓањето на СССР, распуштањето на Варшавскиот договор, односно експанзијата на Западот во глобализацијата на виталните интереси и цели, довеле до неопходна потреба за "Реставрација на стратегијата и доктрината на САД (НАТО)".

Во таа смисла за најзначаен документ во историјата на НАТО се смета "лондонската декларација" која е усвоена во јули 1990 година. Чувствувајќи се како победници во "студената војна", и покрај инсистирањата на Русија дека бидејќи е распуштен Варшавскиот договор нема потреба да постои ни НАТО, лидерите на НАТО во Рим (ноември 1991 година) усвоиле нов стратегиски концепт (Римска декларација) кој е дополнет во Брисел (јануари 1994 година) и постојано се наоѓа во фаза на развивање.

Посебно внимание во новиот стратегиски концепт на НАТО заслужуваат три вида на активности: (1) создавање на институционална политичка рамка за развивање на односите помеѓу НАТО и партнерите од централна и источна Европа; (2) унапредување на соработката во воената и одбрамбената област; (3) улогата на НАТО во управувањето со кризите и во зачувувањето на мирот.

Анализирано од воена гледна точка, новиот стратегиски концепт на НАТО разгледува три целини: одржување на мирот, управување со кризите и војна.

Во последната декада на XX век забележано е дека судирите помеѓу вооружените формации во војните, се повеќе се насочуваат кон т.н. невоени методи и средства. Во таа смисла за НАТО се карактеристични два аспекта: *седимензионални операции*, со "чисто" воен аспект; и судир со низок интензитет, во смисла на сите облици на загрозување на безбедноста (политички, економски, воени, пропагандни, технолошки и др.).

Во САД 1996 година, Здружениот генералштаб го објавил новиот стратегиски (доктринарен) концепт познат под името "Визија 2010". Здружениот генералштаб на ВС на САД проценил дека САД се соочува со нови безбедносни предизвици меѓу кои посебно се истакнуваат:

(а) асиметричниот развој на земјите во наредните 15 години, избивањето на регионални судири на национална и религиозна основа, што го отежнува предвидувањето на идните меѓународни безбедносни околности;

(б) зголемувањето на населението во светот во наредните 15 години се проценува на 20 - 30%, што ќе предизвика големи миграции кон развиените земји;

(в) зголемување на опасноста од неконтролираното ширење на оружјето за масовно уништување и зголемување на терористичките активности. Од ова се заклучува дека САД ќе мораат да се соочат со нови противници - новонастанатите сили на глобален план (Кина и Русија).

Проценувајќи ги овие опасности, посебно значење во САД им се дава на две компоненти: интегрирањето на информационата технологија и развојот на средствата за удар од далечина.

Новиот стратегиски концепт на НАТО (усвоен на прославата на 50 годишнината на сојузот, во Вашингтон 1999 година) уште еднаш ја потврдил општата согласност на неговите членови за неопходноста на опстанувањето на Сојузот и за јакнење на неговите политички димензии, со што тој од воено-политички се трансформира во политички сојуз.

Основните активности на НАТО се насочени кон: проширување на сојузот кон исток; изградба на нова стратегија која треба да биде прилагодена на планираните промени во стратегиското опкружување; интегрирање на сојузничките разознавачки служби; формирање на нови команди и нивно ставање во употреба; забрана за ширење на оружјето за масовно уништување; јакнење на односите во рамките на Сојузот со Европската унија, Русија, Украина и медитеранските земји; операционализирање на партнерството за мир; усовршување и доградба на концептот на комбинирани и здружени наменски сили; дефинирање на доктрина за изведување на операции во управувањето со кризите, мировните и хуманитарните операции и усовршување на работата на инспекторските тимови за контрола на вооружувањето.

Основни цели на Алијансата во идниот период се: зачувување на безбедноста на земјите членки со политички и воени средства; реагирање на кризите - конфликтите на европското и атлантското подрачје; взаемната соработка со суверените земји за да се обезбеди единствениот систем на безбедност на земјите членки; создавање на услови за понатамошно проширување на програмата на партнерството; усклaдување

на политичките и воени цели; и зачувување на единството во рамките на Сојузот.

За остварувањето на сопствените цели и интереси, основни принципи на стратегијата на НАТО се: (1) одржување на неопходната воена способност; (2) солидарност и стратегиско единство; (3) неделивост на безбедноста на сојузниците; (4) безбедноста на сојузниците да се заснова на колективна одбрана; (5) подготвеност за реагирање на кризите кои ги загрозуваат интересите на НАТО.

Посебно значајно место во остварувањето на новиот стратегиски концепт на НАТО имаат вооружените сили. Во таа смисла се планира: вкупната големина на вооружените сили да се одржи на ниво кое е во согласност со барањата на колективната одбрана и со останатите мисии на Алијансата; мирновременскиот географски распоред на вооружените сили да го обезбеди неопходното воено присуство во одговорните зони, но и стационирање и разместување на силите надвор од териториите и територијалните води; командната структура на НАТО да се прилагоди кон потребите за командување со операциите на Алијансата; да се одржува одреден степен на способност за ефикасно водење на борбени дејства; одреден број на единици да се наоѓаат во готовност за изведување на продолжени операции без разлика дали се во или надвор од зоната на Алијансата; и да се создадат услови за зајакнување на ангажираните сили и за нивна заштита.

Во согласност со стратегискиот концепт НАТО ги развива вооружените сили во три облици: сили за реагирање (итно и брзо); главни одбрамбени сили; сили за зајакнување (стратегиски резерви).

Одредувањето на големината на силите зависи од следните фактори: политичките цели; општата ситуација во поедини региони; времето на започнувањето на евентуалните дејства; бројната состојба на готовите единици; понудените национални контигенти и средства.

Посебен акцент се дава на формирањето на т.н. комбинирани здружени наменски сили. Тие се состојат од: (1) силите на НАТО за брза интервенција; (2) националните сили за брзо реагирање; (3) стратегиските резерви и (4) силите за реагирање на ЗЕУ.

Очигледно е дека вооружените сили на НАТО се еден од најзначајните елементи кои се ставаат во функција за остварување на политичките цели со: демонстрација на сила; закана за употреба на сила и ограничена употреба на сила. Сите овие дејства на вооружена сила во функција на политиката, се комбинираат со методите на превентивната дипломатија, дипломатијата на принуда и др., а се насочени кон заштита на човечките права и давање на хуманитарна помош на загрозените.

Офанзивните стратегии и доктрини се применувани од страна на најразвиените и најјаките земји во светот, односно земји со силни вооружени сили кои во никој поглед не зависат од други странски земји кога станува збор за правото и употребата на најсовремените борбени средства за вооружување и друга воена опрема. Во регионални размери оваа доктрина (стратегија) се применува во земјите што имаат силна поддршка од некоја светска сила (на пр.Израел).

# ГЛАВА ТРЕТА

# ФАКТОРИ КОИ ГИ ОПРЕДЕЛУВААТ АКТУЕЛНИТЕ СОСТОЈБИ, ПРОЦЕСИ И ПЕРСПЕКТИВИ НА ВОЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА И ВОЕНАТА ВЕШТИНА

## I. ГЛОБАЛНИ МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ ПО ФРАГМЕНТАЦИЈАТА НА РЕАЛ-СОЦИЈАЛИЗМОТ - ПРОЦЕСИ И ПЕРСПЕКТИВИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ВОЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА И ВОЕНАТА ВЕШТИНА

### ОПШТИ НАПОМЕНИ

Во меѓународната заедница, откако е создадена како човеков цивилизациски простор, кога тој простор го потресувале големи општествени ломови или откритија што ги фундирале новите законитости (вредности) на цивилизацискиот развој, како по некое правило, се создавале "свети"или "идеолошки" коалиции. Целта на глобалниот стратегиски контекст (политички, економски и воен), особено на воениот сегмент, била да се одржува или надмине "рамнотежата на стравот"меѓу големите сили и нивните коалиции.

Така беше до распадот на реалсоцијалистичкиот систем и на неговата воено - политичка организација Варшавскиот договор. Падот на Берлинскиот ѕид во 1989 година целосно ја промени сликата на рамнотежата на моќта во односите меѓу големите сили ставајќи крај на идеолошките премиси во водењето на непрекинатата борба меѓу либерализмот и комунизмот.

Победата на либерализмот во меѓустратегиската борба Исток - Запад[29], ако условно ја определиме 1989 година како временска меѓа, ја отвори ширум вратата за негова доминација.

Сепак, тргнувајќи од фактот дека севкупниот планетарен живот и развој не е еднострано цивилизациски детерминиран (високо технолошки предводен од либералниот капитал - систем), туку, како и во досегашната историја на меѓународните односи, севкупниот планетарен простор ќе биде обусловен и од вредностите и на другите две цивилизации (пред-индустриска и индустриска), кои меѓу себе се противставени и конфронтирани (технологија, семеен живот, политика, бизнис, хиерархија, лидерство и вредности).[30] Успехот или неуспехот во реализацијата на глобалната стратегиска цел на либерализмот (надвладување на планетарните простори), ќе биде ефектуиран од правилниот избор на силите и средствата на стратегискиот концепт на даден простор и во дадено време, како и од способностите на државно-политичките субјекти кон кои се насочени тие цели.

Меѓутоа, од историски аспект, големите епохални процеси и преобразби никогаш не поминувале без Інередг во интерниот и екстерниот простор на втемелувачите на планетарниот (империјален) Іредг, прераснувајќи во долг процес на противречни односи и конфронтации во кои воената сила не ретко го имала последниот збор.

## 1. " ГЛОБАЛИЗАЦИЈА"

Денес терминот глобализација многу често се слуша во сите свери на човековото живеење.Таа како процес егзистира многу одамна, на пример ширењето на светските религии, големината и развојот на светските империи, глобалната култура и економските феномени. Станува збор за различни форми на интегрирање врз чија основа се јавува глобализацијата. Оттука можат да се сретнат различни определувања и дефиниции за глобализацијата.

---

[29] )Види: Начевски Радко, „Регановата стратегија - клучен фактор на победата во меѓу стратегиската борба Запад - Исток и фрагментацијата на реал-социјализмот како систем", „Годишен зборник", Филозофски факултет, Скопје, 1998.

[30] ) Види: Alvin and Heidi Toffler, „War and Anti-War", Little and Company, Boston, 1993.

Глобализацијата се појавува во многу форми, од кои економската глобализација е само една, сепак има многу контрадикторни работи кои се случуваат во исто време и ќе се случуваат во блиска иднина

И покрај овие контрадикции, дефиницијата на глобализацијата како долготраен процес навестува премин кон "глобалност" – поврзан светски систем во кој меѓузависните мрежи и текови ги преминуваат традиционалните граници (или ги прават неважечки).[31]

Глобалноста исто така се однесува кон глобалното владеење, идејата дека светската заедница треба да заземе "поголема колективна одговорност во многу области, вклучувајќи ја и безбедноста".[32]

Овој поим нагласува "владечки јаз", диспаритет во постоењето на глобални правила за комерцијалните трансакции и непостоење или нејасни такви правила во другите области. Глобализацијата исто така го означува основното обединување на човековиот дух, искажано преку глобалната свест, свеста за човечноста, загриженост за Земјата и определени заеднички норми.

Ако глобализацијата е премин кон глобалност, тогаш најглавната нејзина улога е движењето кон интеграција. Во својата популарна книга, Томас Фридман ја дефинира глобализацијата делумно како динамичен и траен процес која ја вклучува "неизбежната интеграција на пазарите, државите и технологиите до степен кој не е достигнат претходно."[33]

Националната стратегија за безбедност, која беше издадена од Белата куќа во декември 1999 година, ја дефинира глобализацијата како "процес на забрзување на економската, технолошката, културната и политичката интеграција".[34]

---

[31] Терминот *глобалност* е превземен од Daniel Yergin i Joseph Stanislaw, The Commanding Heights, New York , 1998. Robert O. Keohane и Joseph S. Nye, го претпочитаат зборот *глобализам*. Види пошироко во Foreign Policy, no.118, Spring 2000.

[32] Commission on Global Governance, Our Global Neighbourhood, Oxford University Press, England, 1995, 1.

[33] Thomas L. Friedman, The Luxus and the Olive Tree: Understanding Globalization, Farrar, Straus and Giroux, New York, 1999.

[34] The White House, A National Security Strategy for a New Century, Goverment Printig Office, Washington, DC, December 1999, 1.

Одборот на науката за безбедност во својот извештај за глобализација и безбедност ја дефинира како Іинтеграција на политичките, економските и културните активности на географски и/или национално одвоените народив.[35]

Глобализацијата и создавањето на новиот светски поредок, не треба да преставуваат крај на индивидуализмот на државите како општествено политички субјекти. Туку овие процеси опфаќаат проширување на демократијата и индустријализацијата, економијата, политиката, културата и миграциите.

Френсис Фукујама во неговото дело „Крај на историјата и последниот човек„ вели дека: „не постои повеќе идеолошки развој на човештвото, туку прифаќање на либералната демократија како крајна форма на државната управа.„ При тоа укажува на некои противречности кои ја доведуваат во прашање можноста за нејзино глобално остварување и задоволување на човековата цел за самоостварување и самопотврдување„[36].

Целта на глобалниот стратегиски концепт (политички, економски и воен), особено на воениот, било да се одржува или надмине„ рамнотежата на силите на страните меѓу големите сили и нивните коалиции„.
Како почеток на големите фундаметални промени во глобалниот стратегиски амбиент се смета крајот на „студената војна„. Доаѓа до промена од дотогашните биполарни односи на силите во светот, се јавуваат два глобално стратегиски концепта кои се стремат со свои сили и средства да ги реализираат.

Тие два глобални концепти својата меѓустратегиска борба ја водеа по завршувањето на Втората Светска војна, борба помеѓу комунизмот и капитал-системот така да на едната страна е САД како предводник на капитал-системот со главна цел „глобализација„ (мундијализација) на светот, а на другата Русија и Н.Р. Кина со главна цел:

---

[35] Defence Science Board Task Force on Globalisation and Security, Globalisation and Security.
[36] Френсис Фукујама, Крајот на историјата и последниот човек, Култура, Скопје, 1994.

"мултиполаризација" на светот со создавање на партнерски односи, т.н , "стратегиско партнерство".

Резултат на биполарноста е победата на капитал-системот и неговиот предводник САД. По, брзиот распад на реалсоцијалистичкиот систем и големиот пресврт во меѓународните односи, Џ. Буш - постариот, тогашниот претседател на САД со гордост изјавува : „во изминатиов период се случија големи промени во светот. Па дури ни сега не сум сигурен, дека потполно го сфативме тоа што се случи. Но, комунизмот умре годинава. Со божја волја, Амарека победи во "студената војна.."[15]

Со оглед на фактот дека тогашниот детерминиран надворешно-политички концепт на САД насловен како „стратегија на ширење„ во ново создадените меѓународни односи се́ повеќе ги потврдува своите фундаменти како општо цивилизациски и предвидувањата на Клинтоновата администрација, врз основа на меѓународниите стратегиски пулсирања во 1998 г. ќе еволуира во целосно оформен супранационален стратегиски концепт со основна цел глобализација на планетарниот простор. Со што се промовирала новата филозофија на американската глобална стратегиска мисла и практика за 21 век.

Бидејќи новиот стратегиски концепт на Американската стратегиска мисла и практика ја дава основата на капитал-системот и како негов предводник ги дава и основните фундаменти за крајната цел на концептот- "Глобализација", ќе дадеме краток осврт на новиот стратегиски концепт. Значи, глобалните стратегиски фундаменти се во соодност со зацртаната цел на САД : остварување на американските интереси во новиот планетарен стратегиски амбиент, ширење на пазарните економии, како предуслов за воспоставување на новиот светски поредок.

Како прва се јавува потребата за средување на состојбите дома со две димензии : национална и супранационална.

***Националнаīа димензија*** опфаќа : зајакнување на состојбите во сите свери на живеење во САД, во однос на новите предизвици, со кој во

---

[15] Американски Парламент, 21.10. 1992, Washington

меѓузависност од односите во концептот на заеднички интереси се прават можности понезависната страна да изнуди стратегиски приоритет. За таа цел САД ја јакне својата позиција за „светски лидер„ во заедница со оние кои ја подржуваат и имаат „заеднички интереси„ .

Понатаму националната димензија опфаќа и физичка безбедност на територијата на САД и нејзините сојузници.

***Супранационалната димензија*** опфаќа: ширење на планетарната демократија и надминување на нееднаквостите помеѓу своите стратегиски партнери, нивно намалување и нивно дефинирање како заеднички приоритетни интереси.

Како следен аспект (фундамент) на новата стратегиска мисла на САД е: подршката на државите кои се од посебен интерес на САД. Како доминантни средства за остварување на „глобализацијата на планетарниот простор„ кон својот стратегиски конкурент и противник Русија, ќе ја остварува со економски средства и воено-технолошко декласирање на воената технологија на СТАРТ договорите.

Трет фундамент на глобализацијата опфаќа, уништување и неутрализирање на сите постоечки или потенцијални извори, кои што можат да ја загрозат стабилноста и економскиот прогрес на национално и на наднационално ниво.

Тоа би значело меѓународна изолација на тие држави сé до распад на нивните тоталитарни системи и нивно презентирање како најголеми противници на американските интереси и демократските процеси. Како такви можат да се јават: недемократските држави, етничките конфликти, трговијата со оружје за масовно уништување, тероризмот, трговијата со наркотици и организираниот криминал.

Последен фундамент на стратегискиот концепт на глобализацијата, за САД, е: ангажирањето на САД во „ хуманитарни и други акции од интерес„. Учество во мировни операции (селективно и од национален интерес), за помош при природни катастрофи, при кршење на човековите права, подршка на демократијата и цивилна контрола на војската, хуманитарни активности и др.

САД ќе учествуваат во мисии кој тие ќе мислат дека се неопходни, во склад со неговите национални интереси и под своја команда.

Затоа како прво, од глобален аспект, ќе ги експлицираме фундаментите на американскиот стратегиски концепт како проминентен и супранационален, односно, како предводник на *глобализацијата.* Од тој аспект и влијанието на фундаментите на американскиот стратегиски концепт врз состојбите, процесите и перспективите на политичките, економските и воените пулсирања во меѓународната заедница во напорите за реализирање на глобалната стратегиска цел.

Брзиот крах на реал-социјалистичкиот систем и големиот пресврт кој настана во меѓународните односи како негова последица, ги изненади, односно "затекна" и самите актери на стратегиската победа. Иако по фрагментацијата на реал-социјализмот почнаа да се создаваат реални предводнички перспективи на САД во градењето на новиот политички, економски и воено - стратегиски поредок, бидејќи темелните вредности на капитал - системот помалку или повеќе веднаш беа прифатени од речиси сите поранешни земји на реал-социјализмот, фундирајќи го на тој начин основниот предуслов за ширење на капитал - системот, сепак, брзината на настаните во првичниот момент создаде стратегиски вакуум, без строго дефинирани стратегиски определби.

Во рамките на Западниот сојуз, како негова стратегиска основа послужи тогашниот ново детерминиран надворешно-политички концепт на САД насловен како "Стратегија на ширење".

Со оглед на фактот дека надворешно-политичкиот концепт, во новосоздадените меѓународни односи сé повеќе ги потврдуваше своите фундаменти како општо цивилизациски, по неколку години, како што тоа го предвидуваше Клинтоновата администрација, тој, врз основа на релевантните меѓународни стратегиски пулсирања, во 1998 година ќе еволуира во целосно оформен супра национален стратегиски концепт на капитал - системот, со основна стратегиска цел: глобализација на планетарниот простор.

На тој начин, динамиката на развојот на американската стратегиска мисла и практика, со донесувањето на "Стратегијата за национална безбедност за наредниот век" во 1998 година, de facto i de iure, официјално ја промовира *новата филозофија на американската глобална стратегиска мисла и практика за 21-от век.*[38]

## 1.1. ФУНДАМЕНТИ

Глобалните стратегиски фундаменти се во интерактивен однос и се во корелација со крајната зацртана цел: реализирање на американските интереси во новиот планетарен стратегиски амбиент и втемелување на американската проминентност во стратегиската практика на капитал - системот во "ширењето на пазарните економии", како основен предуслов за воспоставувањето на новиот светски поредок.

***Прво:*** "јакнење на јадрото на главните пазарни демократии".

Во овој, прв по значење стратегиски фундамент, како централен приоритет е потенцирано средувањето на состојбите "дома". Средувањето на состојбите дома има две димензии: *национална* и *супра национална.*

Националната димензија подразбира: средени и зацврстени состојби во сите сфери на живеење во САД, за да не се заостанува во однос на новите предизвици, како основен предуслов за зацврстување на проминентната улога во системот на пазарните демократии во новото време.

Тоа произлегува од состојбите и односите во мултиполарниот свет, посебно во заедницата на пазарните демократии, во која, во меѓузависните односи градени врз системот на "заемни интереси" се создаваат реални можности помалку зависната страна да изнудува стратегиски приоритети.

Потребата од редефинирањето на проминентноста произлегува и од фактот што, за разлика од студеновоениот период, во новото време капитал - системот нема дефинирано заеднички (системски) стратегиски непријател.

---

[38] ) „A NATIONAL SEKURITY STRATEGY FOR A NEW CENTTURI", The White House, October, 1998.

Дека лидерството е дефинирано како стратегиски приоритет го потврдува следниов цитат: "Мора да демонстрираме желба и можности за натамошно експонирање на *глобално лидерство* за да бидеме посакуван партнер во заедницата на државите што ги делат нашите интереси".[39]

Супранационалната димензија подразбира: надминување на противречностите, посебно меѓу водечките земји на капитал - системот, дефинирајќи ги како приоритет од заедничко стратегиско значење, бидејќи мирот во Іјадрото на пазарните демократииг е основен предуслов за реализирање на заедничката стратегиска цел во новото време: *без алтернативно планетарно ширење на пазарната демократија.*

Меѓутоа, супранационалната димензија, освен потенцираното јадро на пазарните демократии, подразбира и поширока основа, односно како реална општо прифатена стратегиска платформа од страна на САД и на нивните сојузници, без која глобализацијата би била иреална стратегиска цел.

Вака фундаментално поставената широка платформа јасно ја илустрира цитираната определба: "Главната цел на нашата стратегија е зајакнување на безбедносните односи што ги имаме со државите во светот и создавање на нови односи и структури кога тоа е неопходно. Какви што се: проширувањето на НАТО, Партнерството за мир, НАТО - рускиот постојан совет, Африканската кризна иницијатива, регионалниот форум АСЕАН и Хемисферските безбедносни иницијативи усвоени на Самитот во Америка".[40]

Во рамките на "Јакнењето на јадрото на пазарните демократии" националната и супранационалната димензија се дефинирани и како *национални интереси.*

Националната димензија, дефинирана како *национален витален интерес,* подразбира "физичка безбедност на нашата територија и на нашите Алијанси, безбедност на нашите граѓани, наш економски просперитет и заштита на нашите критични инфраструктури. Ќе сториме сé за да

[39] ) Исто, стр.1.
[40] ) Исто, стр.2.

ги одбраниме овие интереси, вклучувајки ја, кога тоа е неопходно, и *употреба на војската*".[41]

Супранационалната димензија е дефинирана како втор по значење ранг на американските национални интереси, односно, како "*значајни национални интереси*". Тие интереси "не влијаат врз нашиот национален опстанок, но тие влијаат на нашата национална благосостојба и на карактеристиките на светот во кого ние живееме. Во вакви услови, ние ќе ги искористиме нашите ресурси за да ги унапредиме овие интереси".[42]

***Второ:*** "Целосна поддршка на консолидацијата на државите кои се од специјален интерес за Соединетите Американски Држави".

Во овој втор по значење фундамент на Стратегијата на ширење или глобализација на планетарниот простор, како првичен американски надворешно - политички и безбедносен интерес на прагот на 21-от век, е детерминирано подрачјето на поранешните простори на Советскиот Сојуз. Во изборот на силите и средствата што ќе го насочуваат стратегиското пулсирање во поддршката на реформите за консолидација на демократските процеси на овие простори, како доминантни се потенцираат *економските средства.*

Во однос на Русија, како главен партнер на воената моќ, во стратегиската игра, освен економските средства, во амортизирањето на воената моќ ќе бидат вклучени и воено - стратегиските средства. Акцентот е фокусиран на перманентното *високо технолошко декласирање* на руската воена технологија и на изнудувања во договорите СТАРТ, за намалување на горниот праг на стратегиските нуклеарни системи.

Во овој фундамент на стратегиското ширење, како национални интересни подрачја на САД во 21-от век, се дефинирани просторите на

---

[41] ) Исто, стр.5.

[42] ) Во тој контекст се набројуват: запирањето на приливот на бегалците од Хаити и повторното воспоставување на демократијата во таа држава, учеството во НАТО операциите во Босна, а бидејќи стратегиските фундаменти се поставени пред американското учество во НАТО операциите во воената разврска на „Косовската криза" а од тука и во воените операции против СР Југославија, дефинираните национални интереси од овој аспек се целосно реализирани, и како егзистентни го верификуваат правото на „национален интерес" и на други планетарни простори во колку има потреба истите да се реализираат.

поранешниот Советски Сојуз и просторите на Латинска Америка. Консолидацијата на демократските процеси во овој американски интересен просторен амбиент ќе се реализира преку изнаоѓање на "нови начини за користење на помошта и трговијата што би биле во функција на поддршка на реформите".

Консолидацијата ќе се реализира преку инструментите на светските економски и финансиски организации и институции во кои американската кооптивна моќ е доминантна или со директна поддршка на САД.

***Трето***: "Минимизирање на заканите кои доаѓаат од реакционерните држави надвор од семејството на пазарните демократии што се потенцијални пролифератори на вооружени средства, од терористите, криумчарите на дрога и агресорите".[43]

Стратегискиот аспект на овој фундамент на глобализацијата подразбира неутрализирање, односно ликвидирање на сите актуелни или потенцијални фактори, состојби и извори што ги загрозуваат или можат да ги сопрат со своите дезорганизаторски или уништувачки активности вредностите на демократските процеси на национален или на наднационален план. Стратегијата ги дефинира силите и средствата што се во функција на обезбедување на непречениот демократски развој, не исклучувајќи ги силите и средствата за директна примена на вооруженото насилство од помали или поголеми размери.

Како најголема опасност што може да ги загрози не само демократските процеси туку и светскиот мир, американските стратези ја потенцираат, диктаторската власт во Северна Кореја и нејзините нуклеарни амбиции, за кои тврдат дека излегуваат од контекстот на меѓународните договори за неширење и пролиферација на атомската уништувачка моќ. Изборот на стратегиските сили и средства за

---

[43] ) Во „Стратегијата за национална безбедност..." од 1998 година, во однос на овој стратегиски фундамент, децидно е зацртано, дека „недемократските држави и етничките конфликти ја загрозуваат регионалната стабилност и економскиот прогрес во многу значајни подрачја во светот. Оружјата за масовно уништување, тероризмот, трговијата со наркотици и организираниот криминал се *глобалните нешта* кои ги надминуваат националните граници и имаат големо значење за стабилноста на Америка". „A National Security...", стр. 1.

неутрализирање на ваквите амбиции ќе зависи од начинот на манифестирањето на моќта, целите што се сакаат да се реализираат и од политичкиот и воено - стратегискиот амбиент во регионот и пошироко во времето на пројавувањето.

Исто така, како значаен приоритет на овој стратегиски фундамент, стратезите го потенцираат т.н. "двојно запирање" кое се однесува на Ирак и Иран.

Тоа подразбира, во политичкиот сегмент, продолжување на целосната меѓународна изолација на двете држави,[44] сé додека нивните тоталитаристички системи се експонираат како најголеми противници на демократските процеси и на американските интереси во регионот, а во воено - стратегискиот сегмент, минимизирање на нивните застрашувања од примена на воена сила и на нивните амбиции за прераснување во регионални воени сили.

Активностите се насочени и кон минимизирање на поддршката на овие земји на меѓународниот тероризам, на милитантниот исламски фундаментализам, на пролиферацијата на масовно уништувачките вооружени системи и на други слични активности што ја загрозуваат демократијата и безбедноста во тие региони и пошироко.

***Четврто:*** IПоголем концептуален и практичен пристап на САД во хуманитарните и други ангажирања од интересг.

Во рамките на овој мошне значаен фундамент на "новата" американска стратегиска мисла и практика, стратезите потенцираат: "*Во некои околности нашата нација може да дејствува...на пример, како одговор на природните или од човекот предизвикани катастрофи или на кршење на човековите права, поддржување на демократизацијата и цивилната контрола на војската помагање на хуманитарни барања,..* "[45].

---

[44] ) Во овој контекст се подразбира и меѓународната изолација на СР Југославија, бидејки настаните врзани за воената разврска на „Косовската криза" како сегмент на севкупната југословенска криза, ескалира по објавувањето на американската „Стратегија.." од 1998 година.

[45] ) „A NATIONAL SECURITY...", стр. 6.

Потенцирањето на суштината на овој стратегиски фундамент произлегува од фактот што тој е дефиниран како трет по значење *национален иншерес* на САД. Во тој контекст, посебно внимание свртува дефинирањето на учеството на САД во *мировнише ойерации* како национален интерес.

Од тој аспект, учеството во мировните операции ќе биде "поселективно и поефикасно" и е во функција на *йроминеншношо* експонирање на САД во ООН во новиот меѓународен стратегиски амбиент, како голема придобивка на "ширењето", зошто во студеновоениот период таквата функција беше минимизирана.[46]

Новиот стратегиски пристап во мировните операции, фундиран по фрагментацијата на реал-социјализмот, претпоставувал можен одговор на новите предизвици дефинирани како интензивирање на противречностите и на вооружените судири надвор од заедницата на пазарните демократии. Оттука, САД ќе се подготвуваат за Ідиректни интервенцииг на овие простори, како што наведуваат американските стратези, Іза да се нападнат корените на нестабилностаг.

Појдовните основи на стратегискиот фундамент се презентирани во ІПретседателската директива број 25г.[47] Во директивата се зацртани следниве стратегиски определби:

- Соединетите Американски Држави нема да учествуваат во решавањето на сите конфликти во светот;

- Обединетите нации сé уште не демонстрирале способности да го остваруваат и одржуваат мирот, посебно во ситуации кога непријателствата меѓу завојуваните страни сé уште траат, односно кога ризикот од конфронтирањето е голем, а локалната соработка мала.

---

[46] ) Овој сегмент на „Стратегијата на ширење", всушнност, ја детерминирал новата стратегиска ориентација која била изложена во строго доверливиот документ кој на 24.1.1990 година бил доставен до високите воени команданти на САД. Документот претставувал дополна на „насоките" кон кои Вооружените сили на САД ќе „мораат да се приспособат при планирањето на петгодишниот период од 1992 - 1997 година". УНИТА, 14. 2.1990.

[47] ) Документот е коментиран во „The New York Times", 5 мај 1994.

Целта на САД ќе биде, во иднина пред ООН да не се поствуваат барања што тие не ќе бидат во состојба да ги извршуваат. САД ќе им помагаат во оние мисии за кои тие ќе сметаат дека помошта е неопходна;

- Посебно се потенцира, американските контингенти да не се ставаат под команда на странски офицери кога станува збор за раководење и командување со мулти-националните сили на светската организација;

- Пред да се донесе одлука за учество на американски трупи на која било меѓународна мировна мисија мора да бидат исполнети следниве услови:

*Прво,* мировната мисија мора да биде во сообразеност со *националните интереси на САД.*

*Второ,* заради успешно спроведување на мисијата е неопходно претходно да се дефинира стварната потреба на американското воено присуство;

*Трето,* иницијативите да бидат поддржани од Конгресот, а целите да бидат јасни со точно определено време траење на престојот.[49]

## 1.2. ПЕРСПЕКТИВИ

Државите, определувајќи се за безалтернативната глобална стратегиска цел, иднината на сопствениот државно - политички идентитет да го градат во рамките на заемно интересниот глобален стратегиски концепт на капитал - системот, како негови партиципиенти, ги разрешија дилемите кои произлегуваат од противречните поимни разграничувања. Ова се однесува на терминот *глобализација* (филозофски, политички, економски, национални, културни, верски и други значења).

---

[49] ) Се дефинираат условите под кои САД ќе даваат согласност за почнување на секоја мировна операција без обѕир на тоа дали во неа ќе учествуваат американски трупи или не. Тие услови се: постоење вистинска опасност по меѓународниот мир и безбедност, ненадеен прекин на демократските процеси по создавање на големи немири, загрозување на човековите права и во други за кои САД ќе проценат дека е потребно нивно воено присуство.

Од тој аспект, ќе ги елаборираме актуелните состојби и процеси на *глобализацијата*, а оттука и на перспективите на "ширењето" во векот кој штотуку го почна одбројувањето на својата временска димензија. Успехот или неуспехот на *глобализацијата* е предопределен од заемното дејствување на нејзините *три димензии* на ширење: политичката, економската и воената.

На пример, политичката димензија не би ја постигнала целта ако зад неа не стојат економската и воената или која и да било друга комбинација да станува збор, а со оглед на фактот дека во нивната експликација фактички не може да се стави остра граница на нивна исклучителност, трите димензии ќе бидат дадени како глобална интерпретација на нивните параметри од која ќе произлезе актуелното, но и перспективното во рамките на поединечниот глобализациски интегративен концепт.

***Воената димензија на Глобализацијата***

Воената димензија го подразбира третиот сегмент на стратегиската моќ. Таа ги детерминира воените сили и средства, кои покрај политичките и економските, се во функција на реализирање на глобалниот стратегиски концепт на капитал - системот - "*глобализација*" на планетарните простори.

Суштината и целта на воената димензија е **воена одбрана** на просторите на кои во *целост е воспоставен капитал - системот*, односно одбрана или со примена на воени сили и средства да се создаде *амбиент на просторите што ја прифатиле или треба да ја прифатат јурисдикцијата на владеењето на законитостите на капитал - системот.*

Во таква функција се ставени моќните воено - одбранбени системи НАТО пактот и ЗЕУ/ЕУ. Тоа го овозможува новиот доктринарен пристап на воено организи-рање (функционално и организационо) фундирано на новите високи технолошки можности на уништувачката моќ на современите вооружени системи и воена опрема.

*Прво.* ***НАТО пактот во функција на "глобализацијата".***

Историската победа на НАТО пактот му обезбеди функционален легимитет и во "новиот" пост-студеновоен амбиент на меѓународните односи во кого не само што ја потврдува оправданоста стоејќи на браникот на одбраната на сопствената просторна димензија туку сé повеќе се пенетрира во легитимен и значаен фактор во меѓународните стратегиски пулсирања на "новото време".

Историската и нововременската оправданост и суштина се потврдени на Бриселскиот самит на НАТО од 11. 01. 1994 година.[50]

Во *соопштението на самитот* се "*потврдува трајната потреба и нужност од постоењето на Сојузот*", поради "новопојавените и други причини на нестабилност, затегнатост и судири". Виталноста на НАТО за новото време произлегува од цврстите трансатлантски врски и заедничките судбини на партиципиентите. Новиотг НАТО е рефлексија на новата трансатлантска безбедност и на одбранбениот идентитет на Европа кој постепено се создава како израз на зрела Европа. Тој е суштествен фактор на воспоставувањето *нови модели на соработка во сите домени* ширум Европа.

- *Ширењето на НАТО во функција на воена одбрана и воена контрола и заштита на "глобализацијата"*. Во тој контекст, следи експликација на најсуштествените состојби и процеси на новиот стратегиски настап на НАТО пактот како воен сегмент на *глобализацијата.*

- *Историски момент*: *падот на Берлинскиот ѕид во 1989 година и обединувањето на Германија.* Тоа е историскиот момент на почнувањето на процесот на ширењето на НАТО во "новото време". Имено, со самиот чин на обединување на Сојузна Република Германија и Демократска Република Германија во една сојузна германска држава, по принципот на автоматизам, просторот на ДДР се инкорпорирал во интегрален дел на НАТО.

---

[50]) USIS, 12. 1. 1994

- *Процес во континуитет:* по обединувањето на Сојузна Република Германија *почна незадржливиот процес на ширење* на *НАТО на европските простори.* Додатниот импулс на *ширењето* ја овозможи *фрагментацијата на Советскиот Сојуз во 1991 година*, по која, исчезна и воено - политичката организација Варашавскиот договор.

- Веднаш по фрагментацијата на Советскиот Сојуз во 1991година, како организирана форма на ширење на НАТО, бил формиран *Северноатланскиот совет за соработка* - НАЦЦ (NACC). Советот претставувал прва организирана понуда на земјите од Источна Европа за влегување во заемен интересен одбранбен концепт место рамноправно партнерство во НАТО. Советот немал речиси никаква моќ на дејствување бидејќи немал заеднички сили и средства ниту пак заедничка програма за акција.

- **Партнерството за мир - *платформа на просторното ширење на НАТО.*** Иницирано на НАТО самитот од јануари 1994 година, *Партнерството за мир* претставувало детерминирана програма како нешто повеќе од дијалог со партнерите од Источна Европа, односно програма која *дефинитивно ја отворила портата за почнување на процесот на ширење* на *просторната димензија на НАТО на Исток.* Во тој контекст се очекувала "експанзија на НАТО" што би ги опфатила демократските држави на "нашиот Исток во рамките на еволутивниот процес, имајки ги во вид политичкиот и безбедносниот развој на настаните во Европа".

Кон *Партнерството* пристапиле сите земји од поранешниот Варшавски Договор и Советскиот Сојуз, како и Русија, и новоформираните земји на просторите на поранешната СФРЈ. Во тој контекст значајно е да се апострофира дека *Партнерството* се сфаќа како *ненасилен* пристап во ширењето на НАТО, односно како доброволно изразена желба на државите пристапнички.

- "**Студијата за проширување**" што НАТО ја објави во септември 1995 година - ги детерминирала правилата на "играта" за зачленување на нови партиципиенти во Алијансата. Карактеристично е тоа што во

*Студијата* не се дава одговор на две значајни прашања: *кога* ќе се случи проширувањето и *кои* земји ќе можат да бидат примени.[51]

- *Договорот НАТО - Русија,*[52] од 1997, содржан во документот насловен како "Основачки акт за меѓусебни односи", кој предвидувал формирање на *Совет НАТО - Русија* (формиран истата година), со кој дефинитивно се обележува крајот на студената војна, имал значење на де фацто и де иуре легитимитет за почнување на процесот на *ширење на НАТО на Исток по обединувањето на Германија*, односно почнување на процесот за воено присуство и воена контрола на просторите од Атлантикот до Урал во рамките на глобалниот стратегиски концепт - *глобализација.*

- На *самитот на НАТО во Мадрид од 8-9. 7. 1997 година* на *Чешка, Полска и Унгарија* официјално им биле упатени *покани за членство во Алијансата.* За рамноправни партиципиенти се примени во **април 1999** со што бројот на членките на НАТО се зголемил на 19.

- ***Пенетрирањето на НАТО како сила на ООН*** - *предуслов за одбрана и воено обезбедување на просторите што се од витален интерес на стратегискиот концепт"глобализација".* Покрај ширењето со нови членови, функцијата на воено обезбедување и поддршка на *глобализацијата* НАТО ја обезбедува и преку *мандатот на воена сила доделен од страна на* ООН *како меѓународна институција способна да ги* неутрализира и гасне воените пожари што можат да го загрозат светскиот мир.

Таквиот мандат му овозможува својата воена моќ да ја употребува на простори надвор од сопствената просторна граница. Резолуцијата 816 од април 1993 година, донесена од Советот за безбедност на ООН, со која на силите на НАТО, како на меѓународни сили, им се дозволува воено да интервенираат во операцијата насловена како вда се спречи летотг во воениот конфликт на југословенските простори, претставува прв таков практичен мандат.

---

[51] ) „Студијата за проширување" 1995.

[52] ) Потпишан на 27 мај 1997 година. во Париз.

Меѓутоа, мандатот НАТО го спроведува и без благослов на Советот за безбедност. Тоа го чини кога ќе процени дека во Советот нема расположение да добие консензуален благослов за интервенција а состојбите станале Ізрелиг за неодложна примена на воена сила за нивно неутрализирање кои во НАТО доктрината децидно се детерминирани како состојби што ги загрозуваат виталните интереси на демократскиот свет, хуманитарна криза, етничко чистење и слични кризи и состојби. Таков беше случајот со воената разврска на косовската криза од 24. 4 - 10. 6. 1999 година.

Но, со Резолуцијата на ООН 1244 од 10. 6.1999 година, со која на НАТО силите им се дозволи (со еден воздржан глас - Кина) да влезат на косовските простори, може да се оцени дека тој чин претставува индиректно одобрување на мандатот на НАТО за употребата на воена сила против СР Југославија, кој пред нападот не се ни барал, поради сомневањата дека Русија и Кина би можеле да стават вето на истиот.

Оттука, може да се заклучи дека НАТО претставува најмоќен столб на воената димензија на стратегискиот концепт - *глобализација.*

- *Второ.* ***Западноевропската унија (ЗЕУ/ЕУ) во функција на "глобализацијата".***

ЗЕУ/ЕУ, покрај НАТО, претставува втор моќен воен столб на Европската Унија, а со добивањето на мандат на Еврокорпусот за командување со силите на КФОР во траење од шест месеци, почнувајќи од 1. 4. 2000 година, доби легитимитет на меѓународен воен фактор со право воено да интервенира во гаснење на воени пожари и да учествува во мировни операции надвор од сопствениот простор.[53]

---

[53] ) Идејата Европа да создаде свој столб на одбрана била материјализирана на 27 август 1990 година, кога тогашната ЕЕЗ го прецизирала договорот за создавање на ЗЕУ. Врз основа на чл. 5 од Договорот за ЗЕУ било прецизирано дека земјите членки ќе работат на создавање на свој одбранбен столб, но кој ќе биде во функција за одбрана на нивните интереси и надвор од Заедницата. На 5 ноември 1993 била формирана Високата команда на европската војска, формирана од Франција, Германија и Белгија.

Еволуцијата на напорите кулминирала на на 28 . 2. 2000 кога во местото Синтра во Португалија министрите за одбрана на ЕУ се одлучиле да формираат Европски сили за брзи интервенции, што исто-времено значело почеток на нова ера во рамките на

На тој начин, двата моќни воено одбранбени столбови на капитал - системот и формално - правно се стекнаа со меѓународен кредибилитет истовремено бранејќи ги интересите на меѓународната заедница во борбата против новите извори на загрозување како и интересите на капитал - системот во рамките на неговиот глобален стратегиски концепт - *глобализација* на планетарните простори.

- *Трето:* ***новата воена доктрина "Воздушно-копнена биткг во функција на "глобализацијата".***

*Воената димензија* на *глобализацијата* не би била функционална до колку моќта не би ја темелела на новите високотехнологизирани оружени системи и воена опрема. Со своите софистицирани можности тие направија вистинска револуција во доктрините на современите воените организации.

Новите информациони технологии вградени во воената сфера го ***декласираат класичниот начин*** на воено организирање. Приматот го држат САД чиј фундамент е новата воена доктрина насловена како "*Воздушно-копнена битка*".

Воведувањето на доктрината во оперативна употреба во војската на САД во почетокот на 80-те години подразбираше ефикасна употреба на високотехнолошки конвенционални и нуклеарни вооружени системи со мала и многу мала сила, во компатибилност со НАТО доктрината на длабоки удари (ФОФА), по сите можни воени предизвици, пред сé против силите и средствата на Варшавскиот договор. По распадот на реал-социјализмот доктрината е ставена во функција на воена разврска со

---

европската безбедност. Евровојската до 2003 треба израсне во сила од 60.000 војска, која ќе биде подготвена со „благослов на САД" но без учество на американски војници да интервенира во кој било дел на Европросторот. Со тоа се создадени основни претпоставки ЕУ решавањето на евро-проблемите сама да ги земе во свои раце. Тоа оттаму, што повеќе ја нема рамнотежата на силите со ВД која претпоставуваше силно воено американско присуство.

Од друга страна тоа уследи и поради се поголемите амбиции на САД, поради фрагментацијата на Советскиот Сојуз, своите приоритети да ги поместува од Европа кон Пацифичкиот базен, како што тоа е детерминирано и во американската „Стратегија на ширење". На тој начин на Европа и се остава можност сопствената судбина да ја земе во свои раце, но со мониторство на НАТО, бидејќи евро - земјите сеуште немаат нуклеарна

новите видови на загрозувања на американските национални интереси и на интересите на НАТО.

### *Политичката димензија на глобализацијата по терористичките напади на 11.09.2001година*

Оваа тема ја надополнува политичката димензија на глобализацијата, после терористичките напади на 11.09.2001година во Њу Јорк и Вашингтон упатува кон заклучок дека, светот зачекорува кон нов стратегиски развој.

Ал Каеда, терористичката организација која го изврши тој терористички напад, се јавува како, софистицирана терористички организација која како глобална цел ја има „уништувањето на западната цивилизација„ . Всушност Ал Каеда преставува глобална терористичка организација составена од најголемите терористички ограноци и движења. Нејзината организираност е во речиси сите суштински функции : идеолошки, административни, медиумски и воени.

Таквата нејзина структура не само што обезбедува услови за дејствување туку и создава услови за (глобализација) создавање на сојузи со соодветни терористички групации и организации. Ал Каеда, оправдувајќи се за САД како објект на напад смета дека со успехот на судирот со светската водечка сила на западната цивилизација ќе го започне процесот на ескалација на акцијата за остварување на конечната стратегиска цел : рушење на митот на западниот дух и неговите системски вредности.

САД, одлучија да возвратат на ударот притоа нарушувајќи го постоечкиот поредок на меѓународната заедница. Но со целокупната подршка која САД ја доби од целата меѓународна заедница, освен од Ирак, само даде нов стратегиски почеток на ширење на политичката димензија на глобализацијата.

---

моќ за целосен нуклеарен „детерент" но и таква конвенционална моќ ако затреба да се интервенира во некоја друга Босна или друго Косово.

Таквата подршка и воедно како главен удар на терористичката војна на Ал Каеда и нејзиниот водач Осама Бин Ладен му беше зададена од земјите на кои се сметаше дека ќе му дадат најголема подршка за стратегијата на исламскиот тоталитаризам. Така на собирот на „Арапската лига„ во Дамаск, бил отфрлен предлогот за „света војна„ против западот. Но, собирот се оградува од тезите на Бин Ладен и во главно е подржана воената акција на „цивилизираниот свет„ , притоа велејќи дека „има војна против Бин Ладен и целиот свет„[54]. На тој начин, подршката ги отвори вратите за ширење на политичката димензија на глобализацијата во поголемиот дел од исламскиот геополитички контекст.

По самиот настан на 11.09.2001година САД повикува на заедничка борба од светски размери против глобалниот тероризам, што всушност од една страна преставува солидарност, а од друга разбирање на глобалната Меѓународна заедница за политичка димензија на глобализацијата. Што пак, од друга страна , подразбира обезбедување на нов глобален геополитички простор на најзино ширење.

***Европската унија - највисок дострел на политичката димензија на глобализацијата***

Европа по завршувањто на Втората светска војна останува со катастрофални последици : уништени економии, уништени градови и населени места, човечки жртви и страдања. На европјаните им биле потребни две светски војни за да почнат да размислуваат за заедничко обединување врз поинакви основи отколку во минатото. Процесот на формирање на Европската унија започна во мај 1950година, помеѓу Франција и Сојузна Република Германија со еден мошне смел план - виталните функции за јаглен и челик да се здружат во една заедничка организација која би била отворена за сите европски демократии.

---

[54] Радко Начевски, Современа македонска одбрана, бр 6, НАМ, Скопје, 2002.

Кон ова здружение се приклучиле Белгија, Холандија, Луксембург и Италија, со што е назначен за формирање на Евроската заедница за јаглен и челик. Овој успех ги мотивирал земјите за интеграција и за формирање на Европската економска заедница која се до 1 ноември 1993година егзистира како таква, а тогаш го променува своето име во Европска унија.

Денес Европската унија преставува најголем трговски и политички блок во светот. Со Мастрихскиот договор им се дава на право на државјаните на сите нејзини членки за поседување на европско државјанство. Всушност земјите членки одлучиле да живеат федерализирани уредени врз принципите на заеднички интереси базирани врз политичко, безбедносно и економско интегрирање на државно - политичките субјекти во Европа.

Европската унија и започнатиот процес на нејзино ширење практично преставува реализација на федералистичкиот концепт на Бертранд Расел. Според кој : „неопходно е создавање на општо светска држава како единствен гарант за обезбедување на светскиот мир„ . Кога станува збор за политички идентитет се случуваат неколку процеси.

Најпрво, незадржливо создавање на државни и политички ентитети. Така според ООН овој тренд и натаму продолжува и се очекува и натаму да продолжи. Сето тоа со распадот на бившите комунистички - социјалистички федерации се формираат голем број на држави.

Но, исто така евидентен е процесот на чување на национално државно - политички идентитет на државите што го игнорираат националниот процес на интеграција.

А, од друга страна се случува највисокиот процесс на националната интеграција, кој се темели на основните вредности на пост - индустриските вредности на цивилизацискиот развој. Споделувањето на националните ид ржавните интереси на партиципиентите како нивни заеднички интерес (стратегиски), се засновуваат врз принципот на взаемни интереси.

Оттука се гледа, дека Европската унија преставува јадро на новиот светски поредок, кој ја протежира актуелната европска формула за

интеграција и воедно преставува и највисок дострел и практичен модел на крајната цел на политичката димензија на глобализацијата.

За поконкретно да ја видиме политичката димензија на Европската унија би ги анализирале неколку конкретни процеси и состојби.

Идејата за стратегиско ширење на Евро просторот не е нова се јавува веднаш по завршувањето на на Студената војна, со што „градењето на заеднички интереси„ , се создавале во континуиран повеќе децениски процес. Со што и се потврдува и идното градење на федералниот процес како јадро и перспективен модел на глобалниот концепт и либерализацијата на планетарните простори.

Заедничките интереси и нивното градење потекнуваат заедничката економска, одбрамбена, социјална и надворешна политика. Со која јасно се дефинирано потребите, интересите и политиката на Европската унија и нејзините партиципиенти.

А, сето тоа се надополнува со фактот како Европската унија функционира и преставува моќен движител на политичката димензија на глобализацијата. Чиј процес ќе продолжи и понатаму а и процесот за интеграции во Европската унија е доброволен, но се исполнува по пат на исполнување на строго утврдени критериуми од страна на кандидатите, кои се строго компатибилни со односите на членките внатре во Европската унија.

Како прва основа за влез во Европската унија е по пат на преговори за придружување, односно членство во Европската унија, А, Втора по пат на потпишување на договор за стабилизација и асоцијација.

Или, пак може да се приклучи кон Европската унија, најнапред да се започнат преговорите со земјите кандидати, а потоа да се потпише договорот за стабилизација и асоцијација. Но, притоа треба да се почитуваат правилата и стандардите донесени на самитот во Копенхаген во 1993година. : „Стабилни институции кој ќе гарантираат демократски права, владеење на правото, почитување на човековите и малцинските права, пазарно стопанство и превземање на одговорноста за влез во „евро„ зоната. А, воедно државите кој чекаат за влез во Европската унија треба

да ги исполнат и строгите економски критериуми кој ги бара од нив Европската унија"[55].

Како пример дека Европската унија е вистински простор за воспоставување на државјанството Европеец, говори фактот што околу 345 милиони жители го поседуваат статусот жители на Унијата и правата кој ги поседуваат без оглед на нивната национална припадност. Ширењето на Европската унија продолжува во декември 1997 година во Луксембург, Полска, Унгарија, Чешка, Естонија, Кипар, Литванија, Летонија, Малта и Словенија се поканети за членки, а во 2004 година се здобијат статус на полноправи членки. Република Македонија во 2001 година го потписа договорот за стабилизација и асоцијација што треба напорно да работи за да влезе во неа.

На крај може да се кажае дека се потврдува фактот дека политичката димензија на глобализација во европросторот, во организациски и функционален поглед е започнат процес, со јавно дефинирана цел, а ќе трае се до конечно обединување и федерализација на целиот европростор.

## 2. „МУЛТИПОЛАРИЗАЦИЈА„

## 2.1. АНТИТЕЗА НА ГЛОБАЛНОТО ИНТЕГРИРАЊЕ

Победата на капитал - системот во меѓустратегиската борба Запад - Исток, пред новата руска држава ја постави големата стратегиска дилема: да го прифати новиот глобален стратегиски предизвик - *глобализацијата*, предводен од капитал - системот и американската проминентност и да стане негов дел, или, со оглед на огромното наследство кое и припадна по фрагментацијата на Советскиот Сојуз: (најголемиот дел од стратегиската нуклеарна уништувачка моќ, потоа огромната просторна

[55] Трајан Гоцевски, Основи на системот за национална безбедност, Македонска ризница, Куманово, 1998, стр.-383-387.

распространетост со солидни индустриски воени и цивилни потенцијали и други неискористени природни ресурси), да гради сопствен национален стратегиски концепт кој во новите стратегиски поместувања ќе ѝ обезседи место на нов центар на светската моќ. Руските стратези се определиле за втората алтернатива.

Определувањето за таквата стратегиска опција, истовремено би значело нужно прераснување на Русија во нов центар на *светската моќ* кој успешно би парирал на силите и средствата на *глобализацијата* за да може да обезбеди сопствено место на планетарниот простор.

Како *антитеза* на *глобализацијата, новата стратегиска опција* - ***мултиполаризацијата*** подразбирала градење на свет со повеќе поларитети на светската моќ. Интерполарната соработка заснована на рамноправни основи би била гаранција на просперитетот и на меѓународната соработка во светот.

## *"СТРАТЕГИСКО ПАРТНЕРСТВО"*

Како одговор на *глобализацијата*, Русија и Кина го почнаа меѓусебното приближување за заедничко спротивставување на глобализацијата.

Како заедничка платформа на руско - кинеското стратегиско размислување беше обнародена формулата на т.н. в*Стратегиско партнерство*г.

Првичното "големо" приближување по завршувањето на Студената војна, што имаше значење за надминување на сите нивни противречности од тој период, беше санкционирано со т.н. Договор за меѓусебна доверба од 1996 година потпишан во Шангај од страна на Русија, Кина, Казахстан, Киргизија и Таџикистан.

Со верификацијата на договорот, почна процесот на намалувањето на нивното воено присуство на подрачјата на меѓусебните разграничувања. Од тој момент нивните односи и заедничките настапи против *глобализацијата* ќе станат редовна практика на ниво на годишни средби со заеднички изјави.

Гласот на "Стратегиското партнерство" особено до израз дојде пред и за време на војната на НАТО против СР Југославија во 1999 година,

осудувајќи го воениот акт како "загрозување на интегритетот на суверена државаг и Ікршење на меѓународното право". Кон партнерството по војната ќе се приклучи и Индија, правејќи на тој начин голем "просторен коридор" против ширењето на глобализацијата.

Во тој контекст, Русија и Кина стануваат "рамноправни стратегиски партнери со меѓусебна доверба и соработка, со заеднички стратегии, *без правење на формално сојузништво,* а сето тоа е во функција на одговор на американските предизвици на светот да му наметнат униполарен поредок".[56]

Руската Федерација, зависно од политичките, економските и воените предуслови и можости на сопствените ресурси, како и од состојбите и процесите во руското опкружување и на глобалниот меѓународен простор, својот национален стратегиски концепт (политички, економски и воен) перманентно го градеше и го развиваше не робувајќи им на претходно утврдени шаблони или импровизации.

Меѓутоа, целосно и децидно сочинета експликација на стратегискиот концепт во еден документ не постои, па оттука експликацијата е сочинета од објавените текстови од првата глобална дефинираност од ноември 1993 година, поголемото ревидирање почнувајќи од 4. 1. 2000 година а посебно, за внатрешните приоритети од писмото на Владимир Путин, упатено до руските граѓани од 29 февруари 2000 пред изборите за Претседател на Русија.

## *ВНАТРЕШНИ ПРИОРИТЕТИ*

- ***ПРВО:*** *Зачувување и одбрана на рускиот суверенитет и интегритет и внатрешната безбедност и единство.*

Овој внатрешен приоритет произлегува од фактот што внатрешната кохезија на земјата е "разнишана" од обидите за државен сепаратизам на Чеченија кој ескалира во внатрешна војна 1994 - 1996 и

[56]) Неделник „Liaovang", преземено од ТАНЈУГ, 6. 2. 2000.

1999 ... и од обидите за "внатрешна сепарација" од страна на федералните единици.[57]

- ***ВТОРО:*** *Јакнење на улогата на државата како гарант на спроведување на реформскиот курс.*

Реформскиот курс до крај може да го спроведе само силна држава, се нагласува во стратегиските определби. Од тој аспект се дефинира дека новиот век нема да биде биење на битки меѓу идеологии туку остра конкуренција за квалитет на животот, национално богатство и просперитет.[58] На тој план, јакнењето на улогата на државата подразбира:

- ***борба против сиромаштијата,*** бидејќи денес *"Русија е богата земја на сиромашни луѓе"* (Владимир Путин). Борбата против сиромаштијата не е само социјален туку и политички и морален приоритет;

- ***гарантирање на правата на сопственоста,*** бидејќи поради слабата државна заштита бизнисот во Русија најчесто е под контрола на "престапници и бандити". Во овој национален приоритет посебно се апострофира потребата од измени во даночниот систем кој е предуслов за создавање на благодатна и силна држава.

- ***давање приоритет на решавањето на внатрешните проблеми а потоа на надворешните,*** бидејќи, како што се потенцира, од нашите успешни решавања на внатрешен план директно зависат и нашите надворешни успеси".

---

[57] ) Во Русија има 89 федерални единици (области, републики и покраини) кои не криејќи го незадоволството од немоќта на централната власт да се справи со економската, социјалната и политичката криза, сакаат судбината да ја преземат во свои раце. Таквите тенденции јасно ги отсликуваат зборовите на А. Лебед губернатор на Краснојарската област „...ако центарот не е во состојба ефикасно да управува со регионите, управата ќе мора да им се преде на регионите". (ТАНЈУГ, 10. 9. 1998). Две области се сметаат за акутни зони, Калининградската и Северен Кавказ: Дагестан, Ингушетија и Северна Осетија.

[58] ) Поопширно види во писмото на Владимир Путин упатено до граѓаните на Русија пред претседателските изборите во Русија.

*- **ТРЕТО:** Високотехнолошки развој на економските ресурси.*

На процесот на високо технолошкиот развој му се посветува посебно внимание бидејќи тој е основен предуслов на севкупната економска моќ на државата и основен гарант на благосостојбата во 21-от век, зошто во овој момент Русија се наоѓа пред високо технолошки колапс.[59]

*- **ЧЕТВРТО:** Создавање основни предуслови за влез на странски инвестиции како еден од основните фактори за искоренување на економскиот и финансискиот колапс во новиот век.*

На странските директни вложувања во Русија се гледа како на стратегиски приоритет, зошто тие се еден од факторите што можат да ја ревитализираат руската економска моќ, а со тоа и на нејзината севкупна моќ.

Во тој контекст, репрограмирањето на руските надворешни долгови и влегувањето на свеж финансиски капитал се дефинирани како основна претпоставка за започнување на процесот за враќање на руското достоинство на внатрешен и на надворешен план.[60]

## *НАДВОРЕШНИ ПРИОРИТЕТИ*

***ПРВО,** Перманентно руско присуство на меѓународната политичка сцена кое произлегува од нејзиниот статус на постојан член на Советот за безбедност на ООН со право на **вето.***

---

[59] ) Тоа подразбира „работен колапс на руската научна елита, во која работи 12% од севкупниот број на научници во светот а на пазарот на производи на високи технологии учествува со само 0.3%." (Соопштение на Научно - техничкиот совет на руското министерство за стопанство, ИТАР-ТАСС, Москва, 3. 11. 1998).

[60] ) Според С. Рогов директор на Институтот на Руската академија на науките за Америка и Канада, „Земјата е гладна за инвестиции без кои нема обнова на економијата. Главната неволја кај нас е таа што е урнат буџетот. Кај нас - како голема сила, тој е со помал износ отколку на Австрија или Белгија, а во споредба со САД е помал за 40 пати".

Според Рогов, во 1999 година се очекувало рускиот буџет да не надмине од 40 - 45 млрд $. „Главната задача на новата влада на Русија е во економијата да ги врати парите разврзувајќи го на тој начин Гордиевиот јазел на бартерите". Според него, надворешниот државен долг на Руската Федерација надминува 155 млрд. $. Надворешниот долг на руските банки достигнува уште 30 млрд. $, а комерцијалниот долг на руските компании уште 25 млрд. $. (ТАНЈУГ, 7,10.1998).

Признавањето на статусот на Русија како рамноправен член на Советот за безбедност на ООН е нејзината најголема *политичка* придобивка по фрагментацијата на Советскиот Сојуз бидејќи со тоа таа е меѓународно призната како политички наследник на поранешниот Советски Сојуз. И покрај внатрешните хаотични воено - политички, економски, социјални и други состојби и процеси, правото на **вето** во Советот за безбедност, на Русија секогаш ѝ остава простор да биде во фокусот на големите меѓународни политички стратегиски пулсирања

***ВТОРО,*** *Натамошно ширење на "Стратегиското партнерство" освен со Кина и Индија и со други земји од опкружувањето и од други региони, како надворешен стратегиски приоритет во 21-от век.*

Освен тоа што овој приоритет е во функција на "запирање" или "оневозможување" на ширењето на *глобализацијата,* тој има и економско стратегиско значење.[61]

***ТРЕТО,*** *просторно ширење на Руската Федерација на поранешните простори на Советскиот Сојуз.*

Со ратификувањето на **Договорот за Унија меѓу Руската Федерација и Белорусија** од страна на руската Дума на 13. 12. 1999 година, де фацто почна реализирањето на рускиот стратегиски приоритет за 21-от век, просторно ширење на Русија. Во поширокиот контекст на стратегиското размислување, овој чин е почеток на реализирање на глобалната руска стратегиска цел: враќање на моќта на Русија како што

[61] ) При посетата на заменик -рускиот премиер А. Болшаков на Пекинг во декември 1996 година е констатирно дека размента меѓу двете земји до крајот на 2000-та година ќе изнесува 20 млрд. $. Исто така, тоа е можност за реафирмирање на рускиот поен индустриски комплекс кој по фрагментацијата на Советскиот Сојуз се најде во голем конверзационен процес, а поради губењето на пазарите за продажба на оружје и воена опрема по „Заливската војна" 1991 година доживеа колапс.

Во периодот 1991 - 95 година со продажбата на руско оружје на Кина во вредност од 4,7 млрд. $. почнале да се враќаат надежите и перспективите за извоз на оружје. Така, во 1999 година од извоз на оружје и воена опрема руската благајна инкасирала 3.5 млрд. $. (МАКФАС, 8. 2. 2000) .

Во концепцијата за развој и извоз на оружје до 2010 година се очекува прилив на двојно поголеми средства од кои 50% ќе се инкасираат од стратегиските партнери Кина и Индија.

тоа било во рамките на Советскиот Сојуз.[62] На тој начин Русија почнува да го гради новото "предворје" на сопствената одбрана.

***ЧЕТВРТО,*** *завршување на "Чеченската војна" со воена разврска без присуство на меѓународниот фактор.*

Иницијативите на меѓународниот фактор да посредува во разрската на чеченската криза со имплементација на меѓународните механизми, какви што се хуманитарната помош, инструментите на ОБСЕ и други, се проценува дека се во функција на *глобализацијата* со крајна цел фрагментација на рускиот територијален интегритет.

***ПЕТТО,*** *задржување на руските интереси на балканските простори како подрачје на традиционален руски стратегиски интерес..*

Дека таквата идеја е жива и во современиот руски стратегиски концепт се потврдува преку руското закaнување дека ќе го искористат правото на вето ако НАТО побара меѓународен мандат за воена интервенција против СР Југославија која Алијансата ја сметаше како последна алтернатива за спречување на "етничкото чистење" и на "бегалската криза" на Косово, како и со учеството на руските мировници во мисиите на СФОР во Босна и на КФОР во Косово, кое се цени за руско воено присуство на тие балкански простори.

***ШЕСТО,*** *перманентно јакнење на економските способности што ќе овозможат воспоставување на рамноправно партнерство во проминентните меѓународни економски асоцијации и институции посебно во групата на најразвиените земји Г-7 и во Светската трговска организација (СТО).*

Се цени дека рамноправниот статус во овие еминентни светски економски асоцијации *ги отвора перспективите за враќање на руската*

---

62 ) Договорот претставува реализирање на идејата на поранешниот министер за одбрана на Русија Павел Грачов кој предупредил дека до колку НАТО го почне процесот на ширењето на Исток, Русија ќе одговори со формирање на „моќен воен сојуз со Белорусија" (РОЈТЕР, Москва, 14 мај 1996). Дека Унијата е во таква функција потврдуваат и зборовите на белорускиот претседател Лукашенко по ратификацијата на Договорот, кој истовремено ја врши и функцијата Претседател на Врховниот совет на Руско -Белорускиот сојуз: „Неговата земја и Русија работат заеднички на создавање на моќна воена групација во Белорусија... нашата татковинска одбрана ќе биде опремена со најсовремено вооружување". (ИНТЕРФАКС, 2. 2. 2000).

*севкупна моќ на планетарните простори најдоцна до крајот на првиот квартал на 21-от век.*

## *ВОЕНО - ОДБРАНБЕНИ ПРИОРИТЕТИ*

Најголема придобивка на Руската Федерација по фрагментацијата на советската држава било нејзиното признавање од страна на САД за рамноправен партнер во стратегиската нуклеарна моќ, признавајќи и го статусот на светска нуклеарна суперсила.

На 7. 2. 2000 година *Советот за безбедност на Русија* ја усвоил новата **воена доктрина.** [63]

Новата воена доктрина се дефинира како *систем на погледи, на доктринарни определби засновани на законите и Уставот на земјата. Таа претставува и општ поглед на воено - политичките, воено - стратегиските и на воено - економските прашања, на карактерот на војните и можностите на војните.* Таа е рефлексија на сегашната стварност и на перспективите на развојот на политичките состојби во светот.

Во документот се земени предвид настаните кои на светската политичка сцена се случуваа од 1993 година, односно периодот од усвојувањето на претходната воена доктрина. Руското раководство е на мислење дека денес опасностите од нуклеарна војна се многу помали отколку во 1993 година. Меѓутоа, таквата опасност сé уште не е надмината.

Во дефинирањето на новата доктрина големо влијание имале воените настани во Северен Кавказ. Во врска со тоа доктрината ги дефинира целите на примената на вооружените сили и на другите единици во разрешувањето на воените конфликти и на разбивањето и ликвидацијата на незаконитите вооружени формации, како и на создавање услови за ликвидирање на оружените конфликти врз *основа* на Уставот на Руската Федерација и важечкото федералното законодавство.

---

[63] ) РИА Новости, Москва, 7. 2. 2000.

Имајќи ги предвид искуствата од војната во Чеченија, во доктрината е вградена одредба во такви слични состојби да може да се формира *привремен единствен орган за управување со сите единици на војската.*

Воената безбедност на Русија ќе се остварува со сите расположливи сили и средства, вклучувајќи ги и нуклеарните.

За разлика од претходните доктрини, во новата доктрина децидно е апострофирано дека нуклеарното оружје ќе биде употребено само во случај ако биде извршена агресија врз Русија и кога со конвенционалните средства не може да биде спасена од уништување како меѓународен државен ентитет, а нејзиниот народ од поробување. Следствено на тоа, Русија никогаш нема да го употреби нуклеарното оружје ако против неа нема да биде преземена агресија.

Со новата доктрина, концепцијата на националната безбедност и воената диктрина се ставени во целосна корелација. За разлика од претходната, во оваа доктрина не се дефинираат потенцијални Інеприја-телиг. Новото е тоа што во политичкиот дел се апострофира дека Русија сите држави на светот ги смета за сопствени партнери. Само тие земји кои дејствуваат надвор од Повелбата на ООН, лансираат или организираат агресивни планови против Русија и нејзините сојузници нема да ги смета за свои партнери.

Со сите држави Русија ќе развива воена и воено-техничка соработка. Таа нема да прифаќа соработка на нерамноправни основи или што не е сообразена со нејзините национални интереси.

Во новата доктрина, за првпат во нејзината историја се зборува за *единствена воена организација на државата.* Како единствени и неодвоиви нејзини компоненти се дефинираат: вооружените сили, формациите и органите, органите на управата на сите компоненти на тој систем, органите на државната и воената управа и научниот и индустрискиот потенцијал што работат за потребите на одбраната и безбедноста.

За разлика од соодветните доктринарни поставки на САД и НАТО, руската воена доктрина не ја проширува руската сфера на интереси на целиот свет туку се фокусира на заштита на руската безбедност и на нејзините сојузници од надворешни и внатрешни опасности.

Во склад со новата доктрина ќе бидат разработени нови програми за реформирање на вооружените сили, вооружувањето и воената техника. Тоа значи дека за нејзината реализација ќе бидат потребни и Інови финансиски средства во минимално неопходна големинаг.

Во тој контекст, речиси со самата нејзина промоција таа ја почна својата реализација. Во тој дух, на 14 април 2000 година, руската Дума го ратификува договорот за редукција на стратегиските нуклеарни арсенали на САД и Русија кој во 1993 година го потпишале претседателите на двете држави Џорџ Буш и Борис Елцин, а во 1996 година бил ратифукуван од американскиот Сенат. До 31 декември 2007 година двете супер-нуклеарни сили своите стратегиски нуклеарни боеви глави треба да ги сведат на ниво од 3.000 - 3.500 на секоја страна.

За Русија ратификацијата на договорот има повеќе значења:

***прво:*** Русија и натаму го задржува паритетот со САД во овие системи што е доволен арсенал за одржување на детерент;

***второ:*** на Русија и натаму и се признава статусот на супер-нуклеарна држава; и

***трето:*** што е најзначајно, од редукцијата државата ќе има голем економски ефект што ќе биде голем потикнувачки импулс за намалување на економската криза, но и за реализирање на плановите на новата воена доктрина за развој на конвенционалните оружени системи. Имено, според американски извори, САД за одржување на нуклеарниот стратегиски арсенал годишно трошат 4.6 млрд. $.

# 3. НАТО - ГЛОБАЛНА СУПРАНАЦИОНАЛНА ВОЕНО-ПОЛИТИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА

## ОПШТИ НАПОМЕНИ

По завршувањето на Втората светска војна, во периодот од 1945 до 1949 година, западноевропските земји и нивните северноамерикански сојузници беа соочени со сé поногласените потреби за побрза економска и целосна реконструкција и со се поизразената експанзионистичка политика на Советскиот Сојуз.

Во периодот од 1947 до 1949 година се случија серија драматични политички настани. Ова подразбираше директни закани на суверенитетот на Норвешка, Грција и Турција. Настана комунистички удар во Чехословачка и илегална блокада на Берлин.

Сепак во периодот од 1945 до 1949 година се водени повеќе мировни договори помеѓу Советскиот Сојуз и западноевропските земји. Во тој поглед, посебно место имаше согласноста на Советскиот Сојуз за формирање на мировен договор со Италија, Финска, Бугарија, Унгарија и Романија. Исто така, во 1947 година, министрите за надворешни работи на овие земји, во Москва, расправаа за нацртот на мировните договори со Германија и Австрија.

За сите практични предлози, со застојот на Московската конференција во 1947 година, конечно е ставен крај на соработката којашто требаше да се развива помеѓу Советскиот Сојуз и западноевропските земји. Во овој случај, напорите на западните земји, да изнајдат начин и да постигнат договор со Советскиот Сојуз за Обединетите нации да бидат ефикасен инструмент за одбрана на мирот, не вродија со плод.

Советскиот Сојуз во овој период ја продолжува својата експанзија, започната за време на Втората светска војна со анектирањето на Естонија, Литванија и Монголија, како и делови од Финска, Романија, Полска, Северозападна Германија и Источна Чехословачка. Покрај тоа, во овој период, Советскиот Сојуз, со помош на Комунистичката партија и

комунистичките влади на Албанија, Бугарија, Источна Германија, Полска, Унгарија и Чехословачка, успева да ги стави овие земји во сферата на својата доминација.[64] Исто така, Советскиот Сојуз спроведува директни или индиректни мерки на притисок и во други делови од светот, како на пр. во земјите на Блискиот Исток и во југоисточна Азија.

Според оценката на аналитичарите, во овој период земјите од Западна Европа се свртуваат кон САД, барајќи политичка, воена и економска помош, која е и единствено доволно моќна да го импресионира Советскиот Сојуз. Во овие односи, како и од притисокот на Советскиот Сојуз врз Грција и Турција во 1947 година, е родена таканаречената Труманова доктрина која, во суштина ја изразува политиката на САД за поддршка на слободата на луѓето кои даваат отпор на поробувањето со воена сила или пак на надворешните притисоци.

Вториот клучен момент во односите е инициран од САД во 1947 година со донесувањето на т.н. маршалов план за економска ревитализација на стопанството на Европа. Со овој план е понудена економска помош, и тоа не само на западноевропските земји, туку и на Советскиот Сојуз. Овој план е одбиен од страна на Советскиот Сојуз и како противодговор е формирањето на Совет за заемна економска помош, кој го сочинува Советскиот Сојуз и земјите од источниот блок.

Во овој период, со оглед на постојната констелација на односите меѓу Советскиот Сојуз, западноевропските земји и САД, ќе доведат до потпишување на Бриселскиот договор во март 1948 година од страна на петте западноевропски држави Белгија, Франција, Луксембург, Холандија и Обединетото Кралство (Велика Британија), како и формирањето на Западноевропската унија, како организација за заедничка одбрана на земјите членки на Унијата. Во тој поглед, следеа преговорите со САД и Канада за формирање единствена Северноатлантска алијанса, базирана врз безбедносни гаранции и врз меѓусебно ветување на Европа и Северна Америка. Данска, Исланд, Италија, Норвешка и Португалија беа поканети

---

[64] Исто, 10.

да бидат партиципиенти во овој процес.[65] Во редот на најважните процеси, што се одвиваа во овој период, спаѓа и т.н. Вандербергова резолуција, која претставува израз на готовноста на САД заедно со Западноевропските земји да изградат колективен одбранбен систем за самоодбрана, заснован на член 51 од Повелбата на Обединетите нации која го потврдува инхерентното право на индивидуална или колективна одбрана. Во овој случај, Вандерберговата резолуција е адаптирана и е изграден текст на Северноатлантскиот договор, а преговори кулминираа со потпишувањето на Вашингтонскиот договор од 04. април 1949 година, со кој е утврдено да се изгради заеднички безбедносен систем, заснован врз партнерството меѓу дванаесетте земји потписнички на Договорот, со што е формиран НАТО. Во 1952 година, кон Договорот пристапуваат Грција и Турција. Сојузна Република Германија се придружи на Алијансата во 1955, а Шпанија во 1982 година.[66]

Според тоа, Алијансата беше формирана врз основа на договор на државите членки кои на доброволна основа се приклучија после јавна дебата и после соодветен парламентарен процес. Договорот ги поддржува нивните индивидуални права, како и нивните меѓународни обврски во согласност со Повелбата на Обединетите нации. Таа ја обврзува секоја држава членка на поделба на ризикот и одговорностите, како и на бенефициите од колективната безбедност.

## Цели и принципи на НАТО

НАТО е политичковоена организација во која земјите членки ја сочувуваат својата потполна сувереност и независност. Според тоа, нејзина суштинска намера е да ја заштитува слободата и безбедноста на сите нејзини членови со политички и воени дејства, во согласност со принципите на Повелбата на ООН и со договорот склучен меѓу нив. Во тој поглед, во Северноатлантскиот договор се утврдени основните цели и принципи на постоењето и функционирањето на НАТО.

---

[65] Исто.

Северноатлантскиот договор претставува политичка рамка за еден меѓународен сојуз, моделиран да спречи или да одврати агресија. Во таа смисла, Договорот овозможува континуирана соработка и консултации на политичко, економско и воено поле. Договорот е со неопределено време на важност, а текстот се состои од 14 члена, на кои им претходи преамбула.

Во преамбулата се нагласува дека Алијансата е креирана во согласност со принципите на Организацијата на обединетите нации, притоа почитувајќи ги нејзините главни цели. Тоа значи дека земјите потписнички на Договорот се определуваат да ја штитат слободата и заедничкото наследство на нивните работи, почитувајќи ги принципите на демократијата, индивидуалните слободи и владеењето на правото. Понатаму, во преамбулата се вели дека земјите потписнички на Договорот ја изразуваат својата волја да живеат во мир со сите народи и со сите влади. Оттука, реафирмирајќи ја својата борба врз принципите на Обединетите нации, тие преземаат обврска да го штитат мирот и меѓународната безбедност и да придонесат да се сочува и одржи стабилноста и благосостојбата на земјите од Северноатлантското подрачје, се со цел да се избегнат опасностите за меѓународниот мир, безбедноста и правдата.

Од анализата на содржината на Северноатлантскиот договор јасно произлегуваат целите и принципите на НАТО, врз чија основа тој функционира. Во тие цели спаѓаат;

- одбраната на слободата на земјите потписнички на Договорот;
- остварување постојана соработка и консултации меѓу земјите потписнички на политичко, економско и воено поле;
- заштита на мирот и меѓународната безбедност и
- унапредување на стабилноста и благосостојбата на земјите од северноатлантското подрачје.

---

[66] Исто, 200.

Принципите врз кои се заснова формирањето на НАТО се следниве;

- решавање на меѓународните спорови со мирољубиви средства;
- воздржување од закана или употреба на сила;
- елиминирање на конфликтите во меѓусебните односи;
- развивање на економска соработка и
- самоодбрана или заемна одбрана во случај на напад на некоја од земјите потписнички.

Од изложените цели и принципи, врз кои е формиран НАТО, може да се констатира дека НАТО е организација која служи на Алијансата, има одбранбен карактер од сите видови загрозувања на земјите членки, односно, НАТО е практичен израз од ефективните напори на нејзините членови за поддршка на нивните заеднички интереси.

**Развојот на НАТО**

НАТО, од неговото создавање до денес, поминал низ неколку фази од својот развој, како резултат на преземените политички и други активности од страна на земјите потписнички, со основна цел прилагодување на НАТО кон новонастанатите состојби во светот.

*Првата фаза* од развојот на НАТО всушност започнува веднаш по потпишувањето на договорот во 1949 и трае до 1956 година. За оваа фаза се карактеристични напорите на земјите потписнички да изградат ефикасен систем за колективна одбрана. За таа цел, земјите потписнички постојано се договараат и се консултираат на политички план. Во оваа фаза НАТО е проширен со зачленувањето на Грција и Турција (1952 година), а во 1955 година пристапува и Германија.

*Втората фаза* започнува во 1956 година, со прифаќањето на извештајот за невоената соработка во НАТО. Овој извештај е познат како Извештај на комитетот на тројцата.[67] Прифаќањето на невоената соработка значи нова подвижна сила во политичките консултации меѓу

---

[67] *Извештајот на комитетот на тројцата* го сочинуваат: др Гаетано Мартино (Италија), Харолд Ланге (Норвешка) и Лестер Пеорсон (Канада).

земјите членки на НАТО. Исто така, невоената соработка подразбира консултации за сите прашања од заеднички интерес и тие заземаат важно место и за време на формалното обликување на националните политики.

Невоената соработка се однесува на голем број подрачја:

- соработка во областа на науката;
- помош во случај на природни катастрофи;
- борба против тероризмот;
- проблеми во областа на енергетиката и др.

Од изложените елементи не невоената соработка може да се извлече констатацијата дека со втората фаза од развојот на НАТО започнува заедничката (меѓународната) соработка помеѓу земјите членки на полето на цивилната одбрана.

*Третата фаза* започнува во 1967 година и трае најдолго, се до 1991 година. И оваа фаза започнува со прифаќањето на Извештајот за идните задачи на Алијансата или т.н. Harmel Report.[68] Овој период се карактеризира со;

- прифаќањето на обврската на сите земји членки на НАТО да продолжат со политиката на одржување соодветни воени способности за одбрана и за одвраќање;
- позитивно приближување на односите меѓу Исток и Запад и со нагласена грижа за изнаоѓање реални решенија за постојните проблеми;
- отстранување на главните причини за тензиите меѓу Исток и Запад;
- запирање на трката за вооружување и преземање мерки за контрола на вооружувањето.[69]

*Четвртата фаза* во развојот на НАТО започнува во 1991 година, со утврдувањето на новиот стратегиски концепт на Алијансата, со кој НАТО се трансформира во насока на реафирмирање на одбранбената природа на Алијансата и истакнување на одлучноста на нејзините членки да ја бранат нивната безбедност, суверенитетот и територијалниот

---

[68] *NATOHandbook*, 1992, 201.
[69] Исто, 202.

интегритет.[70] Тоа значи дека НАТО ќе ја темели политиката на безбедност врз основа на дијалог, кооперација и ефикасна колективна одбрана, како заемен инструмент за одржување на мирот, за спроведување контрола над вооружувањето, за донесување мерки, со цел одржување и унапредување на мирот, политиката на флексибилност во идните политичковоени односи и за побрз развој на европскиот безбедносен интегритет, односно, на новата европска безбедносна архитектура.

Во 1990. годна, по состанокот на шефовите на држави и влади на земјите членки на НАТО кој се одржа во Лондон, зпочна процесот на трансформација. Следните состаноци во Рим 1991. година, во Брисел 1994. година, Берлин во 1996 и во Вишингтон 1999, во Прага 2002 и во Истамбул 2004. година, покажаа дека НАТО ја приспособува целокупната своја стратегија во согласност со промените на стратегиската околина.[71]
На Лондонскиот Самит донесена е *Лондонската декларација*, документ што ја смени природата на НАТО односот кон Варшавскиот Договор. Лондонската декларација им овозможи на земјите од исток, кои беа довчерашни противници, да воспостават редовни дипломатски односи со НАТО и да се стремат кон нови идноси базирани на соработка.

Имајќи ги предвид и следејќи ги дезинтегративните процеси и настани кои почнаа 1989 со рушењето на Берлинскиот зид па се до распадот на СССР во 1991год, НАТО презеде неколку чекори во контекст на општите промени во глобалното опкружување. На Самитот во Рим 1991. година, НАТО покрена расправа за смислата на натамошното опстојување и дејствување на Алијансата во новосоздадените услови.
Самитот во Брисел јануари 1994 прифаќењето на ПзМ беше централна точка за продолжување на виталноста на Алијансата. Во ова време НАТО се соочи со два длабоки проблеми: прво поделеноста околу проширувањето и второ, никој не можеше да каже која ќе биде цената на новото проширување. ПзМ ги реши двата проблеми и ја даде целта на

---

[70] Исто.
[71] Славевски С., Националната безбедност на Република Македонија и евроатланските интеграции, Диги принт - Скопје, 2003, стр. 64.

НАТО, а тоа е проектирање на стабилност во Централна и Источна Европа, со што се отвори простор за прием на нови членки.[72] Вака замисленото Партнерство бара од државите да работат кон постигнување интероперативност со силите на НАТО, да ги делат трошоците за мировните и хуманитарните операции, но во основа тоа не е гаранција за обезбедување на било акви безбедносни гаранции на земјите членки на ПзМ.

ПзМ постигна две цели, ги привлече сите земји членки на ОБСЕ, вклучувајќи ги и оние од Централна и Источна Европа, како и традиционално неутралните џави Австрија, Финска Шведска и Швајцарија да бидат дел од програмите на НАТО. Партнерствотоисто така обезбеди функционални програми за задоволување специфични потреби наместо да функционира како обичен форум за консултации.

На Самитот во Брисел јануари 1994. година актуелизирани се многу прашања во врска со улогата на НАТО. На Самитот беше разгледувано и прашањето за иднината на Северноатланскиот совет во новите европски и светски констелации, посебно внимание беше дадени на односите со Русија и поранешните членки на Варшавскиот Договор.[73]

Покрај тоа што процесот за проширување на НАТО беше генерално прифатен, многу експерти беа скептични во неговата успешност.

Сепак дилемите околу иднината на Алијансата, проширувањето, големината, аргументите околу природата на Европската безбедност беа решени со донесувањето на "Студијата за проширување на НАТО"[17]

Во студијата се вели дека со проширувањето на НАТО:

- ќе придонесе за поголема стабилност и безбедност на сите земји во евроатланската област;

---

[72] Nelson M., *NATO Official Back Plan for Closer Ties with Ex-bloc*, Wall Street Journal, 22-23 October 1993.

[73] Миќовиќ В., *Глобализација и нови светски поредак*, Чигоја штампа, Београд, 2001.

[17] *Study on NATO Enlargement*, Brussels, September 1995.

- тоа ќе ги охрабри иподдржи демолкратските процеси и реформи вклучувајки го и воспоставувањето на цивилна демократска контрола врз вооружените сили

- ќе ги помогне моделите и навиките на соработка, консултации и изградба на консензус кои што ги карактеризирааткои ги карактеризираат добрососедските односи;

- ќе ја зголеми довербата меѓу државите и ќе ја зајакне способноста кон интеграција и соработка во Европа;

- ќе ја зајакне способноста на Алијансата да придонесе за европската и меѓународната безбедност и да ги поддржи мировните операции на ООН и ОБСЕ и да го зајкне и прошири трансатлантскот пертнерство.[74]

На Самитот во Берлин јуни 1996. година дадени се поголеми овластувања на Воениот комитет на НАТО во реорганизирањето на воената команда во Алијансата, како и нејзино приспособување кон безбедносната состојба во Европа.

По Самитот во Берлин, поточно на 27. 05. 1997. година, лидерите на членките на НАТО и Рускиоит претседател Борис Јелцин потпишаа основачки акт за зеднички односи и соработка на полето на безбедноста помеѓу НАТО и Руската Федерација, што за Алијансата претставуваше значен настан. Неколку дена по овој настан се случи уште еден многу занчаен настан, имено, на 30. 05. 1997 година во Португалија во градот Синтра беше формиран Евроатлантскиот совет (EAPS) наместо дотогашниот Севенратлантски совет за соработка ( NACC).

На Мадридскиот Самит одржан во јули 1997. година донесени се важни одлуки со цел засилување на мирот и стабилноста во евроатланскиот регион, исто така беа поканети Чешка Република, Унгарија и Полска да започнат преговори со НАТО. Есента истата година НАТО започна преговори со секоја од поканетите земји, протоколите за

---

[74] НАТО Прирачник, 2001 Office of Information and Press, NATO - 1110 Brusseles - Belgium, стр. .62.

прием беа потпишани во декември истата година. По ратификацијата на овие протоколи од страна на сите сојузници како и од страна на новите членки, трите земји и формално беа приклучени кон Алијансата во март 1999.година.

На Самитот во Вашингтон одржан во април 1999. година лидерите сега веќе на 19 земји членки, усвоија нов стратегиски концепт според кој ќе се раководи Алијансата во наредниот век. Покрај тоа усвоен е и Акциониот план за членство (АПЧ) со цел да ги реафирмираат принципите од Мадритскиот Самит и да го унапредуваат процесот на проширувањето.

Со Акциониот план за прием на земјите кандидати им се нудат конкретни информации и совети од НАТО во врска со нивните подготовки насочени кон достигнувањето на идното членство. Планот нуди голем број активности со цел да се зајакне кандидатурата на сите заинтересирани земји.

Во првата деценија по студената војна, покрај наведените Самити, НАТО усвои и два нови стратегиски концепти, на римскиот самит и на самитот во Вашингтон. Со овие стратегиски концепти направени се значителни промени во политиката, стартегијата и задачите на НАТО на подрачјето на европската и меѓународната безбедност.

На римскиот самит на НАТО, кој е одржан во ноември 1991 година, усвоен е "*Новиот стратегиски концепт*" (New Strategic Concept). Усвојувањето на концептот беше во многу сложени геостратегиски услови, односно непосредно по завршувањето на студената војна и распадот на Варшавскиот Договор, а бившите членки покажуваа видни знаци на нестабилност, СССР веќе беше во процес на дезинтеграција со неизвесен крај, распадот на СФРЈ проследен со вооружени судири. Во такви услови стручњаците на НАТО процениле дека повеќе не постои непосредна опасност од избувнување на голема војна во Европа, но се појавија други безбедносни предизвици кои го загрозуваат мирот и

безбедноста во Европа и нејзиното окружување. Таквите околности лидерите на НАТО ги имаа предвид при разработката и усвојувањето на новиот концепт, со посебен осврт на идната улога на НАТО во *управување со кризи* и *контрола на судири.*

Со усвојувањето на Новиот стратегиски концепт направени се крупни промени во стратегијата за колективна безбедност и во воената стратегија и доктрина на НАТО. Имено, според новиот концепт, обврските на НАТО се проширени во насока тој да се грижи за обезбедување на мирот и стабилноста во цела и безбедна Европа[18], односно во согласнот со тоа да може да дејствува и надвор од своите граници кога ќе процени дека е тоа неопходно за мирот и безбедноста во Европа. Оттука, прифатено беше стојалиштето на западните влијателни фактори дека НАТО со својата воена моќ е само еден од столбовите[*] во структурата на европската безбедносна архитектура, кој треба да се зајакнува и зацврстува.

Со истиот концепт се предвидуваше значително намалување на нуклеарното вооружување и големи промени во Здружените сили на НАТО, вклучувајќи битна редукција на нивната големина; подобрување на нивната мобилност, флексибилност и адаптибилност на различни контингенти; зголемена уптреба на мултинационалните формации; формирање Корпус на сили за брза реакција ( Rapid Reaction Corps – RRC) како би можеле да одговорат на широкиот опсег на "контиџенси ситуации" (брзо реагирање на ненадејни, предвидени и непредвидени ситуации), управување со кризи и во случај ако затреба да го одбранат Сојузот од евентуална надворешна агресија[19], и адаптација на одбранбеното планирање и важечките процедури.

На смитот во Вашингтон, одржан во април 1999 година беше усвоен новиот "Стратегиски цонцепт" во безбедноснаиот аспецт доминираше.

---

[18] Др. Тодор Мирковиќ, *Стратегије и ратне доктрине суперсила и блокова*, ВИЗ, Београд, 2003, стр. 255.

[*] Другите столбови во тоа време беа: Советот на Европа, КЕБС, Европската заедница и Советот за евроатлантска соработка.

[19] *The Alliance's Strategic Concept*, NATO Handbook, Brussels, 1995, pp.235-248.

Сепак покрај нагласен е поширок пристап кон безбеднмоста од оној во кооj доминира класичната воена компонента, меѓународната безбедност се дефинира како комплексен процескоj освен воената компонента ги содржи политичкат, економската, културната, религиската, етичката. еколошката и други невоени компоненти. Овој документ ја претставува новата улога на НАТО во европската безбедност и обезбедува работна рамка за воените планери на Алијансата. Новиот концепт е присапособен на промените во евроатлантската безбедносна околина, а ги опфаќа следните клучни елементи[20]:

- зачувуивање на трансатлантските врски;
- одржување на силите на НАТО во состојба да го одвратат евентуалниот противник од напад, да обезбедат успешна колективна одбрана и да одговорат на кризи и локални судири;
- способност за спречување на судири и управување со кризи во и надвор од географката зона на НАТО;
- зајакнување на партнерството, соработклата и дијалогот;
- ширење на НАТО на Исток со прием на нови членки.

Натамошната изградба на силите и нивната соработка со вооружените сили на партнерските држави е насочена кон нивно оспособување за ангажирање во кризи и спречување на локални и регионални судири, т.е. учество во мировни операции и операции за наметнување на мирот.

Смитот во Прага се одржа под светлина на терористичките напади во САД и е значаен за натмошниот развој на НАТО.

На Самитот во Прага, одржан во ноември 2002 година, главни теми за кои се расправаше беа следните:

- трансформација на Алијансата преку приемот на нови членки;
- воспоставување на нови капацитети и

---

[20] Славевски С., Националната безбедност на Република Македонија и евроатланските интеграции, Диги принт - Скопје, 2003, стр. 68.

- продлабочување на односите со партнерите.

Во однос на приемот на нови членки, поканети се седум земји да ги започнат преговорите за приклучување во Алијансата, иститe се примени во Алијансата во мај 2004. година. За сите они аспиранти кои не беа поканети на овој Самит вратите на Алијансата и понатаму остануваат отворени.

Битна новина во Декларацијата од Прага е фактот дека тероризмот се дефинира како сериозна закана на населението на Алијансата, нејзините сили и територија, како и на целокупната меѓународна безбедност. Освеб тероризмот, пролиферацијата на оружјето за масовно уништување И развојот на средствата за нивен трансфер и кибер нападите се дефинирани како растечки предизвици за безбедноста во иднина. НАТО е решен да се спротивсатави на таквите закани, а за ефективна борба против таквите загрозувања, особено против тероризмот, назначена е потребата од мултелетерални и сеопфатни заеднички акции[21]. Поради тоа донесени се следноите одлуки:

- содавање на НАТО сили за брза реакција (NATO Respons Force - NRF) кои би се состоеле од копнени, поморски и воздухолпловни сили, опремени со технолошки софистицирана опрема, лесно подвижни, флексибилни и интероперативни. Нивна потполна оперативна готовност се планира да биде до октомври 2006 година. Овие сили треба да бидат компатибилни со силите на ЕУ и меѓусебно да се зајакнуваат, задржувајќи ја автономијата на обете организации;
- согласно на реформите на капацитетите и новите мисии на НАТО, воспоставување на нова командна струкура која ќе одговори на оперативните потреби на Алијансата;
- подобрување на своите капацитетии зголемување на компатибилноста на силите на членките на Сојузот. Тоа се однесува на подобрување на националните воени сили и поголема соработка во борбата против нуклеарното, хемиското, биолошкото и друго оружје за

[21] Grupa autora, Medjunarodni odnosi, Fakultet političkih znanosti sveučilišta u Zagrebu, Zagreb, 2003, str. 161-163

масовно уништување, како и соработка на полето на разузнавањето и логистиката со цел да се спречување или борба против тие предизвици за безбедноста;

- одобрен е договорениот воен концепт за одбрана од тероризмот. Нагласена е потребата од за подобрување на капацитетите за заштита на цивилното население од хемиските, биолошките и радиолошките агенси;
- иницирана е изработка на НАТО студија за детектирање на можен напад на населението, силите и територијата на членките на Сојузот со нуклеарни ракети;
- зајакнување на капацитетие за одбрана од "кибер напади".

НАТО останува фокусирана врз воената безбедност, но и од друга страна ја прошири својата улога од чисто одбранбен сојуз, во организација која ќе се бави со решавање на кризни ситуации и поддршка на мировните процеси. Примери во Босна" Наменски сили" Имплементирачки сили" (IFOR) и " Стабилизациони сили"(SFOR).

Во последната деценија својот развој, во алијансата се создаваат институции и иницијативи кои помагаат и ја олеснуваат работата помеѓу членките и аспирантите за членство во Алијансата, како нови институции се Евроатланскиот партнерски совет и Партнерството за мир[22].

***Евроатлантскиот партнерски совет (ЕАПС)***

Евроатлантскиот партнерски совет (ЕАПС) беше формиран во 1997 година како наследник на Северноатлантскиот партнерски совет за соработка. Тој поврзува 19 сојузници и 27 партнери во форум што обезбедува редовни консултации и соработка, Тој се состанува периодично на ниво на амбасадори, министри за надворешни работи и одбрана.

Активностите во рамките на Евроатлантскиот партнерски совет ги надополнуваат програмите на Партнерството за мир. Тие се

---

[22] Пошироко види кај Митревска М., Цивилна одбрана, Македонска ризница, Куманово, 2004, стр. 107 -112.

засновуваат на двегодишен акционен план којшто се заснова на консултации и соработка по низа политички и безбедносни прашања, вклучувајќи ги и регионалните прашања, контролата на вооружувањето, меѓународниот тероризам, мировните операции, одбранбените економски прашања, планирање на вонредни состојби од невоен карактер и научни и еколошки прашања.

Важно постигнување на ЕАПС е воспоставувањето на Евроатлантски координативен центар за реакција при елементарни непогоди (EADRCC) во седиштето на НАТО по предлог на Руската Федерација. Центарот беше инаугуриран во јуни 1998 година и веднаш беше повикан да му помогне на Високиот комесаријат на ОН за бегалци во неговите напори за обезбедување на помош за бегалци во Албанија кои доаѓаа од Косово.

**Партнерство за мир**

Партнерството за мир е една од поголемите иницијативи на НАТО. Таа официјално е иницирана во јануари 1994 година на Бриселскиот самит на Северноатлантскиот совет.

Основната цел на "Партнерството" е да ја зајакне стабилноста и безбедноста во цела Европа.

Во иницијативата "Партнерство за мир" партиципираат сите земји членки на Северноатлантскиот совет за соработка и други држави кои сакаат да го дадат својот придонес кон програмата.

Програмата на "Партнерство за мир" се фокусира на соработка во одбраната, дијалог и соработка, со цел да создаде севистинско партнерство меѓу секоја од земјитепартнери и НАТО. Имено, Програмата стана главна одлика на европската безбедносна архитектура која помага во ширењето на политичката и воената соработка низ цела Европа. Исто така, со оваа програма се зголемува стабилноста, се намалуваат заканите по мирот и се градат зајакнати безбедносни односи засновани врз практичната соработка и залагање за демократските принципи, што е, всушност, и основата на Алијансата.

Сите земји членки на "Партнерството за мир" се членки и на Северoатлантскиот партнерски совет, кој ја обезбедува општата рамка за соработка меѓу НАТО и земјите партнери

***Цели***

Рамковниот документ на иницијативата "Партнерство за мир" (ПзМ) опфаќа специфични активности коишто треба да ги исполнат членките во соработка со НАТО заради остварување на задачите на Програмата во целост. Тие се :

- да се обезбеди транспарентност при планирањето на националната одбрана и обработката на буџетот;
- да се обезбеди демократска контрола над безбедносните сили- да се одржи способноста и готовноста за учество во операции кои се под раководство на Обединетите нации и/ или се во надлежност на ОБСЕ;
- да се развие воена соработка со НАТО заради заедничко планирање, обука и вежби, со цел да се зајакне подготвеноста на ПзМ земјите да учествуваат во мировни мисии, мисии на пронаоѓање и спасување, хуманитарни операции и други активности кои би можеле да бидат договорени;
- да се развијат, на долготрајна основа, сили кои ќе можат подобро да дејствуваат заедно со членките на Северноатлантската алијанса.

Исто така, секоја земја која сака да му се приклучи на ПзМ се поканува прво да го потпише Рамковниот документ. Имено, тој ги содржи целите и основните принципи врз кои е основано ПзМ. Со чинот на потпишување, земјите се залагаат за зачувување на демократското општество и одржување на принципите на меѓународното право.

***Области на соработка***

Соработката во рамките на ПзМ покрива широк спектар на можности, како во воената сфера така и во пошироките рамки на одбраната која не е стриктно врзана за војската. Областите на соработка се следниве:

- прашања во врска со воздушната одбрана

- менаџмент/ контрола на воздушниот простор
- консултација, команда и контрола, вклучувајќи ги и комуникациските и информативните системи, системите за навигација и идентификација
- планирање на вонредни состојби од невоен карактер
- кризен менаџмент
- демократска контрола на силите и структура на одбраната
- планирање на одбраната и буџетот
- програми за планирање, организација и менаџмент на програмите за набавка за потребите на националната одбрана и мечународна соработка на полето на вооружувањето
- одбранбена политика и стратегија
- планирање, организација и менаџмент на истражувањата и технологијата на националната одбрана
- воена географија
- глобална хуманитарна акција против мините
- обука по странски јазици
- логистика на потрошувачот
- медицински услуги
- воена инфраструктура
- НХБ одбрана и заштита
- концептуални, планирачки и оперативни аспекти на мировните операции
- воени вежби и обука
- воено образование, обука и доктрина.

Активностите околу планирањето на вонредните состојби од невоен карактер во рамките на Партнерството за мир се спроведуваат врз основа на плановите кои партнерите ги развиваат и договараат со поддршка на НАТО и партнерите.

Планирањето на вонредните состојби од невоен карактер продолжува да биде најголемата невоена програма на соработка и вклучува семинари, работилници, вежби , курсеви за обука и размена на информации. Имено, сите партнери се инволвирани со различни нивоа на

локалните, регионалните и националните власти, како и со невладините организации.

Во исто време голем број други меѓународни организации, исто така учествуваат во активностите на планирање на вонредни состојби од невоен карактер. Тие ги вклучуваат Советот на Европа, Европската унија, Меѓународната агенција за атомска енергија, Меѓународна федерација на Црвениот крст и Црвената месечина, Меѓународниот комитет на Црвениот крст, Канцеларијата на ООН за координација на хуманитарните прашања, Организацијата на Обединетите нации за образование, наука и култура (UNESCO) и Високиот комесеријат на ОН за бегалци (UNHCR).

Подготвеноста за непогоди и заштитата на населението се заедничките елементи на голем број активности за планирање вонредни состојби од невоен карактер во рамките на ПзМ. Активностите се преземаат во случај на: природни непогоди (поплави, лавини, земјотреси), хемиски и нуклеарни несреќи и транспорт на опасни стоки. Повеќе од овие активности се во координација и соработка со Канцеларијата на ОН за координација на хуманитарните прашања и нејзиниот проект за употреба на воени и цивилни одбранбени ресурси за помош при непогоди.

Со цел да се подобри и конкретизира соработката за помош при непогоди се развија планови за Евроатлантски капацитет за реакција при непогоди, обединувајќи ги Евроатланскиот координативен центар за реакција при елементарни непогоди и Евроатлатската единица за реакција при елементарни непогоди. Тој одигра непроценлива улога за време на поплавите во Украина и земјотресите во Турција и Грција. Исто така, значително придонесе и за операциите за помош на UNHCR во Албанија и Република Македонија околу координацијата на хуманитарната поддршка за време на Косовската криза.

Евроатланскиот капацитет за реакција при непогоди ќе претставува ресурс кој ќе ги опфаќа средствата и ресурсите кои земјите би можеле да ги стават на располагање кога се бара помош од страна на земја погодена од елементарна непогода. Нејзиното формирање значително ќе помогне во развојот на брза и флексибилна помош.

## 3.1. ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАТО

Денешната организациона поставеност на НАТО датира уште од времето на неговото формирање и се состои од следниве основни елементи;

1. Северноатлантскиот совет;
2. Комитетот за одбранбено планирање;
3. Група за нуклеарно планирање;
4. Воениот комитет;
5. Други комитети;
6. Генерален секретар и меѓународен персонал;
7. Меѓународен воен персонал;
8. Здружени команди.[76]

Оттука, оваа организациона поставеност се дели на два дела, на цивилен и на воен состав.




слика 1. Цивилната и воената структура на НАТО[77]

[76] Исто, 59.
[77] Исто, стр. 583.

**1. Цивилниот состав на НАТО** го сочинуваат;

- Северноатлантскиот совет;
- Комитетот за одбранбено планирање;
- Други комитети на НАТО;
- Генерален секретар и меѓународен персонал.[78]

За координација на задачите и националните планови за организација на цивилната одбрана во земјите членки на НАТО, при врховните комитети се создадени специјални комитети за цивилна одбрана. Исто така, тие ја планираат и цивилната помош во критични ситуации за земјите членки на НАТО. Тоа се;

1. Комитетот за заштита на цивилното население;
2. Комитетот за континентален транспорт;
3. Комитетот за врски;
4. Комитетот за снабдување со неопходни материјали.

Овие комитети ја проучуваат, ја анализираат и ја планираат цивилната одбрана на ниво на НАТО, односно во меѓународни размери. Планираат посебни мерки, како на пр. помош за евакуација, помош за спасување и сл.

Потврда за заедничка соработка на полето на цивилната одбрана меѓу земјите членки на НАТО е изградбата на интегрираниот европски радиолокаторски систем за воздушна одбрана Нејџ (NADGE).

Нејџ е составен од 85 радарски и радиолокаторски станици што водат од Северна Норвешка, преку Данска, Холандија, Германија, Белгија, Франција, Италија и Грција, се до јужниот дел на Турција.

Во рамките на меѓународниот персонал значајно место има и Дирекцијата за планирање на цивилната поддршка, која е надлежна за;

- координација и давање насоки за планските цели на брзата транзиција на мирновременското стопанство на земјите членки, како потпора во случај на потреба;

---

[78] Исто, 60.

- развој и организација на користењето на цивилните ресурси за поддршка на одбраната на Алијансата и за заштита на цивилното население;
- обезбедување кадровска поддршка на Високиот комитет за планирање на цивилната поддршка и одборите за цивилна поддршка одговорни за развој на управувањето со кризни состојби во областа на цивилната сфера на морскиот, копнениот и воздушниот транспорт, енергијата, индустријата, храната и земјоделството, цивилните комуникации, медицината и цивилната одбрана.

**2. Воениот состав на НАТО** го сочинуваат;

1. Воениот комитет;
2. Меѓународниот воен персонал;
3. Здружените команди.[79]




Слика 2. Воена структура на НАТО[80]

[79] Исто, стр. 70.
[80] Исто, стр. 588.

Идната структура на НАТО, која се однесува на тековниот развој во НАТО и во соработката со европските институции, ги има следниве димензии:

1. Развој на стратешки концепт, кој истовремено може да претставува водач во случај на конфликти;
2. Усогласување на внатрешните промени во Алијансата со институционалните барања на стратешкиот и политичкиот развој.
3. Изградба на институционална структура во чиј центар ќе биде Алијансата.

## 3.2. ФУНКЦИЈА НА НАТО

Во изградбата на новата безбедносна архитектура на Европа се наметнува прашањето за функцијата на НАТО. Неговата функција произлегува од стратегискиот концепт, според кој за вистинско подобрување на безбедноста на членките на НАТО ќе обезбеди:

- повеќе да нема соочување со старата закана од масовен напад;
- одржување, пред се на стратегиски баланс и готовност за соочување со секој вид ризик на безбедноста што може да доведе до нестабилност или заостреност на односите;
- одржување на основната трансатлантска линија како демонстрација на значајно присуство на северноатлантските сили во Европа, потпирајќи се на нејзината трајна вредност;
- целосна реализација на отворениот пристап кон стабилноста и безбедноста, опфаќајќи ги политичките, економските, социјалните аспекти и аспектите на околината значајни за одбраната;

- политиката на безбедност да се темели на три заемни елементи; дијалог, соработка и одржување на колективната одбранбена способност.[81]

Исто така, европскиот безбедносен идентитет и улогата на одбраната имаат влијание врз идното засилување на Алијансата, а ќе се остварува со;

- засилување на интегритетот и ефикасноста;
- зголемување на улогата и одговорноста на Европските членки на Алијансата;
- засилување на основната трансатлантска линија како гаранција на Алијансата за целосно одржување на стратегиско единство и индивидуалност во безбедноста на сите членки на НАТО.[82]

Сето ова доведе до обострано сознание за потребата од засилување на врските и консултациите меѓу Европската унија и НАТО, со што ќе се настојува сојузниците што тековно не учествуваат во развојот на европскиот идентитет, во одбраната, политиката и безбедноста, да бидат соодветно вклучени во донесувањето одлуки што можат да имаат директно влијание врз нивната безбедност. Оттука, нивната меѓусебна соработка може позитивно да влијае врз успешното градење на новиот европски безбедносен идентитет.

Исто така, од голема важност се и соработката и консултациите на НАТО со земјите од Централна и Источна Европа. Тие се насочени кон безбедноста и кон прашањата по кои Алијансата може да ги понуди своите искуства и знаења, какви што се планирањето на одбраната, демократскиот концепт на цивилновоените односи, цивилновоената соработка во управувањето со воздушниот сообраќај и преориентацијата на производството од воеиндустриски комплекс кон производство за цивилни потреби.

Набљудувано од овој контекст, не помало значење има и меѓусебната соработка на НАТО со Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ). Оваа соработка, според аналитичарите,

---

81 А. Стаменковски, *НАТО и одбраната...*, 34.
82 Исто, 35.

претставува компонента за безбедносната архитектура на Европа. ОБСЕ, како форум за заеднички систем, ги почитува човековите права, слободи, демократијата, безбедноста, економската соработка итн. Во тој поглед, НАТО и неговите членки, во рамките на развивањето на меѓусебната соработка и дејствување, ги интензивира напорите за зголемување на улогата на ОБСЕ во изградбата на новата Европа. Оттука, членките на НАТО активно ја поддржуваат институцуионализацијата на ОБСЕ, притоа изразувајќи ја нивната подготвеност за поддршка на мировните активности што треба да се спроведат од страна на ОБСЕ, имајќи ја предвид нивната постапка и користењето на расположивите ресурси и знаења на НАТО.

Гледано од суштински аспект, новиот стратегиски концепт на НАТО ја истакнува улогата на дијалогот и соработката во Европа, што служи како средство за отстранување на кризите и спречување на конфликтите. Од друга страна, пак, во иста насока е и подготвеноста на Алијансата за поддршка на мировните активности преземени од страна на ОБСЕ и од Советот за безбедност на Обединетите нации. Значи, сето ова упатува на потребата од постоење на една координирана и синхронизирана активност помеѓу НАТО, ОБСЕ и ООН (на пр. во случај на хуманитарните активности).

Во однос на учеството на мировните активности, со користење колекивни средства или со индивидуалниот придонес на земјите членки, НАТО утврдува специфични мерки на подрачјето на командувањето и контролата, логистичката поддршка, инфраструктурата, обучувањето и вежбите, со цел да се овозможат услови за остварување на овие активности.

Исто така, НАТО настојува да влијае да се спречат регионалните тензии, конфликти и етнички судири, да даде сестрана поддршка на ОБСЕ во напорите за отстранување на конфликтите, решавање на споровите по мирен пат и др. За да може да ги оствари овие активности, за да ги направи поуспешни резултатите од мировните активности и за да ја засили својата улога, НАТО врши согледување на неопходните политички и воени мерки и постапки што треба да бидат адаптирани за нивна примена во овие

услови. Оттука, мировните активности се дел и од задачите на програмата Партнерство за мир. Тие се спроведуваат преку заедничко планирање и здружени воени вежби, како и со нивното оспособување за заедно учество со силите на НАТО во операциите од аспект на цивилната одбрана, и тоа; барање на настрадани, спасување и хуманитарни активности.

## 3.3. ВООРУЖЕНИ СИЛИ НА НАТО

Имајќи предвид дека НАТО е воено-политичка организација, за остварување на воената компонента, односно одбрана на земјите членки на НАТО од агресија и зачувување на светскиот мир, алијансата има организирано свои вооружени сили кои се составени од делови од вооружените сили на земјите членки.

Од своето формирање и низ својот развој НАТО ја прилагодуваше својата воено-политичка структура, а со тоа своите вооружени сили, во зависност од ситуацјата во меѓународната заедница. На развојот на Вооружените сили на НАТО најмногу влијаеле:

- општата меѓународна ситуација;
- формирањето и долгогодишното конфроинтирање со Варшавскиот Договор;
- постојаната тенденција на ширење и приемот на нови членки ;
- односите помеѓу земјите членки на НАТО;
- економските, демографските, технолошко-техничките и другите ресурси и нивните потенцијали .

Во согласност со горенаведените фактори одело и дефинирањето на составот, структурата, намената, задачите и начинот на ангажирањето на вооружените сили, а сето тоа во согласност со стратегијата и доктреината на НАТО. По завршувањето на "Студената војна", НАТО се наметна како единствена организација која може да го обезбеди и гарантира мирот во рамките на меѓународната заедница, што влијаеше и на организацијата на неговите вооружените сисли (ВС).

Вооружените сили на НАТО составени се од три дела (слика 3):

а) сили за реакција (брзо и непосредно- итно - моментно);

б) главни одбранбени сили;




Слика 3.

*Силите за реакција* се високо мобилни копнени, воздухопловни и поморски сили, на висок степен на борбена готовност и подготвеност за реагирање и на располагање по итен повик за ран воен одговор на криза. Тие се составени од:

- сили за итна (моментна) и
- сили за брза реакција.

*Главните одбранбени сили* вклучуваат активни и резервни копнени, воздухопловни и поморски делови, способни да одвратат и да одбранат од агресија. Овие сили ги опфаќаат националните и мултинационалните формации со различно ниво на борбена готовност, вклучувајќи го највисокото ниво за управување со кризи. Формирани се во четири корпуси

- данско-германски,
- холандско-германски и
- два американско-германски,

и Еврокорпус кој беше зачеток на силите на ЗЕУ.

## 3.4. ЗЕУ/ЕУ - ЕВРОПСКА ВОЕНО-ПОЛИТИЧКА ДИМЕНЗИЈА

Почетокот на организирано и институционално создавање на системот на европска безбедност датира од март 1948 година, кога во Брисел бил потпиешан т.н. Бриселски[74] договор од страна на Велика Британија, Франција, Белгија, Холандија и Луксембург, а Западноевропската Унија е создадена 1954 година од страна на Франција, Велика

[74] Изворниот Бриселски договор е со целосен назив "Договор за економска, социјална и културна соработка и за колективна самоодбрана", што беше еден од првите чекори кон изградба на обединета Европа.

Британија, трите земји на Бенелукс, СР Германија и Италија со потпишување на т.н. модифициран Бриселски договор од 1948 година[75]
Во преамбулата на овој договор се говори за потребата од повторно потврдување на основните човекови права и други начела на ООН, зачувување на демократските начела, јакнењето на економските, социјалните и културни врски, како и за колективна самоодбрана. Според модифицираниот Бриселски договор беше конституирано собрание на ЗЕУ на кое се води демократска расправа за безбедносни прашања на европско ниво. Од друга страна, Советот на ЗЕУ се здоби со моќ за одлучување што не беше случај со договорот од 1948 година. Сепак во своето 30-годишно постоење, ЗЕУ имаше неколку обиди за редефинирање на компетенцијата на ЗЕУ, вистинските чекори во таа насока беа направени во 1984 година на состанокот во Рим. Целта на Римската декларација беше да се дефинира европскиот одбранбен идентитет, потоа сообразувањето на одбранбените политики на државите членки, институционалната реформа на организацијата и утврдувањето на политичките цели. На состанокот во Рим државите членки се согласија дека ќе се обидат да ги усогласат своите погледи во однос на одбранбени прашања, надзорот врз оружјето и разоружувањето, во однос на влијанието на развојот на односите меѓу Исток и Запад врз безбедноста на Европа и европскиот придонес во јакнењето на НАТО, со посебен нагласок на трансатлантските односи.

Со оживувањето на ЗЕУ во 1984 година, создадено е активно советодавно тело за безбедносни прашања на Европејците. За разлика од НАТО, ЗЕУ не можеше да преземе оперативни задачи бидејќи за тоа немаше соодветна одбранбена структура, која, всушност, и не беше предвидена со модифицираниот Бриселски договор. Имено, оперативни (изведбени) аспекти на одбраната јасно беа пренесени на НАТО, додека ЗЕУ дејствуваше како советодавно тело во функција на обезбедување на

---

[75] Види пошироко кај Grizold A., Medjunarodna sigurnost, teorisko-institucionalni okvir, Fakultet političkih znanosti u Zagrebu, Zagreb, 1995.

понагласена улога во заземање ставови по однос на важни прашања на безбедносната политика.

Важна фаза во развојот на ЗЕУ претставува потпишувањето на Платформа за европски безбедносни интереси во 1987 година во Хаг и учеството на државите членки во Заливската војна.

Платформата ги нагласуваше безбедносните димензии на европската интеграција во таа смисла што изградбата на обединета Европа би била, нецелосна доколку не се вклучи безбедноста и одбраната. Беше изразено уверувањето дека обединета Европа многу повеќе ќе придонесе за атлантското сојузништво и воопшто за безбедноста на целокупниот Запад преку јакнењето на европскиот столб на сојузништвото.

Западна Европа во текот на 1987 година за првпат, заеднички ја прифати одговорноста за заштита на интересите, т.н. "оут-оф-ареа"[76].

Имено, за време на Ирачко - иранската војна, во заедничка воена операција на ЗЕУ директно учествуваа и поморските сили на Франција, Велика Британија, Италија и Белгија, но во акцијата за обезбедување на слободна пловидба на бродовите во меѓународните води преку отстранувањето на морските мини.

На тој начин државите членки на ЗЕУ останаа неутрални во оваа војна, додека САД овој ангажман го сфатија како израз на европската солидарност кон САД во поделбата на финансискиот и военот товар.

Треба да се има предвид дека членките на ЗЕУ не беа под команда на организацијата, иако често се говореше како за сили на ЗЕУ. ЗЕУ беше само форум во кој се координираа националните активности на државите членки. Но со таа прва операција Европејците се уверија во својата способност за заедничка акција во контекст на одбраната на пошироките европски интереси.

---

[76] Изразот out - of- area, значи надвор од подрачјето и со него се обележува дејствувањето на организацијата надвор од непосредна та територија на државите членки

Во истиот регион ЗЕУ се ангажираше и по вторпат за време на агресијата на Ирак врз Кувајат (1990 -1991). Но, за разлика од првото учество, улогата на западните држави веќе не беше неутралана туку беше насочена против држава што го кршеше меѓународното право. ЗЕУ во регионот на конфликтот испрати воени бродови и непосредно учествуваше во операцијата вПустинска луњаг. По престанувањето на непријателствата учествуваа и во хуманитарни акции за помош на курдски бегалци на север од Ирак.

Пресвртен момент во дејствувањето на ЗЕУ претставува Договорот за Европска унија потпишан во Мастрихт 1991 година, со кој ЗЕУ станува интегрален дел од развојот на Европската унија. Во првата Мастрихшка декларација под име "Улога на ЗЕУ и односите со ЕУ и Атлантскиот сојуз", државите членки изјавија дека постепено ќе се развиваат како одбранбена компонента на ЕУ во согласност со потребата за развој на изворниот европски безбедносен и одбранбен идентитет и поголема европска улога во одбранбените прашања.

Државите членки одлучија да ја зголемат улогата на ЗЕУ заради долгорочната перспектива на заедничката одбранбена политика во рамките на ЕУ која со време би можела да доведе до заедничка одбрана, компатибилна со онаа на НАТО. Во втората *Мастрихшка декларација* се повикуваат членките на ЕУ да пристапат кон ЗЕУ, а европските членки на НАТО се повикани за придружно членство кон ЗЕУ.

Битен момент во развојот на ЗЕУ е прифаќањето на Петербургшката декларација од 1992 година е во која се потврдени натамошните насоки на идниот развој на Организацијата.

Во овој документ се потенцираат три главни насоки на развој, и тоа:

- оперативна поддршка на мерките на КЕБС/ОБСЕ во спречувањето на конфликтите, во решавањето на кризите и дејности за зачувување на мирот;

- зголемување на оператината улога на ЗЕУ во заедничката одбрана и

- во спроведувањето на други заеднички задачи (хуманитарни, спасувачки, зачувување и воспоставување на мирот и др.).

Во Кинсбершката и Нордвиската декларација од 1994 година беше потврдено политичкото и оперативното значење на одобреното начело според кое колективните средства и потенцијали на НАТО можат да бидат ставени на располагање за операциите на ЗЕУ. Беа определени услови за употреба на мултинационалната дивизија (составена од *белгиски, германски, норвешки и британски* војници) и на амфибиските сили структуирани од британски и норвешки состави во рамките на ЗЕУ. Исто така е донесен документ за придружен статус и за продлабочување на односите со некои држави од бившиот Источен блок[77].

Лисабонската декларација од 1995 година, Бирмингенската и Остендеската од 1996 година и другите, главно ги содржеа определбите за создавње нови механизми и структури на одлучување, какви што се: политичко - воена група за поткрепа на Советот, Ситуационен центар и Разузнавчки оддел во рамките на Одделот за планирање и др. Се изведуваа првите вежбовни активности со Еврокорпусот, се организираа копнени и поморски сили како формации одговорни на ЗЕУ со можност за употреба во рамките на НАТО.

Со еден збор, се создаваат организациско - функционални претпоставки за натамошно јакнење и за развој на европскиот безбедносен и одбранбен идентитет и јакнење на европските воени потенцијали. Се прават напори за потесно дејствување меѓу ЕУ и ЗЕУ, како и меѓу НАТО и ЗЕУ во развојот на концептот на заеднички здружени наменски сили.

Особено беше нагласувана потребата од соработка на подрачјето на вооружувањето како важен дел од европскиот безбедносен идентитет и тоа со создавање на Европска агенција за вооружување. Се препорачуваа почести контакти со Русија и Украина и со други земји од бившиот реалсоцијалиастички лагер во доменот на хуманитарните активности во светот. Во однос на ОБСЕ се поддржуваше регионален пристап и иницијативи за европска стабилност и безбедност.

---

[77] Бугарија, Естаноји, Унгарија, Литва, Латвија, Полска, Романија и Словачка.

Основата на структурата на ЗЕУ ја сочинуваа:

а) меѓувладина структура, која ја сочинуваа: Советот на ЗЕУ, Министерскиот совет, Постојаниот совет, Работни групи и
б) собранието на ЗЕУ.

За развој на европскиот безбедносен и одбранбен идентитет не е доволно само да се изгради определена институционална рамка со јасни начела и правила за одлучување и поделба на товарот. Тој развој во многу елементи зависи и од изградените чувства за поврзаност, заеднички корени и заедничка судбина.

Европскиот безбедносен идентитет мора да биде базиран врз заеднички интереси и вредности, треба да постои неподелена оценка за главните закани и предизвици на европската безбедност, а исто така мора да постојат единствени приоритети заради отстранување на тие опасности.

На патот кон создавање на вистински и реално остварлив безбедносен идентитет на стариот континент, стоеја редица пречки, почнувајќи од тоа дека државите тешко се одрекуваат од својата сувереност на подрачјето на безбедноста и одбраната, па сé до тешкотиите во постигнувањето на единствена оценка за заканата и расчистување на улогата на ЕУ, ЗЕУ и НАТО по прашањата за безбедноста.

Сепак, патот е трасиран во насока на создавање јасна европска одбранбена политика што би ја следела заедничка европска одбрана, вклучувајќи го и единството во командувањето, надзорот врз вооружените сили како оперативни аспекти врзани за нивното структуирање и одмерување на потенцијалите.

На политичко ниво, улогата на ЗЕУ беше во расчленување на опасностите кои се закануваат на европската безбедност и воспоставување на соодветни безбедносни механизми и инструменти во соработка со ЕУ и НАТО. Освен тоа, улогата на ЗЕУ беше и во јакнењето на оперативната способност и развивањето на воениот аспект на европската безбедност преку вежбовни воени активности, интероперативност на европските вооружени сили, развојот на европската разузнавачка служба и др. Затоа беше предвидено постапно, во повеќе фази да се засили улогата на ЗЕУ со долгорочна перспектива за заедничка одбранбена политика во рамките на

ЕУ што ќе ја води до заедничка одбрана компатибилна со онаа на НАТО. Во таа насока, во 1997 година, шест земји членки на ЕУ, ја претставија програмата (замислата) за постапна интеграција на ЗЕУ во ЕУ и тоа во три фази.

*Првата фаза* би почнала со донесување на дополнувања на Договорот за ЕУ со цел ЗЕУ да се оспособи да може да одговори на барањата на ЕУ, а Министерскиот совет на ЕУ политички би ги следел активностите на ЗЕУ.

*Во втората фаза* на вклучувањето на ЗЕУ во ЕУ, ЗЕУ и натаму би останала надлежна за воените акции на ЕУ во решавањето на кризи. Меѓутоа и во тој случај за нивни почеток, окончување и надзор би одлучувала ЕУ. Во оваа фаза Секретаријатот на ЗЕУ би преминал во рамките на Секретаријатот на Министерскиот совет на ЕУ каде би се планирале активностите на ЗЕУ. Со тоа би се овозможила потесна соработка на ЕУ и НАТО бидејќи членките на ЗЕУ главно се и членки на Алијансата.

*За третата фаза* најкарактеристично би било тоа што сите досегашни надлежности на органите на ЗЕУ би се пренесле на ЕУ, со што меѓусебната помош за остварување на безбедноста, за која се говори во модифицираниот Бриселски договор би се пренела во Договорот за ЕУ.

Сите поважни активности на ЗЕУ во доменот на одбраната завршени се во 2001 година. Во пракса останува само да делува Парламентарното собрание на ЗЕУ. Нејзината воена улога ја превземаа ЕУ и НАТО. Од 1 март 2000 година ЕУ формирала: Привремен политички и безбедносен комитет; Привремен воен комитет и Привремен воен штаб. Сите овие станаа постојани органи на Европската унија. Во случај на криза Воениот штаб на ЕУ формира Кризен акционен тим, а ги користи и услугите на Сателитскиот центар (на НАТО) за собирање на потребните информации. Воениот штаб на Европската унија станал оперативен во 2001 година, а беше предвидено силите на ЕУ, со јачина од околу 100 илјади војници, 400 авиони и 100 бродови, да бидат оперативни во 2003 година.

Европската унија посебно внимание посветува на својот ангажман во управување со кризи на подрачјето на нејзините надлежности, односно

нејзините интереси. За таа цел имаат и соодветна структура, која ја сочинуваат: Советот за општи работи; Комитет на постојани претставници; Комитет за цивилни аспекти во управувањето со кризи и Единица за политичко планирање и рано предупредување. Постојат и Европски безбедносни и разузнавачки сили, со јачина од 5000 добро вооружени полицајци, за извршување на "превентивни и репресивни" задачи во подршка на глобалните мисии за зачувување на мирот. Се планира овие сили да бидат зголемени на 15000 луѓе.

Предвидено е Европските сили да можат да извршуваат два вида на операции: (1) операции на ЕУ со користење на капацитетите на НАТО и (2) самостојни операции на ЕУ. Во извршување на задачите на силите на ЕУ можат да им се придружат и сили на други држави, кои би имале улога на надгледувачи, придружни членки или придружни партнери.

Исто така е предвидена, а во праксата секогаш и се остварува, поголема соработка со НАТО. За оваа цел, постојат четири заеднички "ад хок" групи: (1) за безбедносни прашања; (2) за воени способности; (3) за пристап на ЕУ до средствата на НАТО и (4) за дефинирање на траен договор за односите помеѓу ЕУ и НАТО.

Стратегијата на ЕУ соодветствува на стратегијата на НАТО и според неа основни задачи на силите на ЕУ се: учество во одбраната на членките на ЕУ и НАТО; спречување и загушење на на внатрешни судири во одредени европски земји, на нивен повик и со нивна согласност или без тоа; војни интервенции во кризни жаришта, односно спречување на вооружени судири помеѓу европските држави и одржување и воспоставување на мирот со употреба на сила ако судирот избувне; зашита на виталните интереси на западноевропските земији и важните упоришта и стратегиски точки надвор од Европа; изведување на воздухопловни и поморски блокади.[23]

ЗЕУ до 1995. година формираше свои вооружени сили: копнени - EUROFOR; поморски - EUROMARFOR и воздухопловни - EUROAIR GROUP.

---

[23] Вулетиќ Вулета, *Војна техника и војна доктрина*, ВИЗ, Београд, 2001, стр.104.

Во овие сили се вклучени единици на вооружените сили на Франција, Германија, Шпанија, Белгија и Италија. Еврокорпусот стана оперативен кон крајот на 1995. година. Еврокорпусот брои околу 52 000војници, а од средствата кои се вклучени има 880 тенкови, над 1300 оклопни транспортери, околу 300 артилериски орудија, околу 170 разни инжинериски машини и околу 80 оклопни средства со ракети за ПВО. Организацијата на вооружените сили на ЕУ прикажана е на слика 4.




Слика 4.

### 3.4.1. Односи на релација САД, НАТО и ЕУ

Актуелно е прашањето за односите помеѓу ЕУ, НАТО и сојузниците од Северна Америка (САД и Канада). Се јавуваат три гледишта: а) за самостојна Европа со своја одбрамбена структура; б) за примат на САД; и в) нешто помеѓу тие гледишта. За Соединетите Американски Држави најприфатливо е "Европскиот безбедносен и одбрамбен идентите да се остварува во рамките на НАТО, бидејќи тоа на

Американците им овозможува увид и контрола на европските одбрамбени потенцијали и акции.

НАТО и ЕУ формираат стратешко партнерство така да во зајакнувањето на мирот и стабилноста, може да се потпираат на своите комбинирани потенцијали. Области на заедничка соработка се: безбедноста, одбраната и менаџментот на кризи. Во 2001 и 2002 година оваа партнерство беше успешно демонстрирано во Република Македонија, каде, заедно се другите меѓународни организации, НАТО и ЕУ помогнаа да се спречи граѓанска војна. Исто така, во јужна Србија, нивната интервенција го спречи разгорувањето на конфликтот.

Сеуште треба да се изнајдат решенија, прифатливи за сите сојузници, во врска со учеството на земји кои не се членки на ЕУ во одбранбените прашања на Унијата, како и ефективни кооперативни аранжмани за да се избегне удвојувањето. Пример за тоа претставува таканаречниот "Берлин плус договор" кој всушност е пакет на документи/договори од областа на безбедноста (размена на разузнувачки информации меѓу НАТО и ЕУ, користење на Ц4 и системот на НАТО за потребите на мисија на ЕУ, транспарентност при одбранбеното планирање, планирањето сили и оперативното планирање и сл.) Ваквите аранжмани овозможуваат навремено преземање на Мисијата на НАТО во РМ "Сојузничка хармонија" од страна на Унијата. Истите би требало да овозможат ЕУ и НАТО да работат поблиску при менаџирањето кризи во и надвор од Европа.

# 4. ВОЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА РУСИЈА, КИНА И ИНДИЈА ВО ФУНКЦИЈА НА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА „МУЛТИПОЛАРНАТА„ СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ

## 4.1. Воената организација на Русија

Распадот на Варшавскиот Договор и бившиот СССР доведе до огромни промени на општествен, политички, економски и воен план, во бившите Советски републики, сега самостојни држави.

Меѓународното признание на Руската Федерација како наследничка на СССР значеше дека Русија ги презема: местото во Советот за безбедност при ОН, обврските од меѓународните договори (ограничување на вооружувањето и надзорот над тоа), трошковите за издржувње на големата воено-одбранбена структура, која постепено и со потешкотии се трансформира во насока со новата политика на руската национална безбедност.

За да ја согледаме улогата, организацијата и функцијата на вооружените сили (ВС) на Руската федерација накратко ќе направиме компарација помеѓу ВС на бившиот Советсиот Сојуз и на Руската Федерација

Руските вооружените сили, како едни од наследниците на моќната Советска Армија, денес се само бледа слика на она што некогаш претставуваше кошмар и закана за западните земји. Кризата во сите сегменти на руското пост-комунистичко општество најсилно се рефлектира врз националната гордост и препознатлив белег на Русија во светот. Иако се извршени повеќе реформски зафати во руската армија таа главно е организирана според советскиот модел, модел во кој се дава многу мала слобода на дејствување и влијание на неофицерскиот кадар. Оваа ситуација најдобро се согледува преку бројот на офицери во руската армија кој изнесува околу 43%[23]. Ова заедно со слабата обука и секојдневното ижживување врз војниците за кое јавуваат секојдневно како

---

[23] http//reference.allrefer.com/country-guide-study/russia194.html

странските така и руските медиуми придонесе за катастрофален пораз во Првата руско-чеченска војна од 1994-1996 година. Неприменување на нови тактики соодветни на променетите услови на војување, односно користење на тактики од Втората светска војна, придонесе за огромни како материјални така и човечки загуби. Во Втората руско-чеченска војна која почна во 1999 година и на која не и се гледа крајот иако поголемите воени операции се одамна завршени, промените во планирањето на операциите и користењето на разузнавачките информации, овозможи изведување на далеку попрецизни, флексибилни, ефикасни и пред се операции со помалку жртви за разлика од периодот 1994-1996. Иако ова е показател за напредок на руската воена мисла и реформите во армијата сепак таа е далеку од способна да изведува операции надвор од сопствениот простор, како што тоа го прави во моментов единствената супер сила на светот САД.

По распадот на СССР 1991. година, Русија стана независна држава под името Руска Федерација, а воедно и една од членките на Заедницата на независни држави (ЗНД). Заедницата на независни држави формирана е на 21. 12 1991. година во Алма-Ата каде, на состанокот на претседателите на бившите советски републики (без Прибалтичките републики и Грузија) потпишаа Декларација која во основа претставуваше Протокол за согласнност за формирање на ЗНД. Подоцна ЗНД ја напушти и Азербејџан.[87]

Вооружените сили на ЗНД биле организирани во: а) заеднички (обединети) сили на ЗНД и б) ВС на републиките.

Заедничките сили се состоеле од: а) стратегиски сили; б) сили за спречување конфликти на надворешните граници на ЗНД (мобилни сили и сили за брза реакција); и в) колективни мировни сили и набљудувачи.

Стратегиските сили ги сочинуваа: (1) ракетни единици за стратегиска намена; (2) нуклеарните потенциали на Воено воздухопловство (ВВ) и

---

[87] Божидар Форца, *Војна доктрина Руске Федерације и Републике Бугарске*, ЦВШ ВЈ/ИРВ, 1993, стр. 13

Воена морнарица (ВМ); (3) системот за рано откривање на нуклеарна опасност; (4) противракетна одбрана; и (5) дел од вселенскиот систем.

Претседателот на РФ на 18. 03. 1992. година потпиша Указ за формирање на ВС на Руската Федерација, подоцна тоа го направија и другите членки на ЗНД, што практично значеше дефинитивно распаѓање на бившата Советска армија.

Русија како најголема наследничка на бившиот СССР, превзема најголем дел од некогашните ВС кои од 1992. година почнаа да се трансформираат ва Руска армија.

Развојот на ВС на Руската Федерација се темелеше на координирани планови и програми кои ги утврдило руското раководство. Врз основа на тие планови реорганизацијата, реформите и модернизацијата на ВС се одвиваше во неколку фази:

*Во првата фаза* до крајот на 1992. година требаше да се повлече дел од силите кои беа стационирани на туѓа територија; намалување на ВС; поставување на правни основи за изградба на ВС; дефинитивно формирање на Министерството за одбрана и Генералштабот на Руската армија; формирање на Уралскиот воен округ и реорганизција на некои други.

*Со втората фаза*, која требаше да заврши до крајот на 1995. година, планирано беше потполно повлекување на ВС од туѓите теририи (30 дивизии, 72 различни бригади, 32 авио и 9 хеликоптерски полкови, 421 000 парчиња борбена техника и околу 250 000 луѓе); намлување на ВС на ниво 1% од населението; формирање на мобилни сили; формирање на други групации (стратегиски нуклеарни сили, конвенционални сили, мировни сили и друго); преминување на мешовит систем на пополна (војници на отслужување на воениот рок и професионални војници); преминување од шемата армија - дивизија на корпус - бригада.

*Третата фаза*, до крајот на 2000. година, предвидуваше радикална промена на структурата на ВС; промена на воено-административната поделба на Русија; укинување на командите на видовите и нивно претворање во Управи на Министерството за одбрана; потполно заживуважње на мешовитиот систем на пополна со кој би се обезбедил

соодноc 1:1 помеѓу професиолналните војници и војниците на отслужување на воениот рок.

Иако реформите беа многу оптимистички најавени, поради пред се, на недостаток на финансиски средства многу тешко и споро се реализираат. Покрај недостатокот на финансиските средства ВС на Руската Федерација се соочуваат и со други големи проблеми кои имаат клучно влијание во реформите, а тоа се: а) социјални проблеми кои по повлекувањето од Источна Европа и некогашните советски републики стотици илјади старешини и нивните семејства останаа без работа и без стан, а тој број уште се зголеми со редукцијата на ВС, б) морално-криминални проблрми. Според некои проценки високи војни функционери во последните години, оттуѓиле имот на Министерството за одбрана во вредност од 65 милиона американски долари.

Основна задача на ВС е чувањето на државната граница на копно, вода и во воздухот. Оваа и други задачи ВС ги извршуваат во соработка со другите сегменти на силите за одбрана на безбедноста на РФ и тоа пограничните единици, за чување на границата на копно, море, на реките и на езерата; и органите и единиците на МВР кои ги обезбедуваат важните државни објекти, го сузбиваат кршењето на законот и тероризмот. Отуука, силите за одбрана на безбедноста на РФ ги сочинуваат: а) Вооружените сили; б) пограничните единици и в) органите и единиците на МВР.

Денес Вооружените сили на Руската Федерација (Руската армија) се организирани во пет видови: 1) Стратегиски нуклеатни сили; 2) Копнена војска (КоВ); 3) Воено воздухопловство (ВВ); 4) Воена морнарица (ВМ) и Противвоздушна одбрана (ПВО).

*Стратегиските нуклеарни* сили се најзначајниот вид, кој заедно со нуклеарните потенцијали на ВВ и ВМ претставува фактор на стратегиска стабилност и одвраќање од агресија, а воедно на РФ и обезбедува атрибут на светска супер сила. По распадот на СССР, според договорот, на РФ требаше да и припадна: 1035 интерконтинентални балистички ракети (ИКБР-ISLBM), 70 стратегиски бомбардери и 59 подморници со балистички ракети. Стратегиските нуклеарни сили бројат околу 149. 000

луѓе, од тоа во ВМ 13. 000; во стратегиските ракетни сили 100. 000 луѓе; во стратегиското воздухопловство 3000 луѓе; и стратегиската одбрана 21. 000. Во составот на стратегиските нуклеарни сили се наоѓаат 756 интерконтинентални балистички проектили раместени во копнените бази, 648 интерконтинентални балистички проектили разместени на 26 подморници, 100 антибалистички проектили разместени околу Москва и на 66 бомбардери[88].

Целокупното тактичко нуклеарно оружје требаше да се префрли од Украина, Белорусија и Казахстан во РФ со цел истото да се уништи. Во овие три самостојни држави има останато 27% од нуклеарниот потенцијал, што е предмет на натамошните преговори на претседателите на ови држави.

Стратегиските ракетни сили се единствените со целосен план за модернизација и трансформација согласно со договорите СТАРТ 1 и СТАРТ 2.

***Копнената војска*** (КоВ) е составена од 670000 војници и офицери распоредени во 8 воени области, една независна армија, две групи на армии. Вкупната сила на единиците е проценета на 69 дивизии од кои 17 оклопни, 45 моторизирано-стрелачки и 5 воздушно-десантни.[89] Опремена е со околу 15.700 тенкови, 2000 оклопни транспоретери за извидување, 26. 300 борбени возила на пешадијата и оклопни транспортери, 15.700 самоодни и влечни топови, околу 200 балистички проектили земја - земја со краток дострел, 2300 борбени и трансняпортни хеликоптери, 2300 противвоздушни ракетни системи, голем број на противоклопни орудија и топови за противвоздушна одбрана.[90] Карактеристично за руската КоВ е поседувањето на опрема која речиси во целост припаѓа на претпоследната генерација, и е од советско производство. Опремувањето на единиците со нова, современа, техника оди многу споро или пак за некои сегменти речиси воопшто не е ни почнато.

---

[88] *The Military Balance* 198/99, str. 108
[89] http//reference.allrefer.com/country-guide-study/russia194.html
[90] *The Military Balance* 198/99, str. 108

***Воената морнарица*** е составена од 200000 морнари, авијатичари и единици задолжени за крајбрежна одбрана.[91] Силите се организирани на следниот начин:

- единици базирани на копно;
- Воено Воздухопловство на В.М.;
- четири флоти: Северна, Тихоокеанска, Црноморска и Балтичка
- една флотила.

Во составот на ВМ има 98 подморници од кои 26 подморници - носачи на балистички проектили, 15 подморници носачи на крстаречки проектили, 25 нуклеарни нападни подморници, 25 конвенционални подморници, 9 подморници за други намени; 1 носач на авиони; 11 крстарици; 13 разурнувачи; 13 фрегати; 124 ракетни чамци - чамци и патролни бродови; околу 106 за противминаска борба; околу 27 десантни бродови; околу 480 помошни бродови.[92]

Како посебен дел на воената морнарица се издвојуваат стратегиските поморски сили опремени со 45 нуклеарни подморници со 13000 луѓе.

Во составот на Военото воздухопловство на ВМ има 329 авиони и 387 вооружени хеликоптери.

***Военото Воздухопловство*** го сочинуваат 130000 луѓе со 125 бомбардери, околу 800 ловци, оклу 725 јуришни авиони, 590 транспортни авиони, 1225 тренажни авиони, распоредени во 4 команди и тоа:

- далекустрелна авијација;
- фронтовска авијација;
- транспортна авијација и
- резерва и команда за обука.[93]

Иако на многубројните саеми за вооружување и воена техника руските како транспортни така и борбени летала ги добиваат највисоките оценки сепак нивниот влез и масовно производство ќе чека некои подобри

---

[91] http//reference.allrefer.com/country-guide-study/russia195.html
[92] *The Military Balance* 198/99, str. 109-110
[93] http//reference.allrefer.com/country-guide-study/russia196.html

времиња на руската економија. Сепак и со арсеналот со кој сега располага Руската Федерација, таа е светска сила, но сепак таа се соочува со проблемот на обезбедување на резервни делови, гориво и други средства, подигнување на бројот на летечки часови и др.

*Противвоздушната одбрана* и по распаѓањето на СССР остана самостоен здружен вид во ВС на Руската Федерација, заедно со задржаниот систем на противвоздушната одбрана (ПВО) на ЗНД.

Задача на системот на ПВО е заштита на рускиот воздушен простор од непријателски летала и активности.

До пред распадот на СССР, беше конципиран за заштита на целата територија. Во системот за ПВО беа интегрирани подсистемите за противвоздушна (ПВО) противракетна (ПРО) и противкосмичка одбрана (ПКО) на важни реони, објекти и групации на ВС. Се состоеше од: единици на ловечката авијација за ПВО на територијата, единици за воздушно набљудување, известување и наведување (ВНИИН), ракетни единици на ПВО, единици за ПКО и ПРО, единици на ПАА на територијата, авиони летачки станици за ВНИИН и извидувачки и набљудувачки сателити. Денес поради воените судири и нестабилноста во некои бивши Советски републики останува отворено прашањето на општата ПВО на ЗНД. Имајќи го предвид тоа дека одделни сегменти на системот за ПВО, голем дел од мрежата за набљудување, обработка на податоците и средствата, се разместени во бившите републики, РФ по прашањето на ПВО доведена е во мошне деликатна состојба. Таа денес мора да се потпира делумно на поранешните системи, а дел од единиците и составите веќе се расформирани.

Тој е првиот вид кој достави конкретна програма за модернизација со која се предвидува замена на стариот советски противвоздушен арсенал, а воедно и најголеми организациско-формациски промени.[94]

---

[94] http//reference.allrefer.com/country-guide-study/russia196.html

Руската армија во поглед на организацјата ја задржа старата шема, војни округ (Фронт) - армија - дивизија - полк (бригада) - баталјон. Со најавените реформи би се преминало на нова организација и тоа корпус - бригада - баталјон.

Пополнувањето на ВС е врз основа на мешовит принцип, а со реформите најавена е потполна професионализација. Сепак поради финансиски проблеми истата беше за пролонгира до 2005 година, но со оглед на економските состојби во државата најверојатно нма да успее во тоа.

Командувањето со ВС на РФ го остварува Врховниот совет на РФ, Претседателот на РФ како врховен командант на ВС и владата, во рамките на нивните овластувања, утврдени со Уставот на РФ и Законот за одбрана на Руската Федерација.

## 4.2. Воената организација на Кина

Историски гледано развојот на Кина како држава, од најраните почетоци до денес е историја на војни, востанија и револуции. Согласно со тоа во сите периоди државата правела напори за уредување на земјата, во смисол на реорганизација на државата од последиците настанати од сите тие "случувања" и тоа на општествен, политички, економски и воен план. Бидејќи често војувала организацијата на вооружените сили (војската) била од особено значење, во согласност со општествените, политичките и економските услови во државата. Затоа по секоја војна, востание или револуција следела и одредена реорганизацијата на В.С врз основа на стекнатите искуста (научените лекции).

По завршувањето на Втората светска војна, Кина, продлжи со граѓанската војна до нејзиното конечно осамостојување во 1949 година. Во тој период Народноослободителната армија на Кина броела околу 4 милиони луѓе претежно распоредени во копнената војска (КоВ), вооружена со средствата кои беа запленети од армијата на Чан Кај Шек и јапонските трупи. Со подобрувањето на меѓусебните односи помеѓу Кина

и СССР почнува и соработката помеѓу двете земји и на воен план, така веќе 1951 година СССР во Кина испраќа воени инструктори и воена помош. Но по завршувањето на Корејската војна (1950-1953), во која Кина активно учествуваше, започнува самостојниот развој, реорганизацијата и модернизацијата на В.С., при што најприсатни се реформите во поглед на пополнувањето, опремувањето, развојот и командувањето со В.С. Најнапред во 1955 година, за прв пат во историјата на Кина, донесен е Законот за општа воена обврска, а истовремено се реорганизираат и највисоките органи на раководење со В.С. (наместо Народниот револуционарен воен совет се формира Совет за национална одбрана), а како највисок управен орган се формира Министерство за одбрана. [95]

Имајќи ги предвид улогата на Комунистичката партија на Кина во општествениот развој, внатрешните одоси и меѓународната положба на државата, во наредниот период процесот на изградба на В.С. се одвивал во два правци и тоа: (а) доктринарниот и (б) организациско-технолошкиот (техничкиот).

Оттука, целокупната воена и политичка стратегија е насочувана кон што побрза и сеопфатна изградба на В.С. како основен фактор за зачувување на националната независност и интегритет на земјата.
Како земја со најмногубројно население на планетата, Кина во моментов ја поседува најмногубројната армија на светот. Приоритет во досегашниот период на развој на нејзините В.С. беше одбрана на сопствената територија и поддршка на революционерните и ослободителните движења во земјите од Третиот свет.

Вооружените сили на Кина, во седумдесеттите години од XX-от век, бројно се намалени на околу 3 милиони луѓе, организациски структурирани во четири основни компоненти: (1) стратегиски нулеарни сили; (2) сили на оперативната армија (видови); (3) сили на територијалната одбрана и (4) народна милиција.[96]

---

[95] *Vojna enciklopedija,* kniga 4, str.332
[96] *Исто*

Оперативната армија се состои од Копнена војска (КоВ); Воено воздухопловство (ВВ); Воена морнарица (ВМ).

***Копнената војска*** (КоВ) претставува најмасовен вид во целокупните кинески ВС. Тоа најдобро може да се воочи од податоците кои го покажуваат процентуалниот сооднос помеѓу видовите во ВС кој кон половината на седумдесеттите години од XX-от век бил: КоВ - 90%, ВВ - 4% и ВМ - 6%. Во тој период КоВ броела 2.600 000 луѓе организирани во 33 армии, 120 дивизии и самостојни единици на родовите и службите.[97] Кон крајот на осумдесеттите години на XX-от век доаѓа до нова војнотериторијална поделба и силите на КоВ се групирани во 7 војнотериторијални области, 29 воени подрачја, една самостојна област и 3 гарнизонски команди, со 35 армии кои бројат по 46 300 војници, повеќе од 200 дивизии. Пешадиските дивизии останаа како најбројни состави на КоВ со 12 000 - 14 000 луѓе.[98] Од родовските единици на ниво на дивизии се формираат: оклопни, артилериски, воздушнодесантни и коњички дивизии. Формацијата во единиците е тројна. Главните сили и денес се групирани во 35 армии, во кои се вклучени 118 пешадиски дивизии, 13 оклопни дивизии, 33 артилериски и ПА артилериски дивизиони, плус 71 независни полкови и 21 независен баталјон воглавно сили за подршка. Регионалните сили се составени од 73 дивизии за гранична одбрана и плус 140 независни полкови.[99]

Вооружувањето и средствата со кои се опремени воглавно се од домашно производство и од увоз, најчесто од Русија и Израел. Последните децении Кина се јавува и како извозник на вооружување и воена опрема.

***Воената морнарица*** (ВМ) е следен вид по големина во кинеските В.С. чија задача, во почетниот период, беше одбрана на крајбрежното подрачје. Во составот на ВМ се поморските, поморскодесантните и силите на морнаричкото воздухопловство. Организирана е во три флоти. Главниот морнарички штаб се наоѓа во Пекинг. Трите флоти распоредени се долж

---

[97] *Исто*

[98] Military balance 1985/86 str 143

[99] Military balance, IISS

кинескиот брег, со команди во: Џингдао-Северноморска флота; Шангај-Источноморска флота; Џангјанг-Јужноморска флота. Флотата располага со 2000 пловни објекти, и со сопствена авијациска поддршка од 34000 луѓе, крајбрежна одбрана 38000 луѓе и марински корпус составен од 56000 војници и старешини.

***Воено̄шо воздухо̄ловс̄шво*** (ВВ) ја делеше судбината на другите видови во кинеските ВС во однос на развојот и опремувањето. Во составот на ВВ се наоѓаат и воздушнодесантни единици и единици за Противвоздушна одбрана (ПВО). Кон крајот на седумдесеттите години од XX-от век во својот состав имаше 180 000 луѓе и околу 2 800 борбени авиони. ВВ беше организирано во 5-6 воздухопловни корпуси, составени од 30 авио-дивизии (претежно ловечко-бомбардеска авијација). средствата во тој период петежно беа од Советско производство.[100] После осумдесеттите години од XX-от век доаѓа до квалитативен и квантитативен пораст на ВВ. Денес ВВ е составено од 340000 припадници распоредени во 7 воздухопловни воени области. Тие меѓу себе делат 45 воздухопловни дивизии кои пак се составени од 2-5 полка со вкупно 70-124 ловци, односно 70-90 бомбардери. Полковите се составени од ескадрили со по 10-15 авиони секоја.[101] Денес средствата и опремата во ВВ се претежно од домашно производство но и од увоз.

***С̄шр̄шеīискӣше нуклеарни сили*** се најмлад и воедно најмалуброен вид во ВС на Кина. Креиран со првата нуклеарна проба во 16.10.1964, Кина веќе на 17. 07. 1967. година произведе и термонуклеарно оружје. Кон средината на седумдесеттите години од XX-от век се претпоставуваше дека Кина располага со фисиона материја за производство на околу 120 нуклеарни термонуклеарни бомби, а на почетокот на 1972 година располагаше со 20 ракети со среден дострел (2400 км).[102] Во понатамошниот период посебно внимание се посветува на развојот на стратегиските нуклеарни сили и нивна поделба на офанзивна и дефанзивна компонента. Офанзивната

---

[100] *Vojna enciklopedija*, 4 str. 333
[101] Military Balance 1996
[102] *Vojna enciklopedija*, kniga 4, str.332

компонента ја чинат интерконтненталните блистички ракети и ракетите со нуклеарни боеви глави, подморници на нуклеарен погон со проектили со мегтонска сила и стратегиската авијацуја. Во дефанзивната компонента воглавно е во ВВ и ВМ, преовладуваат силите на ПВО - ловечко пресретнувачката авијација, ракети и топови.[103] Денес Кина, барем по бројот на нуклеарни боеви глави (оклу 300б/г), претставува трета нуклеарна сила во светот. Со донесувањето на Законот за општа воена обврска се воведува општа воена обврска со тоа што наредбата за контингентите секоја година ја донесува Министерството за одбрана. Покрај тоа што постои општа воена обврска и регистрација на сите воени обврзници, регрутите се повикувани по избор, при што партиската припадност има првенствена улога. Од обврзниците кои во првата година од обуката особено се истакнале, регрутирани се подофицерите, кои се испраќаат на едногодишна обука во наставните баталјони при дивизиите и по завршувањето се произведуваат во подофицери. По завршувањето на војната во Кореа на школувањето на офицерскиот кадар му се придава особено значење за што се отвораат повеќе воени академии и школи за сите родови и служби. Офицерскиот кадар се пополнува со: воени обврзници кои завршиле нижа војна академија; со обврзници кои завршиле виша војна академија, технички или други школи со специјализирани смерови; со подофицери кои завршилее нижи војни академии; со резервни офицери кои се активираат; со подофицери и војници кои се истакнувале со примерно вршење на службата.

***Народната милиција*** потекнува од "црвените заштитни корпуси" кои биле формирани во 1927 година. Организирана е на територијален принцип, во градовите и среските регионо и претставува главна резерва на Народноослободителната Армија (НОА)

Заедничко за сите видови на кинеските В.С. претставува нивната слаба подвижност, застарена опрема, слаба обученост и мали можности за спротиставување на современите В.С.

---

[103] Military Balance 1985/96, str. 142/43

## 4.3. Воената организација на Индија

Индиските вооружени сили, третата армија по големина во светот е одговорна пред Претседаелот на републиката, но вистинската одговорност за развојот и оддржувањето на ВС ја има кабинетот на премиерот. Иако нивна основна задача претставува заштита на територијалниот интегритет и независност од надворешните непријатели тие се повеќе се насочени кон борба со исламските сепаратисти во северните предели особено во пределот на Кашмир. Мошне значајна карактеристика на Индиските вооружени сили претставува тоа што трите вида: КоВ, ВВ и ВМ немаат единствена команда туку нивното поврзување го остварува Министерствот за одбрана преку шефовите на сите три вида. Најзначајни приоритети на индиските ВС претставуваат развојот на нуклеарната и вселенската програма, одржување на надмоќната позиција во однос на Пакистан и постојана модернизација и воведување нови платформи и ситеми во вооружувањето.

***Копнена војска*** (КоВ)

Во 1994 КоВ имаше приближно 940000 луѓе во својот состав и повеќе од 360000 во резерва, Седиштето на армискиот Главен Штаб е во Њу Делхи, и е под команда на шефот на армискиот персонал секогаш генерал со највисок ранг (пет ѕвездички). На шефот на армискиот персонал му помагаат вице шеф, двајца заменици, воен секретар, и началниците на четирите главни сектори: аѓутант, генерал за опрема и вооружување, началник на штабот, началник на инжинерскиот оддел.

Армијата има пет тактички обласни команди: Северната команда со штаб во Удрампур во Џами и Кашмир, Западната команда со штаб во Чандимандир во Чандигар, Централната команда со седиште во Лукнов во Утар Прадеш, источната команда со седиште во Калкута, и Јужната команда со седиште во Пун во Махараџа.

Секоја команда е раководена од страна на генерал-полковник. Борбени формации кои се наогаат во овие команди се: оклопни дивизии и независни оклопни бригади, пешадиски дивизии, планински пешадиски

дивизии, независни пешадиски дивизии, воздушнодесантнии командоски бригади и независни артилериски бригади.

Овие единици се организирани во 12 корпуси.

***Воено воздухопловство*** (ВВ)

Военото воздухопловство беше воспоставено во 1932година. Во 1994. година имаше 110000 персонал и 779 борбени авиони, од руско, француско и британско потекло.

Штабот на ВВ се наоѓа во Њу Делхи и е раководен од шеф на воздухопловниот персонал, воздухопловен маршал. На него му помагаат шест штабни офицери:потначалник на воздухопловниот персонал, заменик шеф на воздухопловниот персонал, офицер задолжен за администација, офицер задолжен за персонал, офицер задолжен за одржување, и генерален инспектор задолжен за безбедноста на летањето

ВВ е распоредено во пет оперативни команди: Западна команда со седиште во Њу Делхи, Југозападна команда со седиште во Јодпур во провинцијата Раџастан,Источната воздухопловна команда со седиште во Шилонг, Централната команда со седиште во Алахабад во Утар Прадеш, и Јужната Воздухопловна команда стационирана во Тривандрум, Керала. Покрај тоа постојат две помошни команди и тоа Командата за обука во Бангалор, Карнатака и Командата за одржување во Нагпру, Махараџа.

***Воена морнарица*** (ВМ)

Корените на индиската морнарица може да се најдат во создавањето на поморските сили на Источноидиската компанија во 17от век. По независноста, на развојот на морнарицата е посветено најмалку внимание бидејќи националното раководство заклучило дека најголем дел од заканите доаѓаат покопнените граници на Индија.

Морнаричкиот штаб е сместен во Њу Делхи. Тој е под команда на шефот на морнаричкиот персонал - адмирал со највисок ранг. Шефот има четири штабни офицери: подначалник на морнаричиот персонал,заменик шеф на морнаричкиот персонал,началник за материјали и заменик шеф на персоналот. Вкупната сила на морнарицата во 1994 била 54000 војници вклучувајќи и 5000 во морнаричката авијација и 1000 маринци(една регимента и втората во формирање)

Морнарицата е распоредена во три обласни команди. Западната морнаричка команда е со штаб во Бомбај на Арапското море, Јужната морнаричка команда во Кочи во Керала исто така на Арапското море, која е исто така одговорна за офицерскиот тренинг кој се врши во Индиската Морнаричка Академија во Гоа, и Источната морнаричка команда во Вишакхапатнам во провинцијата Андра Прадеш, во Бенгалскиот залив. Исто така морнарицата има важни бази во Калкута и Гоа.

Мултиполаризацијата во догледно време како антитеза на глобализацијата.

Вооружените сили на Руската Федерација, Кина и Индија презентирани со цел да се прикажат нивните капацитети и можности во остварување на воената димензија на мултиполаризацијата. Имајки ги предвид општесвено-политичките, економските состојби, односите со соседите (Индија - Пакистан), внатрешните состојби (Русија - Чеченија), тековните реформи во вооружение сили, финансиските проблеми, евидентно е дека во догледно време, овие држави нема да можат да одговорат на предизвиците кои со себе ги носи остварувањето на воената димензија на мултиполаризацијата. Покрај наведените проблеми кои ги имаат наведените држави, нивните вооружени сили се респективилни по однос на големина, вооружување, поседување на нуклеарни потенцијали, но сепак меѓусебно се недоволно компатибилни, сеуште некооперативни, што важи и за командните структури. Оттука, тие во догледно време нема да можат да ги остварат зацртаните стратегиски цели во смисол на мултиполаризацијата.

# I. ПОСТ - ИНДУСТРИСКИОТ НАУЧЕН И ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ВОЕНОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ И ВОЕНАТА ВЕШТИНА

## 1. ВЛИЈАНИЕТО НА НАУЧНИОТ, ТЕХНИЧКИОТ И ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ВООРУЖЕНИТЕ СИСТЕМИ И ВОЕНАТА ОПРЕМА

Последните триесет години од дваесетиот век техничко-технолошкиот развој имаше пресудно влијание за појавата на нови оружја, средства и воена опрема. Искуствата стекнати во многубројните локални војни бараа нови тактичко-техничи откритија, со што го поттикнуваа научниот и техничко-технолошкиот развој. Многу често развојниот процесот и замената на старите со нови технологии одеше побрзо од развојот на новите средства за вооружување и воена опрема. Од тие причини многу нови решенија во вооружувањето и воената опрема и не влегле во оперативна употреба туку биле веднаш усовршувани или непогодни за сериско производсво или отфрлани како застарени. Развојот, воедувањето во уптреба и трговијата со оружјето и воената техника биле условени од мноштво фактори. Фактори кои најмногу влијаеле на развојот на воената индустрија се севкупните економски потенцијали на поедини земји, научно-технолошкто ниво на развојот, како и многубројните локални и регионалани војни. Земји кои најмногу издвојувале за воени потреби  се САД, бившиот СССР, Кина, Франција, В.Британија, Ирак, Иран, С. Арабија, Полска, СР Германија и ДР Германија, Полска, издвојувањето изнесувало околу 75% од светските издатоци. [104]

---

[104] SIPRI YEARBOOK ,1986. godina

Имајќи ги предви огромните издатоци, издвојувањата за развој на воената техника од огромно значење се вложувањата во научно истражувачката работа. САД се земја која во периодот по Втората светска војна до денес најмногу издвојувале за фундаментални истражувања и развој. Во периодот од 30 години после Втората светска војна тие потрошиле околу 200 милијарди долари за научни истражувања, а најголем дел за сметка на вооружените сили, Управата за Вселенски истражувања и Комисијата за атомска енергија. Во САД на военоистражувачките и развојни дјности работат 2/3 од севкупниот потенцијал на научници.

Имајќи го предвид значењето на овие научно-истражувачки дејности, а имајќи го константниот пораст на издатоците, се претпоставува дека и во иднина за овие цели ќе се издвојуваат огромни финансиски средства и ќе бидат ангажирани голем броја еминентни научници од сите области.

## 1.1 Управувачка техника

Командантите, на сите нивоа, отсекогаш се сретрнувале со проблемот на *брзината на реагирање во однос на непријателот*, што во вооружената борба е од решавачко значење. Овој проблем во себе содржи два сегменти а) процес на донесување на одлуката за реагирање и б) процес на управување со единиците и сложените системи на воената техника. Во суштина овие два процеси - сегменти го сочинуваат информациский процес, кој се состои од собирање, пренос, обработка и дистрибуција на информациите кои се значајни за вооружената борба. До крајот на шеесеттите години на дваесеттиот век овој процес се одвивал користејќи ги средствата кои се користеле во Втората светска војна. Но кај современите системи на вооружување, со висока технологија, основен проблем кој требаше да се реши бил скратување на процесот од

воочувањето на целта до дејството по истата. Со развојот на современите командно-информациските системи **CI**[105]. Системот може да се дефинира како систем за собирање, обработка и пренос на информации на копно, во воздушниот прстор и во вселената.

За состојбата на боиштето податоците се прибираат со користење на сензори, кои преку дигитализирани средства за пренос на информации со голема брзина и голем степен на заштита се пренесуваат до командата (центар за донесување одлука). Тука информациите се собираат, обработуваат, чуваат и се донесува одлука која преку средствата за врски се пренесува на извршителите кои дејствуваат. Потоа преку системите за извидување и набљудување се остварува увид во ефектите на дејствата со што целиот процес се завршува. Овој процес е попознат како 3Д (Detect - Decide - Destory) - откриј - донеси одлука - уништи. Командно-информациските системи се разликуваат по намената, нивото на командата за која се развиваат и др. Посебен подсистем во рамките на командно-информацискиот систем претставуваат автоматизираните системи за управување со огнот (артилерија за подршка, противавионска артилерија, повеќецевни фрлачи на ракети) и системи за управување со летот на ракетните проектили.

Техничко-технолошкиот развиој овозможи воведување на современите командно-информациските системи кои се темелат на високите технологии: сензориските, компјутерсаката, дигиталните комуникациски системи, автоматизацијата. Оттука, современите командно-информациски системи, за ефикасно работење, во себе интегрираат повеќе подсистеми и тоа: телекомуникацијски, компјутерски, сензорски, подсистем за противелектронска борба, транспортни, подситем за напојување со струја.

---

[105] Кратенката "CI"потекнува од првите буквина (командно-информациски сsстем) на англиски јазик , најчесто користена кратенка е "C3I" - Comand Control Comunication and Intelegence; но се сретнуваат и C2" - Comand Control; "C4I" Comand Control Comunication Computer and Intelegence; "C4I2" Comand Control Comunication Computer interoperability and Intelegence.

*Телкомуникацискиот подсистем* наменет е за безбеден и брз пренос и криптозаштита на информациите, со брзина која е приближна на реалното време. Телекомуникацискиот подсистем може да биде комбиниран од системот за врски (телефонски, телеграфски, радио-релејни, ласерски, сонарни, светлосни, акустични, сателитски и др.) и системот за пренос на податоците (жични или безжични). Овие системи кои се дигитализирани и интегрирани на ниво на комуникациско-информативниот системи маат можности да се поврзат во комуникациската мрежа на повисок ниво на командување и претставува интегративен подсистем на командно-информацискиот систем.

Главната компонента на современите командно-информациски системи ја чинат *компјутерите.* Го сочинуваат хардверот и софтверот како периферни едниници (дисплеј, принтер,интерфејс, база на податоци и др.), а тоа можат да бидат и компјутерски мрежи. Многу значајна периферна единица на компјутерот е електонската работна карта на која се прикажуваат ситуациите во реално време. Компјутерите се инфилтрирани скоро во сите подсистеми на командно-информацискиот систем со најразлични функции. во командите тие особено се битни при реализација на многу работи, функции, процеси.

*Сензорите* се наменети за прибирања на сите врсти информации кои се битни за одлучување и извршување на борбените активности. Можностите на сензорите се огромни не само по дометот и точноста туку и по брзината на обновување на податоците, условите на примена идр. Измерените параметри сензорите ги претвораат во електрични величини за брз, безбеден и сигурен пренос. Практичната употреба на сензорите е сестрана, а најпознати сензори се: оптоелектронските (оптички, телевизиски, термовизиски, ласерски, инфрацрвени - активни и пасивни); радарски, радио, акустички; метеоролошки, хидроакустички и други. Оттука и фактот дека без сензорските уреди, кои можат да мерат најразлични величини, не би можеле да се развиваат командно-инфомациските системи.

Подсистемот за Проитив електронски дејства (ПЕД) ги прават командно-информациските системи поефикасни, поотпорни и помалку

"ранливи" во борбените дејства. Подсистемот опфаќа средства за електронско извидување, противелектронски дејства и противелекронска заштита, средства за идентификација на целите.

*Подсистемот за транспорт* го сочинуваат средствата за првоз на командно-информациските центри, со што се обезбедува нивната мобилност. Во зависност од врстата и намената на **CI**, средствата можат да бидат борбени или неборбени (бродови, подморници, воздухоплови и возила на копнениот сообраќај).

*Подсистемите за напојување со струја* се најчесто автономни и можат да бидат агрегати, мрежи, акумулатори, рачни генератори, рачни или соларни батерии.

Во својот развој **CI** најнапред нашле примена во командите и штабовите на стратегиско и оператвно ниво. Подоцнежниот развој на **CI** се движел согласно со материјалните можности, развојот на електронската и компјутерската техника, но и со научно истражувачкиот кадар. Во таа насока "малите" земји во развојот на **CI** оделе од тактичко кон повисоките нивоа, додека развиените земји паралелно работеле на развојот и примената на **CI** на сите нивоа (стратегиско, оперативно и тактичко).

## 1. 2. ВООРУЖЕНИ СИСТЕМИ

### 1.2.1. Развој на нуклеарни, хемиски, биолошки и други вооружени системи за масовно уништување

#### 1. 2. 1. 1. Нуклеарно оружје

Научните истражувања во воениот нуклеарен домен датираат уште од пред почетокот на втората светска војна. Во Франција во 1939 година група на научници (Жолио-Кири, Халбан, Коварски) предвидоа материјализација на една нуклеарна бомба. Тие истражувања се продолжени во САД во текот на втората светска војна, посебно со

проектот "Manhattan" (1943) кој доведе до пронаоѓање на првите нуклеарни воздухопловни бомби (19кт), првата проба во Аламогард (16.07.1945) и конкретно употребени во бомбардирањето на Јапонија (Хирошима 6 август и Нагасаки 9 август 1945). Исто така и во СССР уште пред втората светска војна вршени се истражувања за воена употреба на нуклеарна енергија, кои во 1949 година овозможија прва проба на советска нуклеарна и 1953 година термонуклеарна експлозија.

Првото производство и употреба на нуклеарна бомба од страна на САД и релативно брзо производство и проба од страна на СССР (а подоцна и Франција, В. Британија и Кина) занемарувајки ги притоа идеолошките, цивилизациските и другите антагонизми, резултираа со "трка" во вооружување и заканување со употреба на нуклеарни средства. Развојот и поседувањето на нуклеарните средства влијаеа во развививањето на нуклеарни стратегии и доктрини во земјите кои располагаат со такви капацитети. Основи насоки во развојот и примената на нуклеарни средства ги трасирале две големи сили-САД и СССР. Таа "трка" во вооружување со овие средства и заканување за нивна употреба осцилираше во склоп со општата состојба на односи помеѓу САД и СССР, а и блоковите на кои што им беа предводници (НАТО и ВУ).

Двете страни (САД и СССР) прифатија дека под системот на нуклеарно оружје се подразбира нуклеарно полнење со проектилот кој тоа го сочинува. Како јачината на нуклеарното полнење се движи во дијапазон од 0,1кт до повеќе мегатони во еквивалент со бризантен експлозив тринитротолуол (ТНТ), а за носачите на полнењето се употребуваат сите врсти на проектили ( слободни, водечки, балистички и аеродинамички, без сопствен погон или со нив), така и видовите на системи на нуклеарно оружје се многубројни. Почитувајќи ги сите свои принципи на организација и управувања на системот на нуклеарно оружје , САД и СССР постепено се усогласуваа и со адекватни договори ја потрвдуваа заедничката поделба на нуклеарни сили на 4 основни категории: прва која ја сочинуваат сратегиски офанзивни сили со системи чии носачи имаат домет повеке од 5000 км (вклучувајки ги и ракетите од класата воздух-земја со дострел поголем од 600км); втора, која ја

сочинуваат стратегиските дефанзивни сили (договорено во 1972 година), ограничени на минимален број на нуклеарни противбалистички системи; трета, во која спаѓаат ракети кои се лансираат од копно, со среден и краток дострел, од 500 до 5000 км, кои потполно се елиминираат (договор 1987) и четврта, која договорно не е предвидена но е начелно делумно призната, а опфаќа системи со дострел помал од 500 км, познати како нуклеарни сили со мал дострел, во кои спаѓаат и некои воздухопловни и поморски системи со нуклеарно оружје со дострел поголем од 500 км.

Развојот на стратегиските нуклеарни сили ( и стратегии) на САД и СССР, начелно може да се подели во четири периоди: прв, кој го опфака периодот до првата половина на седумдесетите години, кој се карактеризира со одвоен, самостоен и многу неизвесен, а со ништо не ограничен во освојување на системи на нуклеарно оружје; втор, во кој се одвива многу интензивна трка за одржување привидно утврдена рамнотежа во одговарачки договори; трет , кој започна во втората половина на 80-тите години од XX-от век и траеше се до распадот на СССР и ВУ, а во кој двете страни тежнееле да воспостават нуклеарна коегзистенција во вид на еден режим на стратегиска стабилност со многу намалени нуклеарни потенцијали, заради максималното спречување на враќањето на високиот степен на конфронтација, која беше постигната во вториот период; четвртиот кој настанува со распадот на СССР (создавање на ЗНД) и ВУ, со тенденции од третиот период.

Во првиот период (првите 15 години по втората светска војна) целокупната активност беше насочена во неколку основни насоки: 1) да се оствари широка убиствена и разорна моќ на нуклеарниот експлозив во мегатонска енергија врз база на термонуклеарна експлозија, сведувајки ја на оптимално минимизирање на нуклеарното полнење за тактичка намена, да според разорната моќ максимално се приближи или изедначи со конвенционалните оружја; 2) да се освои нуклеарен погон за воени бродови првенствено за подморници и носачи за авиони; 3) да се оспособат конвенционалните борбени средства (авиони, бродови, поморници, артилериски оружја) за пренесување (превезување) на проектили со нуклеарни боеви глави до целта и изнаогање нови, ракетни средства за

нуклеарно дејство со дострели од повеќе стотини до неколку илјади километри; 4) да се конципира, материјално да се реализира и во мир непрекинато да се има мобилен единствен систем на набљудување, тревожење и следење на нуклеарните активности на спротивната страна и активирање на сопствените нуклеарни сили.

Што се однесува до развојот на нуклеарните средства, во првиот период тој се движеше во две насоки: прва, која водеше кон зголемување на разорната моќ со цел - уништувањето на целта  на што поголема површина и , втора која водеше кон минијатуризација затоа што во споредба со зголемувањето на разорната моќ растеше и фисионата или фузионата маса и нејзината зафатнина, како и големина на системот за палење и обезбедување. Минијатуризацијата остана постојано отворена насока во развојот на нуклеарните средства, почна со полнења за воздухопловна бомба (авионска) па се пренесувала на полнење за ракетни боеви глави, на стратегиски, па на тактички ракети, за да конечно да се дојде до артилериското зрно, торпедо, длабочинска бомба, мини. Зголемувањето на силата и разорната моќ, во овој период, растеше со голем интензитет. Во тој пероид се развиваа и фисиони оружја и оружја врз база на фузија, односно хидрогенска бомба со мегатонска моќ, да во почетокот на 70-тите години од XX-от век се дојде до граница од 100 мт. Напоредно со производството на нуклеарни и термонуклеарни средства се зачестија нуклеарните проби. Така во периодот од 1945 до 1963 само СССР и САД заедно изведоа 494 нуклеарни проби (378 во атмосверата и 116 подземни), после што уследи договор меѓу САД, СССР и В.Британија (подоцна се придружија и Франција и Кина) за забрана за изведување на нуклеарни проби во атмосферата, космосот и под вода. Меѓутоа продолжени се нуклеарните проби под вода, така што до 1984 само САД и СССР изведоа уште 461 проба.

Користењето на нуклеарната енергија за погон на воените бродови започнува во почетокот на 50-тите години од минатиот век каде што како и во производството на нуклеарните средства најдалеку отиде САД. Во 70-тите години САД располагале со 41 а СССР со 20 подморници на нуклеарен погон.Тој тренд во подоцнежниот период имал голема

експанзија така што во 1988 од 360 нуклеарни подморници колку биле во светот припаѓале на САД и СССР.

Развојот на средствата за превоз (пренесување) на нуклеарните полнења до целта бил различен. САД првенствено развивале авијација а СССР стратешки се определила за развој на ракетните наоружувања, иако едните и другите ги имаа и двете развојни програми.

Развојот и влезот во оперативна употреба на наведените средства, стратегиските нуклеарни сили се заокружени во троен систем-интерконтинентални балистички ракети на копно (ICBM на англиски или МБР на руски), подморници на нуклеарен погон вооружени со балистички ракети (SLBM, односно ПЛАРБ ) и стратегиска бомбардиска авијација, која според договорот SALT II (Strategic Armaments Limitation Talk-II) и START (Strategic Armament Reduction Treaty) е дефинирано.

Од почеток на вториот период до денес, страните кои располагаа со нуклеарно оружје (покрај САД и СССР уште Кина, Франција и Велика Британија) беа спремни да го почитуваат заклучениот договор додека постоела поволна рамнотежа, но во главно беа спремни да ги прекрши штом се создаде можност стекнување поволни предности. Нуклеарните средства во подоцнежниот период не беа радикално усовршувани, туку само прилагодувани на оперативните потреби и растеше вкупната моќ на нивното дејство.

Во средината на 80-тите години од минатиот век, а посебно откако претседателот на САД , Роналд Реган, го објави почетокот на истражувачкиот проект во како што е наречен "Стратегиска одбрамбена иницијатива"(SDI), завладеа мислењето дека светот е "презаситен" со нуклеарни потенцијали па средствата треба да се "преорентираат" во космосот. И покрај настојувањата да се елиминира и намали нуклеарното оружје, нема индикатори кои укажуваат на тоа дека големите сили се откажуваат од неговото производство и модернизација. Се настојува нуклеарното оружје што повеќе да се прилагоди на тактичките и оперативните потреби, па се оди на намалување на боевите глави на проектилите и селектирење на дејството. Конструирано е и неутронско оружје со намалено механичко, топлотно и радиоактивно дејство, но

многу зголемено неутронско дејство на жива сила. Добар дел од артилериското ракетно вооружување и авијација адаптирани се за нуклеарни дејства (посебно хаубици 155 и 203 мм).

Со распадот на Варшавскиот договор и СССР во (1991) со формирање на уште нестабилна ЗНД се појави проблем околу поседувањето на нуклеарното оружје од страна на бившите републики на СССР а сега независни држави. Договорено беше целокупното тактичко нуклеарно оружје да се префрли во Руската Федерација и да се уништи, што е и направено, а стратегиското нуклеарно оружје да се подели на следниот начин:

- Руска Федерација 1035 интерконтинентални балистички ракети (ИКБР), 70 стратегиски бомбардери и 59 подморници со балистички ракети;
- Украина : 176 ИКБР и 30 стратегиски бомбардери;
- Белорусија: 72 ИКБР
- Казахстан: 104 ИКБР

Дека не се размислува за укинување на нуклеарното оружје зборува и податокот дека, покрај големите сили, го поседуваат и други држави. Според странските податоци проширен е кругот на земји кои располагаат или ке располагаат со нуклеарно оружје до 2000 година: Аргентина, Бразил, Иран, Ирак, Израел, Јужна Кореа, Либија, Пакистан, Северна Кореја и Тајван. Приказ на состојбата на стратегиското нуклеарно оружје на ЗНД и НАТО е даден во табелите 2 и 3[25].

Основните правци во натамошниот реазвој на нуклеарното оружје се: заштита на нуклеарното оружје; усовршување на запалката на фузионото оружје; изнаоѓање на оптимална граница за понатамошна минијаттуризација на нуклеарното експлозивно полнење; зголемување на степенот на искористеност на нуклеарното експлозивно полнење; понатамошен развој на неутронското оружје или оружје со намалено зрачење; принципиелно решавање на сите прашања за проектирање,

---

[25] SIPRY YEARBOOK, 1994

констукција, економичност и контрола над конвенционалното оружје - на конвенционалните бомби и боеви глави се додава нуклеарна компонента па се добива систем на оружје со конвенционални и нуклеарни можности; понатамошен развој на лансерни уреди за достава на нуклеарни проектили на целта и разрешување на прашања за складирање, транспорт и прашањето на економската природа.

Табела 1.

| Вид | Број на Средства | Година на воведување | Домет (км) | Број на НБГ х сила | Вкупно НБГ |
|---|---|---|---|---|---|
| **ICBM** | | | | | |
| СС-17 | 40 | 1979 | 10000 | 4 x 750 kt | 160 |
| СС-118 | 290 | 1979 | 11000 | 10 x 550 kt | 2900 |
| СС-19 | 280 | 1979 | 10000 | 750 kt | 1680 |
| СС-24 | 36/56 | 1987 | 10000 | 6 x 550 kt | 920 |
| M1/M2 | | | | 10 x 550 kt | |
| СС-25 | 405 | 1985 | 10500 | 1 x 550 kt | 405 |
| **SLBM** | | | | | |
| СС-Н-8 | 64 | 1973 | 9100 | 1 x 1,5 Mt | 64 |
| СС-Н-18 | 224 | 1978 | 6500 | 3 x 500 kt | 672 |
| СС-Н-20 | 120 | 1983 | 8300 | 10 x 200kt | 1200 |
| СС-Н-30 | 112 | 1986 | 9000 | 4 x 100 kt | 448 |
| **Вкупно** | **1571/1591** | | | | **8649** |
| **БОМБАРДЕРИ** | | | | | |
| Ту-95 М | 84 | 1984 | 12800 | 27 Ту-95М х 6 ракети ( бомби ) | 1074 |
| Ту-160 | 25 | 1987 | 11000 | 12 ракети ( бомби ) | 300 |
| **Вкупно** | **109** | | | | **1374** |

Стратегиски нуклеарни сили на ЗНД

Табела 2

| Вид | Број на Средства | Година на воведување | Домет (км) | Број на НБГ x сила | Вкупно НБГ |
|---|---|---|---|---|---|
| **ICBM** | | | | | |
| MINUTEMANII | 200 | 1966 | 11 300 | 1 x 1,2Mt | 200 |
| MINUTEMANIII (Mk 12) | 200 | 1970 | 13000 | 3 x 170 kt | 600 |
| MINUTEMANIII (Mk 12 A) | 300 | 1979 | 13000 | 3 x 335 kt | 900 |
| PEACEKEEPER | 50 | 1986 | 11000 | 10 x 300 kt | 50 |
| **SLBM** | | | | | |
| TRIDENT I C-4 | 240 | 1979 | 7400 | 8 x 100 kt | 1920 |
| TRIDENT II D-5 | 144 | 1990 | 7400 | 8 x 100-450 kt | 1152 |
| POLARIS A-3KT | 48 | 1982 | 4700 | 2 x 40kt | 100 |
| M-4 A/B | 64 | 1985 | 6000 | 6 x 150 kt | 384 |
| Вкупно | **1246** | | | | **5756** |
| **БОМБАРДЕРИ** | | | | | |
| B-52 H | 95 | 1961 | 16000 | ракети | 1200 |
| B-1B | 95 | 1986 | 19000 | 5-150 kt и | 460 |
| B-2 | 1 | 1993 | 11000 | бомби | 1400 |
| Tu-160 | | | | | |
| **Вкупно** | **191** | | | | **3060** |

Стратегиски нуклеарни сили на НАТО

### 1. 2. 1. 2. Хемиско и биолошко оружје

Употребата на хемиски и биолошки средства познато е одамна. Меѓутоа, хемиските борбени средства никогаш не биле користени како во Првата светска војна. Се смета дека во Првата светска војна биле познати околу 100 видови на бојни отрови, а неколку години после војната тој број пораснал на повеќе од илјада. Последиците од примената на овие средства во Првата светска војна и експанзијата на нивното производство помеѓу двете светски војни, придонеле да на Конференцијата за меѓународна контрола на трговијата со оружје, муниција и воен материјал, одржана

1925 година во Женева, се забрани хемиската и бактериолошката војна. Како и на други меѓународни конвенции, и оваа "останала само на хартија". Меѓутоа и покрај употребата на хемиското и биолошкото оружје во Втората светска војна, по нејзинот завршување се продолжи со производството но и со примената на истото. Тоа е евидентно во скоро сите локални војни. Имено во 1964 година во Виетнамската војна од хемиските супстанци кои вооружените сили на САД ги употребувале страдаа околу 30000 луѓе, воглавно деца и старци.

Соочен со се поголемата експанзија на производство на хемиско и биолошко (бактериолошко) оружје светот уште еднаш се обиде да најде начин тие средства да се забранат. Така на 10 април 1972 година се прифати конвенција со која се забранува усовршување, фабрикување и складирање на бактериолоките (биолошките) оружја, како и обврска за нивно уништување. На таа конвенција категорички не се забранува употребата на ова оружје туку се поаѓа од постоечката забрана од страна на Женевскиот протокол од 1925 година. Дека и тој обид на меѓународната заедница поминал како претходниот, укажуваат и податоците од 80-тите години, според кои членките на НАТО располагале со околу 35-40 илјади тони смртоносни бојни отрови (еквивалентна на 400000т хемиска муниција), аспоред западни извори , тогашниот СССР располагал со 350-700 илјади тони бојни отрови ( еквивалентно на 350000 т хемиска муниција спремна за употреба и 400000 т бојни отрови во контејнери[106]. Употребата на"непознати" хемиски и биолошки средства во Ирачко-Иранска војна, и скромните информации за нивното користење во војната во Заливот (1991) само се потврда дека и во иднина истите ќе се уптребуваат.

За сегашниот развој и перспективите на овие средства малку се зборува, но многу показатели укажуваат на тоа дека со користење на овие категории на оружја не се престанува. Развојот на некоја научна дисциплина (генетика, молекуларна биологија и микробиологија) отвора широк простор за развој и примена на ова оружје. Оттука и големи

---

[106] Савремена ратна техника и ратна вештина, ГШ ЈНА/ЦСИ, 1983, стр 349-350.

можности за синтеза на широк спектар на високо токсични соединенија и различни патогени микроорганизми, па и за непосредна интервенција во генетиката на луѓето, животните и растенијата. Објекти на делување нема да бидат само флората и фауната, туку и некои природни процеси заради нивна корекција или интензивирање. Се работи за синтеза на тела за претворање на водените текови, езера и морски теснеци во густа каша како би се попречила пловидбата, како и на катализатор за спојување на неживата целулоза (хартија) со кислородот од воздухот, при што хартијата ќе се претвори во прашина и со тоа би се предизвикало организациско растројство.

Што се однесува на хемиските својства, треба да се очекува натамошен развој на нервнопаралитичките соединенија и фито-отрови и зголемување на можностите за вградување на отрови за саботажи и диверзии во вооружувањето на специјалните сили и терористички организации, како и примена на токсични материи кои не се формациски бојни отрови. Во биолошкиот арсенал можно е да се најдат аеросолни мешавини на биолошки и хемиски отровни материи, симултивни инфективни средства со два или повеќе патогени вируси, одгледување на патогени вируси со зголемена отпорност на антибиотици или со изменети биолошки и имунолошки својства. Во последно време вниманието го привлекува и етничко оружје наменето за уништување на поедини раси и народи, односно за извршување на масовен геноцид. Со оглед дека постојат некои генетски разлики меѓу расите и сознанијата на молекуларната генетика, оваа мрачна идеја би можела да биде реализирана со интервенција во структурата на нуклеинската и рибонуклеинската киселина.

### 1. 2. 1. 3. Други оружја за масовно уништување

Геофизичкото оружје се концептира за делување на некои процеси кои се одвиваат во земјината кора, водените пространства и воздушната обвивка. Имено во тие простори се крие големо количество енергија која потекнува од Сонцето и внатрешноста на Земјата, но не е рамномерно распоредена па со интервенција со мала сила таквата рамнотежа може да

се наруши.Тогаш се ослободува големо количество на енергија, што во реонот на интервенција може да предизвика катастрофални последици. Со вештачко предизвикување на земјотреси и неприлики на копно и на море, мешање на топлотниот режим, и интервенции во атмосферата можат на противникот да му се нанесат големи штети.Вниманието засега е насочено кон средствата со кои би се делувало на атмосферата односно на метеоролошкото, климатското и озонското оружје.

Метеоролошкото оружје е веќе применувано во Виетнам заради предизвикување на поплави во избран региони. Имено од 1966 до 1972 година Американците извршија 2602 авио летови заради "засејување" на облаци. Постигнати се планираните резултати во предизвикувањето на врнежите, но до сигурни квантитативни показатели не се дојде. Се работи за постапка на кристализација во ладни облаци, односно за засејавање на облаците што го зголемува интензитетот на врнежите, предизвикува бури и го спречува движењето, а може да влијае и на резултатот на пољоделските култури.

Климатското оружје се предвидува за нарушување на постоечките земјоделски циклуси и радикално смалување на родот. Таквото смалување би предизвикало на пример мраз во мај. Оваа оружје се засновува врз можноста за промена на кислородот и водород диоксидот во атмосферата со што би се менувала прозрачноста на воздухот, па со тоа дотекот на сончевите зраци на површината на Земјата.

Озонското оружје е наменето за уништување на озонскиот слој на атмосферата врз територијата на противникот. Со тоа би се отворило премин на ултравиолетови зраци кои убиствено делуваат на целокупната флора и фауна. Процесот на разградување на озонскиот слој веќе е во тек со загадувањето на атмосферата, а би можел да се забрза со вметнување на одговарачки каталиазатори.

Според тоа, оружјето за масовно уништување и понатаму ќе ја задржи својата улога во одвраќање или застрашување, но неговото усовршувањето ќе придонесе истото да биде применливо во вооружената борба, вклучувајќи ги и тактичките и оперативните дејства. Оттука реални се очекувањата за создавање услови за негова поефикасна примена и

можноста за конструирање на принципиелно нови системи за масовно уништување.

### 1.2.2. Вооружени системи во копнената војска

Кон крајот на шеесетите и почетокот на седумдесеттите години од XX-от век дојде до пресврт во сваќањата за улогата и значењето на одредени видови на вооружените сили, а со тоа и за вооружувањето и опремата во тие видови. Зголемениот интензитет во развојот на производството на оружје и опрема и воопшто на воена техника, од конвеницонален карактер, во тој период е евидентен.

***Оружје на пешадијата***

Имајќи го предвид развојот на конвенционалното оружје, можеме да истакнеме дека во развојот на вооружувањето во пешадијата исто така влијаеле повеќе фактори и тоа: искуствата од локалните војни водени после Втората светска војна, анализирани низ начинот и карактеристиките на водењето на борбените дејства и развојот на на техниката и технологиијата кои се значајни за примена во производството на оружје. Фактори кои најмногу влијаат на начинот и карактерот на воедењето на борбените дејства, развојот и производството на вооружувањето и опремата во пешадијата се: непрекидноста и динамичноста на борбените дејства, особено на дејствата ноќе и во населени места; зголемениот интензитет на борбените дејства надвор од населени места и комуникациите; развојот и усовршување на борбените средства за дејство од воздушниот простор; зголемената потрошувачка на муниција и др. Имајќи ги предвид овие и некои други фактори, развојот и производството на вооружување и опрема на пешадијата се одвиваше во две насоки: развој на оружје со поголема ефикасност; намалување на масата на оружјето со можност за носење поголема количина на муниција. Во остварување на овие барања развојот и производството на вооружувањето и опремата во пешадијата беа насочени кон:

- зголемување на ефикасноста на оружјето
- зголемување на прецизноста, дострелот и дејството на целта;

- нови конструкциски решенија;
- усовршување на муницијата за поголем ефект на целта;
- смалување на калибарот;
- развој и производство на автоматското оружје;
- масовно производство и воведување во употреба на нови генерации противоклопно оружје.

Еволуцијата на пешадиското вооружување. елаборирајќи ги само основните карактеристики, ќе го прикажеме низ развојот на пушките, автоматите, митролезите, преносните и рачните противоклопни орудија, минофрлачите.

Најстаро огнено оружје на пешадијата секако е *пушката*. Од производството и уптребата на првата пушка во XV век, развојот се движеше од пушки со магацин и изжлебена цевка, полуавтоматски, автоматски и снајперски пушки. Со модификација на пушките се развиваат и пушки фрлачи на бомби и гранати.

Пушка која најмногу се користи и развива денес во светот е *автоматската пушка*. Тенденциите во развојот на автоматската пушка се намалување на должината, а зголемување на почетната брзина; користење на други материјали за изработка на одредени делови (пластични маси, дрво) со цел да се намали тежината; подобрување на ергономерноста и стабилноста при рафална стрелба; подобрување на конструкцијата и вградување нови делови. Современи автоматски пушки најчесто се со калибар 7,62 и 5,56 мм на запад, а 7,62 и 5,45 мм во Русија и некои источноевропски земји. Во табелата бр. 4 дадени се основните карактерстики на најраспространетите автоматски пушки кои денес се во уптреба .

Во Втората светска војна за прв пат се појавува *снајперската пушка* со поставување на оптички, а подоцна и инфрацрвен нишан на пушката. Муницијата која се користи е од најразличен калибар, но најчесто се користи калибарот 7,62 мм, а може да биде полуавтоматска и автоматска. Успешното дејство на снајперската пушка е на далечина од 800 до 1200 метри.

Во табелата 3[26] прикажани се основните типови на автоматски пушки и нивните такти#ко-технички карактеристики

Табела 3.

| ОЗНАКИ и ЗЕМЈИ | КАЛИБАР и МАСА | ДОЛЖИНА (во мм) | ПОЧ. БРЗИНА (м/с) | КАПАЦИТЕТ на РАМКА |
|---|---|---|---|---|
| М 16 А1 (САД) | 5,56 мм; 3,68кг | 990 | 990 | 20/30 |
| М16 А2 (САД) | 5,56мм;3,85кг | 1000 | 930 | 20/30 |
| АК-74 (Русија) | 5,45мм;3,66кг | 930 | 900 | 30 |
| L85A1 (Англија) | 5,56мм;4,58кг | 785 | 930 | 30 |
| HK33 A2 (Германија) | 5,56мм;4,99кг | 920 | 920 | 20/40 |
| FAMAS (Франција) | 5,56мм;4,28кг | 757 | 980 | 25 |
| М 70(СРЈ) | 7,62мм;4,57кг | 640/890 | 720 | 30 |
| М 80 (СРЈ) | 5,56мм;4,38кг | 725/985 | 915 | 30 |
| М 91 (СРЈ) | 7.62мм; 5,оокг | 1135 | 830 | 10 |

*Митролезот* како оружје на пешадијата се појавил кон крајот на XIX век, а на почетокот на XX век се појавува и *пушкомитролезот*. Митролезот и пушкомитролезот се основно автоматско вооружување на пешадијата за дејство на далечина од 400 до 1000 ( 1500) метри. Развојот на современите митролези и пушкомитролези е во насока на производство на оружје кое по маса ќе биде пушкомитролез, а по ефикасноста митролез. За таа цел тенденците се кон намалување на масата, зголемување на почетната брзина на зрното, нова поефикасна муниција и подобрување на

---

[26] Ковач Митар, Форца Божидар,Историја ратне вештине 2, ВИЗ, Београд, 2000, стр. 259.

карактеристиките на одделни делови. Современите митролези и пушкомитреолези најчесто се со калибар 5,56 мм кај западните земји, и 5,45 мм Русија. Во табелата бр. 4[27] дадени се основните тактичко-технички податоци за најраспространетите митролези.

Табела 4

| ОЗНАКИ и ЗЕМЈИ | КАЛИБАР (мм) и МАСА | ДОЛЖИНА (во мм) | ПОЧ. БРЗИНА (м/с) | Брзина на гагање мет/мин | КАПАЦИТЕТ (на куршуми) |
|---|---|---|---|---|---|
| HK 23 E (Германија) | 5,56 8,75 | 1030 | 950 | 750 | Реденик |
| L 86 A1 В.Британија | 5,56 5,40 | 900 | 970 | 850 | 30 |
| MINIMI ( Белгија) | 5,56 6,50 | 1000 | 900 | 1250 | 30 и реденик |
| RPK-74 (Русија) | 5,45 5,00 | 1060 | 960 | 600 | 45 |

*Автоматот* е лесно индивидуално оружје кое се појавува на почетокот на XX век во Италија. Денес во вооружувањето на армиите во светот можат да се сретнат најразлични врсти на автомати. Најчесто користат пиштолска муниција од 9 мм или муниција за пушки калибар 5,56 мм и 5,45 мм. Тенденциите во развојот на автоматите одат кон налување на калибарот ( 5,7 наместо 9 мм); зголемување на капацитетот на рамката (50 куршуми); задржување на малата маса (околу 2,8 кг.) и примена на нови технологии во производството на поедини делови ( пластични делови). Ефикасното дејство на автоматот е на далечина до 200 м.

[27] Исто, стр. 260.

*Противокопните средства* кои денес се во вооружувањето на армиите во светот опфаќаат голем број на разни оружја-орудија и тоа: рачни фрлачи, бесповлечни топови, водени и неводени ракети.

Противоклопните средства за "блиска противоклопна борба" или со мал дострел, масовно се користат во сите армии на светот. Во развојот на овие средства се тежи на зголемувањето на пробојноста на хомогените панцирни плочи; намалување на масата; користење на композитни материјали за изработка на некои делови; користење на проектили со дополнителен ракетен мотор; можност за дејство од затворен простор и сé поголем развој на средствата за еднократна употреба. Основните тактичко техничките податоци на некои противоклопни средства дадени се во табела број 5. [28]

Табела 5

| ОЗНАКИ и ЗЕМЈИ | цев/б.глава Калиб. | Маса на ог. поз. (кг) | Маса на проектл. (кг) | Ефикасен дострел | Пробивност (мм) | Начин на употреба |
|---|---|---|---|---|---|---|
| AMBRUST Германија) | 70/60 | 6,3 | 1 | 300 | 300 | Еднократно |
| PANCERF AUST Германија) | 60/110 | 12 | 3,8 | 300 | 700 | Еднократно, повекекрат. |
| RPG-16 (Русија) | 58,3 | 12,3 | 1,65 | 520 | 300 | Повекекрат. |
| CARL GUSTAV (Шведска) | 84 | 14,2 | 1,7 | 450 | 400 | Повекекрат. |
| FOLGORE (Италија) | 80 | 32 | 3 | 500 | 400 | Повекекрат. |
| RPG-7 (Русија) | 40/85 | 10,15 | 2,25 | 300 | 330 | Повекекрат. |
| RB M57 A2 (СРЈ) | 44/85 | 11,8 | 2,3 | 200 | 350 | Повекекрат. |

[28] Д-р Вулета Вулетиќ, Војна техника и војна доктрина, ВИЗ, Београд, 2001, стр 202.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| BsT 82mm M60A (СРЈ) | 82 | 140 | 4,6 | 800 | 400 | Повекекрат. |
| BsT 82mm M79 (СРЈ) | 82 | 39 | 3,85 | 670 | 400 | Повекекра т. |
| POC-BD (СРЈ) | 70/120 | 16,2 | 7,2 | 250 | 700 | Повекекра т. |

Најсовремени противоклопни средства во вооружувањето на пешадијата секако се водените и неводените противоклопни ракети.

Водените противоклопни ракети се карактеризираат со:

- голема точност на погодување;
- отпорност на природно и организирано попречување;
- можност за дејство во сите метеоролошки услови, дење и ноќе;
- едноставна употреба, мала маса и габарити;

Според начинот на водење можат да се поделат на:

- рачно водени ракети по нишанска линија ( командниот сигнал се пренесува преку жица);
- полуавтоматски водени по нишанска линија ( командниот сигнал се пренесува преку радио сигнал);
- полуактивно самонаведувани ( командниот сигнал се пренесува преку оптички влакна);
- пасивно-реактивно самонаведувани (наведувани со ласерски или инфрацрвен сноп).

Тенденциите во натамошниот развој и производство на противоклопните водени ракети оди во насока на развој на системи кои ќе бидат многу мобилни, со голема веројатност за уништување на целта со првиот проектил, голем максимален дострел, што помал минимален дострел, голема брзина на гаѓање, едноставно ракување, едноставно логистичко обезбедување и ниска цена на чинење. Мораме да напоменеме дека во светот првите две групи ( генерации) на водени противоклони ракети се во оперативна употреба, додека третата е ратко во употрба, а четвртата е предмет на истражувања и развој.

Неводените противоклопни ракети исто така претставуваат значајно оружје на пешадијата на кое му се придава се поголемо значење. Развојот на оклопните средства секако го условува и развојот на овие средства, така денес во светот, условно, постојат три генерации на неводени противоклопни ракети. Првите-првата генерација противоклопни неводени ракети се развивани и воведени седумдесеттите години, втората генерација осумдесттите години и третата деведесеттите години од XX-от век.

*Минофрлачоӣ* како оружје на пешадијата за прв пат се појавува во руско-јапонската војна 1904-1905, наменато е за уништување на живата сила и за подршка. Денес во вооружувањето на армиите во светот се наоѓаат влечни, преносни и самоодни минофрлачи од најразличен калибар од 51 мм до 240 мм. Според калибарот минофрлачите се делат на лесни до 60 мм,средни до 100 мм и тешки над 100 мм. Развојот на минофрлачите е постојан, а тенденциите се насочени кон зголемување на дострелот ( со зголемување на внатрешните балистички карактеристики и со користење на нови мини); развој на мини со специјална намена ( касетни, кумулативни, подкалибарски и самонаведувани); зголемување на ефектот врз целта (со воведување на нови експлозиви); зголемување на точноста на гаѓање; зголемување на брзината на гаѓање (со нови материјали, воведување на на полуавтоматски или автоматски уреди за полнење); зголемување на маневарските способности; зголемување на балистичката и НХБ-заштита; автоматизација на подготовката на елементите за гаѓање; интеграција во системите за управување со огнот на повисоките нивоа на командување и развој на самоодните минофрлачи.

***Арӣилериско-ракеӣно оружје***

Во својот развој артилеријата како род на КоВ и артилериско-ракетното вооружување (за подршка и противоклопна борба), најголем квалитативен скок има направено во периодот после Втората светска

војна.[107] Во овој период произведени се и воведени во употреба многу нови борбени средства со што е зглолемена огнената моќ и противоклопните можности на артилеријата како род на КоВ. Имено, за неколку пати е зголемен дострелот на класичната артилерија, артилериските ракетните системи имаат дострел до стотина километри.

Тенденциите во развојот на артилериските и ракетните орудија за подршка и противоклопна борба насочени се кон:

- осовременување на постоечките орудија кои се во оперативна употреба;
- производство на самоодни системи (хаубици,топови,ракети земја-земја, повеќецевни фрлачи на ракети);
- зголемување на ефикасниот дострел;
- зголемување на брзината на реагирање;
- зголемување на статичката и динамичката отпорност;
- производство на современи средства за извидување на борбениот распоред на противникот (беспилотни летала, звуковни апаратури, ласерски далечиномери и обележувачи на целите);
- производство и осовременување на постојните C3I (командно-информациски системи).

Покрај развојот на артилериските и ракетните орудија се развивала и осовременувала и муницијата. Како резултат на тоа денес е во употрба касетна и сензорска муниција. Касетната муниција е муниција чии боеви глави носат проектили кои, по отворањето на боевата глава, слободно паѓаат над одредената цел. Кога станува збор за сензорската муниција, по ослободувањето од боевата глава, проектилите кон целта се наведуваат автономно (паметна муниција). Имено, во боевите глави на тие проектили вградени се сензорски уреди (радарско самонаведување во милиметарско браново подрачје или детектори на инфрацрвено зрачење), кои се способни да ја откријат, одберат и да го неведат проектилот кон целта. Боевите глави со сензорска муниција според ефектите може да се мери со

---

[107] Група автори, Тактика 1, Војноиздавачки завод, Београд, 1981, стр. 52-53 .

нуклеарните проектили со поткилотонска снага, со што се отвора нова димензија на ковенционалното вооружување. Затоа денес артилеријата се повеќе поприма извесни функции и задачи на ловечкобомбардерската авијација и борбените хеликоптери.

Како разулатат на промените во развојот и употребата на тенковите и другите оклопни борбени средства дојде до големи промени и во развојот на средствата за противоклопна борба.

Тенденциите во развојот на противоклопната артилерија од четвртата генерација насочени се кон изнаоѓање решенија со кои на самоодните средства би се извршила интеграција на ракетното и артилериското оружје и муницијата за противоклопна борба. Во развојот на овие средства, значителен напредок е направен во производството на нови системи за управување со огнот и воведување на касетната и самонаведуваната муниција, со што ефикасноста е подигната на многу повисоко ниво.

***Оклопни и механизирани единици (вооружување и техника)***

Тенковите за прв пат беа употребени во големата сојузничка офанзива на реката Сома во септември 1916година. Од тогаш тенковите влегуваат во вооружувањето на армиите, а развојот на тенковите е константен и има нагорна линија[108]. Денес може да се каже дека тенкот израснал во бобрен систем. Научните и техничко-технолошките можности и индустриските капацитети, особено на развиените земји, го овозможуваа производството и развојот на тенковите, а покасно и на оклопните транспортери. Во развојот на тенковите и оклопните транспортери највеќе влијаеше: а) научниот и технолошкиот развој; б) искуствата од Втората светска војна и локалнитевојни и в) развојот на противоклопните средства. Во развојот и производството се барани решенија за тенк со голема огнената моќ, подвижен и со добра оклопна заштита. Вообичаена класификација на тенковите е според тежината (тонажата) и тие се делат

---

[108] Изток Кочевар, Савремени тенкови у свету, ВИНЦ, Београд, 1988, стр.9.

на лесни, средни и тешки. Лесните тенкови се лесно подвижни, со слаба оклопна заштита и мали огнени можности. Средните тенкови се одликуваат со добри огнени можности, добра оклопна заштита и добри маневарски способности, кај тешките тенкови приматот е даван на големата огнена моќ и оклопната заштита. Денес ваквата класификација се помалку се користи, а во повеќето земји во светот доминираат средните тенкови како борбени, а лесните тенкови се наменети за извидувачки задачи. Оклопните и механизираните единици денес се вооружени со современи тенкови кои имаат поголема погонска сила, топ со поголем калибар (120-125 мм) и поефикасна муниција вклучувајќи ги и водените проектили; софистифициран систем за управување со огнот за дејство во сите временски услови; нови принципи на оклопната заштита со примена на сендвич оклоп и реактивен оклоп и со дополнително вооружување, 2-3 митролези од кои еден е за дејство по целите во воздухот.

Натамошните тенденции во развојот на тенковите насочени се кон:

- зголемување на огнените можности;
- зголемување на маневарските способности;
- зголемување на отпорноста;
- смалување на бројот на членовите на посадата;
- осовременување на **CI** во самото оклопно средство и помеѓу единиците.

Оклопните транспортери се појавиле 1917 година, како средство за превоз на пешадијата, но по Втората светска војна настапува период на нивниот развој и употреба. Оклопните транспортери доживуваат брз технолошки развој во најразлични варијанти, како трнспортери со или без купола, вооружени со противавионски топ од 20-57 мм, понатаму со вградување на бесповлечен топ од 90-105 мм, се оспособуваат и за противоклопна борба, возила за извидување. Оттука се дефинира и нивната широка намена: се опремуваат сите извидувачки состави, за превоз и борба на стрелачки одделенија, за превоз на минофрлачи, за лесни противавионски цевни и ракетни системи, за противоклопни ракетни системи, за воздушнодесанти единици, како командни возила, за санитетска служба и друго. Во сите современи армии се развиваат нови

типови на оклопни транспортери како стандардни оклопни возила на пешадијата. Воведувањето во вооружувањето на НХБ оружјето, направени се значајни промени во развојот на оклопните транспортери во смисол тие да бидат оспособени за дејства во услови на употреба на НХБ оружјето. Оклопните транспортери и борбените возила на пешадијата денес се вооружени со топови над 20 мм; 1-2 митролези; со противоклопни лансери и други средства за блиска противоклопна борба.

Натамошните тенденци во развојот на оклопните транспортери и борбените возила на пешадијата насочени се кон зголемување на огнената моќ, маневарската подвижност и противоклопната заштита, со што во противоклопната борба би се дополнувале со тенковите.

### 1.2.3. Вооружени системи во военото воздухопловство и противвоздушната одбрана (ВВ и ПВО)

Историјата на военото воздухопловство (ВВ) започнува со појавата на балоните и воздушните бродови и нивното воведување во вооружените сили (ВС) и користење за воени потреби.

Во почетокот воените авиони се користени исклучително за прибирање на податоци за потребите на копнените и поморските сили. И покрај постојаните обиди за проширување на активностите (делувањето) и на други области, воздухопловните сили уште ја плаќаат цената на својата првобитна намена, прибирање на податоци или спречување на непријателот во таа работа.

Согледувајќи ги можностите на авионите, и тоа само делумно, веќе во 1909 САД и Франција организираат единици на воена авијација. Во САД тие влегле во состав на единиците за врски а во Франција во состав на артилеријата. Веќе во 1912 авијацијата добила епитет на посебен род, но само помошен поради недоволната квалитативна и квантитативна застапеност во ВС. Во тој период најголема авијациска единица била

ескадрилата која броела 6 авиони, наменети за извидување, набљудување и одржување на врски.[109]

*Во текот на Првата светска војна* доаѓа до квалитативни и квантитативни промени во ВВ. Авијацијата станува негов главен и најброен дел, со значително проширени можности за дејство против противничка страна. Ескадрилите се зголемуваат и се формираат воздухопловни групи, а во некои земји пред крајот на војната се формираат и воздухопловни дивизии. Во Германија се формира Команда на воздухопловните сили на која и биле потчинети сите воздухопловни сили и ПВО службите, а во Обединетото Кралство пак, ВВ прераснува во посебен вид на ВС. Со други зборови поминале само девет години од воведувањето на авијацијата во ВС, во состав на еден од родовите на КоВ во 1908 година, до израснувањето на ВВ во вид на ВС на Обединетото Кралство во 1918 година. Во периодот до Првата светска војна бројот на авионите од неколку се зголемил на 180 во Франција, 232 во Германија, 224 во Русија. На крајот на војната, во 1918 година, бројот на авионите толку се зголемил што тие веќе се броеле со илјади: 2650 во Германија и 2630 во Обединетото Кралство. При тоа од најмалите воздухопловни единици се формирале мошне големи, како на пример во Франција во 1918 доаѓа до формирање на најголемата авијациска единица во Првата светска војна - воздухопловна дивизија, а во Обединетото Кралство се формирала воздухопловна бригада.

Во тој период, во рамките на структурата на ВС, пред се кај големите сили, покрај постоечките КоВ и Воена морнарица (ВМ), се диференцира нов вид, Воено воздухопловство, кој поседува квалитет, изразен низ техничките и борбените способности за самостојни дејствија и значително влијание врз крајниот исход на операциите. Авионот, како борбено средство, во мошне краток период определувачки влијаел врз менувањето на постоечките и формирањето на нови организациско-формациски целини во армиите на големите сили и во некои помали земји.

---

[109] Vojna enciklopedija, Drugo izdanje-br.8, VIZ, Beograd, 1971 god., str 701

*Непосредно после Првата светска војна* во повеќето земји се оформиле првите поодредени начела и гледишта за употребата на ВВ во некоја идна војна засновани на искуствата од Првата светска војна. Според тие гледишта најголемиот дел на ВВ, кој го сочинувала извидувачката, ловечката и бомбардерската авијација и балонските единици, би требало да се употреби за непосредна поддршка не единиците на КоВ, а помалиот дел од бомбардерската и ловечката авијација, кој би бил непосредно под Врховната команда, за самостојни дејства.

Се јавуваат и првите теоретичари со своите идеи и погледи за развојот на ВВ и за неговата употреба во војна. Меѓу нив посебно се истакнуваат италијанскиот генерал *Dj.Duet* кој ВВ го гледал како основен и самостоен вид на ВС, способен сам да ја добие војната[110], американскиот генерал *V. Michel* и британскиот воздухопловен маршал *H. Trencard*. Во суштина, сите тројца за залагаат за создавање на самостојно воздухопловство, т.е. ВВ како вид на ВС, со силна бомбардерска авијација за изведување на самостојни дејствија. Нивните сваќања за улогата и употребата на ВВ биле во спротивност и, во суштина, антитеза на званичните сваќања и гледишта на нивните земји за употребата на ВВ.[111]

Континуираниот техничко - технолошки развој и развојот на науката ќе придонесат за натамошна афирмација на ВВ. Така споменатата спротивставеност на ставовите со званичните кругови не траела долго. ВВ скоро во сите поголеми земји добива сатус на вид на ВС (Франција, Италија, Германија, Обединето Кралство), во други само организациски е во составот на КоВ иако во суштина ги има сите карактеристики на вид (на пример: САД, СССР и повеќето мали земји). Само во Јапонија и во само некои мали земји тоа и понатаму останало во суштина во КоВ. Во врска со тоа се основаат и министерства за воздухопловство и реорганизираат командите, единиците и установите. Скоро во сите земји

---

[110] Edvard Varner, Doj, Michel, Severski, Teorija vazdušnog rata, delo Tvorci moderne strategije, str. 519 – 528

[111] Vojna enciklopedija, Drugo izdanje-br.8, str 49, VIZ, Beograd, 1971 god.

се развиваат концепти за употреба на ВВ и се усвојуваат доктрини, мада сите не располагале со потребните сили за нивно остварување.

*За време на Втората светска војна* развојот и употребата на ВВ биле поврзани со карактерот на војната во одредени нејзини периоди. И за време на Втората светска војна искуствата покажале дека превласта во воздухот е еден од битните предуслови за успешно изведување на дејствија на копно и на море, а тесното содејство со единиците на КоВ е неопходен услов за успехот на истите. Во текот на војната ВВ израснало во силна и многу сложена организација и ангажирало големи човечки, а посебно материјални потенцијали. Тоа квалитативно и квантитативно толку се развило, да во најголемиот број земји по важност се изедначило со КоВ и ВМ, а во некои земји, пак, се сметало дека ќе постане и најважен вид. ВВ е употребувано за комплексни задачи - самостојни дејства, содејство со КоВ и ВМ, заштите на територијата, извидување, транспорт и разни помошни задачи. Многу значајна улога во Втората светска војна имала ПВО, посебно на територијата, која ја чиниле единици на ловци пресретнувачи, ПВО артилеријата, ВНЈИН (воздушно набљудување, јавување, известување и наведување) и балони за запречување. Динамичниот развој на авијацијата, најзиното се поголемо учество во операциите за брзо поместување, барале промени и во организацијата на логистиката на ВВ. Командувањето со ВВ на завојуваните држави, чии единици биле дислоцирани ширум пространите војувалишта на Европа, Африка, Азија и Австралија и на огромните пространства на Пацификот, било, по правило, централизирано.

Военото воздухопловство од првите денови на војната, постанало важен чинител во склоп на воените дејствија. Тоа, во значителна мерка, ги изменило дотогашните сваќања за величината на војништето и војувалиштето - постанало првокласно средство за изведување на маневар и постигнување на изненадување. Втората светска војна покажала дека превласта во воздухот е основен предуслов за успешно изведување на големи офанзивни операции, а и одбранбени, чија крајна цел е премин во противофанзива.

*После Втората светска војна* со повторното заострување на меѓународните односи се интензивира трката во вооружувањето, а посебно се нагласува значењето на ВВ. Поради тоа се форсира развојот на воздухопловната техника и се зголемува бројот на авионите. Интензивно се развивани и усовршувани моторите на млазен погон. Преминот од клипни на ловци млазен погон извршен е за релативно кратко време, додека кај бомбардерите тоа траело многу подолго. Истовремено, со развојот на млазните мотори и авиони се развивало и вооружувањето на воздухопловите, како и опремата на авионите, посебно радио-радарската. Огромната разорна и уништувачка снага на нуклеарните бомби го изменила сваќањето за местото и улогата на ВВ во склоп на вооружените сили. Тоа особено дошло до израз во САД, кои веќе во тоа време поседувале нуклеарно оружје и каде стално се водела борба да на военото, пред се стратегиското воздухопловство, се даде примат во однос на останатите видови на ВС.

Во периодот кога воздухопловната индустрија на развиените земји била ориентирана на проектирање и производство на млазните авиони, пред се на ловците, и нивното воведување во оперативните единици на ВВ, избувнала корејската војна. За време на корејската војна единиците на ВВ употребувани се пред се за тактички и оперативни задачи, и за правпат за употребуваат хеликоптери за транспортни и борбени задачи.

Брзиот развој и зголемување на бројноста на ракетното и нуклеарното оружје и нивното постепено воведување во сите видови на ВС, им дал нов карактер на борбените дејствија и влијаел на креирање нови доктрини за употребата на видовите на ВС, па и на ВВ. Со воведувањето на наведуваните (водените) ракети во вооружувањето и нивната се поголеме афирмација, се поставило многу крупно прашање во погледот на понатамошниот опстанок и употреба на авионот и неговата замена со ракета. Во спротиставувањето на тие две гледишта се дошло до заклучок дека авионот и водените ракети, како земја - земја така и земја - воздух, се две борбени средства кои меѓусебно се дополнуваат. Секако дека современата техника достигна висок степен на развој, меѓутоа сеуште постои значителна разлика меѓу авионот и ракетата. Сеуште е потешко да

се пресретне и уништи ракетата од авоинот, меѓутоа најновите искуства од Заливската војна и од Операцијата на НАТО во СРЈ го докажуваат спротивното: сојузнучките сили полесно ги уништуваа Ирачките авиони отколку ракети, од друга страна, пак, НАТО изгуби многу повеќе ракети отколку авиони за време на операцијата.

***Портиввоздушна одбрана (ПВО)***

Големите брзини на современите авиони го заостриле прашањето за ВНЈИН и придонеле на развојот на радарската техника и автоматизација во системот на ПВО. Денешната противвоздушна одбрана (ПВО) е чудна мешавина на онаа што ни е познато од Втората светска војна, што е карактеристично за помалите и посиромашни земји, и некој вид научна фантастика во вид на ракети за ПВО. Во ПВО сеуште се употребуваат противавионски (ПА) топови, во некои случаи дури и оние што се преостанати од Втората светска војна. Но, најчесто ПА топовите со помал калибар (под 75мм) се употребуваат со компјутеризирани радарски системи за управување на оган, и покрај тоа има случаи да со нивниот оган се управува на класичен начин - рачно при што ваквите системи и орудија за ПВО се најмалку ефикасни - за соборување на еден авион количината на потрошената муниција се мери во тони. Ракетите за ПВО се значајно/доста поефективни. Од 50 лансирани барем една ќе ја погоди целта. До сега во двобојот меѓу ракетите за ПВО и авионот, спосоностите на пилотот и уредите за електронски дејства се надмоќни. Факт е дека авионите се погодуваат со ракетите за ПВО, а тие ракети непрекидно се усовршуваат, односно стануваат се поспособни.

Современата ПВО не може да се замисли без широко и добро развиена мрежа на радари и без примена на разноврсни електронски уреди за следење и наведување на воздухопловите, како и многубројните средства за електронско попречување на уредите и оружјата на противникот чија работа се заснова на користењето на електромагнетните бранови. Балистичките ракети тоа прашање уште повеќе го усложниле. Военото воздухопловство сеуште поминува доста време во извидувањата, меѓутоа сателитите имаат превземено дел од таа работа. Првенствена

задача на едно ВВ е да го уништи воеpoints the воздухопловство на противникот. ВВ никогаш нема доволно сили да ги покрие своите потреби, а тоа е затоа што воздухопловите се скапа работа, поточно најскапото оружје со кое се располага, а од ВВ исто така многу и се бара. Воздухопловите можат бргу да дојдат каде се потребни, а имаат голема моќ. Меѓутоа тие на можат да завземаат простории на земја ниту да ги заменат копнените сили во нивната работа, но воздухопловството и те како може да допринесе на одлучувачката надмоќ - преовладување над силите на противникот со освојување на превласта во воздух во почетната фаза на војната.

Масовното воведување на ракетното оружје во вооружувањето на големите сили, како и во вооружувањето на малите земји во сразмер со нивните економски можности, внесува сосем нови елементи во водењето војна во целина, а посебно во воздушниот простор и во борбата за превласт во истиот. Намената и карактерот на современото ВВ уште повеќе налагаат да тоа, уште во мирно време, мора да биде во воен состав, бидејќе мобилизација од класичен тип неможе успешно и на време да се изврши. На тој начин тоа ќе може да ги почне дејствијата без поголеми подготовки и да постигне изненадување. Поради огромните брзини на современите воздухоплови, системот на нивно управување мора да биде толку брз и прецизен и така организиран да овозможи нивна постојана и потполна контрола од земја, но со добивање на податоци и од воздухопловните платформи за рано предупредување и контрола, како и од сателитите. Сето тоа бара автоматизација на командувањето и управувањето.

Хеликоптерите постануваат најчесто користено орудие воздух-земја. ВВ изгледа дека на некој начин жали што сето тоа се случува, затоа што зголемувањето на хеликоптерските единици на КоВ го загрижува ВВ бидејќи се смалува бројот на воздухоплови со кои тоа располага за потребите на поддршка на копнеените сили.

Во военото воздухопловство од Втората светска војна до денес постојат драматични промени. Во споредба со авионите од тоа време, современите летаат трипати побрзо и преку 50% подолгу, а носат трипати

повеќе убојни средства. Радиусот и поузданоста им се зголемени, а за борба во воздушниот простор вооружени се пред се со ракетно вооружување. Меѓутоа, начините на водење борба во воздушниот простор, и покрај се, во главно се останати исти. Поради физички ограничувања, таа борба авионите ја водат летајќи со брзина за само 50% поголема од онаа во Втората светска војна. Бомбардирањето сеуште го изведуваат летајќи со мали брзини, пред се затоа што пилотите не би можеле многу да видат ако летаат побрзо. Вистина е дека електронските уреди и сите други помошни средства кои се користат при бомбардирање и во борба во воздух, им помагаат на пилотите. Сепак тие уреди не се совршено решение за компликациите до кои се доаѓа при војување во воздушниот простор, сеуште вештината на пилотирањето останува да биде пресуден фактор за успехот, односно неуспехот, на воздушните операции.

### *Современи тенденции во развојот на военото воздухопловство*

Воздухопловите создаваат илузија кај нивните посади дека тие се независни од другите сили, меѓутоа во реалноста тие се многу врзани за службите на земја. Воздухопловите се повеќе стануваат зависни од некој кој е на земја и се повеќе му "приложуваат сметки"[112] на тој персонал, а сите авиони мора да се враќаат на земја по одреден временски интервал поради пополна со гориво и муниција. Радарите во воздухопловите честопати ги заменуваат оние радари кои се стационирани на земја, но тие се доста осетливи на пречки и оштетувања, така да посадите на воздухопловите мора да се потпираат на помош од радарите на земја. Од почетокот на војувањето во воздух, набљудувачите стационирани на земја ги следат активностите на непријателот во воздух и врз основа на добиените информации ја наведуваат сопствената авијација. Денес радарите го обавуваат најголемиот дел од тие задачи, и тоа не само еден радар туку повеќе. Информациите се доставуваат до оператвините центри, односно командни места, од каде потоа се издаваат наредби на

---

[112] James F. Dunnigan, How to Make War – A comprehensive Guide to Modern Warfare, QUILL, William Morrow, New York, 1998

воздухопловните и другите сили. Ова уште еднаш ги потврдува научените лекции од историјата на војувањето дека оној кој командува мора командите и нарадбите да ги издава според веќе утврден критериум при што се почитуваат утврдени принципи и процедури, а со цел командите и наредбите да ги содржат неопходните елементи и сами по себе взборувааатг што потчинетите единици, команди или поединци треба да работат. Практично ова значи дека современиот воен лидер води операција, или командува, од оперативен центар каде што се слеваат сите релавантни податици. Сведоци сме на погрешна интерпретација од некои всовремениг воени лидери на поимот оперативен центер и на значењето и улогата што истиот треба да ја има. Ваквиот центар не треба да постои за да се покаже дека ВС внешто работатг, туку тој треба да биде така конципиран и воспоставен да обезбеди се што е потребни да се оствари победа со што помалку губитоци или со што помало изложување на сопствените сили на ризик. Сето ова историјата неколку пати го потврдила: Ханибал се наоѓал на грбот на најголемиот слон на чело на своите сили, Наполеон го поставувал својот шатор на најдоминантната но воедно и најбезбедна точка на боиштето, со одбраната на Обеденитетото Кралство исто така се раководело од центар каде што се слевале сите информации од големите "очи и уши" - радарите, па до најсовремените воени операции со кои се раководи од места-центри каков што не на пример бродот *"USS Mount Whitny"*.

Беспилотните летала се популарни поради малата цена на чинење и што во нив не гинат пилоти. Со самото тоа што не е потребен пилот, се добива многу во просторот и во тежнината, па со тоа беспилотните летала се поевтини и од најмалите класични летала (воздухоплови) со пилоти. Тие се идеални за извршување опасни задачи. Овие летала се поефтини, но со некои од нив мора да управуваа пилоти од земја, а со тоа можат и да се попречуваат со електронски средства.

Беспилотните летала првобитно се користени како мети да би се обезбедила што пореална обука во употребата на авионското и ПА вооружувањето. Подоцна овие летала се повеќе се користеле за извидување - пред се тактичко извидување, вклучувајќи ги и задачите на

Против-електронско (ПЕ) војување, бидејќи сензорите се полесни од бомбите и можат повеќекратно да се користат. Бидејќи овие летала се со мали димензии, летаат на мали височини и споро, тешко е да се откријат. За извршување на задачите во рамките на тактичкото извидување обично е потребно да се лета на мали височини поради што подобар квалитет на прибираните информации, понекогаш и со привлекување непријателски оган со цел за откривање на неговите позиции.

Откривањето на целта е еден вид извидување кое постанува се позначајна. Благодарејќи на развојот на електрониката, артилеријата е во можност да види се што гледа и беспилотното летало. Можноста за подолго задржување во воздух му дозволува на беспилотното летало да остане над зоната на борбените дејствија и да на артилеријата непосредно и дава податоци за новите цели и ефикасноста на нејзиниот оган. Овие летала имаат исто така значајна улога во воздушната борба и покрај тоа што не се вооружени. Тие можат да ја носат електронската опрема која ќе ги открива непријателските радари и врз основа на тие податоци воздухопловите со пилоти можат со противрадарски ракети или други средства да ги уништуваат противничките радари и лансирни постројки. Сега веќе постојат роботски беспилотни летала кои самостојно ги обавуваат задачите на уништување на непријателските радари. И покрај тоа што САД биле први кои се занимавале со истражувања во оваа област, Израел го превзел водството во користењето и развојот на беспилотните летала. Сега веќе и други земји прават сопствени летала од овој вид, како последица на брзиот развој на технологијата која овозможува нивна изградба за релативно ниска цена на чинење. Кај роботските беспилотни летала уште постои еден голем проблем. Овие машини се закануваат да ја превземат работата на пилотите. Трендот на денешницата се состои во тоа да беспилотните летала се упатуваат во реони кои се добро штитени со ПВО ракети и топови и се остава "машините меѓусебно да се пресметаат".[113]

---

[113] James F. Dunnigan, How to Make War – A comprehensive Guide to Modern Warfare, QUILL, William Morrow, New York, 1998

Највоочливи подобрувања се очекуваат во областа на откривање на ракетите, нивното наведување и усовршување на маневарските способности. Подобрувањата во поглед на откривањето и наведувањето најповеќе ќе се однесуваат на електрониката, посебно на развој на уште помоќни сметачи/компјутери. Се повеќе во ракетите и радарите се вградуваат сметачи/компјутери на наведување кои може да се репрограмираат. Благодарение на нив, доколку пилотите би користеле некоја нова одбранбена техника, противавионските ракети би можеле бргу да се репрограмираат и да им парираат. Денес исто така е можно да сметачот/компјутерот веднаш пронајде можност како вда ја надмудри жртватаг.[114]

Друга новост ќе бида пасивниот радар. Тој вид на радари користи ИЦ технологија и брза обработка на сигналот. Исто така се работи и на развивање на сензори кои би регистрирале и други својства покрај топлотното зрачење, како што е ширењето на магнетните и звучните бранови. За сега ИЦ-радарите сосема добро се однесуваат во лабораториските услови. Денешната генерација на западните ИЦ-ракети воздух-воздух користи сигурен тип ИЦ-радар кој е во состојба да го следи топлотниот бран на некој воздухоплов под било кој агол на ширење и на далечина од преку неколку километри, но сепак кај тој систем се јавуваат проблеми во врска со облаците кои можат да го ослабнат сигналот на топлотниот бран. Од таа причина првите ИЦ-радари ќе се користат во спрега со класичните радари. На ова интензивно се работи бидејќи противрадарските раките се се побројни и поефикасни. Пасивните радари се исто така значајна компонента на новата генерација ракети воздух-воздух. Електрониката постанува се позначаен фактор на војувањето. Во минатото било можно да се избегнат радарите и ПВО ракетите во "низок" и "брз" лет. Во последните децении направени се радари кои се вградуваат во авионите и "гледаат одозгора" на она што се случува. Тие радари се вградуваат во пресретнувачите кои се наоѓаат во воздух со задача за

[114] James F. Dunnigan, How to Make War – A comprehensive Guide to Modern Warfare, QUILL, William Morrow, New York, 1998

очекување на противникот или во специјални авиони чија функција е рано предупредување и командување од воздух - систем *АЊАЦС*, кои своите мисии ги обавуваат од големи височини. Западните земји, а пред се САД, се водечки во оваа обалст и тие настојуваат да го усовршат компјутерскиот систем кој му овозможува на радарот да разликува воздухоплов од се друго што радарот може да регистрира.

Иако индивидуалната вештина на пилотот е важна работа, современата борба во воздух значи повеќе тимска работа и технологија. Орудијата со поголем домет и со подобра комуникација овозможуваат да пилотите го откријат и нападнат противникот на поголеми далечини.

Без исклучоци, во ВВ сметаат дека за победа во иднина најважен ќе биде нападот на цел која се наоѓа надвор од видното поле. И кај ракетите воздух-воздух како и кај системот земја-воздух оваа можност е посебно нагласена. Тоа во воздухот од пилотот бара да има доверба во сензорите кои се во состојба да разликуваат непријателски авион од сопствените. Ракетите воздух-воздух со голем домет постојат повеќе од четири децении, но и покрај тоа кај нив сеуште не е решен проблемот на позитивна идентификација на целите кои пилотот не може да ги види. Сеуште изостануваат конечни проверки на овие системи при финкционирање во борбени услови, затоа пилотите немаат баш многу доверба во тоа. Да би се избегнале грешки во овој вид на идентификација се развиваат ефикасни ракети со краток домет. Што се однесува до целите на земја, овде работите зависат уште повеќе од сензорите. Гаѓањето цели на земја од воздух од секогаш претставувало повеќе вештина него наука, а така вешти уметници за гаѓање никогаш немало во доволен број. Најпосле, не треба да се заборави дека ракетата е ракета, проектилот е проектил без разлика од каде е испукан. Сето тоа е обичен материјал во еден статичен систем, а човекот е тој што сето тоа го претвора во динамичен систем чие заживување има одредена цел - уништување на непријателот. Проблемот е во тоа што во takивте системи на постои субјективизам. За нив "непријателот" е нешто што се наоѓа на крајот од траекторијата на движење, што значи дека може да биде било што или било кој. За жал, споменатото се потврдува и во најновите конфликти, како што е

операцијата на "Коалиционите сили" во Ирак. После серија инциденти, кога од "пријателски оган" имаше поголем број на жртви, Пентагон започна сериозна истрага и спроведе серија испитувања за причините на споменатите инциденти. Фактите наведуваат на заклучок дека воената машинерија на САД не успеала да ги спреведе потребните реформи после многуте слични трагедии во "Заливската војна" во 1991 година. Во 2001 година, под изговор на преголема цена на чинење откажана е програмата за опремување на тенковите и останатите воени возила со електронски уреди за идентификација на пријателски, односно непријателски сили и средства. Во моментот, заедно со НАТО сојузниците, "се работи на развој на друг сличен систем, но тоа е сеуште во фаза на тестирање"[116].

Наспроти аеродинамичките линии на авионите невидливи за радари од типот стелт, сега се обликуваат такви линии кај кои се јавуваат поголем број посебни мали крила, закрилца и други елемнти кои овозможуваат бесшумен маневар. Со цел да леталото биде што поподвижно и за постигнување на што поголеми брзини повторно се воведуваат микросметачи во системот за управување со закрилцата и со промената на аеродинамичките површини со таква брзина која човек никогаш не би можел да ја оствари. Ваквите маневарски способности овозможуваат и поуспешно приземјување, полетување и лет со брзини кои овозможуваат максимална економичност при потрошувачката на горивото.

Хеликоптерите стануваат најчесто користено орудие воздух-земја, како воопшто така и во рамките на борбената поддршка на единиците од прва линија. Иако долго сметани за само нешто подобри од камиони кои можат да летаат, "хеликоптерите сега веќе ги освоија малите височини како своја ексклузивна територија"[117]. Најновиот изум кој е воведен, кацига со вграден дисплеј во визирот кој е впрегнат со топот и ракетните лансери, овозможува да пилотот, кога на екранот воочи нешто што смета дека би требало да се уништи, едноставно го прати со поглед и го притиска

---

[116] SHAPE News – Morning Update, 07 April 2003, Mons, Belgium
[117] James F. Dunnigan, How to Make War – A comprehensive Guide to Modern Warfare, QUILL, William Morrow, New York, 1998

копчето за испалување. Хеликоптерите топовњачи се опремени со ракети воздух-воздух за борба против други хеликоптери и авиони ловци. Хеликоптерите опремени со електронски средства наменети се за противелектронско војување. Оваа задача за хеликоптерите додаден е во САД со новата верзија на хеликоптер топовњача од времето на виетнамската војна на база на транспортниот авион С-130. Оваа верзија на хеликоптери вооружена е со автоматски топ со калибар од 25мм до 40мм, а може да се вгради и хаубица 105мм. За повеќекратно зголемување на неговата огнена моќ додадени се многу сензори, компјутери и уреди за противелектронско војување, хеликоптерот е оклопен така да посадата е заштитена од непријателски оган. Овие летала се доста скапи и нивниот број е лимитиран, ризично е да се користат во реони каде целите се бранети со јаки ПВО средства. Меѓутоа, против слабо вооружени востаници и други воено-терористички групи тие претставуваат страшно орудие. КоВ на САД модернизира неколку десетини свои хеликоптери за што поефикасна поддршка на дејствата на специјалните единици.

Хеликоптерите претставуваат најпроблематична цел за ПВО. Меѓутоа сега се јавуваат нови видови ракети за борба против хеликоптерите, кои се лансираат од земја. Во нив се вградуваат акустични сензори кои го фаќаат звукот на хеликоптерот, го одредуваат правецот на неговото движење и кога истиот ќе дојде во зоната на дејство, се исфрлаат специјални боеви глави за напад на цели на мали височини, со вграден радар и сензор кој реагира на топлотно зрачење. Посовршен модел на овие ракети ќе може да се користи и против нисколетечки млазни авиони. Тоа, меѓутоа, не значи дека е дојден крајот на употреба на авијацијата, прашање е само во која мерка ПВО ќе биде ефикасна.

- Развојот на новите летала (воздухоплови) станува се потежок. Еден од проблемите очигледно е нивната цена и се посложената технологија. Вториот проблем е во ракувањето со таа сложена технологија и се посложеното проектирање на ваквите летала. Постои добра причина за ставање акцент да се добие што повеќе од новите авиони, затоа што нивната цена ќе биде двапати поголема од сегашните модели, така да ќе ги има и бројно помалку во однос на претходните. Едноставното и

лесно управување со машината постанува клучен фактор на борбените перформанси на воздухопловот. Со тек на годините пилотските кабини се повеќе личат на видео екрани. Сите тенденции укажуваат на тоа да автоматиката ги заменува пилотите. Посадите на воздухопловите се намалени за 50% во последните четириесет години. Во воздухопловите, пред сé оние од западно потекло, се вградуваат "помошници пилоти" - уреди со компјутеска основа кои ги превземаат сите рутински и технички процедури на летот и при тоа разговараат со пилотот на говорен јазик. Многу операции кои пилотот порано ги извршувал со притисок на копче сега автоматски се извршуваат на негова команда со глас.

### 1. 2. 4. Вооружени системи во воената морнарица (ВМ)

Во стредствата на воената морнарица спаѓаат најразлични видови на пловни средства опремени со разновидно вооружување и друга опрема неопходна за извршување на основната задача. Вообичаено е, заради бродот како основно средство на воената морнарица, под името воен брод се разврстуваат и нивните средства. Во светот, класификацијата на воените бродови е различна, така во САД воените бродови се разврстуваат на подморници; носачи на авиони; бојни бродови; крстосувачи; разурнувачи; фрегати; десантни бродови; миноловци; помошни бродови, бродови за опслужување; патролни чамци; десантни чамци; бродови за различна намена и други. Во бившиот СССР, а и денес во Русија класификацијата е следна: подморници; носачи на авиони; бојни ( линијски ) бродови; крстосувачи; разурнувачи; фрегати; десантни бродови и средства на минополагачите; миноловци; патролно-ескортни бродови; командни и други бродови и чамци.

Според Бошко Антиќ[29], класификацијата е: подморници; бојни бродови; носачи на авиони и хеликоптери; крстосувачи; разурнувачи; фрегати; корвети; патролни бродови и чамци; ракетни топовњачи и чамци;

---

[29] Антиќ Бошко,*Савремени ратни бродови*, НИУ "Војска", 1996, стр.56

торпедни чамци; десантни бродови; десантно-искрцни средства; минополагачи; противмински бродови; помошни бродови и речни воени бродови.

Појавата на бомбардерската авијација, а посебно појавата на нуклеарната бомба, го намали значењето, местото и улогата на бојните бродови, а се зголеми значењето на носачите на авиони, подморниците и други типови на воени бродови.

После Втората светска војна, развојот на воените бродови беше во пораст, но најмногу се постигнало во нивното вооружување. Развојот на воените бродови и нивното воведување во вооружувањето на ВМ се одвиваше по генерации: I генерација до 1960. огдина; II до 1970. година; III помеѓу 1970 и 1980. година и IV после 1980. година[119].

*Носачи на авиони* - како прв носач на авиони во светот се смета преправениот боен брод на В. Британија "Фуриоус"во 1917. година. Поради комплексноста и големите финансиски трошкови за изградба на овие бродови, после Втората светска војна развојот на носачи на авиони беше насочен кон реконструкција на старите и завршување на започнатите серии. Изградбата на нови типови карактеристична е за подоцнежниот период. Како еден од најзначајните моменти во изградбата на овие бродови, кој направи значителен напредок, е воведувањето на носачот на авиони "Enterprise" на нуклеарен погон во 1958. година.
Земја со најдолга традиција во изградбата на носачи на авиони се САД а во составот на нивната флота има 14 носачи на авиони со тенденција тој број да се намали на 12 (11 во употреба и 1 во резерва). Во флотета на САД се наоѓаат носачи на авиони со депласман од 81000 тони до 92000 тони, на кои се стационирани сите видови на авиони и хеликоптери. За разлика од нив во бившиот СССР, денешна Русија со градење на носачи на авиони се отпочнало релативно доцна, бидејќи определбата била на изградба на бродови како крстосувачи, разурнувачи и фрегати кои имаат силно вооружување. Со излезот на светските мориња и да би парирале на

---

[119] Исто, стр.57

САД, се почнало со воведување помали носачи на авиони во флотата. Први такви носачи на авиони беа од типот "Киев" (Киев, Минск, Новоросијск, и Баку) со депласман од 17500 до 37000 тони, што ги вбројува во средни носачи на авиони. Со изградба на тешки носачи на авиони со депласман од 78000 до 80000 тони од типот "Тбилиси"(Кузњецов)се отпочнало во осумдесеттите години од XX-век. Денес Русија (ЗНД) располага и со два носачи на хеликоптери - Москва и Лењинград.

Франција во својата флота повеќе од две децении ги има носачите на авиони "Clemenceau" и "Fosh" кои треба да се заменат со носачи на авиони на нуклеарен погон, со депласман од околу 36000 тони, првиот со "Charles de Gaule" додека вториот ,"Fosh", во план беше да се замени до 2003. година. Покрај овие замени, Франција изгради и проект за носач на авиони на нуклеарен погон, "Clement Adler ", со депласман од 24000 тони.

Велика Британија во својата флота користи три носачи на авиони од типот "Invicible" кои не се "чисти" носачи туку крстосувач-носач на авиони, со депласман од 20000 тони и способност да прими - носи 12 авиони и три хеликоптери. Покрај тоа извршена е и реконструкција на трговскиот брод "Contender Bezant" во носач на авиони "Argus".

Шпанија од 1988. година во уптреба го има носачот на авиони "Principe de Asturias", а Италија го има крстосувач-носач на авиони "Guseppe Garibaldi" со депласман од 13850 тони и носи 16 хеликоптери.

Аргентина и Бразил имаат по еден носач на авиони "Veinticino de Mayo" и "Minas Gearais" кои носат по18 авиони. Индија денес работи на изградба на носач на авиони од сопствено производство.

Земјите кои денес раполагаат со носачи на авиони (носачи на хеликоптери) можат да се стават во три категории и тоа: прва - земји кои продолжуваат со изградба на носачи на авиони кои полетуваат со помош на катапулт, како што се САД; Франција и Русија; втора - земји кои, поради големите финансиски трошоци, градат помали носачи на авиони за авиони со вертикално полетување и слетување како Велика Британија и

Шпанија; трета - земји кои имаат носачи на авиони од Втората светска војна, како Аргентина, Бразил и Индија, кои исто така бараат решение во изградба на носачи на авиони за вертикално полетување и слетување на авионите. Изградбата на носачи на авиони се очекува и во Кина и Јапонија. Покрај класичните носачи на авиони - хеликоптери во уптреба се и десантни носачи на хеликоптери и тие се наоѓаат во составот на ВМ на САД (има 12) Русија и ЗНД (има 2) и Франција (има 1). Карактеристични претстсвници на десантните носачи на авиони се " Iwo Jima", "Москва" и "Jeanne d'Are". Денес носачите на авиони претставуваат респеективна сила со големи борбени можноости. На вкупно 41 носач на авиони - хеликоптери во светот, се наоѓаат околу 125000 луѓе, со околу 2000 авиони и 386 хеликоптери.

*Крстосувачите* со оглед на вооружувањето кое го поседуваат и задачите кои ги извршуваат, денес се најуниверзалните воени бродови. Што се однесува на вооружувањето, тоа се бродови со најсилно артилериско-ракетно вооружување и најчесто се наоѓаат на челото на распоредот на флотата и ударните групи. Вооружувањето на на овие воени бродови се состои од: противбродски ракети; ракети "брод-воздух"; противподморнички системи "ракета-торпедо"; торпедни системи; пртивподморнички фрлачи и ПА топови од најразличен калибар и број на цевки. Според погонот, намената и вооружувањето се класифицираат во: нуклеарни; противподморнички; противавионски и ракетни. Општите карактеристики на крстосувачите се: депласман од 5500 до 28000 тони; должина 142-248 метри; широчина 15,8-28,5 метри; брзина на движење од 30 до 35 јазли на час. Најмоќните крстосувачи во светот денес се руските "Слава" и "Кара" од типиот "Киров"и американскиот "Ticonderoga".

Денес крстосувачите се наоѓаат во составите на ВМ на Чиле, Франција и Перу, по еден; Русија и ЗНД - 45 и САД - 54. Имајќи ја предвид староста, односно векот на употреба на овие воени бродови во сите земји, освен во Русија и ЗНД и САД, се очекува во иднина крстосувачите да останат само во состав на ВМ на Русија и ЗНД и САД.

*Разурнувачите* се воени бродови кои се наменети за дејства против површинските лесни сили и подморници, како и за дејство по цели во

воздухот. Вооружени се со ракетно, артилериско, торпедно, минско и противподморничко вооружување. Поделбата - класификацијата на разурнувачите не е универзална за сите држави во светот, сепак тие се делат на: ракетни и противподморнички (според вооружувањето); на разурнувачи за електронско извидување; флотни и ескортни разурнувачи. По завршувањето на Втората светска војна сите поголеми ВМ ги имале во својот состав, но и понатаму ги развивале и граделе. Воглавно тие биле таканаречени флотни разурнувачи со депласман од 2100 до 2800 тони, со брзина од 34-40 јазли, вооружени со повеќе класичнии и ПА топови и торпедни цевки. Појавата на ракетното вооружување го услови зголемувањето на депласманот и изградба на некои подвидови на разурнувачи. Разурнувачите градени после 1950. година имале депласман од 2600 до 4700 тони, а биле вооружени со артилериско вооружување со калибар од 76-130мм., и ракетни системи за дејства по цели на морето и во воздухот. Овие видови на бродови денес се во составот на ВМ на големите држави и ткн. мали држави со најразлични карактеристики; депласман од 2240 до 8300 тони; должина од 119 до 172 м.; широчина од 12 до 21м.; брзина на пловење од 28 до 38 јазли и со екипаж од 195 до 402 члена. Меѓу најмоќните разурнувачи во светот денес се вбројуваат американските од типот "Arleigh Burke" и руските од типот "Современиј" и "Удалој" кои се вооружени со најсовремено и најмоќно артилериско, ПА, противподморничко и рактно вооружување, со современа опрема за извидување и навигација, на база на современите командно информатичките системи (КИС) системи. Повеќето разурнувачи имаат и палуба за носење на 1-2 хеликоптери. Во иднина на разурнувачите ќе им се посветува осбено внимание, тоа го потврдува и проектот DDGLX на САД кој предвидува изградба на разурнувач кој покрај најсовремената техника за навигација и управување со сите подсистеми, ќе користи и моќно вооружување од топовско, преку ракетно и торпедно, до ласерско, како и хеликотери за противподморничка борба.

*Фрегатите* се воени бродови наменети за борба против современите подморници и авијацијата. Овие бродови во државите, со поголема ВМ, се употребуваат за придружба (ескортирање) на воените и

трговските бродови, а во државите со помала ВМ тие претставуваат воени бродови кои имаат улога на командни бродови на здружените тактички состави и се носители на борбената моќ на море. Фрегатитие изградени после 1960. година, сѐ повеќе се опремуваат и вооружуват првенствено за борба против подморници и авиони, но се поприметен е и трендот на градење на фергати како универзални бродови. Депласманот им се движи од 1150 до 4675 тони. Противавионските фрегати се вооружени со ПА топови и ракети, а противподморничките со противподморничко вооружување и тоа торпедни апарати, противбродски и противподморнички ракетни фрлачи. Фрегатите од поновите генерации се вооружени и со современо ракетно вооружување како "Exocet", "Harpoon", ракети од типот SS-N за противбродски дејства, а за ПА дејства вооружени се со ракетите "Standard", "SM-1", "Sea Sparow", "Albatros".

*Корветите* се воени бродови со релативно мали димензии, со депласман од 400 до 1850 тони. Корветите имаат слична намена како и фрегатите, но тие можат да се користат и за патролна служба, службата за спасување и противмински дејства. Вооружени се со ракети "брод-брод" и "брод - воздух", со лесна и средна бродска артилерија; противподморничко вооружување - торпеда, фрлачи, лизгачи и мини; некои носат и хеликоптери. Најмногубројни флоти на корвети имаат Русија - 63, од типот "Нанучка" и "Тарантул" и Италија - 23, а најпознатата е од типот "Минерва"

Посебна групација на средставта на ВМ претставуваат *малите брзи воени бродови* коисе наменети за дејство во крајбрежното подрачје и во "тесните" морињa. Во овој вид на бродови спаѓаат бродови со депласман од 100-500 тони како тропедни чамци, топовњачи, ракетни чамци и ракетни топовници, а во некои класификации и брзите патролни чамци. Овие бродови се опремени со современа опрема за навигација и управување со бродските системи, а за борба против цели на море и во воздухот, вооружени се со различни видови на класични и ракетни средства.

*Подморниците* се посебен вид на бродови кои пловат по површината и под површината на морето. За време на Првата и Втората

Светска војна подморниците претставуваа голема опасност за противничките бродови. По Втората светска војна продолжен е нивниот развој, производство и оперативна уптреба. Денес во светот со подморнии располагаат 41 држава, но само 12 земји ги произведуваат. Класификавијата на подморниците се врши според врстата на погонот, депласманот, вооружувањето и намената.

Според видот на погонот се делат:

- на класични (дизел-електричи) и нуклеарни;

Според големината се делат на:

- *големи* - со депласман поголем од 2000 тони;
- *средни* - со депласман од 1000 до 2000 тони;
- *мали* - со депласман од 100 до 1000 тони и
- *мини или тн. "џепни"* - со депласман помал 100 тони.

Според вооружувањето и намената се делат на:

- торпедно-мински;
- торпедно-минско-ракетни;
- противподморнички (ловци на подморници) и
- специјални ( извиднички, диверзантски, транспортни, снабдувачки, истражувачки и др.).

Според задачите кои ги извршуваат се делат на:

- стратегиски,
- нападни (флотни ) и
- патролни.

Развојот на нуклеарниот погон и ракетите за стратегиска намена и со голем дострел ја услови изградбата на големите подморници кои користат нуклеарен погон и во површинското и подводното пловење.

Најголеми подморници се стратегиските подморници на нуклеарен погон кои се вооружени со ракетно вооружување за стратегиски намени (балистички ракети). Според некои податоци 1991. година, во светот постоеле 129 такви подморници, а најмногу во Русија и ЗНД - 39; САД - 15; Франција - 7; В. Британија - 6 и Кина - 5. Најголемата подморница од овој вид "Typhin" развиена е во ЗНД, а познати се и "Vanguard" и Resolution" од

В. Британија; "Ohio", "Bewamin Franklin", "Lafayete" и "James Madison" од САД; "Le triomphant" и "L'inflexibile" од Франција; "Делта IV" и "Делта III"од ЗНД; XIA од Кина и други. Нуклеарните подморници се карактеризираат со депласман од 6500 до 26550 тони; длабочина на нурнување до 600 метри; брзина на повење од 22 до 30 јазли; далечина на пловење до 370000 км, што им овозможува да стигнат на сите мориња и да дејствува. Една од особеностите на овие подморници е и тоа што тие можат да базираат и под замрзнатите површини.

Нападните нуклеарни подморници се носители на ракетното, торпедното и минското вооружување врз основа на кое се одредуваат и нивните задачи. Повеќето подморници се вооружени со противбродски ракети. Денес во светот, според "Jane's fighting ships", има 217 нуклеарни нападни подморници и тоа највеќе во РФ и ЗНД - 98 и САД - 93, депласманот им е од 2670 до 13500 тони; брзина од 25 до 45 јазли; длабочината на нуркање е слична како и кај стратегиските нуклаерни подморници; број на членови на посадата од 40 до 130 луѓе. Најбрза подморница од овој вид е "Алфа" од ЗНД, која под вода може да развие брзина од 45 јазли. Противбротските ракети претставуваат главно вооружуваање. Најпознати се противбродските ракети "Harpoon" и "Egzocet". Дострелот на ракетите со класична боева глава е од 40 - 110 км, а со нуклеарна боева глава од 60 - 300 милји. Крстосувачките ракети кои се лансираат од овие подморници имаат дострел до 3000км (ракетата СС-Н-21). Попознати нападни подморници покрај "Алфа" се "Oscar", "Papa", "Victor I, II, III".. од ЗНД; Американските "Yenkie", "Strugeon", "Seawolf", Британските "Swiftsure", "Trafalgar"; Кинеската "Хан"; Француската "Rubis" и др.

Патролните подморници наменети се за дејства против бродови и подморници и во однос на вооружувањето се делат на торпедно-мински, торпедно-минско-ракетни и ракетни. Овие подморници имаат депласман под 2000 тони, максимална брзина на пловење до 20 јазли, работна длабочина до 300метри, а максимална автономност до 90 дена. Тенденциите во развојот на овие подморници се производство на што

помала подморница а истовремено да носи што поголем борбен комплет убојни средства.

Најпозати претставници на овој вид подморници се: Аргентинската "Santa Cruz"; Француската "Daphne"; Германските "206", "212"; Италијанските "Salvatore Pelisi", "C-90", "Sauro"; Руските "Кило", "Танго"; Британската "Upholder" и други.

Мини или "џепни" подморници претставуваат посебен видподморници со депласман помал од 100 тони, најголема брзина до 11 јазли ( под вода 6,5 јазли), автономност до 10 дена и посада од 4-6 луѓе. Овие подморници се во состав на "големите" и "малите" ВМ. Вооружени се и опремени во зависност од намената, а се развиваат за извршување на различни наменски задачи. Меѓу најпознатите подморници од овој вид се Руската "Аргус"; Американскаите "Turtle","Sea Cliff; Британската "Piranha"; Германската "Sea horse"; Италијанската "Hwt"; Шведската "CGS".

### 1. 2. 5. Вселенски вооружени системи

Новината во развојот и примена на техниката, во однос на периодот до Втората светска војна, се средствата и системите предвидени за оперативна употреба за дејства во космосот и од космосот, популарно наречени "вселенски оружја". Не без причина, поранешниот американски претседател Џон Кенеди во 60-тите години изјави "Кој владее со вселената, владее и со земјата". Тука се работи за : 1) сателити за извидување, собирање и приказ на информации ; 2) оружја за дејство против балистички ракети ; и 3) оружја за дејство против сателитите. Постојат дури и ознаки за развојот на оружјето за дејство од космосот на цели на земјата, што (за сега) научниците сметаат дека е малку веројатно

Иако е позначајна (теориска) расправата за користењето на космосот во воени потреби (милитаризација на космосот) а започна кога американскиот претседател Реган објави "Стретегиска одбранбена иницијатива "- SDI (23 март 1983), истражувањата и практичните дејности во користењето на космосот за војни потреби датираат уште од средината на 50-тите години на XX век. Имено, со лансирањето на првиот вештачки

воен сателит без човечка посада ( СССР - "Спутњик I" 4 октомври 1957 ) првиот сателит за војни потреби (1958) и првиот човеков лет во космосот (СССР- Јуриј Гагарин, 12 април 1961) започна "трката" пред се на големите сили во користењето на космосот во воени (цивилни) услови, популарно наречена "војна на ѕвездите" * Пред да дадеме генеза на развојот на ткн. вселенско оружје неопходно е кратко објаснување на средствата против кои се наменети тие оружја, односно на балистичките ракети и вештачките земјени сателити (понатаму: сателити)

Балистичка ракета е тип на ракета која по завршувањето на работата на ракетниот мотор се движи по балистичка патека, при што делумно поминува низ земјината атмосфера (при лансирањето и завршниот дел на патеката) а со поголем дел поминува (лета) низ вселенскиот простор (на висини поголеми од 200 километри). Вооружени со нуклеарни боеви глави, балистичките ракети се вбројуваат во оружја од стратегиско значење. Со развојот на балистичките ракети прв започна СССР , за брзо да го прифатат и САД и другите големи сили (Франција, Велика Британија и Кина) Инаку, спрема усвоената поделба во НАТО, балистичките ракети се делат (спрема дострел) на : ракети со мал дострел - до 1000км ; со среден дострел -од 1000 до 3000 км ; континентален дострел -од 3000 до 5000 км ; интерконтинентален дострел - повеќе од 5000 км ; глобален дострел повеќе од 20000 км и подморски ракетни системи со различен достре.

Првата интерконтинентална балистичка ракета (ИКБР-ISLBM) од типот "атлас" беше подготвена за воведовање во вооружување 1959 година а распоредена е на лансирни позиции во 1960 година. По западните податоци (IISS), СССР уште во 1959 година имаше неколку ИКБР. Во 1960 година САД имале 18 а СССР 35 ИКБР. Податоци за бројот на ИКБР во 1994 година се дадени во прегледот на развој на нуклеарното оружје а во табела 5 е даден приказ на бројот на ИКБР ( СССР и САД) од 1963 до 1985 година според податоци на Military Balance.

---

* Синтагмата "војна на ѕвездите" ја воведоа новинарите кои беа фасцинирани со најавата

Во литературата се сретнуваат податоци за пет т.н. генерации на балистички ракети.

*Првата генерација* претставуваше развиени ракети од крајот на 50 тите и крајот на 60 тите години од XX век.

*Втората генерација* е во оперативна употреба од почетокот на 60-тите години.

*Третата генерација*-крајот на 60 тите и почетокот на 70 тите од XX век.

*Четвртата* -крајот на 70 тите и почетокот на 80 тите и

*Петтата генерација* представува современи балистички ракети (пред се интерконтинентални и глобални), како што се "MX", "Trajdent", "Minuteman" и Руски ракети со ознака "CC".

Генерациските разлики воглавно се однесувале на : горивото за стартување на ракетите, зголемување на дострелот и прецизноста на целта, како и можност за едновремено дејствување на повеќе цели.

Средствата (системите) кои се лансираат во вселената се сателитите, а истите многу ефикасно можат да се користат за воени потреби.

Класификацијата на сателитите е различна кај различни автори, но недвосмислено може да се заклучи дека покрај сателитите за општа намена, кои можат да се користат и во воени цели, постојат и специјализирани воени сателити, пред се извидувачки. Развојот и воведување во употреба на сателитите потекнува од почетокот на 60-тите години.

---

на Реган за SDI.

Табела 5

| Година | САД | | | СССР | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ICBM* | SLBM** | Вкупно | ICBM | SLBM | Вкупно |
| 1963 | 424 | 224 | 648 | 100 | 100 | 200 |
| 1964 | 834 | 416 | - | 200 | 120 | 320 |
| 1965 | 854 | 496 | 1350 | 270 | 120 | 390 |
| 1966 | 904 | 594 | 1498 | 300 | 125 | 425 |
| 1967 | 1054 | 656 | 1710 | 460 | 130 | 590 |
| 1968 | 1054 | 656 | 1710 | 800 | 130 | 930 |
| 1969 | 1054 | 656 | 1710 | 1050 | 160 | 1210 |
| 1970 | 1054 | 656 | 1710 | 1300 | 280 | 1580 |
| 1971 | 1054 | 656 | 1710 | 1510 | 440 | 1950 |
| 1972 | 1054 | 656 | 1710 | 1527 | 560 | 2087 |
| 1973 | 1054 | 656 | 1710 | 1527 | 628 | 2155 |
| 1985 | 1052 | 544 | 1596 | 1398 | 937 | 2335 |

* американска ознака за интерконтинентална балистичка ракета

** американска ознака за балистичка ракета лансирана од подморница

Според начинот на употреба, сателитите наменети за воени потреби, условно можат да се поделат на неколку групи : фото-извидувачки сателити, сателити за електронско извидување, сателити за рано предупредување, сателити за откривање на нуклеарни експлозии и др.

Праксата на бројните локални и регионални војни потврди дека водечките космички сили - СССР (РФ) и САД - веќе користеле сателити за разни потреби. Така според податоците од студијата "Космос- современи технологии и одбраната" I дел[30], евидентно е дека големите сили употребувале сателити во сите локални војни по Втората светска војна. Според странските извори, италијанскиот воен весник "Militare rivista". Мултинационалните сили во "пустинската луња" (1991) користеа американски сателити за извидување и собирање на податоци (Кх-11 и Кх-

[30] "Космос- современи технологии и одбраната" I дел , ЦВВШ / ИСИ. 1986.

12) кои на висини поголеми од 36000 км собираа податоци за распоредот и активностите на вооружените сили на Ирак и ги доставуваа на командата на мултинационалните сили. Податоци за употребата на сателитите за воени намени (до 1986) од наведената студија "Космос-современа технологија и одбрана"се прикажани во табела 6.

Основните "вселенски" оружја развивани се за дејство против балистичките ракети и против сателити.

Табела 6

| Војна | Употреба на сателити |
|---|---|
| Израелско-египетско-сириска војна 1973 | Советските сателити давале информации на ВС на Египет и Сирија за распоредот и активностите на ВС на Израел. |
| Интервенција СССР во Чехословачка и Авганистан | Користење на извидувачки сателит на СССР |
| Фокландска војна (В.Британија-Аргентина) 1982 | Американците ги даваа податоците од своите сателити на ВС В.Британија;советските сателити исто така собираа податоци но иако ја подржуваа Аргентина се смета дека не и давале податоци на ВС Аргентина. |
| Војна помеѓу Индија и Пакистан 1971 | Советските сателити ја снимаа ситуацијата на боиштето и имаа непрекинат увид во ситуацијата. |
| Американска ивазија на Гранад 1983 | Американски сателити даваа податоци на ВС на САД |
| Војна помеѓу Израел и Либан 1982 | Советските и Американските сателити непрекинато ја снимаа ситуацијата на боиштето, бидејќи ВС Израел имале непрекинати информации за движењето на Либанските ВС и се смета дека ги добивале од американски сателити. |
| Војна помеѓу Ирак и Иран (1980-1988) | Советските и Американските сателити непрекинато ја снимаа ситуацијата на боиштето. |

***Сателитски комуникациски системи во воена примена***

Денеска е тешко да се каже кои се комуникациски системи во воената примена затоа што за воени потреби најчесто се користат сите расположливи сателити. Меѓутоа може да се зборува за сателитите кои исклучиво се користат за воени потреби. Развојот на овие сателити започнува во почетокот на шеесеттите, а нивно воведување во оперативна употреба во втората половина на 60 тите години од XX-от век. Оттогаш па до денес вложувањата и развојот на сателитските комуникациски и други системи одеше со голема брзина, така да тие денес претставуваат основа на командно-информациски системи C3I.

За воени потреби доделени се следниве фрекфентни ознаки: 225-400 MHz , 1,525-1,67 GHz, 3,4-4,2 GHz , 7,5-8,4 GHz и 17,7-21,2 GHz.

Според карактеристичните параметри, сателитите можат да се класифицираат на следниот начин:

***Според параметрите на орбитата:***

1. Облик на орбитата: кружна, елипсоидна.
2. Инклинација: екваторијална (инклинацијата е $0^0$) поларна ($90^0$) инклинарна (помеѓу $0^0$ и $90^0$).
3. Периодот на обиколка на земјата: периодични и непериодични орбити.

*Периодични орбити:*

а) синхрони ( период на обиколка на сателитот околу земјата е еднаков на периодот на ротација на земјата);

б) супсинхрони (период на обиколка на сателитот е помал од периодот на ротација на земјата);

в) суперсинхрони ( периодот на обиколка на сателитот е ѓпоголем од периодот на ротација на земјата);

4. Висина на орбитата: ниски (до 1000 км), средни (1000 - 20000 км), високи (>20000 км);

*По потекло на припадност на системот:*

а) интернационални: ИНТЕЛСАТ, ИНМАРСАТ, ИНТЕРСПУТНИК;

б) регионални: АРАБСАТ, ЕУТЕЛСАТ;

в) национални;

*Според постапката за пристап кон сателитот:*

а) FDMA (Frequency Division Multiple Access)

б) TDMA (Time Division Multiple Access)

в) CDMA (Code Division Multiple Access)

г) SCPC (Single Channel Per Carrier);

*Според функцијата:*

а) фиксна сателитска служба

б) мобилна сателитска служба(поморска, копнена, воздухопловна)

в) радио-дифузна сателитска служба;

г) радио-детерминациона сателитска служба:

- поморска радио-навигациона,
- воздухопловна радио-навигациона;

д) сателитска служба за истражување на Земјата:

- метеоролошка,
- геодезиска,
- служба на Земјените ресурси
- служба за собирање на податоци

ѓ) служба за истражување на космосот;

е) служба за космички операции

ж) меѓусателитска служба

з) сателитска служба на точно време и фрекфенции;

и) аматерска сателитска служба;

*Според категорија на корисник:*

а) воени

б) цивилни

***Воени сателитски системи на САД***

Воените сателитски комуникации на САД се организирани во одбранбен телекомуникациски систем MILSATKOM (Military Satellite Communications), кој спрема корисничките класи е поделен на три подсистеми:

- глобални DSCS (Defence Satellite Communication System ),
- стратегиски SSS (Strategic Satellite System ),
- тактички TSS (Tactical Satellite System).

***Глобален сателитски систем (DSCS)***

Глобалниот сателитски комуникациски систем DSCS претставува клучен подсистем на одбранбениот комуникациски систем на САД, наменет за да обезбеди комуникации за потребите на : белата куќаа; министерството за одбрана и највисоките команди на вооружените сили на САД, вклучувајки ги тука и бродовите на воената морнарица и мобилните копнени сили; министерството за надворешни работи, светскиот воен команден и управувачки систем: агенцијата за национална безбедност; автоматската дигитална комуникациска мрежа (АУТОДИН); автоматска мрежа за пренос на говор (АУТОВОН); корисник на систем за брз пренос на податоци; НАТО и Велика Британија.

Системот е во оперативна употреба од 1967 година со шест сателити, од кои четири се активни. Овие сателити покрај поголемиот број на канали имаат управувачки антенски системи, солид- стеит појачувач, заштита од ефектите од нуклеарното зрачење и заштитени се од разни попречувања. Сателитот има вкупно осум антени, од кои по две приемни и две предајни за глобално покривање, една предајна за точкасто покривање, една приемна и две предајни повеќеснопни антени. Системот работи врз основа проширен спектар и повеќекратен пристап. Планирана

е до доработка на системот со воведување на нови технички достигнувања со што ќе се зголеми опсегот на работа а воедно ќе има поголема заштита.

***Стратегиски сателитски систем***

Стратегискиот сателитски систем - Strategic Satellite System (SSS) обезбедува врски за командување со стратегиските сили, вкучувајќи ги тука и нуклеарните сили и врски за потребите за надгледување во критичните ситуации, наменет да обезбеди врски за потреби на : врховна команда; нуклеарните сили и известувачките органи на команди на здружениот состав и специфичните команди.

Системот е отпорен на пречки и нуклеарни експозии. Предвидена е понатамошна доработка на системот, пред се работата во опсегот 45/40 GHz, и воведување на други облици повекекратен пристап. Се состои од два подсистеми AFSATKOM и MILSTAR.

AFSATKOM (Air force satellite) користат повеке канални транспондери на FLTSATKOM и SDS сателити и едноканални и DSCS сателити. Работи во UHF подрачје и обезбедува командување со стратегиските нуклеарни сили. Веројатно корисниците на овие систем ќе преминат на користење на MILSTAR системи.

MILSTAR ( Milstar Satelite Communikation Sistem) е наменет за потребите на военото воздухопловство на САД , но земајки ги во предвид карактетистиките и можностите веројатна е употреба и за потребите на воената морнарица и КоВ на САД . Работи во ЕНF опсег, со многу мал сноп и во проширен спектар, што овозможува меѓусебно комуницирање помеѓу сателитите, поголема отпорност на попречување и кај корисникот на антената многу помал габарит. Военото воздухопловство на САД investira{e vo razvojot na terminalot za vgraduvawe vo avionite B-52, B-1B, E-3A (AWACS) и Е-4, а за потреби на КоВ и ВМ се развиени станици на земјата. Овој систем треба да овозможи комуникација на големи далечини заради мегусебни комуницирање помеѓу сателитите без посредување на сателитските станици на земјата.

***Тактички сателитски систем***

Тактичкиот сателитски систем (TSS) е наменет за обезбедување на сателитски комуникации за потребите на: мобилните копнени сили; тактичките морнарички сили и тактичките воздухопловни сили.

Системот е отпорен на извидување и попречување. Планирана е да работи во EHF опсег 45 / 20 GHz. Се состои од три подсистеми FLTSATKOM, LEASATSOM и UFO.

FLTSATKOM (Fleet Satellite Comunicacions System) е наменет за потребите на морнарицата, но исто така и за авијацијата и за нуклеарните сили. До сега се лансирани четири сателити во геострационарна орбита. Секој од сателитите има по 23 канали од кои 9 за пренос на податоци измеѓу терминали со брзина од 2400 Bit/s, 12 за пренос на податоци, еден по кој се одржуваат 14 независни врски и еден за пренос на сигналот за повикување на терминалите на Земјата. Врската во правец на центарот кој се наоѓа на Земјата-сателит се одржува во SHF опсег (3-30GHz), а врската сателит со станицата на Земјата во UHF опсег ( 240-400 MHz ).

LEASAT (Leaset Satellite ) е наменет да обезбеди комуникација (со 4 сателити) за потребите на министерството за одбрана на САД и да ги превземе корисниците на FLTSATKOM системи. Во орбитата се наоѓаат четири сателити над САД , Атлантикот, Пацификот и Индискиот океан. Работи во UHF опсег (240-400 MHz ) за потребите на Министерството и SHF опсег (7,975-8,025 ГХз ) за потребата на морнарицата на САД.

UFO (UHF Follow-on) системот треба да ги замени FLTSATKOM и LEASAT системите и да стане примарен сателитски комуникациски систем за потребите на морнарицата на САД. Предвиден е да работи во SHF опсег, како би ги користел мобилните и стационарните станици од предходните системи. Сателитите имаат по 39 канали со повекекратен пристап. Со потполно оживување на системот треба да премине во EHF опсег, со примена на техниката за заштита од пречење. Системот се состои од 4 сателити и 1 во резерва.

***Останати сателитски системи***

TDRS (Tracking and Data Rela Y Satellite) е наменет за потребите на комуницирање помеѓу сателитите. Во орбитата се наогаат два работни и еден резервен сателит со сила од 1,7 kW. Овие сателити работат во C (2,287/2,106 GHz) и Ky (15,0034/13,775 GHz) опсег, пристапот е еднонаменски или повекенаменски. За пратење на положбата на сателитот во ниските орбити и свемирските бродови се емитува сигнал во X опсегна фрекфенција 8,212 GHz.

Navstar GPS системот е глобален навигационен систем кој се состои од 18 работни и три резервни сателити на висина од 20000 км. Позиционирани се така да од секоја точка на земјата се гледаат 3-7 сателити и обезбедуваат одредување на сопствената позиција во три димензии со точност 150 км (кога се користи само каналот Л1-1575,42 MHz) и 15 метри ( кога се користи и каналот Л2-1227,6 MHz). Системот е заштитен од неовластени корисници. Со ГПС приемниците се опремени скоро сите современи авиони, пилоти и средтва на земјата и морето. Тенденцијата е дека сите наведуваните убојни средства се водат по GPS координати, со што се обезбедува многу поголема ефикасност и прецизност.

***Сателитски системи на Заедницата на независни држави-Руска Федерација***

Основата на рускиот комуникациски сателитски систем го сочинуваат сателитите МОЛНИЈА. Досега се лансирани три серии,кои заради користењето на соларна енергија практично немаат ограничен рок на траење.Сателитите МОЛНИЈА прават две орбити дневно, една над заедницата на независни држави, а друга над Северна Америка.

Сателитите од серијата МОЛНИЈА 1 работат во фрекфентен опсег 1,0 / 0,8 GHz, со параболична антена со пречник 1м и сила 40 N. Во својот комплет покрај работниот имаат и два резервни транспортери. Кај сателитите од серијата МОЛНИЈА 2 параболичната антена е заменета со хорн-антена, а транспортерот работи во опсег 6/4 GHz сателитите од

серијата МОЛНИЈА 3 имаат три работни транспортери и антенски систем од 4 хеликоидални антени.

Покрај овие сателити, Русите располагаат со серија на ефтини сателити во ниската орбита (800-1500 км) кои се користат за посебни намени. Предавателот од земјата е во можност неколку пати за 24 часа да предаде информации на сателитот, кои подоцна ќе се доставaт на одреденото место. Во воени дејствија може да се користат во реално време за комуникација помегу елементите на борбениот распоред.

Русите работат и на сателитскиот комуникациски систем со сателити кои имаат синхрона орбита.

Првиот од класата на геостационарни сателити-ВОЛНА е лансиран 1980 година. Овие сателити работат во фрекфентен опсег доделен на поморската служба, а лоцирани се над Атланскиот, Тихиот и Индискиот океан.

Кон крајот на 80-тите години русите лансираа шест воени тактички комуникациони сателити со назив КОСМОС 1994-1999, од системот ГОНЕТЗ, кои се користени за набљудување во Заливската војна. Бројот на овие сателити е многу поголем затоа што до сега се лансирани пет (можеби и повеќе) серии со користење од 14 до 200 дена.

***Сателитски систем SKYNET-Велика Британија***

Кон крајот на 80-тите години Велика Британија ја лансираше во орбитата четвртата генерација сателити од серујата Скsнет. Овие сателити имаат четири канали, работат vo SHF опсег ( 7/8 GHz) и ја покриваат Европа и Северниот Атлантик. Покрај тоа имаат еден канал во UHF опсег (250 / 300 MHz) и експериментално работат во ЕНЕ опсег на 44 GHz. Системот е отпорен на попречување, а користен е во операцијата "Пустинска луња".

***Сателитски систем SYRACUSE-Франција***

Во орбитата се наоѓаат пет сателити од системот SYRACUSE со повеке наменски пристап кои го покриваат просторот од среден исток до Северна и Јужна Америка. Работат во опсег 8/7 GHz, а податоците се

криптолошки заштитени. На територијата на Франција се поставени четири станици на земјата, опремени се 20 бродови од воената морнарица и воведен е поголем број на мобилни станици.

***Комерцијални сателитски системи во воена примена***

Поморскиот сателитски систем MARISAT е наменет за обезбедување комуникации за потребата на трговските бродови и крајбрежната индустија. Меѓутоа корисници се и Американската воена морнарица (600 бродови се опремени со овој систем ), и воената морнарица на Велика Британија. Системот располага со три сателити на висина од 36 км, кои се лоцирани над Пацификот, Индискиот океан и Американскиот континент. Секој од нив работи на три фрекфентни опсега: УХФ за Американска и Британската морнарица Л и Ц опсег- за комерцијални потреби. Преку страниците на Земјата можно е вклучување во светската телекомуникациона мрежа.

Глобалниот поморски сателитски систем INMARSAT заеднички е формиран од САД, СССР, Велика Британија и Јапонија. Комерцијалниот статус на сателитот и ефтината опрема на малиот габарит за станицата на Земјата условија системот да има голем број на корисници. Располага со 339 парови на фрекфенција, доделувањето на слободните канали на учесниците го вршат крајбрежните станици. По секој канал можна е двосмерна комуникација помеѓу учесниците на телефонијата, телеграфијата, преносот на факсимили и податоци со брзина од 56 килобајти во секунда. Работи во фрекфентен опсег кон бродовите 1,535-1,5425/1, 6365- 1,6445 GHz и кон копно 4,1925-4,2005-6,4 175-6,425 GHz . Користен е во војната во заливот.

Глобалниот сателитски комунакациски систем INTELSAT е користен во заливската војна. Системот претставува основа на меѓународниот ТТ и ТВ сообраќај. Капацитетот на сателитот е 25000 телефонски и два ТВ канала. Работи во опсег 6/4 ,6/11 и 14/4 GHz и со FDM /FM/FDMA, FM/TV, SPADE /PSK, CMF, TDMA/ DSI начини на работа. Во својот развој вршена е замена сé со цел - заголемување на капацитетот.

За разлика од првите сателити, кои биле врзани исклучиво за сателитските станици на Земјата преку кои мобилните корисници меѓусебно стапуваа во врска, современите сателитски системи овозможувалаат директен пристап на мобилните учесници на сателитите и одржува врска на големи далечини со учесниците со сателитските или корисниците на други комуникациски системи.

Анализирајќи ги последните војни (на Фокландските острови, Пустинска луња и на територијата на поранешна Југославија ), може да се заклучи дека сателитите најдоа голема примена за воени потреби на сите нивоа на командување. Се планира сите услуги кои ги даваат сателитските системи (комуникациски, навигациски, извидувачки, меторолошки) да се стават на располагање и во пониските тактички единици, воздухопловството па дури и на секој војник.

Со напредокот на технологијата, преминувањето на повеќе фрекфентни домени (SHF, EHF) дава можност на работа со помала сила и антени со зголемување на капацитетот. Исто така тенденцијата е единиците да се опремат со ефтини, по габарит мали, терминали за работа преку комерцијални сателити кои се поврзани со глобалното светско покривање. Понатамошниот развој на наменските воени сателити ке се одвива во превец на заштита од електонско извидување и попречување како преносот на податоци би бил потполно обезбеден од нелегални корисници.

Познавањето на сателитските системи дава можност да се одредат ранливите точки во системот. Покрај можноста за извидување и пречење тие се ранливи и на противелектронски борбени дејства (ПЕБД), посебно таканаречени микро сателити во ниски орбити. Заради тоа неопходно е нивно непрекинато проучување и познавање како во одредени ситуации би се превзеле адекватни мерки.

Вселенските оружја (противбалистички и противсателитски) може да се групираат во три категории: 1) оружја кои ја уништуваат целта со насочен енергетски сноп на разорна енергија ( ласерско оружје ), 2) честички оружја-акцелератори и 3) оружја кои ја уништуваат целта со директен удар- кинетички оружја ( освен нуклерни). Сепак првите

вооружени системи против балистички ракети беа базирани на нуклеарна експлозија. Првите проектили за противбалистичка одбрана во САД беа "Nike Zeus" (го добил името по грчката божица Nike) и "Nike Ajax" (развиен во 1951 година), а "Nike Hercules"-1958 година. Со додавење на радари кои ја распознаваат целта "Nike Zeus" подоцна го доби името "Nike X". Мегутоа, тие први одбрамбени проектили, по проценка на експертите не беа со задоволувачки карактеристики па оттука се преоѓа на развој на противбалистички ракети со нуклеарни боеви глави. Така во почетокот на 60-тите години се развиени ракети со нуклеарни боеви глави (1-3 Мт) кои беа предвидени за дејство противбалистичките ракети во нивната завршна патека (пред дејство на целта). Американската ракета "спартан" имаше максимален домет од 640 км (по некои 500 км), а ракетата "спринт"- 60 км ( по некои 40 км )- предвидени за дејство противбалистички ракети на висина до 16 км. Воените ( и цивилни ) експерти во САД не беа задоволни со начнот на противбалистичка одбрана, каде балистичките ракети се уништуваат со нуклеарна експлозија над сопствената територија, без оглед на тоа што се работеше за зголемување на висината на дејството на противбалистичките проектили. Посебна " нервоза" во Американската јавност предизвикуваше сознанието дека спротивната страна (СССР) успешно развива противбалистички систем "Галош" (Glosh-НАТО ознака) за одбрана на Москва. Ракетата "Галош" (руситe ја презентираа на ноемвриската парада во 1964 година) имала нуклеарна боева глава со јачина 1-2 Мт а нејзината експозија се врши на 320 км од местото на испалување. Важен (пресуден ) фактор што во првите години ( генерации) противбалистичките одбрани не користеа други средства е тоа што развојот на техниката и технологијата во тоа време не познаваше ласерска технологија која почнува да се развива во почетокот на 60-тите години. Пронаогањето на ласерот и жестоката кампања на американските цивилни научници влијаеа врз промената во развојот на системот за против балистичка одбрана. "Свесни" каде води трката во развојот на антибалистичките системи, САД и СССР, во склоп на општите програми за смалување (ограничување) на нуклеарниот арсенал потпишаа значајни

договори за ограничување на овие средства. Познати се договорите АБМ (1964), SALT I SALT II и START.

**Ласерско оружје**

Напредокот на науката техниката и технологијата овозможи примена на ласерската (light Amplification by Stumulated Emision of Radiation – појачување на светлоста со стимулирана емисија на зрачење) технологија во развојот на оружјето за дејство во космосот, а со тоа и отстранување на дејствата на ракетите со нуклеарни боеви глави против балистичките ракети.

Ласерското оружје е многу сложен и мултидисциплинарен научно-технички и технолошки проблем кој бара високо ниво на развој во голем број научно-технички области, висок степен на технолошки развој, оптимална поврзаност мегу тие области, и конечно големи материјални (финансиски ) вложувања.

Заради изразито неповолното влијание на атмосферата врз употреба на ласерското оружје, неговиот развој е по значаен од аспект на развој на платформи надвор од атмосфрерата отколку од земјата. Под ласерското оружје најчесто се спомнуваат: хемиски ласер, ексцимерски ласер, ласер брз база на слободни електрони ( free electron laser) ласер со X зраци.

Кај хемиските ласери енергијата ослободена со хемиска реакција директно се користи во ласерскиот резонатор и се трансформира во ласерско зрачење. За својата работа оваој вид на ласери бара минимум електрична енергија. Познати хемиски ласери се водород-флуоридни (HF) и деутериум-флоридни (DF). Пред американскиот претседател Реган да го објави SDI, проектот на фирмата "Локид" имаше 18 борбени вселенски станици со хемиски ласери со сила од 5 MN и пречник на огледалото од 4 м.

*Ексцимер ласери* настанаа со цел да се створат ласери со помала бранова должина, заради помалите огледала и подоброто фокусирање. Кај овие ласери како активен ласерски материјал се користат видови на атоми кои формираат двоатомски молекули (ди-мер), кои постојат само во побудена состојба и кои при зрачењето повторни се распагаат. Затоа што

молекулот се формира побудена , тој вид на ласер го добил името exsited-dimer или скратено ексцимер ласер, што навистина значи ласер со побуден двоатомски молекул.

Најмногу се работело со криптонфлуоридниот (KrF) ласер и ксенонфлуоридниот. Огледалото во гео страционарната орбита би имало пречник 30 м, а нишанското огледало во ниските орбити 5 м. Веќе во 1984 година познатата Флечерова комисија ( Флечер- поранешен шеф на НАСА) ги разгледуваше и огледалата со помал пречник. Еден од недостатоците на овие ласери е тоа што за нивна употреба би биле потребни од 100 до 1000-мегаватни електрични централи заради намалување на губењето низ атмосферската апсорпција на ласерското зрачење. Во тогашно време тоа изнесувало 20-60 % од вкупното производство на енергија во САД.

*Ласерот со слободни електрони* е вид на оружје чиј развој напредувал мошне брзо. Се работи за електрони кои не се врзани во атоми, туку се формираат како слободни во снопови кои ги прави акцелераторот. Снопот на електрони кој излегува од акцелераторот поминува низ специјално обликувано наизменично магнетно поле. Во таквиот сноп доаѓа до осцилација на електрони и тие емитуваат фотони на електромагнетното зрачење. Еден тим на научници од универзитетот Станфорт изведе успешен ласер од овој вид на бранова должина од 0,525 μm (зелена светлост). Кај овие ласери многу негативно влијание има атмосферата, што може да се надмине со користење на технологија на адаптивна оптика, каде обликот на огледалото континуирано се менува преку механизмот на повратната спрега, со што се компензира пореметувањето.

*Ласерот со X зраци* се разликува од сите наведени видови на ласери. Прво, неговата бранова должина е од 0,001 до 0,0001 μm што е многу помала од брановите должини на сите останати ласери. Втората разлика е во тоа што генерирањето на ласерскиот сноп со X-зраци се врши со насочена енергија на нуклеарната експлозија со релативно мала сила. Овој вид ласери може да се постават на земјата, на подморници и во ниски орбити. Се смета за едно од најперспетивните вселенски оружја, што го

докажува и големиот број на екперименти во САД и СССР. Најголемиот противник на овој вид ласер во САД беше пронаоѓачот на термонуклеарната бомба Едвард Телер, а во СССР на овој вид на ласер почна да се работи во институтот"Лебедев" во Москва.

**Честични оружја**

Со помош на јаките акцелератори атомските честички, електрони, протони и неутрони мозат во еден сноп да се убрзаат до брзина која се приближува до брзината на светлоста. На тој начин се добива густ сноп на честици, кој насочен на некоја цел можат на него да пренесат голема енергија. Основниот проблем кај изработката на акцелератори е големата тежина како и големото количество на електрична енергија која е потребна за негова работа. На создавањето на честичните оружја се работело и пред најавата за SDI. Во Лос Аламос (САД) во 1975 година е започнат проектот "белиот коњ" (white horse) со програм за работа на честичните оружја.

**Електромагнетни ласери и кинетички оружја**

Со електромагнетните лансери (шински топови) можат да се лансираат проектили со мала маса со многу голема брзина, при што електричната енергија се претвара во кинетичка енергија на зрното. Затоа што првите зрна се движеа помеѓу две шини како топовско зрно во цевка, се користеше називот шински топ. Се сметало дека за лансерот на такво то оружје, за потребите на SDI, треба да се оствари брзина од 20 км/с.Во средината на 80-тите години во Maxwel (САД) е вршен експеримент со зрно со димензии 5х5 см, со маса 100г а постигната е брзина од 4000 м/с. Шините на електромагнетниот лансер се направени од бакарна легура а зрното е од епокси-смола и фиберглас.

Кинетичките оружја за погон на своето зрно можат да користат и класични ракетни мотори на цврсто гориво. Саќести лансери со голем број на такви ракети може да се сместат на големи свемирски платформи и со помош на адекватни сензори да се усмерат на балистичките ракети за време на активната фаза на летот или на боевите глави во останатите

фази на летот. Уништување на целта се врши со директен удар, што бара многу голема прецизност. Друг начин на уништување на целта е со целиот облак на челични куглици кој се исфрлува со ласерска запалка на боевата глава. Дури во 1984 година ви САД е извршена демонстрација на уништување на една лажна балистичка боева глава во вселенскиот простор, со директен удар на друга боева глава без експозивно полнење. Со развојот на информатичката технологија (компјутери) и нивната имплементација, зголемена е можноста за развој на овие видови вселенско оружје.

Ова прикажување на вселенското оружје се однесува воглавно на противбалистичките оружја. Во споредба со нив се развиваат вооружужени системи за дејство против сателитите. Од тие вооружени системи познати се: системи за уништување на сателити кои носат ракети ( советски ракети СС-9 и СС-18) лансери за противсателитска борба, и т.н. антисателитски мини. Во поранешниот СССР се развивани ракети (сателити) пресретнувачи, кои се лансираат во слична орбита како и сателитот кон кој се насочени. Кога ќе се приближат до целта на оптималната далечина почнува радарско самоуправување до приближување на целта, кога се активира уредот за уништување на сателитот, односно неговата боева глава врши насочена експлозија која со сноп на парчиња ја разорува целта. Кај Американските системи за уништување на сателити развојот одеше во спротивна насока. Имено ракетата се исфрла во спротивен правец од сателитот и директно се крева кон сателитот-целта кој се приближува, што бара екстремно точно самонаведување и точно временско лансирање на тоа оружје. Уништувањето се врши со директен удар на боевата глава кое носи двостепена ракета (се лансира од авион F-15) во сателитот-целта. Во развој е и системот со тростепена ракета. Првото испитување на антисателитското оружје со двостепена ракета во САД е извршено на 21 јануари 1984 но не беше спроведено комплетно самонаведување на целта.

Вселенските оружја претставуваат многу сложени системи на кои се смета во иднината. Тоа се многу скапи проекти па затоа засега ги развиваат само економски најјаките држави.

***Средства за електронски и против електронски дејства***

Иако не спаѓаат во класично оружје (како досега наведените), средствата за електронски и противелектронски дејства (средства за противелектронска борба) заслужуваат посебна важност од повеќе причини: (1) развојот на науката , трхниката и технологијата после втората светска војна, најмногу радикални промени направи во областа на електрониката и средствата засновани врз електрониката (микроелектрониката); 2) најмодерните средстве на воената техника (оружје и друга техника) скоро да не можат да се замисливи без компонентите засновани на електроника; 3) примената на средствата на воена техника засновани на електроника и ефектите кои се постигнуваат, остварија силно влијание на стратегиско-доктринарни мисла, до таа мерка за да се зборува за тн. електронска војна.

Почетоците на електронската војна се врзани за почетокот на примената на безжичниот телеграф за воени потреби. Само неколку години по Маркониевото откритие, информациите да се пренасочат на безжичниот телеграф, веќе во 1904 година (во руско-јапонската војна) бродовите на воената морнарица на двете страни беа опремени со овие средства. Веќе од првиот ден на војната Русите, освен за редовна врска, овие средства ги користеа за посебна намена, која може да се смета за почеток на современа војна. Првото радио попречување иако изведено случајно исто така е врзано за оваа војна.

Од тогаш трае постојано натпреварување на сите држави во светот во пронаоѓањето на нови електронски системи и средства (ЕСС) како би го направиле своите вооружени сили поефикасни, а од друга страна како против мерка да се оневозможи нивната употреба од спротивната страна. Ова време можеме условно да се подели на два периода. Првиот, до крајот на втората светска војна, за кој карактеристично е интензивно електронско извидување (ЕИ) и попречување на противничките врски заради оневозможување на противникот да ги предаде своите соопштенија, а со тоа и нарушување на неговиот команден систем. Во овој период се појавуваат и нови радари и радио-навигатори. Вториот период

настанува по пронаогањето на транзисторот, микрочипови, интегрални и логички кола и натамошно минијатуризација на ЕСС, со што е овозможена нивна масовна употреба во ВС а со тоа и зависноста на оружените сили од функционирање на електрониката. Односно од тогаш електрониката има важно, а денес и одлучувачко влијание на исходот на војната.

Планско и организирано собирање на податоци со прислушкување на туѓи радио врски започна уште од 1908 година во време на италијанско-австриската политичка криза. Австријците ги прислушкувале и дешифрирале радио пораките кои ги примаше италијанската влада и ги користеле за подобра процена на ситуацијата и донесување одлуки во вовењето на надворешната политика.

Со овие ативности австро-унгарската шпионажа продолжила и за време на италијанско-турската војна 1911 година каде што ги прислишкувала сите радио-врски помеѓу Рим и Триполи.

Многу бргу сите големи сили во тоа време (Франција, Англија, Германија и други) почнаа интензивно да работат на развој на радиоизвидување, дешифрирање на шифрирани пораки како и на пронаоѓање начин и методи како да го сопрат противникот во одреден момент да пренесе информација.

Попречувањето на радио врските мож да се смета за прва епизода за вистинска електронска војна, затоа што за прв пат во историјата електромагнетните бранови ефикасно се употребени не за пренос на пораки на некоја станица, туку исклучиво кон електронско попречување на противничките радио врски и оневовозможување на нивна употреба. Истата година произведен е и првиот гониометар, а само по една година (1915) средство за прислушкување на жичани врски.

Првата употреба на радарот на местото на битката беше непосредно пред Втората Светска Војна, во другата половина на 1939год. кога Германците и Англичаните ги употребија во борбите во Јужниот Атлантик. Иако работеа на релативно ниски фрекфенции, а дометот им беше околу 15 км. радарот беше вистинско тајно оружје во Втората Светска војна. Тој донес е електронско око кое може да гледа во мрак, во магла или низ димни

завеси, на далечини многу поголеми од оние на кои гледа човечкото око, може да управува со топовите но и да открива топографски непознати зони на оние кои пловат по морето или во воздух. Заради тоа сите големи бродови веќе во 1941 год. беа опремени со радари.

Паралелно со понатамошното усовршување на радарот, се работело на пронаоѓање на средства кои ќе откријат присуство на радар пред тој да ја регистрира целта. Така е направен радарскиот детектор кој заради прием на директен сигнал, а не рефлективен како радарот, има од 1,5 до 2 пати поголем дострел од радарот. Први го применија Германците , иако во неговиот развој најдалеку отидоа Французите. Поточно тоа беше голем поклон на Германците по окупирањето на Франција. Така Германците има предност од скоро една година над останатите противници, што им овозможи големи постигнувања во почетниот период на војната.

Во текот на војната тежиштето на противелектронаската борба (ПЕБ) беше на пронаоѓањето на нови средства за електронската војна. Кога една страна би вовела во употреба ново средство, би имала значајни постигнувања се додека спротивната страна не пронајде противмерки. На противмерките пронајдени се против-противмерки итн. Затоа благодарение на противмерките кои ги примениа Англичаните во 1940 год., за време на нападот на Германија врз Англија не дојде до растоварување на Германските сили на копното , туку тие биле приморани да не нападнат. Слични примери во текот на Втората светска војна имаше повеќе на двете страни.

Искуствата од оваа војна покажуваат дека електронската војна стана составен дел на вооружената борба, дека грешките и непочитувањето на мерките на електронската војна најчесто многу скапо ги плаќаат, со големи губитоци, и дека е неопходно познавање на активностите во електронската војна на противничката страна, како би се постигнал саканиот успех. Во оваа војна за прв пат се применуваат радио-навигатори, радио-висиномери, шифратори на говорот за прием на наредбите во авионот, за маршутата и пасивните попречувања на радари од листови станиол, како и радарски детектори, во обезбедувањето на што

поволни услови на сопствените задачи и нанесување што поголеми загуби кај непријателот.

***Сили и средства за електронско извидување и попречување на некои од НАТО земјите***

Со развојот на електрониката и нејзината се поголема примена во ВС, како и се поголемата зависност на вооружените сили од нејзиното функционирање, се развиваа сили и средства за електронско извидување и попречување (ЕИП).

Вооружените сили на НАТО, пред сите САД, имаат респективни сили за електронско извидување (ЕИ) и противелектронски дејства (ПЕД), на кои се придава многу големо значење. Тие сметаат дека овие сили се основен предуслов за постигнување успеси во современата војна. Затоа се вложуваат големи материјални средства во развојот и опремувањето на своите единици од најниско до највисоко ниво.

За разлика од нашето сваќање, нивните единици за ЕИ и ПЕД се опремени и наменети за многу широк обем на задачи. Покрај силите за ЕИП, имаат и сили за контрола на радио-сообраќај, сили за тајно командување со единиците (ТКТ), сили за радарско извидување, сили за испитување на заробениците, па се до убојните средства што е во домет на против електронските борбени дејства (ПЕБД) (инаку, овој состав во организацијата на електронски компјутери не се спомнува).

Од составот и опремата на овие единици можеме да заклучиме дека посебен значај се дава на силите и средствата за противелектронски дејства со цел, заедно со ПЕБД, потполно да се оневозможи или битно отежнува употребата на електронските системи и средства (ЕСС) на противникот. Оттука, се располага со широк спектар на попречувачи по фрекфенција и по сила. Покрај формациските се повеќе се воведуваат потрошни попречувачи за еднократна употреба кои во реонот на ЕСС противникот сеисфрлаат од авион, од ракети или од артилериски оружја. Овие попречувачи можат да бидат со самоподесување на фрекфенцијата на ЕСС во нивно опкружување или да попречуваат подобро на одреден опсег.

Покрај специјализирани единици за ЕИ и ПЕД, сите сложени борбени системи, воздухопловни и пловни објекти се опремени со средства и системи за ЕИ и ПЕД, пред се за индивидуална заштита од наведувачки убојни средства (НУС) но и за успешно извршување на наменски задачи во услови на електронско извидување и попречување на противникот. Овие системи воглавно се автоматизирани и покрај средствата за ЕИО ги опфакаат и средствата за против електронска заштита (ПЕЗ).

Предмет на овој дел се специјализираните единици за ЕИП, затоа во ќе бидат разгледани единиците за ЕИ и ПЕД на вооружените сили на НАТО и некои држави членки. Тежиштето ке биде на единицата КоВ и ВВ, но треба да се има предвид дека и поморските сили на НАТО имаат респективни сили за ЕИ и ПЕД. Секоја флота има 2-3 брода наменети за ова дејство. Ако на тоа додадеме дека 70% од вредноста на бродот оди на електрониката, од што најголем дел на средства за против електронска војна тогаш можеме да кажеме дека силите за ЕИ и ПЕД во поморството се на исто или повисоко ниво во КоВ и ВВ и ПВО.

***Единици за ЕИ и ПЕД на КоВ во НАТО***

Единиците за ЕИ и ПЕД на КоВ во НАТО се наменети за електронско извидување и попречување на електронските системи и средства во КоВ и воздухопловството на противникот. На оперативно и стратегиско ниво организирани се во групи и батаљони. Опремени се со автоматизирани системи за извидување и попречување на радио врските на VF,WF и UVF опсег, радари до 18 GHz, како и за активирање на радио запалки кај ВУС противникот на висини безопасни по сопствените единици. Различни се организациско-формациски структури (ОФС) и составот, што зависи од намената, нивоата и составот на единицата за чии потреби извршуваат задачи.

Армискиот баталјон за ЕИ и ПЕД (бЕИ и ПЕД ) во САД и НАТО е наменет за обезбедување на артилериско-ракетни единици ПВО и може да обезбеди активирање на радио-запалка во реон 40-80 објекти во ранг на батеријата, командното место на противавионската артилерија (ПА) и против авонски ракети (ПАР), аеродроми и сл.

Корпусниот батаjлон за ЕИиПЕД на САД и НАТО е наменет за обезбедување на борбени дејства, дивизија, бригада, извидувачки и артилериски единици, со електронско извидување и попречување на радарските станици на земјата за управување со огнот во опсег 1,4-11000 MHz, станици за ВНИ, станици за артилериско извидување и активирање на радио-запалката во реон до 35 објекти. Составот на баталјонот ( бројот на чети) зависи од составот на корпусот за чии потреби извршува задачи. Во секоја чета има вод авиони за радио телегравско извидување и радиопопречување и VVF врски на големи длабочини. Едновремено може да попречува 36 радари, 36 до 72 VVF или радио-релејни врски (RRv).

Група-баталјон ASB на САД и НАТО наменета е за извидување и попречување на радио и RRv на стратегиско, односно тактичко ниво, обезбедување на работата на сопствените ЕСС со примена на криптозаштита (КЗ) мерки и контрола на нивната работа, обезбедување податоци за ЕСС на противникот за потребите на потчинетите единици, а групата ASB и за проценка на ефектите од ПЕД на противничките електронски системи и средства. Тие се со променлив состав, а бројот на четите зависи од бројот на потчинетите единици. Своите елементи ги развиваат во реонот на распоред на единиците на првиот ешалон; командното место на групата се наога на 100 до 160 км, а баталјонот на 10-20 км од предниот крај на одбраната.

Чета ASB од типот "А" наменета е за ЕИ и ПЕД VF и RV на групи на армии и армиски корпус. Во својот состав има 60 радио-приемни станици, 8 радио-гониометриски станици и 24 радио-попречувачки станици. Задача на четата е да неутрализира или да поречува во работата на ВФ радио-врски на ниво на армијата со предпоставените и потчинети единици. Четата ASB од тип "В" наменета е за ЕИ и ПЕД VVF, RV и доставување податоци за ЕСС на противникот на корпусните баталјони за ЕИ и ПЕД. Во својот состав има 30 радарско-приемни станици (РПрСт), 8 Радио-гониометриски станици (РГСт), 15 радио-попречувачки станици (РПмСт) и 20 станици за залажување. Може да неутрализира радио релејни и и високо фрефентни радио-врски полкови и дивизии на првиот оперативен ешалон, РВ и управување со атрилеријата и сл. Чета ASV

лесна авијација КоВ наменета е за ЕИП ЕСС во ПВО, артилерии на земјата и други единици на поголеми длабочини. Во својот состав има 6-9 извидувачки авиони од типот РВ-Д со радио-приемни станици (РПрСт) ALQ 133 и 6-9 авиони RU 21 EJ и хеликоптери EH-11 за ПЕД со РПмСт ALQ-151 и ULQ-11. Зона на летот е оклу 10 км за хеликоптери, однисно 40 км за авиони од линија на фронтот, а висина на летот 150-200 м за хеликоптери, односно 3000 м за авиони. Чета за ЕИ и ПЕД е наменета за неутрализирање VF и NF радио врски на земјата на хеликоптери и елекронско залажување и во тактичка длабочина. Во својот состав, покрај копнени има и три хеликоптери од видот "кобра". Покрај ЕИП радио релејни и радио врски на противникот, врши и контрола на работата на ЕСС во единици за чии потреби извршува задачи. Дел од силите се придодава на бригадите на борбениот ешалон. Останатите единици за ЕИ и ПЕД во ВС НАТО и САД се со слична намена и состав, но со нешто помали можности.

## 1.3. ВЛИЈАНИЕТО НА НАУЧНИОТ, ТЕХНИЧКИОТ И ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ПОДГОТОВКИТЕ, АНГАЖИРАЊЕТО И ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА ВОЕНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

### 1.3.1. Воената организација на големите сили

#### 1.3.1.1. Воената организација на Британија

Задача на В.С. на Велика Британија не претставува само одбраната на нивната територија туку и заштита на британските интереси кои се наоѓаат пред се во поранешните британски колонии распространети на сите континенти и во сите светски мориња. Уште една значајна улога која Велика Британија ја доби за време и по завршувањето на Втората светска војна претставуваше координацијата со американските В.С. и во таа

насока улогата на Велика Британија како "американски непотоплив носач на авиони". Вооружените сили на Велика Британија уживаат голема почит во светот. Оваа почит не произлегува од големината на В.С. туку пред се од нивото на обученоста и опременоста на сите единици. Искуствата од многубројните војни водени на сите континенти во различни временски и просторни услови многу ефикасно се користат при изведувањето на воените операции и денес.

Фрагментацијата на реалсоцијализмот, ВД и СССР ја наметна потребата од редефинирање на политиката на националната безбедност на В. Британија, а со тоа и реорганизацијата на своите ВС. Зачувањето на позициите кои ги имаше пред Втората светска војна, а тоа да го оствари со недоволни материајлни можности го условуваа развојот на ВС на В. Британија. Оттука својата воена плитика тесно ја врза за САД како можен партнер, што од друга страна и овозможуваше да ја задржи позицијата на голема сила. Како членка на НАТО својата стратегија и доктрина, а со тоа и организацијата на ВС ја потпира врз стратегијата и доктрината на НАТО. Затоа во развојот на ВС предноста е дадена на силите за општа намена (видовските) и стратегиските нуклеарни сили. Велика Британија покрај Исланд и Луксембург, се единствени европски држави, членки на НАТО, чии ВС се во потполност професионални. Иако ВС се релативно мали тие се добро опремени, обучени и оспособени и имаат голем резервен состав.[120]

Согледувајќи ги новите промени во општествено-политичките и воени односи на почетокот на 21-от век британските В.С. се наоѓаат пред предизвикот да, со користење на расположивите ресурси, создадат такви структури кои ќе бидат способни да се спротистават на новите закани и ризици по светскиот мир и безбедност. Тука во прв ред се мисли на меѓународниот тероризам и опасноста од пролиферацијата на оружјето за

[120] Јан Марчек, *Основе војне политике и доктрине В. Британије*, ЦВШ ВЈ/ИРВ, 1993, стр. 7-14.

масовно уништување. Согласно на оваа интенција во периодот од 1990. година до 1999. година усвоени се три програми за реорганизација на ВС:[121]

- ***Options for Change*** од 1990.година, се предвидуваше драстично намалување на бројната состојба на ВС (највеќе во КоВ и Териториjалната армија), односно во период од пет години тоа да се направи и со повлекување на силите од странство, особено од Германија, но и од другите држави во светот, без битни промени во структурата на ВС.

- ***Statement of Defence Estimates 95***, од 1995. година попознат како *Stable Foces in a Strong Britain,* беше насочена кон структурните промени во ВС. Според проценките, дадени во програмата, во периодот по завршувањето на Студената војна, можностите за избивање на глобална војна се многу мали, но затоа е зголемен ризикот од избувнузање на помали конфликти во нестабилните подрачја во светот. Во таква ситуација од британските ВС се повеќе ќе се очекува да учествуваат во опрации за спречување на конфликти, решавање на конфликти, зачувување на мирот и мисии на хуманитарни операции[122]. За потребите на преструктуирањето на ВС, 1996 оформен е Постојан штаб на здружените сили (PJHQ), за превземање на заеднички мисии на сите три вида на ВС. Значителни промени спроведени се и во организацијата на КоВ - формирана е една команда на сите компоненти на КоВ, под чија команда се ставени осум главни формации наменети за одбрана на В.Британија, но и за дејствување и надвор од територијата на В. Британија. Искуствата од војната со Ирак од 1991. година укажаа на потребата за набавка на нова опрема и технолошка модернизација на сите видови на ВС,

- ***Strategic Defence Review (1998, Modern forces in the Modern World)*** е најновата програма која е во фаза на реализација.

---

[121] Anton Grizold, Siniša Tatalović, Vlatko Cvrtila, Suvremeni sistemi nacionalne sigurnosti, Fakultet političkih znanasti, Zagreb, 1999.
[122] Kemp, Ian, Countri Briefing - United Kingdom, *Jane's Defence Weekly*, 15 juli 1995. str 23.

Вооружените сили на В. Британија, според намената, се делат на а) ВС за непосредена одбрана на В. Британија и б) Интервентни сили на В. Британија кои се составени од два дела:

1. единици кои влегуваат во состав на Силите за непосрдно реагирање на НАТО и
2. единици кои вледуваат во состав на Силите за брза реакција на НАТО.

Специјалните сили на КоВ - SAS (*Special Air Service*), наменети се за изведување диверзии во воздухопловните и поморските бази, енергетските и хидротехничките објекти, за собирање на разузнавачки податоци и за водење психолошко-пропагандна војна во сите земјишни и временски услови. Распоредени се во три баталјони (21., 22. и 23.). Регуларна специјална единица е 22. баталјон на SAS , додека 21. и 23. баталјон се во составот на територијалната амија. Покрај наведените сили, во ВС на В.Британија постојат и тнр. подвижни сили, кои не влегуваат во состав на подвижните сили на НАТО но можат да се ангажират за потребите на НАТО, а наменети се за самостојни дејства на приодите на Балтичкото подрачје.[123]

Во составот на ВС на В. Бритнија има 210.940 луѓе од кои 113.900 во КоВ; 44.500 во ВМ и 52.540 луѓе во ВВ

Во моментов британските В.С. се организирани во видови:

- Страегиски нуклеарни сили
- Копнена војска;
- Воена морнарица и
- Воено воздухопловство и противвоздушна одбрана (RAF-Royal Air Force).

[123] Јан Марчек, *Основе војне политике и доктрине В. Британије*, ЦВШ ВЈ/ИРВ, 1993, стр. 13

*Стратегиските нуклеарни сили* беа распоредени во составите на видовите ВМ и ВВ, така во 1992 година беа составени од 4 подморници на нуклеарен погон со по 16 ракети од типот "Поларис ". Во рамките на ВВ имаше скврадрони оспособени за носење на нуклеарно оружје. Стратегиските сили денес бројат 1900 војници, а по повлекувањето на нуклеарното оружје од ВВ во март 1988. година , единствен носител на овие сили остана ВМ. Во нејзиниот состав има 3 подморници носачи на балистички ракети од класата "Vanguard", секоја е опремена со по 16 интрконтиненетални балистички ракети од типот "Тридент" (ракетите во секоја подморница се опремени со најмногу 48 боеви глави). Во рамките на стратегиските сисли се наоѓа и радрската станица"BMEWS" наменета за предупредување од напад со балистички ракети, која се наоѓа во Fyligdales.[124]

***Копнена Војска***:

Копнената Војска е најмногуброен вид во ВС и брои 113900 луѓе, наменета е за изведување на самостојни борбени дејства во соработка со другите видови. Структурата на единиците, иако со квалитативно-квантитаривни промени, ја задржала шемата корпус - полк - баталјон.
Организациски, оставена е од:

- ГШ на КоВ,
- 3 војни области со три дивизиски Штабови и команда на силите разместени во Германија,
- Штаб на здружените сили за брзо распоредување,
- една оклопна дивизија,
- една механизирана дивизија,
- корпус ARRC ( Allied Comand Europe Rapid Reation Forces),
- возушно подвижна бригада

Во сите наведени формации вкупно се следните борбени единици, од кои преку 50% се распоредени надвор од територијата на Велика

[124] Исто стр. 69

Британија се:

- 6 оклопни регименти,
- 4 оклопни извидувачки регименти,
- 9 оклопни пешадиски баталјони,
- 6 механизирани баталјони,
- 5 воздухоловни регименти на Ков,
- 1 регимента на аспецијалните сили SAS,
- артилериски единици,
- хеликоптерски единици,
- логистика и други.[125]

Според *Strategic Defence Review* од 1998. година, КоВ треба да се зголеми за 3300 припадници, а предвидено е формирање на уште една механизирана бригада и уште една извидничка оклопна регимента. Лесната бригада ќе се реорганизира во механизирана бригада, осум помали оклопни регименти ќе се реорганизираат во шест поголеми регименти, а во вооружувањето ќе се воведат и борбените хеликоптери AH-64D Apache Longlow.

*Воената морнарица* (ВМ) или Кралсаката морнарица (Royal Navy) е организирана во три флоти:

- Прва флота;
- Надворешна флота и
- Домашен фронт.

Со Воената морнарица командува Началникот на ГШ на ВМ, тој воедно е и советник на министерот за одбрана за поморски прашања. Скоро сите бродови на ВМ наменети за операции во рамките на НАТО. Во својот состав, покрај поморските единици, има и морнаричко воздухопловство (Fleet Air Arm) кое е независно од РАФ, и единици на Кралските маринци (Royal Marines). Кралските маринци во моментов

---

[125] www.armedforces.co.uk/army/listings/I0001.html

формираат 3 баталјони со целокупна хеликоптерска флота и останати единици за поддршка.[126]

Во деведесеттите години од XX-от век имаше околу 175 борбени бродови од кои 17 нападни подморници на нуклеарен погон, 6 нападни подморници на класичен погон (дизел-електричен), 2 носачи на авиони, 13 разурнувачи, 30 фрегати, 33 миноловци, 30 патролни бродови, 2 десантни брода, 45 борбени авиони и 153 хеликоптери. Во мрнаричко десантната пешадија (МДП) - бригада составена од 3 "Commando" групи, се наоѓаат и 18 хеликоптери[127]

Според програмата SDR од 1998. година, трите лесни носачи на авиони ќе се заменат со два поголеми носачи, од кои секој ќе носи по 50 авиони и хеликоптери, ќе се формираат амфибвиски сили за превоз на единици со големина на бригада. Нуклеарните нападни подморници од класат "Trafalgar" ќе се вооружаат со крстаречки ракети. Бројот на нуклеарните нападни подморници ќе се намали од 12 на 10, а поради замена на старите подморници се предвидув изградба на пет нови подморници од класата "Astute". Бројот на разурнувачите и фрегатите ќе се намали на 32 брода, а бројот на бродовите за противминска борба ќе се зголеми на 22 брода.

*Военишто воздухойловсшво и йрошивоздушнаша одбрана* (ВВ и ПВО) или Кралските воздухопловни сили (Royal Air Force - RAF), се втор по големина вид во ВС, со значителна улога и респективни сили. исто така ќе претпри значајни промени како во организациски поглед така и во однос на намалување на бројот на воздухоплови за сметка на нивниот квалитет. РАФ во мометов е организиран во три команди и тоа:

- *Борбена (јуришна) команда* (Strike Command), која е задолжена за надзор на борбените единици, и во неа се сконцентрирани сите средства наменети за борбено дејствување,

---

[126] www.armedforces.co.uk/army/listings/I0003.html
[127] Јан Марчек, *Основе војне йолишике и докшрине В. Бришаније*, ЦВШ ВЈ/ИРВ, 1993 стр. 11

- *Команда за персонал и тренинг* (Personal and Training Command) која е задолжена за управување со персоналот и спроведување на летачкиот тренинг на пилотите,

- *Логистичка команда* (Logistic Command), задолжена за логистичка поддршка на на сие единици на RAF ,но и за поддршка на воздухопловните компоненти на ВМ и КоВ.[128]

Како и во претходните два вида и во Военото воздухопловство и Противвоздушната одбрана (ВВ и ПВО), спред програмата SDR, предвидени се одредени промени. Планирано е купување на 232 ловци од типот "Eurofighter 2000", четири стратегиски транспортни авиони од типот "C-17 - Globemaster III", се бара замена на старите транспортни авиони од типот "C-130 Herkules", повлекување од употреба на 36 млазни борбени авиони, замена на јуришние авиони "Panavia Tornado GR.MK.4" и купување на нови ракети од типот "земја-земја" и "воздух-земја".

Многу значајна новина, предвидена со SDR, е формирањето на борбена воздухопловна група од RAF и морнаричкото воздухопловство FAA (Fleet Air Arm) на идните носачи на авиони на ВМ.[129]

Управувањето со вооружените сили е дел од системот на одбрана на земјата, како што е прикажано на слика 5.

---

[128] www.armedforces.co.uk/ rafindex.html

[129] *The Military Balance* 1998/99 str. 70-71




Слика 5. Управување со системот за одбрана на В. Британија




Слика 6. Организација на Генералштабот за одбрана на В. Британија

### 1.3.1.2. Воената организација на Франција

По завршувањето на Втората светаска војна развојот на ВС на Франција беше условуван од: состојбата на ВС; воените дејства за зачувување на колониите; влез во НАТО; тенденциите за зачувување на статусот на голема сила; економски, демографски, технолошко-технички и други потенцијали.

Периодот пак од 1990. година до 1998. година, имајќи ги предвид тектонските промени во меѓународните односи како на политички така и на воен план, претставуваше период кога интензивно се работеше на

реорганизацијата на француските ВС и во тој период неколку пати е менуван планот за реорганизацијата. На потребата за реорганизација на ВС, покрај другите, најмногу влијаеа:[130] фрагментацијата на СССР; намалување на воените издатоци; новите задачи кои се поставуваат пред ВС. Потребата од реорганизација на ВС стана поочигледна за време на војната во Ирак (1991), кога француските единиците покажаа одредени слабости во однос на британските и германските единици. Имајќи ги предвид стекнатите искуства тежиштето во реорганизацијата на ВС беше на: организирање на мали, флексибилни и мобилни вооружени сили, опремени со висока технологија, служби и врски тесно интегрирани со сојузниците.[131] При реорганизацијата мораа да се зачуваат два основни приоритети и тоа (1) автономија при донесувањето на одлуки и (2) демонстрација на соработка со сојузниците. Оттука произлегоа и основните определби во организацијата на идните вооружени сили: професионализација на ВС, намалување на нивната големина и намалување на трошоците за ВС.[132]

Вооружените сили на Франција според намената поделени се на:

- Стратегиски нуклеарни сили (*Forces nucleairres strategiques*), или сили за одвраќање - (*Foce de Frappe*)
- Маневарски сили (*Forces de manoeuvre*),
- Сили за оперативна одбрана на територијата (територијална одбрана) и
- Сили за брзи интервенции (*Forces de presence et d' intervention*)

Реорганизацијата на ВС на Франција доведе и до реорганизација на стратегиските нуклеарни сили. Имајќи ги предвид новонастанатите околности, нуклеарните сили делумно го изгубија значењето што го имаа во претходнот период, што доведе до намалување на истите а со тоа и до намалување на финансиските средства. Намалувањето беше најавено 1995

---

130 Tiresky, Ronald, French Military Reform and NATO Restucrtuing, *Joint Force, Quaterly*, 1996/97, str. 95-96.

131 Jacquses Lanxade: Zadaci i struktura farncuskih oružanih snaga za 2000. godinu, *NATO's Sixsteen Nations*, broj 3/92., special issue-France, str.18.

132 1997-2015, *A New Defense*, Ministarstvo odbrane Francuske 1997, str. 17.

година со можноста за повлекување на балистичките ракети "С-3", а 1996. година донесена е одлуката за повлекување од употреба на бомбардерите Mirage-IV со што воздухопловната компонента се сведе на воздухопловите Mirage 2000N.

Статегиските нуклеарни сили ги сочинуваат:

а) стратегиски воздухопловни сили - составени од 60 авионите "Mirage-2000N",

б) стратегиски поморски сили - составени од 6 подморници на нуклеарен погон вооружени со по 16 балистички ракети од типот " М-20",[133]

в) стратегиски балистички ракети "земја-земја" - од типот "С-3" со дострел од 4000км и групирани во два дивизиони со по 9 силоси-лансери.

*Маневарските сили* ги сочинуваат:

а) сили на КоВ,

б) тактичко воздухопловство (FATAC),

в) тактички нуклеарни борбени средства "Плутон" и

г) сили на ВМ ( Атлантска и Средоземна ескадра).

Овие сили се наменети за изведување на борбени дејства на европскиот дел на војувалиштето (самостојно или во содејство со силите на НАТО).

*Силите за брзи интервенции* или *силите за брзи акции* (*Force d' Action Rapide*- FAR), се составени од единици од сите три вида на ВС и жандармеријата. Органзациски структуирани се во 5 разнородни дивизии: падобранска, воздушно-преносна, морнаричко-десантна, лесна оклопна и алпска, со околу 50000 луѓе. Овие сили наменети се за дејства на територијата на Франција, Европа и во прекуморските територии. За надворешна инетрвенции основата на француските сили ја чинат "Легијата на странци", заедно со морнаричко-десантната пешадија (МДП).

---

[133] *Основе војне политике и доктрине Француске*, ЦВШ ВЈ/ИРВ, 1993, стр. 16-18.

*Силите за оперативна одбрана на територијата* или *сили за територијална одбрана* претставуваат битна компонента на ВС во случај на агресија, но и како инструмент за зачувување на внатрешната безбедност.

Покрај организацијата според намената, вооружените сили на Франција се организирани во видови и тоа: КоВ, ВВ и ВМ. сл. 26.

*Копнената војска (КоВ)* се најброниот вид во ВС на Франција кој денес брои 203 200 луѓе, кои влегуваат во став на: а) 1. армија ( два армиски корпуси и лесна авијација на КоВ) и 3. армиски корпус и б) прекуморски гарнизони составени исклучиво од професионалци ( Легија на странци, МДП и жандармерија), кои влегуваат во состав на силите за брза интервенција. Според плановите за реорганизација во иднина се планитра намалување на КоВ кој ќе биде составен од 29 дивизии (15 активни и 14 резервни), со четворна формација. Основните средства на КоВ се тенкови (1343 АМХ-30 и АМХ Б2 и 1100 лесни тенкови), оклопни транспортери (4000), артилериски орудија од разни калибри (800), противклопни лансери (2000), системи ПВО ( "Roland" и "Hawk" 200), и хеликоптери (682).[134]

*Воеността воздухопловство*[135] *(ВВ)* одсекогаш бил најдобро опремен вид во ВС на Франција и остана основна сила во стратегијата на нуклеарното одвраќање. Денес ВВ брои 78100 луѓе, а силите и средствата распоредени се во четири команди:

а) Команда на воздушните стратегиски сили - FAS,

б) Команда на ПВО (команда на воздухопловната одбрана) - CAFTA,

в) Команда на воздухопловните тактички сили - FATAC,

г) Команда за воздухопловен и воен транспорт - COTAM,

д) Три команди за поддршка ( Команда за обука - CEAA; команда за комуникациски системи - CTAA и Команда на инжинериската авијација).

---

[134] *Основе војне политике и доктрине Француске*, ЦВШ ВЈ/ИРВ, 1993, стр. 20.

[135] *Military Balance 1998/1999*, str 52-53.

Во вооружувањето на ВВ има 511 борбени и извидувачки авиони од кои 106 F - 1B/C/CR/CT, 5 Mirage IVP, 240 Mirage 2000 B/C/N/D, 50 Jaguar, 110 Alfa Jeet; 407 тренажни, помошни и транспортни воздухоплови; 97 хеликоптери.

Според плановите за реорганизација се планира и намалување на составот на ВВ на 70000 луѓе, бројот на борбените авиони на 300 авиони, бројот на транспортните авиони ќе се намали на 52 авиони, а бројот на хеликоптерите ќе се намали на 84 хеликоптери.

*Воената морнарица* (ВМ) составена е од поморски флотни сили, МДП, морнаричко воздухопловство, военопомрски бази и центри за обука. Таа е групирана во Атлантската и средоземната флота и ескадра во Индискиот океан. Во својот состав ВМ денес има околу 110 површински бродови од кои 2 носачи на авиони, 1 носач на хеликоптери, 1 крстарица, 20 разурнувачи, 24 фрегати и други бродови; 21 нападна подморница и 50 помошни бродови; околу 190 борбени авиони и хеликоптери.[136]

Системот на на командување и управување со ВС е составен дел на системот на управување со одбраната што е прикажано на сликата бр. 7 а, организациската поставеност на здружениот генералштаб на сликата бр. 8.

---

[136] Исто стр. 50.




Слика 7. Управување со системот за одбрана на Франција




Слика 8. Организација на здружениот Генералштаб на ВС на Франција

### 1.3.1.3. Воената организација на САД

Вооружените сили на САД се сложена, широко специјализирана, современо опремена и во различит степен оспособена организација, која има клучна улога во реализацијата на воената стратегија и доктрина, а со тоа и на надворешната политика.

Тие треба да ги исполнат поставените задачи кои се однесуваат на заштита на американските интереси на било кое место на планетата, зачувување на светскиот мир и поредок и борба против меѓународниот тероризам и пролиферацијата на оружјето за масовно уништување.

По распаѓањето на биполарната светска струкра САД останаа единствена војна, стопанска, економска и технолошка светска сила. Во новонастанатите услови ВС на САД бараат нов стратегиско-доктринарен концепт, а со тоа и адекватна организација на ВС. Имајќи ги предвид искуствата од војната во Заливот 1991. година, воочливи се стратегиско-доктринарните правци на кои треба да одговори организацијата на ВС. Во концептот наречен "управување со кризи" тие насоки се:

- седимензионални операции (Full Dimension Operations);
- судири со низок интензитет (Low Intesity Conflict);
- ангажирање на ВС во мировни операции во склоп на ООН.

Оттука, кон крајот на XX-от век тежиштето во развојот на ВС е ставено на развојот на силите за специјални дејства и силите за општа намена (КоВ, ВВ и ВМ).

Како предводник на тн. западен свет, а концепирајќи ги своите интереси и цели на глобален ( планетарен) план, развојот на ВС на САД се одвивал во склад со неколку фактори:

- конфронтацијата со СССР и земјите членки на Варшавскиот Договор, (за време на студената војна)
- тежнеењето за доминација во сите региони во светот,
- предводник на НАТО, денес "единствен" гарант на светскиот мир,
- респективни економски, демографски, научни и техничко-технолошки потенцијали.

Секој од овие фактори, по Втората светска војна, влијаеше на конкретната организацијата, големината, начинот на подготовки и ангажирање-употрбата на ВС, кои се различни и во склад со промените на наведените фактори.

Вооружените сили на САД составени се од: активен состав, резерва и Национална гарда. Поделбата на ВС е видовска и тоа КоВ (Army), ВВ (Air Force), ВМ (Navy) и морнаричка пешадија (Marine Courps), покрај овие четири вида постои и уште еден, петти, вид тн. Крајбрежна Стража (Coast Guard) која е потчинета на Министерството за транспорт, а во војна влегува во состав на ВМ.

Според намената ВС се делат на;

- стратегиски нуклеарни сили (офанзивни и дефанзивни),
- сили за општа намена (КоВ, ВВ, ВМ, Морнаричка пешадија),
- сили за водење специјана војна,
- сили за стратегиски транспорт.

Стратегиските нуклеарни сили (офанзивна компонента) остануваат како основни сили за одвраќање и извршување на нуклеарни удари по потреба, а составени се е од стратегиски подморници, стратегиски бомбардери и интерконтинентални ракети

Стратегиските одбранбени нуклеарни сили (дефанзивна компонента) составена е од:

- команда за вселената (USC),
- северноамерикански воздухопловно-вселенски сили (NORAD) (меѓудржавна американско-канадска организација со 3 зони и 7 оперативни центри за контрола)
- стратегиска команда (USSC) составена од:
    а) елементи на системот а рано предупредување и
    б) единици за ПВО на територијата.

Кон крајот на деведесеттите години од минатиот век, во однос на периодот од седумдесеттите години, во оваа компонента направен е голем квалитативен напредок. Планот за развојот на овој дел од стратегиските сили ( до 2000 год.) беше планиран во три фази:

- **I** фаза - подобрување на системите за кои не се потребни големи финансиски издвојувања (системите за рано предупредување за напад од балистички ракети, модернизација на радарите TPC-59, боевите глави на системите "Hawk", модернизација на противракетниот системот "Patriot",
- **II** фаза- воведување на 3 нови системи за противракетна одбрана ("Patriot" - PAC-3 со нови новиот ракетопресретнувач "Erint" со зголемен дострел; вградување на поморско воишниот систем за противракетна одбрана во системот AEGIS со кој се опремени 38 крстосувачи и разурнувачи и противракетниот систем за големи височини THAAD),
- **III** фаза - развој на нови системи со потполно нови технологии.

***Копнена Војска***:

Копнената војска (КоВ) на САД во својот развој заостануваше во однос на ВМ и ВВ. Деведесеттите години од минатиот век КоВ ја редефинира својата доктрина, земајќи ги предвид искуствата од Заливаската војна (1991. година). Оттука доктрината на КоВ е насочена кон развојот и употребата на на модерни технички седства за собирање информации, нови прецизни воружени системи како и подготовки за учество во операции различни од војна (operations other than war). Клучно прашање во ревизијата на оперативната доктрина беше токму усвојувањето и водењето на неборбени операции. Имајќи ја предвид стратегијата на национална безбедност и националната воена сртатегија КоВ се подготвуваат за извршување на задачи во новонастанатите меѓународни односи. За извршување на новите задачи, извршена е трансформација на КоВ од големи сили обликувани за спречување на големи копнени продори во источна Европа, во стратегиски и оперативно флексибилни сили кои ќе бидат спремни и способни да ги заштитат и одбранат интересите на САД.

Организациски КоВ е составена од три компонти: активни сили, резервни сили (Национална гарда и резерва на КоВ) и цивилен персонал. Кон крајот на деведесттите години од минатиот век, бројната состојба на

КоВ била околу 480 000 луѓе, што во однос на претходниот период претставува значително намалување. Разноврзноста на задачите кои мора да ги извршуваат, а се проектирани во стратегијата на националната безбедност и националната воена стратегија ја одразува структурата на КоВ. Во таа смисла задачите се следните:

- организирање, обука и опремање на силите за брзо и непрекинато водење на операции на копно, совладување на непријателските копнени сили и запоседнување на територии,
- подготвовка на силите заадекватна противвоздушна одбрана и контрола на воздушните операции,
- развој на доктрината, процедурите и опремување за воздушни десанти заедно со Маринскиот корпус,
- подготовки на КоВ за заеднички амфибиски и воздушнодесантни операции,
- подготовки на КоВ за посебни операции,
- подготовки на КоВ за хуманитарна помоши помош во случај на природни катастрофи во земјата и странство.[137]

Единиците на КоВ се организирани по принцип на комбинирани вооружени состави, кои се составени од борбени единици (оклопни и пешадијски), единици за борбена поддршка (артилериски,воздухопловни, инжинериски, противвоздучни, разузнавачки) и логистички единици (транспортни, медиицински и други логистички единици).

Активните оперативни сили организирани се во четири корпуси кои во својот состав имаат две или повеќе дивизи; десет дивизии; два оклопни полка; пет групи за специјални операции и поголем број бригади за посебни задачи (воздухопловни, артилериски, инжинериски, разузнавачки и други единици).

Дивизијата е најголема единица на американската КоВ и постојат пет типови дивизии:

---

[137] Sarkesian, C.S. and Connor R. E., Jr. (eds.), *America's Armed Forces: A Handbook of Curent and Future Capabilities,* Greenwood Press, Westport - London, 1996. str. 34

- оклопна - составена од 17 300 војници, 5 механизирани пешадијски баталјони и 5 оклопни баталјони,
- механизирана - составена од 17 300 војници, 5 механизирани пешадијски баталјони и 4 оклопни баталјони,
- лесна пешадијска - составена од 10 800 војници кои формираат 9 пешадијски баталјони,
- воздухопловнотранспортна - со околу 13 100 војници и 9 пешадијски баталјони
- воздухопловно борбена - специјализирани сили наменети за хеликоптерска, артилериска, противвоздушна и друга поддршка на пешадијата.

Во поглед на организацијата на дивизијата, карактеристично е и тоа што наместо третата бригада која до сега беше резервна таа позиција е резервирана за четвртата бригада.

Структурата на КоВ е во корелација со концептот за изведување комбинирани операции, така секоја дивизија може самостојно да изведува операции но и во содејство со другите истите успешно да ги изведува.

Имајќи ја предвид националната стратегија и доктрината на водење на вооружени операции на активните сили им се додаваат и резервните сили (Националната гарда и разервата на КоВ), кои се 60% од вооружената и другата пополна на активните сили.

На кој начин е извршена трансформацијата на КоВ може најдобро да се согледа од нејзиното разместување (лоцирање). Денес КоВ воглавно е разместена на територијата на САД и се подготвува за учество во можни операции во регионални судири во светот. Освен во Европа делови на две дивизии се разместени во Кореја, Хаваи, Панама и Аљаска. Останатите осум дивизии сместени се во континенталниот дел на САД. Единиците распоредени во Fort Bragg, Fort Drum, Fort Stewart, Fort Campbell, (Источен дел на САД) го формираат корпусот за брзи интервенции.[138]

---

[138] Anton Grizold, Siniša Tatalović, Vlatko Cvrtila, *Suvremeni sistemi nacionalne sigurnosti,* Fakultet političkih znanosti Zagreb, Zagreb, 1999. str.40

**Воено Воздухопловство:**

*Веоното воздухопловството* како и другите видови на ВС на САД, по фрагментацијата на реалсоцијализмот и ВД се соочи со неколку битни дилеми:

- прескапо и преголемо ВВ (USAF), кое не соодветствува на новонастанатата ситуација, (како главна мисија се покажа потребата за интервенции во локалните судири за што USAF не беше подготвен),
- намалување на средствата за набавка на нови борбени авиони,
- спроведување на реформи, врз основа на стекнатите искуства, особено во насока на поголема оперативна флексибилност и брзо разместување на оддалечени подрачја на дејствување.[139]

Оттука пред USAF се поставиле следните задачи:

- зачувување на способносст за глобално дејствување во новонастанатите услови (дејствување во локални судири наместо борба против еден глобален противник);
- следење на технолошкиот развој на воздухопловните сили на потенцијалните непријатели;
- одговор на пролиферацијата на оружјето за масовно уништување и балистичките ракети земја-земја со развој на антибалистичкиот систем за одбрана;
- одржување на надмоќта во воздухот (воздухопловна надмоќ).

За остварување на овие барања во 1992.година усвоена е нова доктрина на USAF со која се предвидуваа радикални промени во структурата на воздухопловните сили, со цел да се оствари концептот на интегрална воздушна моќ.

Новиот концепт требаше да обезбеди остварување на две цели:

- укинување на разликта помеѓу тактичките и стратегиските мисии на USAF и

---

[139] Anton Grizold, Siniša Tatalović, Vlatko Cvrtila, *Suvremeni sistemi nacionalne sigurnosti,* Fakultet političkih znanosti Zagreb, Zagreb, 1999, str.42.

- намалување на бројот на воздухоплови, задржувајќи ја борбената спсобност на достигнатото ниво, со постојана технолошка модернизација која ќе овозможи останатите воздухоплови да ги задржат достигнатите но и зголемување на борбените способности.

Доктрина na USAF *Air Force Manual 1-1; Basic Aeroscape Doctrine of the United State Air Force* од март 1992. година, предвидуваше можност за изведување на четири врсти на мисии:

- контрола на воздушниот и вселенскиот простор (*aerospce control*);
- примена на силите (*force application*), односно опфаќање на сите стратегиски и тактички мисии - изведување на стратегиски удари, удари по цели во длабината на противничката територија, блиска воздухопловна поддршка на копнените и поморските сили;
- подобрување на силите (*force enchanament*), сите задачи насочени кон мултиплицирање на ударнат моќ на формациите на УСАФ но и на вооружените сили во целина (вселенски транспорт, изведување на специјални операции, електронска борба);
- поддршка на силите (*force support*), логистичка и борбена поддршка, обезбедување на оперативност на базите и нивна заштита и други активности насочени кон овозможување на изведувањето на борбените дејства.

Военото возухопловство (Air Force) сотавено е од стратегиски воздухопловни сили и тактички воздухопловни сили. Стратегиските воздухопловни сили се наоѓаат само во состав на ВВ, додека тактичките воздухопловни сили се наоѓаат во сите три вида (КоВ, ВВ, ВМ). Тактичките воздухопловни сили во ВВ се нарекуваат тактичка авијација и во својот состав имаат ловечка авијација (ЛА), ловечко-бомбардерска (ЛБА), извидувачка (ИА), авијација за електронско извидување (ЕИ) и електронски дејства (ЕД), транспортна авијација (ТрА) и хеликоптери за разна намена. Воздухоповните сили организирани се во флајтови - 4-8 авиони; скведрони - неколку флајтови (најчесто 3); групи - најчесто 3 скведрони и вингови - неколку групи со по неколку скведрони.

Во рамките на УСАФ постојат осум команди и тоа:

- Воздухопловно-борбена команда - ACC (*Air Combat Command*),
- Команда за обука и тренинг - ATEC (*Air Education and Training Command*),
- Команда на воздухопловните сили за материјални потреби - AFMC (*Air Force Materiel Command*),
- Вселенска команда (AFSPC)која покрај другите активности под своја контрола ги има и интерконтиненталните балистички ракети,
- Команда за специјални воздухопловни операции (AFSOC),
- Команда за воздухопловна мобилност AMC (*Air Mobility Command*),
- Пацифичка команда PACAF (*Pacific Air Forces*) која ги контролира базите во Аљаска, Гуам, Хаваи, Јапонија и Јужна Кореја,
- Европска команда USAFE (*United States Air Forces in Europe*) која ги контролира базите во Германија, Велика Британија, Италија и Турција.[140]

***Воена морнарица:***

Како и за другите видови на ВС на САД така и за Воената морнарица (*US Navy*), периодот по завршувањето на Студената војна доведе до радикални промени во доктрината и целите на дејствување на ВМ (*USN*). Оттука и во ВМ се бараше нова поморска стратегија која ќе биде адекватна на новонастите услови, каде што примарни стануваат борбените мисии во рамките на локалните судири.

Новата доктрина, донесена 1994. година, требаше да одговори на новите предизвици. Клучна промена во однос на дотогашната стратегија е во тоа што ВМ ќе дејствува и далеку, надвор, од својите територијални води и притоа подржувајќи ги искрцаните сили. Како услов во остварувањето на новата стратегија се предвидува здружено дејствување

---

[140] http://encarta.msn.com/encyclopedia_761574015_United_States_ Air_Force.html

со останатите компоненти на ВС во значително поголема мерка одколку што порано беше случај.

Воената морнарица во 1995. година располагаше со 373 воени бродови и подмрници , од кои 16 стратегиски подморници, 79 јуришни подморници, 12 носачи на авиони, 31 крстосувач, 48 разурнувачи, 33 фрегати, амфибиски и патролни бродови и чамци. Тоа претставуваше драстично квантитативно намалување во однос на претходниот период, но затоа квалитативно направен е огромен напредок, скок, во сите системи на ВМ, а особено во поглед на подобрување на техничките карактеристики и вооружувањето.[141]

Силите на воената морнарица организирани се во:

Флоти:

- Пацифичка - трета и седма флота,
- Атлантска - втора и шеста флота;

Составот на една флота се движи од неколку десетици илјади луѓе, неколку детици површински бродови и подморници чија ударна сила ја прават силите на носачите на авиони и подморниците и авијацијата од носачите на авиони.[142]

Сили на военопоморските области:

- Источна военопоморска област,
- Западна,
- Хавајска,
- Карипска и
- Аљаска;

Специјални поморски сили.

*Поморско десантните сили* на САД ги сочинуваат:

- морнаричкодесанта пешадија (МДП)
- авијацијата во органскиот состав на МДП и
- поморските сили за превезување и искрцување.

---

[141] *Билтен о оружаним снагама страних земаља*, ГШ ВЈ/ИИ управа, 1996, стр.44.

Организациски МДП имаат двојна организација и тоа административна и борбена. Административната организација или мирновременската наменета е за обука, пополна и развој. По таа организација МДП организирана е во дивизии, полкови, баталјони, чети и водови. Во борбената организација, од формациските единици се формираат привремени состави, начелно по принципот на искрцни тимови и копнено-воздушни состави на МДП. По принципот на искрцни тимови се формираат баталјонски, полковски тимови и засилена дивизија на МДП. По принципот на воздушно-копнени состави, основни состави на МДП се: морнаричко-деснтна баталјонска група, морнаричкодесантен состав и морнаричкодесантни експедициони сили.

Организациски управувањето и командувањето во ВМ на САД[143] се состои од: *Административна организација*

- Отсек за морнарица (*Department of the Navy*), со која раководи секретар за морнарица, кој пак непосредно му е одговерен на министерот за одбрана (*Secretary of Defense*),
- Канцеларија за поморски операции (*Office of Naval Operations, OPNAV*), претставува штаб на командантот за поморски операции, кој е директно потчинет на Отсекот за морнарица; и

*Оперативно командниот* ланец, се разликува од административната организација, задолжен е за оперативно разместување на флотата и нејзино ангажирање во борбени дејства. На чело на ланецот е претседателот на САД на кој му е потчинет министерот за одрана. Следното скалило во командниот ланец претставуваат девет борбени команди, од кои пет се дефинирани географски а другите четири според функцијата која ја имаат.

---

[142] 6. флота во Средоземното море во 80-те години од минатиот век, во својот состав имаше 23000 луѓе; Атлантската флота (2. и 6.) , имаа околу 230 разни бродови, од тоа 6 носачи на авиони.

[143] Anton Grizold, Siniša Tatalović, Vlatko Cvrtila, *Suvremeni sistemi nacionalne sigurnosti,* Fakultet političkih znanosti Zagreb, Zagreb, 1999, str.42.

**Географски команди:**

1. Централна команда (*Central Command*), во рамките на оваа команда се наоѓа 5. флота која го покрива подрачјето на Персискиот залив,
2. Европска команда (*Europian Command*) е задолжена за операциина Средоземното море, во нејзиниот составот е 6.-та флота,
3. Пацифичка команда (*Pacific Command*) е задолжено за изведување на операции на западниот Пацифик а во нејзин состав се 3.-та и 7.-та флота,
4. Команда на САД (*USA Command*) задолжна за изведување на операции на подрачјето на Атлантикот и во нејзин состав е 2.-та флота,
5. Јужна команда (*Southern Command*), под нејзина надлежност се наоѓаат подрачјата на средна и јужна Америка, делови од Атлантикот и Пацификот, Мексиканскиот залив и Карибското море.

**Функционални команди:**

1. Команда за специјални операции (*Special Operations Command*) задолжено за водење на судири со низок интензитет,
2. Стратегиска команда (*Strategic Command*), во својот состав има морнарички нуклеарни стратегиски сили ( нуклеарни балистички поморници-носачи на интерконтинентални ракети,
3. Вселенска команда (*Space Command*) и
4. Транспортна команда (*Transportation Command*).

*Силиѿе за сӣецијални дејсѿва* ( специјални сили) се елитни сили на ВС на САД и се наоѓаат во сите видови на ВС. Употребата на овие сии е перманентна како во мир така и војна. Составот, организацијата и вооружувањето, сходно на задачите кои ги извршуваат, се изразито флекцибилни. Во КоВ постојат воздушнодесантни групи, тактички групи и здружени тактички фрупи; во ВМ има комбинирани групи за извршување

на задачи на море, во воздухот и на копно (СЕАЛ тимови), делови на извидувачките единици на морнаричката пешадија и специјализирани групи подводни диверзантски активности; во ВВ постојат воздушни командоси. Силите за специјални дејства, според степенот на готовност, се класифицирани во пет нивоа: Ц-1 борбено спремни, пополнети, опремени и извежбани, Ц-2 борбено спремни, пополнети 90%; Ц-3 борбено спремни, 50% пополнети со луѓе и 80% со техника; Ц-4 не се борбено спремни, делумно извежбани; Ц-5 не се борбено спремни и не се извежбани. Нивната организација поврзана е со највисокото ниво на командување.

Резервните сили - резервната компонента, на ВС на САД претставува развиен и единствен систем на резерва и има голема улога во севкупната воена моќ на САД. Единиците на резервната компонента се подготвуваат за заеднички операции со активните сили, но се придодаваат на ВС кои учествувааат во мировни операции.

Резервната компонента се состоти од Националната гарда (*National Guard*) и Федерална резерва (*Federal Reserves*). Единиците на Националната гарда се придодаваат на Копнената војска и на Воздухопловните сили, додека единиците на Федралната резерва се вклучени во сите видови и родовим на ВС и заедно со нив содејствуваат во сите воени и борбени операции секаде во светот.

Резервната компонента е под надлежност на Министерството за одбрана, а е потчинета на помошникот на министерот за одбрана за работи на резервата кој го постсвува претседателот на САД и истита е поделени на

- Национална гарда на КоВ ( *The Army National Guard - ARNG*),
- Резерва на КоВ (*Army Reserve- USAR*),
- Резерва на ВМ ( *Naval Reserve - USNR*),
- Резерва на Маринскиот корпус ( *Marine Corps Reserve - USMCR*),
- Национална гарда на Воздухопловните сили (*Air National Guard ANG*),
- Резерва на Воздухопловните сили (*Air Force Reserve*) и
- Резерва на Обалската стража (*Coast Guard Reserve*).

Во рамките на резервната компонента постојат три категории по кои се распоредуваат нејзините припадници (слика 9): стоечка резерва (*Standby Reserve*), спремна резерва (*Ready Reserve*) и пензионирана резерва (*Retired Reserve*). Спремната резерва ја сочинуваат одбрана резерва, спремни резервисти и неактивна Национална гарда.




слика 9.

*Одбраната резерва* составена е од единици кои извршуваат задачи како оперативните единици и единици кои служат за засилување на оперативните единици.

*Спремната резерва* е класифицирана во спремни резервисти (обучени и необучени) и спремна резерва на обука.

*Неактивна национална гарда* е составена од војни лица кои се разрешени од ативната служба но со обврска на служење од 8 години; резервни офицери обврзани за служење 8 години; Националната гарда на КоВ и ВВ.

*Стоечката резерва* ја сочинуваат лица кои сакаат да бидат во резерва но не во спремната резерва, лица во државните органи или привремено неспособни. Овие лица можат да бидат мобилизирани мимо своја волја за потребен временски период, плус 6 месеци.[144]

Управувањето и командувањето со вака сложена отрганизација изискува сложен систем на управување и командување (сл. 10). Во овој систем, почнувајќи од највисокиот државен врв па се до командите на најниските единици се разликуваат:

- линија на општо командување,
- линија на стратегиско командување,
- линија на извршно командување,
- линија на извршна контрола и командување и
- линија на советодавна функција.

[144] Sarakesian, S.C. and Connor, R. E., Jr. (eds.), *America's Armed Forces: A Handbook of Curent and Future Capabilities,* Greenwood Press, Westport - London, 1996. str. 145.




слика 10.

Борбеното командување се темели на девет фундаментални начела - принципи: (1) иницијатива, (2) агилност, (3) длабина, (4) синхронизација, (5) сестраност, (6) флексибилност, (7) проценка, (8) интуиција и (9) соживување. Правејќи разлика помеѓу моделот на командување во мир и во војна, интенцијата е на рамнотежата помеѓу шест елементи во поглед на времето, просторот и намерата, што ја чини основата на борбеното командување:

а) познавање на теренот,

б) познавање на непријателот,

в) познавање на самиот себе,

г) командување, мотивирање и демонстрација на морал и физичко присуство,

д) донесување на одлуката, вршење на тековните проценки на ситуацијата и формулирање на концептот на дејствата,

ѓ) согледување на моменталната и посакуваната состојба во склад со намерите на претпоставената команда.[145]

Борбена одговорност ја остварува со помош на следниве единици и команди:

**Борбени команди:**

- Осма армија: Патролира во демилитаризираната зона меѓу Северна и Јужна Кореја;
- Командата на силите ги вклучува првата и петтата армија кои се стационирани во континенталниот дел на САД и единиците на Националната гарда кои се под федерална служба. Исто така ја командува и третата армија која ги штити американските интереси во југоисточна Азија, Персискиот залив и Рогот на Африка.
- Пацифичка команда изведува операции во Азија и на Пацификот
- Команда за Европа и седмата армија има одговорност во најголем дел од Европа, Африка и Блискиот Исток.
- Јужна команда задолжена за Централна и Јужна Америка.

Постојат и команди задолжени за поддршка како што се :

- За инжинерија;
- За криминална истрага;
- Команда за набавка и истражување;
- Медицинска команда;

---

[145] *Informativni bilten prevoda*, CVNDI, Beograd, 1989,broj 7.

- Разузнавање;

Специјални сили и други.

Тие се структуирани на следниот начин:

**Оперативни сили:**

- Команда на атлантската флота- задолжена за Атлантскиот океан и Медитеранот.
- Поморска транспортна команда.
- Европски поморски сили.
- Резервни поморски сили.
- Команда за специјални поморски операци во кои се вклучени и познатите сили СЕАЛ (Sea, Air,Land)
- Команда за одржување.
- Пацифичка флота која изведува операции во Тихиот и Индискиот океан.
- Централна поморска команда која изведува поморски операции во североисточна Африка, Средниот Исток и Југозападна Азија.

Останати команди:

- Команда за евалуација на материјали.
- Команда за обука.

Морнаричко разузнавање.

Во овој дел елаборирани се воените организации на големите сили со цел да се покажат нивните организациско-формациски капацитети, нивните можности, вооружените системи, нивната меѓусебна компатибилност, особено како членки на НАТО. За разлика од нив малите и средните држави, имајќи ги предвид нивните економски потенцијали, ресурсите и демографскиот фактор, не можат да воспостават таква воена организација. Оттука тие се приморани да се приклонат кон некој "поголем брат" или да станат членки на некој од колективните системи за безбедност, со што би го надоместиле слабостите на националните вооружени сили. Сепак и едните и другите за да можат да ја вршат својата функција мораат да прават опсежни подотовки

## 1.4. ПОДГОТОВКИ НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ

Подготвките и организирањето за водење на вооружена борба се спроведува во мир и се продолжува во војна. Тие претставуваат дел од вкупните подготовки на земјата за водење на војна.

Смислата за постоењето на вооружените сили е тие да бидат ангажирани за изведување на борбени дејства, за демонстрација на сила, со одвраќање да делуваат на потенцијалниот противник или да вршат притисок на противничката страна за изнудување одредени отстапки. За остварување на кои било од наведените сложени и деликатни постапки, неопходни се адекватни подготовки на вооружените сили, во однос на можните варијанти и услови на нивно ангажирање. Суштината на тие подготовки е во создавањето на организациско-плански, кадровски и матријални претпоставки за рационални, економични и делотворни постапки на вооружените сили во остварувањето на улогата која тие ја имаат во заштитата на националните интереси. Кога се во прашање разни армии во светот, нема голема разлика во поглед на одредувањето на глобалната содржина на подготовките.[31]

Меѓу факторите кои ја одредуваат содржината и карактерот на воена организација во современите држави посебно значење имаат:

Приоритетните национални интереси (област и домен на нивниот интерес и можните варијанти и подрачја за нивно загрозување)

Облици на воено-политичка сојузништва (официјални, неофицијални, актуелни и потенцијални)

Матријалниот и човечки потенцијал (степен на техничко-технолошка развиеност, природни ресурси, демографски карактеристики) Искуства од бројните локални и регионални војни.

Кога станува збор за националните интереси, како основа за креирање на одбранбениот систем и подготовките на вооружените сили, сѐ поголем е бројот на земји кои при одредувањето на стратешките

---

[31] Ковач Митар, Форца Божидар, Историја ратне вештине 2. ВИЗ, Београд, 2000, стр 526.

подготовки тргнуваат од ставот дека нивните национални интереси можат да бидат загрозени не само од директен напад на територијата над која имаат суверентет туку и од неповолниот развој на воено-политичката ситуација надвор од тој простор.

Друг глобален елемент во подготовките на вооружените сили е во тоа што државите својата одбранбена моќ ја зацврстуваат и зголемуваат склучувајќи сојузништва со релевантни воено-политички сили на билатерална и мултилателарна основа. Како резултат на тие сојузништва беше создавањето на воено-политичките блокови (НАТО и Варшавскиот договор). Исто така бројните војни после Втората светска војна непосредно влијаеле на подготовките на вооружените сили.

Почитувајќи ги поединечните разлики помеѓу армиите на поедини држави може да се констатира дека суштината на подготовките на вооружените сили во модерно опремените армии е во:

1. Воспоставување на релативно флексибилна организациско-формациска структура на Вооружените сили;

2. Формирање на подвижна респективна сила способна за брзо ангажирање на простор кој се наоѓа на релативно голема оддалеченост од местото на мирновремената локација;

3. Усогласување на плановите за развој и ангажирање со плановите на сојузниците и стратешко групирање на сопствените сили;

4. Развивање функционален, компатибилен и технички систем на макро и микро план;

5. Централизација на процесот на обука поради економично користење на времето;

7. Изразито селективен пристап при школувањето на старешини;

8. Тежиштето во обуката на единиците и командите е во извежбаноста во командувањето, врските и содејството;

9. Зголемување на бројот на професионални војници во структурата на воениот состав;

10. Сеопфатност и офанзивност на психолошко-пропагандните подготовки пред се во функција на придобивање на сопственото и светско мнение;

11. Развивање на вооружени системи со голем дострел, разорна моќ и голема точност на погодување;

12. Сестрано проучување на противникот и благовремена "обработка" на простор каде најверојатно ќе бидат ангажирани.

Оттука подготовките на вооружените сили опфаќаат:

- Одредување на составот и организација на вооружените сили за мир и војна;
- Подготовка на мобилизација на вооружените сили;
- Стручно и психофизичко оспособување;
- Обезбедување на висок степен на борбена готовност;
- Материјални и здраствени подготовки;
- Подготовка и уредување на просторот за борбени дејствија;
- Организација и водење на стратешко извидување.

***Мобилизација***

Мобилизацијата е планско и организирано преминување на вооружените сили и останатите носители на одбраната од мирновременската организација и состојба во воена организација и состојба на готовност за водење на одбранбена војна. Целта на мобилизацијата е целокупниот човечки и материјален потенцијал на општеството, навремено и организирано да се доведат во состојба на готовност за водење на одбранбена војна и за работа во воени услови. Мобилизацијата на вооружените сили се подготвува и изведува во согласност со планот за употреба на вооружените сили.

Бројната состојба и составот на мирновременитеи воени вооружени сили (ВС) ги утврдува владата при што води сметка за:

- опасност од изненадни дејствија на противникот
- тешкотиите во мобилизацијата
- економските можности
- почетните задачи во мирновременскиот дел на вооружените сили (ВС) до мобилизацијата на воениот дел на вооружените сили.

Односот на мирновремениот состав и воениот состав на вооружени сили во сите армии во светот изразено е во корист на воениот и се движи од 10%:90% па се до 50%:50%. Односот на бројот на мирновремениот состав на ВС во однос на воениот состав, во различни периоди после Втората светска војна бил различен а највеќе зависел од:

- (не)стабилноста на блиското и поширокото опкружување на поедини земји;

- видот на вооружените сили;

- економските можности и сл.

Разликата од мирновремениот и воениот контигент на вооружените сили се пополнува со мобилизација. Под мобилизација и мобилизациски развој на ВС обично се подразбира нивниот премин од мирновремена во воена состојба согласно со воените планови. Мобилизацијата на ВС претставува дел од единсвениот систем на мобилизација во земјите каде на мобилизацијата на ВС ѝ се дава апсолутен приоритет.

Мобилизацијата може да биде:

а) по начинот на соопштување: *јавни или тајна*

б) по зафатот на силите: *делумна и потполна*

Во зависност од времето дадено за формирање на воените единици се разликуваат единици со време на мобилизација од неколку часа до единици чија мобилизација трае и до неколку денови. Поедини делови од ВС се наоѓаат во постојана воена формација така да нема потреба од нивна мобилизација.

Мобилизираните единици имаат и обука на мобилизациските собиралишта. Различно е сватено времето потребно за наведената обука на единиците, а тоа зависи од видот на единиците, претходната пополнетост, увежбаноста и сл. Така во ВС на Франција обуката може да трае највеќе 6 дена со тоа што мобилизираните единици можат да се ангажираат во борбени единици дури после две недели.

Резервниот состав е структуиран во различни категории: војник, подофицери и офицери во зависност од видот на војската, начинот на пополнување, големината на ВС, демографските карактеристики на населението и др. Во ВС на Русија според Законот за воени обврски и

воена служба резервниот состав се дели на три категории: првиот, опфаќа војници и подофицери до 35 години, офицери до 50год. и генерали до 60год. Втората категорија опфаќа војници и подофицери до 45 год., нижи офицери до 50 год. Вишр офицери до 55 год старост. Третата категорија опфаќа војници и подофицери до 50год., нижи офицери до 55 и виши офицери до 60 години старост[32].

Мобилизацијата се реализирана во согласност со два принципа: територијален и екстериторијален и нивна комбинација. Поради карактеристиките на современите борбени дејства и нивното можно негативно влијание на одвивањето на мобилизацијата, предност му се дава на територијалниот принцип.

***Борбена готовност***

Борбената готовност различно се дефинира во различни држави но нивната суштина практично е иста. Така во ВС на Русија борбената готовност се дефинита како: способност на единиците во сите услови и според утврдени рокови можат да ги започнат борбените дејства и успешно да ги извршат поставените задачи. Борбената готовност се класифицира по оперативно, стратегиско и тактичко ниво.

Стратегиската борбена готовност се дефинира како способност на ВС да во секој момент и во најсложени услови ја крши и одбива праотивничката агресија.

Оперативната борбена готовност е способност, на оперативните состави, здружено-тактичките единици и нижите тактички единици на различни родови во ВС, во најкраток рок да стапат во борба со противникот и во сите услови да ги извршуваат поставените задачи[33].

Во Западните земји борбената готовност се дефинира во согласност со одредувањето во ВС на САД, каде под борбена готовност се подразбира: способност на единиците да ги извршат задачите за кои се

---

[32] Форца Божидар, Војне доктрине Руске Федерације и Републике Бугарске, ЦВШ ВЈ/ИРВ, 1993, стр. 33

[33] Исто, стр. 34.

наменети. При тоа во ВС на земјите членки на НАТО егзистира и терминот "борбена способност" кој покрај борбената готовност тој ја опфаќа уште и структурата, модернизацијата и заднинското обезбедување на ВС.

Борбената готовност е различно степенувана во вооружените сили во државите и оттука се предвидуваат различни мерки и постапки на единиците во достигнувања на истата. Во ВС на Русија борбената готовност се степенува на: постојан - I степен, зголемен - II степен, воена опасност - III степен, и потполна борбена готовност - IV степен.

Во ВС на земјите членки на НАТО по примерот на ВС на САД се рангираат три степени на борбена готовност и тоа :

- состојба на воена приправност и превентивна тревога
- состојба на формална тревога
- состојба против воено изненадување.

Покрај тоа во поедини земији членки на НАТО постојат и одредени специвичности, така освен овие степени на борбена готовност постојат и тн. категории на борбената готовност.

Класификацијата на единиците е вршена според процентот на пополнетост со луѓе во однос на воената формација. Пополнетоста на борбената техника е 100%.

Контролата и оценувањето на борбената готовност постојано била една од битните работи ва делокругот на работата на командните органи. Сите командни органи од највисоко до најниско ниво имаат права и должности да остваруваат увид ва борбената готовност на потчинетите единици во целост.

Заедничко за поголем број армии во светот по прашањето за контрола и оценување на борбената готовност е :

- На ниво на ВС постојат инспекции кои различно се нарекуваат;
- На ниво на родови постојат инспекции на родови;
- Во единици до ниво на корпус во поголем број постои инспектор;
- Останатите нивоа на командување спроведуваат тн. тековна контрола на борбената готовност во целина или само во поедини сегменти (делови).

*Стратегиски развој на вооружените сили*

Под стратегиски развој се подразбира основно групирање и развој на вооружените сили на една или повеќе земји на војувалиштето заради нејзино најпогодно ангажирање според првобитните планови или во согласно на настанатата ситуација. Подготовките се реализираат во мир, се зголемуваат во период на воена опасност и продолжуваат во борбата согласно со оперативно-стратегиските потреби. По прашањето на стратегискиот развој на вооружените сили може одвоено да се анализираат: стратегискиот развој на вооружените сили на коалицијиите и стратегискиот развој на вооружените сили на вонблоковските земји. Стратегискиот развој се постигнува со мирновременска локација на единиците и нивно нараснување во согласност со воените опасности, како и неопходна дислокација на поедини сили. Стратегискиот развој бара висок степен на борбена готовност, сеопфатна и квалитетна мобилизација и висок степен на раководење и командување. Навремениот воено-стратегиски развој на вооружените сили во почетниот период на војната се обезбедува со лоцирање на мирно временските и воени единици на правците и на просторите за нивна можна употреба во војна или во нивна близина.

Стратегискиот развој на вооружените сили на вонблоковските земји воглавно зависи од (не)стабилноста на блиското и поширокото опкружување посебно од односите со соседните држави, карактеристиките на просторот, составот и организацијата на вооружените сили и други фактори.

Почитувајќи ги наведените фактори целиот простор на државата како единствено војувалиште се дели на: објекти, правци, зони, реони итн.

*Обука*

Обуката на вооружените сили претставува еден од клучните елементи на подготовката на вооружените сили во сите земји во светот. Глобално гледано обуката на вооружените сили може да се класифици-ра по повеЌе критериуми: а) обука на мирновремениот и резервниот состав; б) обука на војници, подофицери и офицери; в) обука на поедини видови;

4) обука по видовите на единиците (за општа намена, специјали-зирани) и друго

Кога се во прашање подготовките на вооружените сили може да се констатира дека во подрачјето на обуката на војникот постојат најголеми разлики помеѓу вооружените сили во различни земји т.е секоја земја има свој специфичности. Покрај тоа може да се повлече паралела помеѓу два система на обука: западен (земјите членки на НАТО) и источен, Руската Федерација.

(1) Во вооружените сили на Русија обуката на војникот на отслужување на воениот рок има два периода-летен и зимски (5 месеци). Првиот период ги опфаќа следниве фази: поединечна обука (трае 3 месеци), одделенска обука (2 месеци) и водена обука (2 месеци). Во другиот период се реализира четна и баталјонска обука во траење од 4 месеци. Во тек на една седмица се реализираат 42 часа настава. Помеѓу првиот и вториот период постои преоден период во траење од месец дена кој се користи за отпуштање на војниците и примање на нови регрути (15 дена) и период на прилагодување (15 дена). Обуката на војникот опфаќа: тактичка обука; запознавање со личното вооружување; строева обука; физичко вежбање и психичка подготовка.

(2) Во вооружените сили на САД системот на обука на војниците опфаќа: а) основна обука; б) виша обука; в) специјализирана обука. Обуката на војниците се реализира во центрите за обука на вооружените сили и на курсеви по родови и служби и во единиците. За поедини специјалности обуката може да се реализира и кај одредени фирми и на разни образовни и други институции. Посебно внимание се посветува на одржување на кондицијата и физичките вежби. Стандардите и критериумите за физичките способности во КоВ ги одредува школата за физички способности на војниците во Труп Бентамин.

Планирањето и управувањето со обуката на резервниот состав на ВС на САД е во надлежност на МО. Резервата е организирана во повеЌе категории: а) активна (Националната гарда, копнените сили, воената морнарица, военото воздухопловство и морнаричката пешадија), б) селективна и в) останати резервни сили. Обуката на резервните сили е

временски ограничена и трае на пр. за КоВ-39 дена годишно. Обуката се реализира периодично: а) за време на викенд 2-4 часа, б) годишни вежби во траење од 20 дена, в) вклучување на резервните единици во активните единици.

(3) Во вооружените сили на Франција се применува тн. комбиниран облик на обука. Системот на обука опфаќа: почетен период на обука и период на усоврШување. Почетниот период се состои од: општа почетна обука и обука по родови. Општата почетна обука е заедничка за сите родови и служби. Во таа фаза војниците се обучуваат за извршување на основните задачи на боиштето, противоклопна и противартилериска борба, откривање на АБХ опасности како и индивидуална заштита. Таа обука трае 2 месеца и се реализира во наставните центри. На крај на обуката се врШи конечна селекција на војниците и тие се упатуваат во родовските центри.

Обуката по родови опфаќа: а) фаза на основна обука по родови или служби и во таа фаза војниците се оспособуваат за основните должности и трае 2 месеца; б) фаза на второстепена обука која трае до 3 месеци; в) фаза на дополнителна обука која трае повеќе од 3 месеци но само за доброволци кои остануваат во вооружените сили на подолг воен рок.
Обуката на резервниот состав треба да обезбеди одредено ниво на обученост за обавување на должностите кои се обавуваат на отслужу-вање на воениот рок. Покрај тоа треба да ги подготви за извршување на нови должности во одбрана на територијата како и да обезбеди нивно усовршување и дополнување.

(4) Во вооружените сили на Велика Британија како и кај вооружените сили на САД постои платеничко-доброволен вид на војска. Годишно низ системот на обука во КоВ поминуваат околу 16.000 регрути. Основната обука трае 21 семица а потоа следи циклус на обука во склоп на единиците во траење од 6 месеци. За да може војникот да се упати во единиците на должност кои се наменети за одбрана на Велика Британија потребно е да помине обука во траење од 12 месеци. Во територијалната одбрана секој војник мора да помине обука од 40 дена годишно од кои 15 дена на годишно логорување во некои од воените бази.

Поголем дел од подофицерскиот кадар се регрутира од воениот состав и тоа по договор на одредено време. Нивното образование се врши со кратки курсеви. Кај помал број армии постои и постојан подофицерски кадар чие школување трае од 1-3 години.

Целите на школување во воените академии на офицерите скоро во сите армии е исто. Некои земји покрај воените академии имаат и офицерски школи кои траат пократко и оспособуваат кадар само за служби со ограничени можности за напредување или ограничени служби во армијата.

Во поранешниот СССР и пранешните источноевропските земји, денес и Руската Федерација, академиите се специјалистички насочени и организирани од почетокот на школувањето, додека кај западните земји академиите се организирани по видови, а школувањето е поделено на заедничко и специјалистичко-родовско.

Командноштабните школи претставуваат продолжение на военото образовани на офицерите со цел оспособување за штабни и командни должности. На ниво на школа на националната одбрана некои западни земји имаат два вида на школи: а) воени школи за видови и б) школи за национална одбрана. Во воените школи најчесто се подготвува командниот кадар и тука доминираат предмети од воените науки. Во школите за национална одбрана се школуваат воени и цивилни лица предвидени за најодговорни должности во националната одбрана. Во нив се изучуваат сите главни фактори на војувањето. Во воените школи и академии на развиените земји се школуваат и офицери од други земји во согласност со блоковската припадност.

Обуката на војниците и образованието на старешинскиот кадар спаѓаат меѓу најважните мирновременски функции на воената организација во сите земји во светот.

***Материјални подготовки на вооружените сили***

Материјалните подготовки на вооружените сили е многу значеан елемент на општите подготовки. Тие подготовки пред сé се засновани на општите материјални можности и ресурсите на земјите во поглед на

нивното големо значење за евентуалните борбени дејствија. Носители на материјалните подготовки на вооружените сили се најголемите државни органи, а покрај нив и претпријатијата и други правни лица. Обврските и правата на поедни носители во подготовките за одбрана се утврдени со закон, прописи, планови за одбрана и одлуки на надлежните органи.

Материјалните подготовки кај вооружените сили на големите држави воглавно се обезбедени од сопствени материјални извори и производство, додека кај вооружените сили на останатите земји се применува и планира увоз а делумно и од воениот плен. За ефикасни материјални подготовки во мир се оспособуваат производни и услужни капацитети и се создаваат потребните резерви чиј обем, струкрура и локација се во склад со Планот за одбрана.

Покрај производството, увозот и воениот плен во создавањето на материјалните резерви значаен удел во материјалните подготовки на вооружените сили на сите земји на светот имаат и материјалните обврски на граѓаните, претпријатијата и другите физички и правни лица. Обемот, формата, правата и надлежностите се регулирани со највисоките закони на државите. Така Претседателот на САД е овластен да им нареди на правните и физички лица кои располагаат со средства за производство да произведат одредени средства за потребите на вооружените сили. Исто така Конгресот на САД има право да го одреди обемот, видот и количината на резервниот стратегиски материјал кој мора да се чува за во војна. Во Германија Сојузниот закон од 1956 година предвидува во случај на надворешни и внатрешни опасности да може од сопствениците и од другите правни лица да побара: располагање на подвижниот имот, згради, плацеви, средства за врски и друго. Законот предвидува и одредена надокнада или отштета спрема вредностите на предметите или на времето на употреба.

Најзначајна функција на материјалните подготовки во скоро сите вооружени сили е сопствено производство, гледано низ развојот на воената индустрија.

*Уредување на просторот*

Уредувањето на просторот преставува едно од најзначајните функции на државата и војската на територијата на една или повеќе држави, која се превзема заради правовремени подготовки на целокупните човечки и материјални потенцијали за потполно ангажирање во војна. Суштината на уредувањето на просторот е во тоа да државната територија, односно боиштето, се направи поповолна за остварување на сопствените воени цели, а неповолна за дејството на непријателот.

Уредувањето на боиштето за потребите на вооружените сили опфаќа: работи и објекти за командување и врски, за изведување на борбени дејствија, за заштита на човечките и материјалните средства, обезбедување на движењето и маневар и за материјално-здраствено обезбедување. Во литературата често се класифицираат три посебни компоненти на уредување и тоа: уредување на копненото боиште, уредување на поморското боиште и уредување на боиштето за потребите на военото воздухопловство.

Уредувањето на копнениот дел на боиштето опфаќа: фортификациски работи од постојан и полски тип, територијални објекти, работи за запречување и маскирање, воздушни десанти и АБХ одбрана, уредување на мрежа на комуникации, хидротехнички, геолошки и противпожарни работи, создавање на инжинериски и материјални резерви за потребите на копнените сили. Изградба на постојана воена телекомуникациска мрежа и прилагодување на ПТТ мрежата за потребите на вооружените сили и населението, материјално-техничко обезбедување и сл.

Уредувањето на поморскиот дел на боиштето опфаќа: изградба и уредување на поморски бази, подземни скривници за помали бродови, подземни работилници и ремонтни заводи, аеродроми, позиции на ракетните единици на брегот и развој на систем на командување, врски, набљудување, електронско извидување, идентификација, легитимирање и навигација од брегот и морето, организација на одбраната и заштитата на подрачјето на поморските сили од напад од копно, море и од воздух и сл.

Уредувањето на боиштето за потребите на ВВ опфаќа: изградба и уредување на систем на воздухопловни бази и аеродроми, ракетни бази и борбени позиции на ракетните единици во состав на ВВ, складови за потребите на ВВ, систем за откривање, распознавање, систем за навигација, систем за командување, врски, комуникации и сл.

По Втората светска војна, а особено после војната во Кореа се зголемувало мислењето за значењето и подготовката на целокупниот простор на државите со бришењето на тн. границата помеѓу фронтот и задницата. Основата за уредување на просторот ја чинат усвоената воена доктрина, геостратегиската положба и материјалните можности на секоја држава. Посебно значење се придава на тн. објекти од постојан тип, како и на заштитата на најважните индустриски и други објекти за потребите на военото производство.

***Стратегиско извидување***

Стратегиското извидување како во мир така и во војна систематски и системски собира политички, воени, економски, научни и технички податоци за државите можни противници и ги изучува нивните можности. Од наведените фактори за реализација на стратегиското извидување покрај вооружените сили одговорна е и државата. Оттука посебно внимание, а од значење за стратегиското извидување, се посветува на работата на разузнавачките и военоразузнавачките служби, легалниот "апарат" во странство, како и сите видови на извидување од тоа ниво.

За военоразузнавачките служби во смисла на стратегиско извидување се наведуваат следниве задачи: прибирање на податоци за воено-политичките планови и мобилизациските мерки на државите, утврдување на нивниот воен, политички и економски потенцијал, откривање и изучување на составот на групецијата на вооружените сили на боиштето, изучување на воените вештини на веројатниот противник. откривање на планираните воени дејствија на непријателот во почетниот период на војната, придобивање на податоци за работата во обласга на развојот и усовршувањето на воената техника вооружувањето,

придобивање на податоци и изучување на боиштето и нивното уредување, испитување на морално-политичката состојба на армијата и населението.

### *Морално-психолошки подготовки*

Сите армии во светот придаваат големо значење на моралот на своите сили посебно на борбениот морал. Морал на армиите и борбениот морал се дели на морал на офицерите и морал на војникот.

Во војните во кои доаѓа до големи човечки загуби и огромни материјални штети морално-психолошките подготовки насочени се кон создавање поволен момент за припадниците на војската во ангажирањето во борба со верба во победата. Основите на кои е граден моралот во армиите се различни. Треба да се има на ум дека постои разлика помеѓу интересите и целите со кои армиите се водат во војна и "вистинските" интереси и цели кои ретко јавно се соопштуваат.

Основите за градењето на моралот на војските и борбениот морал можат да се групираат во неколку категории: општествени, (економски систем, патриотизам, традиција, воено организирање) психолошки (психолошки проблеми во борбата како животната ситуација) природни и сл. Во градењето на моралот на војската и борбениот морал посебно е значајно психолошко-пропагандното делување на сопствените сили и силите на противникот. Таа компонента во последно време добива на значење па во стратегиските доктрини на педини армии се издига на ниво на војување. Основната цел на психолошко-пропагадното делување е во одржувањето на моралот на сопствените сили, а истовремено и ослабување на моралот на противникот со што ќе се создадат услови за конечен успех во вооружената борба. Во психолошко-пропагандното делување се вклучуваат сите расположливи сили на една држава а не само вооружените сили.

Значи моралот на армиите и борбениот морал како и начинот, средствата и методите на нивното постигање биле и се скап заеднички напор на државите и воените институции.

## 1.5. Обезбедување на вооружените сили

Обезбедувањето на вооружените сили (единици) во борбени дејства претставува исклучително важна функција, која се реализира со цел да се создадат оптимални услови за живот и работа (борбени дејства) на единицата. Во суштина, обезбедувањето на вооружените сили во борбени дејства е подсистем на материјалните, здравствените и другите припреми на вооружените сили, со тоа што овие припреми се одвиваат непрекинато (и во мир и во војна), додека пак за обезбедување станува збор само во воени услови (услови на припрема и водење борбени дејства).

Теориско-практичните пристапи за раните вооружени сили кога станува збор за видот, бројот и содржината на поединечните обезбедувања се различни, а се менувале во различни периоди после Втората светска војна. Така во воената литература на бившите земји членки на ВП како видови обезбедување се наведуваат: борбено обезбедување, задниинско обезбедување и специјално техничко обезбедување. Во борбено обезбедување спаѓаат: извидување, заштита од НХБ-оружја, радио-електронска борба, маскирање, инжинерско обезбедување, топографско-геодетско обезбедување, хидрометеоролошко обезбедување и осигурување. Според податоците од Воените енциклопедии, во борбеното обезбедување на бившата советска армија се вбројуваат извидување, осигурување, маскирање, заштита од оружја за масовно уништување и ПВО. Во западната воена литература (САД) во обезбедувањето на единици во борбени дејства се вбројуваат: заштита (безбедносно обезбедување), разузнавање, инжинерско и задниинско обезбедување. Според податоците во Воената енциклопедија, покрај видовите борбени обезбедувања во советската армија, системот на борбено обезбедување во армијата на САД вклучува и инжинерско, транспортно, задниинско, психолошко и т.н противгерилско. Според Воената енциклопедија, борбеното обезбедување се дефинира како: "збир на оперативно-тактички мерки кои ги превзема командата, единиците и установисо цел заштита од дејствувањата на непријателот од земја, море и од воздух, заштита на живата сила и материјално-техничките средства и создавање услови за сло-

бодно маневрирање и водење борба во што поповолни околности". Истовремено, како основно мерки на борбеното обезбедување во Воената енциклопедија се наведуваат: извидување, осигурување, маскирање, противнуклеарно - противхемиско - противбиолошко обезбедување - ПНХБО, противвоздушна одбрана, противтенковска одбрана, противдесантна одбрана, противелектронско обезбедување и др.

**Извидување**

Извидувањето (англ. и фр. rekonnaissance, гер. Aufklaurung) претставува посебна активност кај вооружените сили (вид борбено обезбедување, или дел од разузнувачкото обезбедување, или најопшто обезбедување на единиците во борбените дејства) со која се собираат податоци за противникот, териториите, метеоролошките состојби и др. Се изведува и во мир и во војна, а го организираат сите степени на командата.

Основни начела на извидувањето се: постојаност (извидување во сите ситуации), правовременост (собирање и користење на податоци), тајност (припрема и дејства на извидувачките органи), економичност (во употребата на силите и средствата) и сигирност (врска при известувањето).

После Втората светска војна доаѓа до крупни промени за потребите на ВС. Сознанието дека евентуалната војна, посебно термонуклеарната, би имала тотален карактер, во неа би учествувале сите сили на завоените земји и би се водела со сите расположливи средства, исканализираа цел комплекс извидувања во правец на сеопфатнооткривање на воените и другите потенцијали на евентуалниот противник. Извидувањето станува масовна, континуирана активност на сите компоненти на ВС, сите команди, единици и поединци.

Проблемите на извидувањето обично се класифицираат во три основни групи: според просторот (амбиентот) каде се врши (кој се извидува), според извршителите и според комплексот технички средства кои се користат во извидувањето. Во однос на просторот кој се извидува, извидувањто се дели на: извидување на космосот, небото (воздухот), копното и морето. Според извршителите извидувањето може да биде:

сателитско (некои го нарекуваат и космичко), авио-извидување, извидување во КоВ и извидување во РМ. Во поделбата според комплексот технички средства се вклучени сите средства кои се користат за извидување во претходните класификации (според просторот и извршителите), при што најголемо внимание се посветува на електронските средства и уреди.

**Осигурување**

Осигурувањето (анг. сецуритѕ; фр. сурете; гер. Сицхерунг) е вид на обезбедување на единиците во б/д (обезбедување б/д или борбено обезбедување) со кои единиците се штитат од извидување и ненадејни дејства од страна на противникот и се создаваат поволни услови за развој и борба. По правило го обезбедуваат сите единици во сите услови, со тоа што обемот на мерките и постапките кои се превземаат зависат од големината и составот на единицата, амбиентот (копно, море, воздух, космос), односот на силите, временските услови и др. Во зависност од тоа дали единиците кои се ангажирани за осигурување во формацискиот состав на единиците кои осигуруваат или не, осигурувањето може да биде непосредно и посредно.

Во КоВ, осигурувањето обично се класифицира на: борбено (во борбени дејства), маршевско (на марш), и предстражно (осигурување на єдиниците на одмор).

Во ВМ осигурувањето е елемент на обезбедувањето на поморските состави и поединечните бродови во борба, на марш и укотвени, или пак одредено подрачје во кое тие единици дејствауваат.

Во ВВ единиците се осигуруваат во лет и на земја.

**Разузнавачко обезбедување**

Разузнувачкото обезбедување различно се третира во различни армии. Кај некои вооружени сили тоа е дел (вид) обезбедување на борбените дејства, додека пак кај други се среќава под друг назив (разузнавачка активност-САД), а кај трети се третира како широка категорија (проблематика од општата безбедност на државата).

Под поимот "разузнавачка активност" (САД) се подразбираат организирани напори кои се превземаат заради прибирање податоци и информации за земјиштето, метеоролошките услови и непријателот. За добивање на таква слика за боиштето потребни се: централизирано насочување на разузнавачките активности, истовремено изведување активности во тој домен на сите командни нивоа и благовремена, брза дистрибуција на собраните податоци и информации внатре во единицата. Разузнавачката активност започнува пред почетокот на планирањето и припремањето на операцијата, а продолжува во текот на нејзиното планирање и изведување (константно трае). Се изведува со користење или употреба на сите за тоа предвидени или погодни единици, со поплнување на податоците од претпоставените команди, а придонесуваат и информациите од локалните жители и државните агенции.

Разузнавачката активност се реализира по фази: планирање, собирање податоци (од разни извори, а основни се-луѓето документите и техничките средства), обработка на податоци (класификација, анализа и споредување на податоците и донесување соодветни мерки) и користење податоци.

**Инжинерско обезбедување**

Како и кај останатите видови обезбедување единици во б/д и кога е во прашање инжинерското обезбедување постојат различни ставови, пред се, по прашањето за терминолошкото одредување, но и содржината на мерки, активности и постапки кои треба во овој вид обезбедување да се применат. Така, во САД, е во употреба терминот "инжинерска подршка", под која се подразбираат три работи: обезбедување слобода за маневрирање на сопствените сили, попречување на маневрирањето на непријателските сили во реоните каде оганот и маневарот не може да се применат со цел нивно уништување и засилување на способноста на сопствените сили за опстанок-со изградба на заштитни објекти. Во советската армија инжинерското обезбедување е вид на борбено обезбедување кое има за цел да создаде поволни услови за единиците за благовремено доведување, развој, групирање, маневар и успешно

извршување на борбените задачи, да ја зголеми заштитеноста на единиците и објектите од дејствата на противникот и да му нанесе губитоци на противникот и да го отежне неговото дејствување. Во таа смисла, инжинерското обезбедување (според руската воена литература) ги опфаќа: извидување на противникот, земјиштето и објектите; изработка на заштитни објекти во реоните, на линиите и положбите на кои се наоѓаат единиците и на командните места; изработка и одржување на препреки и рушење; откривање, онеспособување или уништување на нуклеарните мини на противникот; отварање и одржување на пролази во инжинерските препреки и рушевините; минирање и деминирање на земјиштето и објектите; поправка и одржување на патиштата за маневар, дотур и евакуација; уредување и одржување прелази при форсирање на водени препреки; инжинерски мерки за маскирање на единиците и облеката; одстранување на последиците од делувањето на НХБ/о; добивање и прочистување вода и уредување и одржување на станици за вода. Слични ставови за инжинерското обезбедување може да се сретнат и кај другите странски армии.

Според тоа, инжинерските дејства, работи и постапки може да се групираат во неколку посебни функции (процеси); инжинерско извидување; запречување; утврдување; обезбедување на движењето. Водоснабдувачките активности и работите за маскирање или добиле поголемо значење или пршле во надлежност на други единици (обезбедување).

После Втората светска војна задачите на инжинерското обезбедување останале исти, со тоа што поради нуклеарните и ракетни оружја и општите промени во начинот на дејствување значително се измениле условите и методите на делување. Инжинерските работи се изведуваат на поголем простор, со посовремена техника, А некои од мерките (работите) ги реализираат и другите единици родови и служби (освен инжинерските). За реализација на задачите од доменот не инжинерското обезбедување се развиваат посебни инжинерски единици, со различен број и вид во различни армии.

**Противнуклеарно-противхемиско-противбиолошко обезбедување (ПНХБО)**

Овој вид обезбедување терминолошки различно се означува. Во советската (раската) армија се нарекува "Заштита од НБХ оружје", кај западните земји егзистира во повеќе термини - "противнуклеарна заштита", "противхемиска заштита" и "противбиолошка заштита". Во суштина, ПНХБО претставува вид на обезбедување на единиците во б/д кое го превземаат сите команди и единици поради сочувување на нивните борбени и работни способности во услови на примена на НХБ-оружје. Според советските (руските) борбени правила, ПНХБО ги опфаќа: благовремено откривање на припремата на противникот да употреби НХБ/о; растресит распоред на единиците на земја; фортификациско уредување на разместените реони или запоседнатите положби и припрема на патиштата за маневар по фронтот во длабочина; максимално користење на заштитните маскирни карактеристики на земјиштето; блоговремено предупредување на единиците за употреба на НХБ/о од страна на противникот; противепидемиолошко, хигиенски и специјални профилактички мерки; утврдување на обемот на делување на НХБ/о по единици и отстранување на последиците, т.е обезбедување заштита нба единиците при изведување дејства во контаминирани зони, опожарени, срушени и поплавени зони.

Противбиолошката заштита (одбрана) (анг. биологицал њарфар дефенсе), почнала да се применува после Втората светска војна. Примената на биолошкото оружје се разгледува тројно, па така и противбиолошката заштита ги разгледува следниве случаи:

(а) противникот масовно ќе применува биолошко оружје (средства);

(б) противникот ќе применува биолошко оружје заедно со останатите видови оружје во борбените дејства; и

(в) противникот ќе применува биолошко оружје во диверзантски (ограничени) дејства.

Противхемиската заштита (анг. антигас дефенце) датира од времето на Првата светска војна, а ги опфаќа севкупните мерки за заштита на луѓе, животни, растенија и материјални средства од штетното дејство на хемиските материи (бојни отрови).

Противнуклеарната заштита (анг. антиатомиц протецтион) е новина во обезбедувањето на борбените дејства и се развива после Втората светска војна, аги опфаќа заштитата на луѓе, животни, залихи и други материјални средства (борбена техника) од дејството на нуклеарното оружја. Обично се дели на технички мерки (употреба на средства кои "штитат" од нуклеарна експлозија); тактички мерки (постапки на поединците и единиците) и стратегиски мерки (активности на ниво на вооружените сили во смисла смалување на последиците од дејството на нуклеарното оружје).

Општо кажано, ПНХБО го опфаќа сите мерки и активности кои важат за поединечната (противхемиска, противнуклеарна и противбиолошка) заштита. Условно, активностите во ПНХБО може да се поделта во две групи: општи (ги превземаат сите единици) и посебни (ги превземаат специјализирани единици на ВС - единици АБХО). Во т.н општи мерки може се вбројуваат: посматрање и извидување на употребата на НХБ-ударот; известување за примената на НХБ/о; растресит распоред на силите; правовремено менување на положбата; инжинерско уредување на земјиштето; активно дејствување за уништување на непријателските НХБ-средства; лична заштита и пружање самопомош и др. Во посебни мерки се вбројуваат: НХБ-контрола на просторот на б/д; прогнозирање на реонот, губитоците и степенот на радиолошка и биолошка контаминација; радиолошко и хемиско-биолошко извидување; дозиметриска контрола; деконтаминација.

**Противелектронско обезбедување**

Развојот и примената на различни електронски средства за воени потреби (во борбени дејства, а и во мир) различно се одразиле на дефинирањето на местото и значењето на спротиставените дејства на тие средства; до таа мерка што противдејствата се издигаат на ниво на војување (електронска војна - во САД) или противелектронски дејства (борба) или противелектронско обезбедување. Во Советската армија егзистираше терминот "радио-електронска борба", но сепак се вбројувал во борбеното обезбедување. Радиоелектронската борба како специфичен

вид борбено обезбедување, се реализира поради: благовремено откривање на противничките радио-електронски системи и средства за командување со единиците и управување со оружјето; уништување и неутрализирање или сметање на работата на радио-електронските системи и средства на противникот; радио-електронска заштита на сопствените радио-електронски системи и средства за командување со единиците и управување со оружјето и борба со силите и средствата на противникот за техничко извидување.

Гледано во целина, противелектронското обезбедување е насочено кон откривање на противничките електронски системи и средства (електронско извидување-ЕИ); сметање во работата на противничките електронски системи и средства (ЕО) и противелектронска заштита на сопствените електронски системи и средства од електронските дејства на противникот (ПЕЗ). Како посебна содржина може да се вброи и уништувањето на противничките електронски системи и средства. Содржината на мерките кои се реализираат, т.е обемот, видот и карактерот на средствата кои се користат, го надминува значењетона обезбедувањето (во многу странски армии) и се става во "рамноправна" положба со изведувањето борбени дејства (специфичен начин на борба против непријателот).

За реализација на содржината на противелектронското обезбедување (противелектронска борба, противелектронски дејства, електронско војување, радио-електронска борба и др.) одговорни се сите иматели на електронски системи и средства, а се развиваат и специјализирани единици на вооружените сили, пред се наменети за ЕИ и ЕО.

**Маскирање**

Како посебен вид на обезбедување на единиците во б/д во ммногу армии егзистира и маскирањето (анг. и фр. цамоуфлаге; гер. Тамунг; рус. маскировка). Под маскирање обично се подразбира збир на мерки и постапки со кои се прекриваат намерите на сопствените сили, движењето и распоредот на борбените и другите средства како и местоположбата на

облектите, со што извидувањето на противникот од копно, море, воздух и космос е непрецизно.

Од многуте карактеристики кои важат за сите елементи на борбеното обезбедување, маскирањето има и некои специфични начела, кои точно во тој комплекс треба да дојдат до израз. Тоа се: вистинитост, непрекинатост, разновидност и активност.

Класификацијата на маскирањето се врши според различни критериуми. Во однос на средствата кои се користат маскирањето се дели на природно е вештачко; според методите на изведување - на криење, деформација и имитација; во однос на целта која се сака да се постигне - на маскирање на трупи и оперативно (според некои и стратешко), потоа на индивидуално и колективно.

Оперативното маскирање за разлика од маскирањето на трупи, се реализира со цел постигнување на максимално изненадување. За таа цел, освен класичните мерки на маскирање, се користат и: дезинформации; озработка на лажни објекти; електронско извидување; електронско сметање; активности на разузнавачките и контраразузнавачките органи; пропаганда и психолошки мерки. Терминот "оперативно маскирање" прв пат е употребен во Советската армија (1944), а подоцна го прифаќаат и други армии. После Втората светска војна, паралелно со промените во сите области на воена организација, вооружување и технички достигнувања, како и со појавата на нови воено-политички групации (блокови), се почесто се поставува прашањето за можностите за залажување и дезинформирање на противникот, особено во пошироки размери. Меѓутоа, многу теоретичари наведуваат дека оперативното маскирање не смее да се исклучи како можност, за што се потребни напори на вооружените сили, но и на други институции на државата.

**Топографско-геодетско обезбедување**

Во некои армии (бившиот СССР), како вид на борбено осигурување, се среќава топографско-геодетското обезбедување. Овој вид на обезбедување благовремено да ги спреми и да ги направи достапни податоците на командата на единиците кои се потребни за проучување и

проценка на земјиштето при донесувањето одлуки, планирањето и изведувањето на б/д, организирано содејство и командување и за ефикасна употреба на оружјето и борбените техники. Начелно ги опфаќа: изработка топографски и специјални и карти планови на градовите; припрема на основни геодетски и гравиметриски податоци за потребите на ракетните единици, артилерија, употреба на авијација, за дејствување на радио-техничките системи и припрема на навигациските системи.

Во последната деценија, за сите потреби, посебен напредок е постигнатавтоматизацијата на позиционирањето во просторот помеѓу автоматизираните системи за позиционирање (познат таков систем е ГПС, развиен во Франција), а слични развиваат и други замји. Имено, се работи за користење современи информациони технологии формирани на високи технологии (првенствено електроника) која со користење на податоците од сателитет можат многу прецизно и брзо да ја одредат саканата локација на противничките и своите сили. Ова е исклучително важно за командувањето, но и за употребата на одредени единици, првенствено ракетни, артилериски, авијациски и поморски.

Друга важна новина во овој вид обезбедување е изработката на т.н електронски карти, што овозможи визуелизација (дигитализација) на боиштето во реалното време. Имено, со користење на современите информациони технологии податоцитево борбените ситуации многу брзо (во реалното време) со заштитена комуникација (дигитализиран пренос) се пренесуваат до командното место(оперативните центри), каде што на "електронските карти" се анализираат и се донесуваат одлуки. Ваквиот пристап на прикажување на борбените ситуации е евидентен кај сите современи армии во светот, а многу армии од т.н замји од третиот свет забрзано работат на развивање на вакви системи. Во современи услови на одвивање на борбените дејства, топографската карта и пенкало стануваат минато.

**Хидрометеоролошко обезбедување**

Како посебен вид обезбедување на единиците во б/д егзистира и хидрометеоролошкото обезбедување (некаде се додава и навигациско). Овој вид обезбедување има за цел на командата да и ги обезбеди потребните податоци и да изврши проценка на хидрометеоролошките (метеоролошки) услови кои влијаат на припремата и изведувањето борбени дејства, употреба на разновидно оружје и заштита на единиците од НХБ/о дејството на противникот.

Поради остварување на оваа цел, посебно единиците на ВС (и други државни институции) примаат и доставуваат податоци за: стварната и прогнозираната хидрометеоролошка ситуација; известување и предупредување на командата на единиците за опасни метеоролошки и хидриметеоролошки појави; припрема на метеоролошки билтен неопходен за планирање и борбена употреба на ракетните единици, артилерија, ПВО единиците и авијацијата за прогноза и процена на РХБ ситуацијата; доставување хидролошки и метеоролошки податоци за проодноста на земјиштето и условите за изведување на воздушен десант и фирсурање водени препреки и др.

**Заднинско обезбедување**

Исклучително важно, после ангажирањето на силите, ефектите и создавање услови за живот и работа (борбени дејства) на единиците, е заднинското обезбедување. За неговото значење сведочи и фактот што сите видови обезбедувања се делат на борбени и позадински.

Заднинското обезбедување различно се дефинира, што понатаму доведува до различности во смисла на неговата содржина (функција), организација (структура) и реализација. Така во ВС на САД егзистира терминот "логистика" (во Велика Британија - "администрација"), кој, иако се користи како синоним за заднинско обезбедување, има поширока содржина, а со тоа и значење за вооружените сили. Се смета дека терминот "логистика" прв го употребил во воена конотација Лав ВИ Мудри, и во него ги опфатил сите работи поврзани со припремата на воениот поход. Инаку, терминот "логистика" потекнува од грчкиот збор

кој значи вештина на решавање на проблемите со помош на букви (наместо цифри), а го користеле атинските чиновници - логисти, за водење финансии. Според здружението на инжинери по логистика во САД (Тхе Социетз оф Логистицс Енгенеерс - СОЛЕ), ".... логистиката претставува вештина и наука за управување, инжинерски услуги и технички активности кои се однесуваат на техничките побарувања, проектирање и развој, снабдување и обезбедување ресурси за одржување на техничките и материјалните средства, со цел да се пружи ефикасна подршка во операцијата". Логистиката може да се смета за поширок поим од заднинското обезбедување, бидејќи покрај надлежностите во рамките на војската (вооружените сили), има надлежности и надвор од војската, или како што кажува Хенри Еклес: "како врска помеѓу фронтот и позадината, логистиката истовремено е и воен елемент во националното стопанство и стопански елемент во воената организација". Поради тоа, Еклес ја издвојува воената логистика, и кажува: ".... воената логистика е процес на планирање и обезбедување на добрата и службите заради подршка на воените сили". Според американските борбени правила, најбажни функции на воената логистика се: пополнување на единиците со луѓе; пополнување и снабдување на единиците со оружје, муниција и опрема; снабдување на единиците со гориво; техничко одржување на оружјето и опремата на единиците; превоз; заштита на логистичките системи од непријателски дејства.

Во повеќето т.н источни земји егзистира терминот (поимот) "позадина" и изведената синтагма "заднинско обезбедување". При тоа под позадина се подразбира организација во вооружените сили која ја обединува работата на органите, единиците и службите и врши заднинско обезбедување во војна и во мир. Заднинското обезбедување опфаќа мерки и постапки со кои на вооружените сили им се обезбедуваат услови за обука, живот, работа и изведување борбени дејства. Според руските борбени правила, основни видови на заднинско обезбедување се: материјално; инжинериско-аеородромско; воздухопловнотехничко; санитетско; ветеринарско; стамбено; финансиско. Покрај ова, егзистира и терминот "специјално техничко обезбедување".

Апроксимативно изедначувајќи ги поимите "воена логистика" и "заднинско обезбедување" (позадина, не во просторна смисла туку во смисла на функција), може да се каже дека заднинското обезбедување, како вид (подсистем, функција) на обезбедување на единиците во б/д најшироко гледано опфаќа: снабдување со материјални средства; одржување на техничките материјални средства; исхрана и снбдување со вода; сообраќај и транспорт; здравствено згрижување на повредените и болните луѓе и ветеринарско згрижување на стоката; противпожарна дејност (некои автори и асанацијата на боиштето ја вбројуваат во заднинското обезбедување). За реализација на овие задачи на ниво на ниво на вооружени сили и во единиците од повисоко ниво (оперативни и стратегиски) се формираат специјализирани служби: техничка (воздухопловнотехничка, морнаричкотехничка), интендентска, санитетска, ветеринарна, сообраќајна, градежна. Тие служби ги реализираат управните и извршните работи кои се нивни домен, обединувањето како подсистем во рамки на заднинското обезбедување.

**Техничко обезбедување**

Техничкото обезбедување (анг. орднанце суппорт), во поширока смисла значи опремување и наоружување на вооружените сили со технички материјални средства (ТМС), во потесна смисла - мерки и работата на управните и извршните органи на техничките служби заради обезбедување на борбените дејства на вооружените сили. Тоа е дел од заднинското обезбедување. Техничкото обезбедување на борбените дејства (анг. Цомбат орднанце суппорт) подразбира работа на техничките и извршните органи со кои на родовските и здружените единици им се обезбедуваат услови за изведување борбени дејства.

Обемот на работа на техничкото обезбедување после Втората светска војна останал ист (важни задачи: снабдување на ТМС и одржување на ТМС), но во значително изменети услови. За тоа највеќе придонел брзиот развој на воените техники, а посебно нуклеарните и ракетните средства. Тоа барало и техничкото обезбедување, како елемент на заднинското обезбедување, да се припрема во услови на употреба на

НХБ/о. Во поединечни единици, особено оклопните, ракетните и воздуходесантските, се превземаат мерки за зголемување на нивните капацитети за снабдување (за дивизија се предвидуваат резерви за три до пет дена војување; а за армија десет до петнаесет дена). Техничките единици и установи се организираат така да можат лесно и брзо да се расчленат на помали делови, способни за самостојно извршување на повеќе функции, или да се групираат во поголеми единици и установи. Покрај со класични транспортни средства, техничките единици и установи се опремуваат и со оклопни транспортери и манипулативни средства за брзо утовар, истовар и претовар на палетизовани и непалетозовани товари.

За специфичните работи на техничкото обезбедување во ВВ и ВМ се организираат (посебно) воздухопловнотехничко и морнаричкотехничко обезбедување. За делување на техничкото обезбедување се формира техничка служба, која има свои органи (управни и извршни) по цела вертикала на вооружените сили.

**Интендантско обезбедување**

Интендантското обезбедување е подсистем (функција, вид) на заднинското обезбедување на единиците во б/д, во чија надлежност се низа на задачи, како што се: снабдување на единиците со интендантски материјални средства (ИнМС); исхрана; обезбедување и снабдување со вода; перење на облека и опрема и разни услужни работи. За реализација на тие работи се формира интендантска служба, која има управни и извршни органи по цела вертикала на вооружените сили.

После втората светска војна, а посебно од средината на 70-тите години од минатиот век се извршени различни реорганизации на интендантските служби во армиите на многу земји. Во советската армија ИнСл е реорганизирана повеќе пати. Во почетокот била организирана како единствена заднинска служба со управни органи во составот на командната заднина на сите нивоа на командување. Во командната заднина на Министерството за народна одбрана постоеле Главна интендантска управа, фронтовите имале интендантска управа, во армијата

и дивизиите постоеле интендантури, а во батаљоните интенданти. Современата структура на ИнСл поделена е на три посебни сектори: служба задолжена за исхрана; служба за облека о обувки и злужба за потребите на гарнизоните. Претходните управни органи се укинати и формирани се нови: главна управа за исхрана; главна управа за облека и обувки; главна управа за потребите на гарнизонот и главна управа за воена трговија - во состав на Министерството за народна одбрана; управа за исхрана, за облека и обувки, за потрбите на гарнизоните и воена трговија - во состав на фронтот; одделенија за исхрана т.е облека и обувки во армијата; офицер за исхрана и офицер (референт) за облека и обувки во дивизиите; интендант во батаљоните. Освен тоа, на сите командни нивоа постоеле бројни единици и установи.

Во ВС на САД организацијата на ИнСл, во основа, ја задржала истата организација што ја имала и претходно. Имено, секој вид на вооружени сили ја задржал специфичната организација на ИнСл. Специфичноста на ИнСл е во тоа што интендантското планирање се врши во штабот , а управните органи на ИнСл ги разработуваат своите планови и во целина раководат со работите кои се во нивна надлежност.

**Санитетско обезбедување**

Санитетското обезбедување е подсистем (функција, дел) на задн инското обезбедување на единиците во б/д, во чија надлежност се следниве задачи: превземање превентивни и хигиенско-профилактички мерко; згрижување на повредените и болните и снабдување на единиците со санитетски материјални средства. Располага со посебна организација, стручни кадри (лекари и медицински лица), единици и установи (академии, институти, стручни школи, болници, амбуланти и др.) и соодветни средства и опрема (лекови, инструменти, санитетски возила). После Втората светска војна, развојот на санитетското обезбедување го одредувале, во суштина, два фактори: зголемена можност за ранување и повредување како резултат на користењето современи оружја, т.е развојот на медицинските (првенствено) и другите науки кои имаат другите науки кои имаат допирни точки сомедицината.

И покрај многуте разлики во организационите решенија, санитетската служба (специјализирана служба за санитетско обезбедување) на различни земји има сличен состав, распоред и опрема која ја користат соодветните санитетски органи, единици и установи.

## Ветеринарно обезбедување

Ветеринарското обезбедување е функција (дел, подсистем) на задвинското обезбедување во чија надлежност се следниве задачи: ветеринарски нагледување на продуктите и стоката за колење и здравствена заштита на стоката; снабдување со ветеринарски средства (ВтСр); поплнување на единиците и установите со копитари и кучиња и обука на кучињата и нивните водичи. За стручните работи на ветеринарското обезбедување се формира ветеринарска служба, која има управни и извршни органи од врвот до одредено хиератхиско ниво во ВС.

Ветеринарската служба, и покрај се поголемата механизација и моторизација на едниците после Втората светска војна, ги задржала соодветните функција и организација во ВС. Се поголемо значење се дава и на проблемите поврзани со РХБ-заштитата на животните и продуктите од животинско потекло, а во некои армии и развојот на сточарството и риболовот.

## Сообраќајно обезбедување

Сообраќајното обезбедување е подсистем (функција, дел) на задвинското обезбедување на единиците во б/д во чија надлежност се две основни задачи - сообраќај и транспорт. За специфичните работи на сообраќајното обезбедување (СбОб) се развива сообраќајна служба - (СбСл), која во некои армии се нарекува и транспортна служба.

Процесот на моторизација на ВС после Втората светска војна во повеќето земји се развива многу брзо. Паралелно со ова се усвојуваат и нови начела за употреба на ВС, а во СбОб се воведени некои новини. Усвоен е принцип каде што сите гранки на сообраќајот треба да сочинуваат единствена целина и меѓусебно да се дополнуваат, така што функцијата на сообраќајот треба да биде обединета и единствена.

**Градежно обезбедување**

Градежното обезбедување е подсистем (функција, дел) на заднинското обезбедување во чија надлежност се планирањето, изградбата, одржувањето и управувањето со непоктетнините кои се за воена цел, стамбено обезбедување на луѓето и материјалните средства. Во различни армии, вое968ното градежништво е различно решено. Во поедини армии формирана е посебна градежна служба. Во Франција градежништвото постои во рамките на инжинерството; во САД за работите поврзани со изградба на воена инфраструктура и градежничко обезбедување постојат инжинерско-градежнички единици, а слично беше и во советската армија; во В. Британија не постои градежна служба како посебна воена организација, туку нејзините работи ги извршува инжинерството.

# 2. ВЛИЈАНИЕТО НА НАУЧНИОТ, ТЕХНИЧКИОТ И ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ НА ВОЕНО-ДОКТРИНАРНИТЕ ОПРЕДЕЛБИ НА ПОСТИНДУСТРИСКОТО ВОЕНОТО ОРГАНИЗИРАЊЕ

## 2.1. Нова димензија на факторите на вооружената борба

Научнотехнолошкиот развој, пронаоѓањето и употребата на нови видови оружја придонесоа факторите на вооружената борба да добијат нова димензија. Анализирајки ги војните во последните 20 години, може да се дојде до заклучок дека факторите на вооружената борба (човекот, материјално-техничките средства, времето и просторот), добија нови, изменети улоги. Денес во совремеата војна, главни фактори на вооружената борба се човекот и воената техника, додека просторот и времето се јавуваат повеќе како услови а сé помалку како фактори. Меѓутоа, сите тие во вооружената борба, дејствуваат истовремено и испреплетено.

Иако новите оружја, современата воена техника, зголемената ефикасност и разорната моќ на воружувањето завземаат се поголема улога, ***улогата на човекот***, како фактор на вооружената борба, остана примарна.[146] Човекот одлучува за сите битни прашања кои се однесуваат на војната и употребата на вооружувањето, тој ракува со најсовременитото вооружување и го уптребува соодветно на своите намери и цели. Човекот и во современата војна го задржува своите функции кои ги имал и во претходните војни. Современата војна бара и современ војник (големо знаење и способност). За карактеристиките на таквиот војник, Алвин и Хајди Тофлер истакнуваат: "современиот војник не е само мазга за муниција и носач на фишеклија. Тој ја познава и механизираната и пешадиската тактика. Тој е обучен да содејствува во операциите со хелихоптери и авиони, бидејќи најчесто тој ги наведува. Наведувањето на авионите значи дека тој го познава и противничкото оружје. Тој е вешт во геометрија, навигација. Управува со минофрлачи и артилерија, оклопна и противоклопна, мински и противмински оружја и тактики, употреба на експлозив, компјутери, моторни возила, ласерски осветлувачи, термални надгледувачи средства, уреди за сателитски врски и организација со снабдување и логистика се дел од неговата опрема."[147]

Оттука, човекот е единствен жив фактор на вооружената борба, тој ја врши подготовка и ја изведува вооружената борба, ракува со техниката и го користи времето и просторот, анализира и донесува одлуки. Затоа севкупните морални и воеdocumentстручни вредности се особености кои го ставаат човекот на средишно место и сеуште го прави одлучувачки фактор во вооружената борба.

Научнотехнолошкиот развој и достигнувањата во развојот на техниката и технологијата, особено во воената техника , влијаеле во зголемувањето на улогата на ***материјално-техничкиот фактор*** во современата војна. Се поголемата моќ на вооружувањето се манифестира во нанесувањето на губитоци и разурнувања на просторите каде што се

---

[146] Слободан Б. Микиќ, Поглед на рат, ВИЗ Београд, 2003, стр 173.
[147] Албин и Хајди Топлер, *Рат и антират*, "Паидеиа", Београд, 1998, стр.85.

употребува. Тенденцијата во развојот на вооружувањето насочена е кон зголемување на огнената моќ  на вооружувањето, неговата прецизност, брзината на дејствувањето и ефектите врз целта. Тоа особено се однесува на улогата на електрониката, ракетната и информатичката техника. Ракувањето и уптребата на современото вооружување бара ангажирање на сé помал број, но постручни и високо образовани кадри. Улогата на високо образованите кадри најсликовито ја имаат истакнато Алвин и Хајди Тофлер во своето дело "*Рат и антират*", каде посочуваат вдека "во Заливската војна 1991 година, САД испратиле 500 илијади војници, за логистичка подршка имало 200 илјади војници, победата во војната ја извојувале 2000 војници кои ракувале и управувале со најсовременото оружје и техника".[148]

Посебна карактеристика на современите војни се дејствата на вооружените сили на големи растојанија и височини. Имајќи ги предвид техничките можности на современото вооружување, совладувањето на просторот е се побрзо и полесно. Просторот, релјефот и хидрографските елементи во современата војна добија ново значење и улога. Тие секако и понатаму влијаат и претставуваат услови за борбените дејства, но нивното влијание, во однос на претходните периоди, е се помало. Авијацијата, хеликоптерите и сателитите овозможуваат совладувањето на просторот без влијание од вештачки и природни препреки и истите не претставуваат некаква потешкотија. Имајќи го предвид користењето на најасовремените вооружени системи како крстосувачките ракети, интерконтиненталните ракети, сателитски наведуваните ракети, умните бомби, кои се лансираат со стотици километри оддалеченост од саканата цел, кога меѓу противниците не е воспоставен непосреден допир, очигледно е дека просторот како фактор во вооружената борба добива изменета улога на своето значење. Користејќи ги овие вооружени системи и техника се избегнуваат губитоците во жива сила, а со силини, прецизни, масовни удари се постигнуваат саканите ефекти. Секако денес само голмите сили

[148] Исто стр .86.

располагаат со најсовремени вооружени системи и техника што ги прави уште посупериорни во однос на сите други.

Секако и ***времето*** како фактор на вооружената борба, како и претходните, во современата војна доби изменета улога и значење. Развојот и употребата на современите вооружени системи, системите за командување многу ги намалија временските ограничувањата, односно го скратија времето за подготовки на борбените дејства, работата на командите, донесувањето на одлуките, логистичките задачи, односно намалени се временските ограничувања. Најголем придонес во овој поглед имааат современите технологии, техниката, особено информатичката техника, карактеристиките и можностите на вооружувањето. Оттука пак и зголеменото значење на школувањето и обуката на кадрите, посебно на раководните, а особено на специјалистите кои ракуваат со современата техника, бидејќи тие треба брзо и ефикасно да ги обавуваат своите функционални задачи, за скратено време и во интензивни борбени дејства.

Значењето и улогата на времето како климатски и метеоролошки фактор исто така претрпе одредени промени. Денес современите вооружени системи и техника сѐ помалку се зависни од овие елементи. Современата авијација е опремена со адекватни уреди и средства за изведување на своите борбени дејства во сите метеоролошки услови. Ракетните вооружени системи, ласерски а особено сателитски наведуваните најмалку се зависни од временските услови.

## 2.2. Проминентноста на воената доктрина на САД во наднацинаналниот доктринарен контекст

Поразот во Виетнамската војна, пред американската воено-политичка мисла и практика, го актуелизирала прашањето за ревизија, а воедно и за ревитализација на американската воена проминентност не само во НАТО туку и за воена парадигматичност на планетарните простори.

Темелните анализи на тогашниот стратегиски контекст (политички, економски и воен) упатувале на фактот дека враќањето на загубената проминентност би била можна доколку на светската сцена се оствари доминацијата со такви сили и средства какви што дотогаш не ѝ биле познати на цивилизацијата. Претпоставката тргнувала од фактот дека американскиот воено-индустриски комплекс ги поседувал сите предуслови за иницирање на нова високотехнолошка трка во воената сфера која ниту еден друг воено-политички субјект не би бил во состојба (научна, технолошка и економска) да ја следи или надмине. Тоа би претставувало нов технолошки удар врз воено-технолошките капацитети на противниците со цел тие да се декласираат во сферата на новите високи технологии, а од друга страна, тоа би создало нови високо-технолошки способности на средствата за војување и водење на војна на сите рамништа, зголемувајќи ја на тој начин повеќекратно ударната и уништувачката моќ на своите армиски структури. Со своите софистицирани можности тие направија вистинска револуција во доктрините на современите воените организации.

Новите информациони технологии вградени во воената сфера го *декласираат класичниот начин* на воено организирање. Приматот го држат САД чиј фундамент е новата воена доктрина насловена како "*Воздушно-копнена битка*".

Воведувањето на доктрината во оперативна употреба во војската на САД во почетокот на 80-те години подразбираше ефикасна употреба на високотхенолошки конвенционалнии и нуклеарни вооружени системи со мала и многу мала сила, во компатибилност со НАТО доктрината на длабоки удари (ФОФА), по сите можни воени предизвици, пред сѐ против силите и средствата на Варшавскиот договор. По распадот на реал-социјализмот доктрината е ставена во функција на воена разврска со новите видови на зазгрозувања на американските национални интереси и на интересите на НАТО.

### 2.2.1. Военодоктринарните аспекти на "воздушнокопнената битка"

Американскиот пораз во Виетнам, а особено поделеното мислење на американската јавност во врска со таа војна, пред воено-политичката мисла го поставуваше прашањето како технолошки најразвиената војска на светот можела да биде поразена од страна на сиромашно вооружените и обучени Северновиетнамски борци, но и што да се преземе да се поврати американската воена доминантност не само во НАТО туку и на планетарните простори. Од друга страна односот на силите во Европа, во тој период, уште повеќе го актуелизираше тоа прашање. Имено, во тој период Студената војна беше доминантен фактор во меѓународните односи. Сепак во Советскиот Сојуз се помалку се нагласуваа условите за нуклеарна војна, примат донекаде се даваше на осовременување на ковенционалните борбени дејства. Советските и Источноевропските конвенционални сили биле големи, особено нивните осовремени тенкови биле во огромна квантитативна предност над Западот. Тоа ги невело планерите на НАТО, не гледајќи друг начин со многу послабите конвенционални сили, да го одбијат евентуалниот напад освен со употреба на нуклеарно оружје. Иако секое сценарио за одбрана на СР. Германија ја предвидувало употрбата на нуклеарното оружје три до десет дена по почетниот советски напад, постојано била присутна опасноста од уништување на поголем дел на СР. Германија и ескалација на употребата на нуклеарното оружје со мал дострел до глобална употреба на нуклеарни удари. За планерите во НАТО проблемот бил јасен: никој не смее да го употреби нуклеарниот арсенал, туку да се пронајде начин да се спротивстават и евентуално одбранат од Советската квантитативна надмоќ без уптреба на своето нуклеарното оружје. Сето тоа ја присили американската воено-политичка мисла и практика да се ангажира во барањето адекватни одговори на овие промени и состојби. За таа цел, уверени дека промените се неопходни, американската КоВ во 1973 год. оформи Комадна за обука и доктрина - TRADOC ( Trainig and Doctrine

Comand)[149]. Во таа команда биле вклучени "современи" офицери - воени интелектуалци и интелектуалци цивили. TRADOC покрај вниманието што го посветува на проучувањето на теоријата и современите технологии за обука, таа обезбедува и голема теориска подлога за концепцијата на војувањето на КоВ.

Во 1976 год. TRADOC ја издал новата доктрина на КоВ наречна "Доктрина на активна одбрана"(предвидена за дејства против силите на ВД во централна Европа), оваа доктрина била чекор напред во барањето нови решенија, а таа се залагала на продлабочување на боиштето, удари не само по првиот ешалон на советските трупи, туку и користење на оружја од висока технологија со поголем дострел со цел онемовозможување на следниот ешелон да го поддржи нападот. Но советските трупи немале само два ешелони, па се поставуваше прашањето што со третиот, четвртиот или следниот ешелон. Оттука потребата за подлабока рекноцепционализација сеуште беше присутна во TRADOC. Меѓутоа да се дефинира нова доктрина, да се добие поддршка од вооружените сили и меѓу политичарите е многу сложен и тежок процес. Затоа за усвојување на новата доктрина во САД се водеше мошне интензивна цивилна и воена кампања. Имено, покрај тимови составени од војни експерти кои изворно работеле на новата доктрина, ангажирани биле и цели тимови цивилни експерти и истакнати поединци (политичари, дипломати, економисти). Преиспитувањето значеше ревидирање и промени во целата структура на КоВ и тоа опфаќаше а) нова доктрина на дејствата на копно и б) неопходни реформи во организацијата и вооружувањето на единиците на КоВ да може да ги реализира доктринарните поромени во ангажирањето. Затао во TRADOC требаше да се најде одговор на прашањата кои се наметнуваа: каква војници и офицери ќе бидат потребни во иднина и каква технологија ќе им треба. Токму затоа во TRADOC не се работеше само на формулирање на новата доктрина и увежбуањето на новиот КоВ, туку и за одредување на

---

[149] " The Airland Battle and Corps 86: Tradoc Pamphlet 525-5", ( Fort Monroe, VA: U. S. Army Operational Concepts, March 21, 1981.)

вооружување и технологии кои во иднина ќе ѝ требаат на војската. Врз основа на опсежнките и критички анализи на доктринарните решенија на "доктрината на активна одбрана" и котистејќи ги искуствата од арапско-израелската војна, 1973 год., после скоро еднодецениска исцрпувачка работа промовирана е новата доктрина.

Првиот формален приказ на новата доктрина која беше насочена кон иднината беше на 25 март 1981 год., промовирана пред конгрсот под име ***Воздушнокопнена битка и корпус 86 ТРАДОЦ памфлет 525-5. (Операции)***

Новата доктрина била вградена во Правилото на КоВ ФМ 100-5 на 20. август 1982 година. Оттогаш Доктрината на воздушнокопнената битка била усовршувана, преработувана и преименувана. Додека воздушнокопнената битка била насочена кон дезорганизацијата на непријателските ешелони во задницата, подоцнежната верзија насловена ***Воздушнокопнени операции*** која стана службена доктрина на 1. август 1991 година, форсираше рани дејства за спречување да се формираат ешелоните во задницата .

Суштината на доктрината е силите на противникот да се разбијат по целата длабочина на оперативниот распоред, нанесувајќи му максимални удари со сите расположиви средства како и зголемување на маневарските способности на КоВ за експлоатација на резултатите од наведените удари. Основна компонента на доктрината е "длабоко уништување" на противникот. Во секоја операција (нападни или одбранбена) предвидено е "длабокото уништување" да се реализира со координирани дејства на трупната и тактичката авијација, силите и средствата на стратегиските, оперативните и тактичките единици за уништување, задржување и дезорганизација на вторите ешалони и резервите на противникот. Целта на на таквите операции е слабеење на одредени групации, спречување да се изрази тежиштето на силите и постигнување на неопходна надмоќност во конечното разбивање на противникот. Тоа може да се постигне со расцепкување и дезорганизација на борбениот распоред на противникот, со заштита на маневарот на сопствените сили, неутрализирање на огнените средства на противникот, системот на командување и врски, со

остварување длабока изолација на реоните на борбените дејства, отсекување или попречување на приодите на непријателските други ешелони и резерви.

"Длабокото уништување" се темели на детално разузнавачкото обезбедување на борбените дејства и навременото добивање податоци и информации од формациските и претпоставените органи, а главно средство за реализација на таа задача е тактичката и трупната авијација, артилеријата, извидувачко-ударните комплекси, воздушнодесантните како и единиците за специјална намена.

За реализација на "длабоките уништувања", според доктрината, реоните на престојните дејства за попрецизна распределдба на силите и напрегањата, поделени се на две взаемно зависни зони: зона на борбена одговорност (зона на борбените дејства) и зона на интересирање на командтнот (зона на потенцијална опасност). За нив се одговорни одредени тактички, оперативни и стратегиски единици.

*Зона на борбена одговорност* (зона на борбените дејства) во рамките на интегрираното (инетегралното) боиште, опфаќа земјиште од линијата на допирот кон непријателот ( до одредена длабочина), во чии граници се врши извидување и непосредно уништување на противникот со сили кои се наоѓаат во надлежност на соодветна команда (бригада извидува и уништува со свои сили полкови на првиот ешелон; дивизија - дивизии на првиот ешелон; армиски корпус - корпус на првиот ешелон на противникот итн.) Длабочината на зоната на борбените дејства може да биде за бригада до 15 км; дивизија до -70 км; армиски корпус - 150 км и за групација поголема од корпус (армија) - 300 км.

*Зона на интересирање на командтнот* (зона на потенцијална опасност) претставува земјишна просторија зад зоната на борбена одговорност (зоната на борбените дејства) во која се наоѓаат следните ешелони и резервите на противникот, кои можат да влијаат на дејствата на единици со соодветна големина (за бригада - полкови од вториот ешелон; дивизија - дивизии од вториот ешелон; армиски корпус - армиски корпуси од вториот ешелон). Длабочината на оваа зона може да биде за бригада до

70 км; дивизија - 150 км; корпус - 300 км и за повисок состав од корпус (армија) - 300 км.

Остварувањето на концептот "длабоко уништување" можно е на неколку начина:

***првиот начин*** се состои во уништување на ( неутрализирање) на единиците на вторите ешелони на противникот, со удари на авијацијата, извидничко-ударните комплекси и артилеријата. Покрај тоа за изолација на реоните на борбените дејства и спречување на зголемувањето на силите на првите ешелони на противникот, кои водат борбени дејства, се предвидува спроведување мерки на оперативно маскирање и мерки на активно радио-електронско неутрализирање (попречување).

***вториот начин*** предвидува огнено неутралирање и уништување на извидувачко-ударните комплекси на противникот, со мешовити (авио-хеликоптерски) воздушни јуришни групи по тој дел на вторите ешелони.

***третиот начин*** предвидува едновремено неутрализирање и уништување на вторите и првите ешелони на противникот. За таа цел потребно е прецизно содејство и координација, при едновремената упореба на силите, помеѓу силите кои изведуваат борбени дејства на фронтот, воздушно-подвижните сили, артилерискиот оган, средствата за радио-електронска борба, трупната и тактичката авијација и др., сето тоа овој начин го прави посложен од првите два.

***четвртиот начин*** предвидува отстранување или неутрализирање на потенцијалните опасности од противникот, неутрализиријќи или уништувајќи ги огнените средства во заднината, нуклеарните борбени средства, авијацијата на аеродромите. За таа цел предвидена е употреба на далекустрелни борбени системи (ракети) и авијација.

Кој начин ќе биде уптребен за реализација на доктрината ќе зависи од добиената задача и силите со кои се располага за негово извршување. Основни и перспективни средства за воздушнокопнената битка се извидувачко-ударните комплекси; трупната и тактичката авијација; балистички ракети за оперативно-тактичка намена; крстосувачки ракети; повеќецевни фрлачи на ракетни; средства на артилеријата и минофрлачи; хеликоптери за огнена подршка и системи за далечинско минирање.

Основните поставки на доктрината биле во целосна компатибилност и меѓузависност на дејствување да се доведат воздухопловните и копнените дејства за да можат да изведуваат разорни удари во длабочина со цел да се оневозможи пристигнувањето на првиот и на другите ешелони на противникот на војувалиштето и реализирање на најсуштествениот сегмент - употреба на високотехнологизираните конвенционални вооружени системи по целите кои претходно требало да се уништуваат со нуклеарни средства. На тој начин, новата доктрина била во функција на намалување или оневозможување на употребата на нуклеарните системи. Доминантна улога во доктрината имале раните дејствија што требало да го спречат ешелонирањето во задницата.

Ревизијата од 14. јуни 1993 на ФМ 100-5 ја нагласува разноврсностаспособноста на војската брзо да се префрли од еден вид на конфликти на друг. Од европскиот се префрлува на глобалниот фокус и од идејата за истурено распоредување кон идејата за сили, базирани на американско тло, кои ќе можат брзо да се префрлат на која било место на земјата. Покрај тоа новата доктрина особено внимание посветува на "операции поинакви од војна", што опфаќа помош во катастрофалните граѓански војни, зачувување на мирот и активности во борбата против дрогата.

### 2.2.2. Проминентен сегмент на военото организирање и воената вештина на прагот на 21- от век

Доктрината "Воздушнокопнени операции" своите вредности ги потврди во "Заливската војна"од 19991, во војната во Босна, во војната со СР Југославија 1999 година, во војната со Авганистан, војната во Ирак 2003 година. Софистицираноста на високотехнолошките вооружени системи наполно ги потврди новите уништувачки можности, декласирајќи ги класичните воени организации што дотогаш имаа репутација на моќни регионални воено-одбранбени системи, посебно како што тоа беше Ирачката армија на Блискиот Исток или војската на СР Југославија на балканските простори, па и пошироко.

Така, наместо предвидувањата на скептиците дека "Заливската војна"ќе трае долго време, а"мултинационалните сили ќе имаат 30 - тина илјади жртви, а посебно предвидувањата на Садамовиот воено-политички естаблишмент заслепен од робувањето на сопственото неуко војноводство дека војната што тие ќе ја водат ќе биде "Мајка на сите битки" во која војската на Коалицијата предводена од САД, во пустинскиот амбиент, ќе биде "раскината на крпчиња", се случи обратното. Во војната силите на Коалицијата имале 343 загинати или стоти дел од предвидувањата, а Ирачката армија имала 120 000 загинати.[150]

Југословенскиот воено-политички врв, прифакајќи ја воената разврска со НАТО силите по повод "Косовската криза", не само што ја повторил грешката на Садамовата доктрина, туку воопшто не ги согледал искуствата од "Заливската војна", иако имал време од скоро една деценија да сфати што ќе му се случи во воен судир со високотехнолошка воена организација. Робувајќи на доктринарните догми за непобедивоста на "народните војни", воено-политичкиот врв ја истакна девизата дека на НАТО и на американската војска во амбиент на војување на југословенскиот простор ќе се "повтори Виетнам". Меѓутоа, во воените операции што траеја 78 дена, југословенската војска, исто како и Садамовата војска, беше претворена во "боксер што оглувел и ослепел на самиот почеток на борбата, иако наполно ја зачувал силата на ударот, но без моќ за спротивставување"[34]. Проминентноста на доктрината на "Воздушнокопнените операции" во оваа војна најдобро ја илустрира фактот дека наместо "втор Виетнам", во неа не загинал ниту еден војник на Алијансата.

За да се сфатат *револуционерните промени* во сферата на современото воено организирање и војување и да можат да се предвидуваат состојбите и процесите во тие сфери, мора да се имаат предвид следниве неколку специфичности:

---

[150] ) Поопширно за последиците види: А П Вашингтон од 30 мај 1991

[34] Радко Начевски , Современа македонска одбрана, НАМ, Скопје,2000, стр.120.

- *Знаењето* како фундамент на воената моќ. Високотехнолошкото воено организирање знаењето го става во средиштето на својата моќ. Во процесот на уништувањето знаењето ги намалува потребите за други инпути. Според Кемпен А., "*Заливската војна*" *била војна во која една унца силикон во компјутерите имала повеќе ефекти отколку еден тон ураниум. Знаењето според значењето станало еднакво на оружјето и тактиката...секој аспект на војната сега е автоматизиран и бара способност за пренесување на големи количества податоци во многу различни форми*"[151].

Денес, во плејадата информациски оружја, најмоќни системи се: *AWACS (*Airborne Warning and Control System) - систем за рано предупредување и контрола од воздух кој во информациското војување го пребарува небото во радиус од 360 степени за откривање на непријателски авиони и ракети и испраќање податоци за нив на одбраната и податоци за потребите на единиците на копно; и системот *J - STARS (Joint Surveillance and Target Attack Radar System*) - заеднички радарски систем за наблудување и откривање на цели за напад.

- *Демасификација.* Информациската воена организација денес не може да се замисли без оружени системи засновани на информации што ги супституираат масовните оружени системи карактеристични за класичната воена организација. На пример: еден бомбардер од типот Ф-117 само во еден борбен напад, лансирајќи само една бомба, може да го реализира тоа што би го направил бомбардерот Б-17 во Втората светска војна за кое му биле потребни 4 500 борбени летови и 9 000 бомби, а во Виетнамската војна - 95 борбени летови 190 бомби.

- *Умно оружје - умен војник.* Новата природа на информационото војување сé повеќе ја нагласува потребата од образовани и стручни кадри во воените структури, а сé помалку воена машкост и силното тело. Отука

---

[151] Campen Alan D., ed. "The first Information War". (Fairfax, VA: AFCA International Press, 1992)

и девизата "вооружените системи се умни само толку колку и луѓето кои ги користат".

- *Исчезнување на фронтот.* Карактеристично за информационото војување е тоа што фронтот не се наоѓа на просторот каде што се изведува главната битка, бидејќи доктрината "Воздушно-копнени операции" има за цел продлабочување на битката во сите димензии - далечината, височината и времето, вклучувајќи ја и *четвртата* димензија - космосот. Фронтот се наоѓа на сите четири димензии.

Информационото воено организирање подразбира и: драстично намалување на оружените системи; заменување на регрутниот систем со професионална војска; напуштање на традиционалната тривидовска структура на оружените сили; висок степен на компатибилност на воздушните и копнените операции; создавање на високотехнологизирани војски на "информатички воини"...

### 2.2.3. Искуствата од Заливската војна, војната со СРЈ, Авганистанската војна и (Ирак 2004)

***Карактеристики на војната во Ирак "Пустинска луња" 1991***

Операцијата Пустинска луња ја изведоа мултинационалните сили со мандат на Советот за безбедност на Обенинетите Нации, а во организација и под команда на американското воено раководство. Војната започна со воздушни напади на 17. 01. 1991 година и траеше до 28. 02. 1991 година. Оваа операција суштински се разликуваше од операциите кои САД ги водела во претходните регионални војни (Кореа, Виетнам). Разликата се огледа во тоа што оваа операција претставуваше преод од класичниот начин на војување кон новиот тип на војна во информатичката ера.

Основна цел на оваа операција беше да се истера ирачката војска и враќање на суверинитетот на Кувајт. Сепак од самиот почеток на војната борбените дејствата беа пренесени на целата територија на Ирак.

Организацијата, подготовките и изведувањето на операцијата ги карактеризираа:

- темелни подготовки и масовност;
- преземена и изведена воздушна операција во траење од 38 дена, наместо воздухопловна подготовка за отпочнување на операцијата;
- мултинационалните сили дејствата на копно ги започнаа откако ирачката армија беше разбиена и онеспсобена со ударите од воздух на мултинационалните сили, оклопно-механизираните единици на мултинационалните сили едноставно продефилираа низ јужниот дел на Ирак нанесувајќи тешки губитоци на ирачката копнена војска;
- Употребени се и тестирани најнови вооружени системи со кои располагаа силите на САД и европските земји на НАТО, некои вооружени системи употребени се за прв пат во воени цели.

Војната во Персискиот залив претставува преод од класичниот начин на војување на војна која може да се води во информатичката ера. Во таа војна САД и НАТО за прв пат практично го тестираа својот нов концепт на информатичка војна.

***Карактеристики на војната во СРЈ - "Сојузнички сили" 1999***

Операцијата против СРЈ или воздушната кампања на НАТО врз СРЈ преземена е на иницијатива на Врховната команда на силите на НАТО во Европа и САД. За оваа операција силите на НАТО се подготвуваaa околу шест месеци, а повод за преземање на истата беа вооружените судири во Косово. Во тие судири, според стојалиштата на НАТО и САД, југословенските сили за безбедност вршеа протерување на албанското население и етничко чистење во покраината. Меѓутоа основна цел на операцијата беше рушење на режимот на претседателот Слободан

Милошевиќ кој беше назначен како основен виновник за сите случувања на просторите на бившата СФРЈ во последната деценија на XX-от век. Оерацијата започна на 24 април 1999, а траеше се до 10 јуни 1999 година.

Основни карактеристики на операцијата Сојузнички сили:

- воздушната кампања, според карактерот и целта, имаше обележје на војна интервенција преземена од страна на една воена коалиција врз една суверена држава;
- квантитативниот и квалитативниот однос на силите во судирот беше на страната на НАТО, а се огледаше во големината (бројниоста) на ангажираните сили и особено во изаразито квалитативната техничко-технолошка предност;
- во операцијата дејствуваа само силите на ВВ и на ВМ[152] додека силите на КоВ не беа воведени во борба иако беа планирани;
- во операцијата НАТО и САД тестираа нови и модифицирани борбени средства и вооружени системи;
- во операцијата беа користени прецизно новедуваните оружја кои во тесна спрега со разузнавачко-извидувачките и командно-управувачките системи, дејствуваа на целите оддалечни од 20 до 2000км. Во наведувањето на оружјето кон целта голема улога имаше и глобалниот систем за наведување (ГПС);
- улогата на медиумите, особено електронските, беше од многу големо значење заради психолошката подготвка на сопствената и светската јавност во правданоста на кампањата.

Операцијата Сојузнички сили ги имаше сите карактеристики на информатичка војна замислна и дефинирана од страна на теоретичарите и воените стратези на САД.

---

[152] Користени се ЛБА, палубната авијација и ракетите лансирани од бродовите и од подморниците.

***Карактеристики на војната во Заливот - Ирак* 2003**

Војната против Ирак во 2003 година започна и беше водена во сложени меѓународни односи кои во многу се разликуваа од оние во кои започна војната во Заливот во 1991 година. Имено, во 1990 година Ирак го нападна и го окупра Кувајт, затоа Обединетите нации дадоа согласност за ангажирање на коалиционите сили, кои истите дејствуваа под знамето на ОН, за ослободување на Кувајт. Во овој случај околностите беа сосема поинакви, Советот за безбедност при ОН не даде согласност за напад на американските и британските сили врз Ирак. Сепак САД и Британија го заобиколија Советот за безбедност кога сватија дека нема да добијат согласност за напад и го нападнаа Ирак.

Нападот започна на 20. 03. 2003 година со жестоко бомбардирање на Ирак од страна на американско-британката коалиција. Војната заврши на 02. 05. 2003 кога американскиот претседател Џорџ Буш званично објави дека во Ирак се завршени главните воени операции. Како основна причина за отпочнување на војната, според американските и британските ставови, беше тоа што Ирак поседува оружје за масовно уништување и недемократскиот режим на Садам Хусеин. Инспекторската мисија на ОН, кон крајот на 2002 година па се до почетокот на војната, вршеше контрола на целата територија и на објектие во Ирак и не пронајде докази дека поседува оружје за масовно уништување.

Заеднички карактеристики војните во Ирак 1991, СРЈ 1999, Авганистан 2001, Ирак 2003 се:

- опсежна кампања за оправданоста на военото ангажирање пред домашната и меѓународната јавност;
- војните се водени надвор од териториите на коалициите кои ги преземаа;
- операциите се отпочнати со и без одобрение на Советот за безбедност при ООН;
- ангажирање на голем број материјално-технички средства, особено воздухопловната компонента, поморските сили и копнената компонента;
- почетокот на операциите е со жестоки воздушни напади;

- употреба на најсофистицирани вооружени системи (паметни бомби, ласерско наведувани бомби и сателитско наведувани ракети, крстаречки ракети ).

## 2.3. Руската воена доктрина - функција - дисфункција

Завршувањето на студената војна неминовно педизвика и големи геополитички и геостратегиски промени на меѓународната воено-политичка сцена, особено на евро-азискиот гео-политички простор. Како најкарактеристични беа рушењето на Берлинскиот ѕид во ноември 1989 година, обединувањето на двете Германии во април 1990 и напуштањето на ВД од страна на ДР Германија, фрагментацијата на ВД летото 1991, дезинтеграција на Советскиот Сојуз, истата година, кој беше расчленет на 14 независни држави. По дезинтеграцијата на СССР, Руската Федрација ги задржа каректеристиките на суперсила само во воената- нуклеарната сфера, но нејзината целокупна политичка, економска и воена моќ во светот, во споредба со бившиот СССР, се неспоредливо помали. Сето тоа битно влијаеше на развојот и карактерот на воената доктрина на Руската Федерација. Развојот и унапредувањето на меѓусебните односи помеѓу САД, НАТО и Руската Федерација, пред се заедничкото декларирање дека тие се сега пријатели и стратегиски партнери, битно влијаеше на развојот на воената доктина на Руската Федерација.

Кон крајот на 80-те години од XX век претседателот Михаил Горбачов ја промовираше доктрината на "Разумна доволност". Промовираната доктрина се темелеше на:

- први да не употребат нуклеарно оружје
- први да не ги отпочнат воените операции и
- не преоѓање на сопствените граници при противнапад[153]

---

[153] Wang Rui and Zhang Wei, A Pleniminary Analysis of Russian Military Strategy, International Strategic Studies, No. 3/97, Chinese Institute for International Strategic Studies, 1997.

Вака поставената воена доктрина го напушти офанзивниот концепт, а се промовираше одбранбениот концепт. Сето тоа беше поткрепено со повлекување на единиците од Авганистан, источноевропските земји и со редуцирање на нуклеарните сили. Тогашното раководство на чело со претрседателот Горбачов ја застапуваше тезата дека мирот одржуван врз основа на рамнотежа на силите треба да се замени со изградба на мир врз основа на рамнотежа на интереси, а системот на блоковската безбедност да се замени со систем на општа европска безбедност.

По доаѓањето на чело на Руската Федерација на Јелцин, се завзема поостар курс кон реформите и е направен длабок рез во новата воената доктрина на Руската Федерација. Во ноември 1993 година раководството на новата Руска Федерација го озваничи документот "Основни принципи на воената доктрина на Руската Федерација". Во овој документ направени се видни измени во однос на претходната доктрина. Имено, се напушта стриктно одбранбениот концепт на претходната доктрина, а се промовира одбранбено-офанзивен концепт. Сепак мора да се нагласи дека таа е донесена во услови на нестабилност на државата; понатаму судирот на Елцин со поголемиот дел од Парламентот; време кога повериниците барале да се врати долгот од 100 милијарди долари; војната во некои републики од бившиот СССР; сложеното повлекување на трупите од странските земји итн. Овие основи поблиску ги одредуваат: (1) местото на РФ во меѓународните односи; (2) изворите на опасност на безбедноста на РФ; (3) составот на силите за одбрана.

Во натамошниот развој воената доктрината на Руската Федерација се повеќе е подредувана на политиката и вклопувана во стратегијата на националната безбедност, како нов поим во руската воено-политичка терминологија. Кон крајот на 1997 година, усвоена е "Концепцијата на националната безбедност на Руската Федерација". Врз основа на нејзините начела, како дел на таа концепција, е развивана новата воена доктрина на Русија. Основни карактеристики на новата доктрина беа, јакнењето на воената соработка во ЗНД, формирање сили за брзи интерванции и потпирање на нуклеарниот потенцијал кој беше наследен од бившиот СССР.

Концепцијата на националната безбедност на Руската Федерација од 1977 година и понатаму е развивана, дополнувана и ускладувана со конкретните меѓународни услови, местото и улогата на Руската Федерација во светот. Во почетокот на 2000 година усвоена е нова верзија на таа концепција, во која се "формулирани најважните правци на државната политика на Руската Федерација". Во нејзе, за зачувување на националната безбедност, значајно место е дадено на превентивната дипломатија, економските и другите невоени средства, но и заштита на националните интереси со потенцирање на улогата на воената сила.[154] Од Концепцијата на националната безбедност произлезе новата воена доктрина на Руската Федерација, во која поконкретно се дефинирани улогата и задачите на вооружените сили во системот на националната безбедност и заштитата на нивните национални интереси.

Руската воевна доктрина од 2000 година претставува понатамошна разработка на Концепцијата на националната безбедност пред се на оние поглавја во кои се говори за улогата на воената сила во јакнењето на безбедноста и одбраната на земјата. Во документот за таа доктрина нагласен е нејзиниот "одбранбен карактер", опасностите кои можат да го загрозат територијалниот интегритет и државниот суверенитет на Руската Федерација (со дејства од внатре, агресии од надвор и комбинирани), улогата и задачите на вооружените сили при спротивставувањето на тие опасности[155]. Вооружените сили, пред се́ конвенционалната компонента, на пример наменета е за спротивставување на насилно загрозување на интегритетот и државниот суверенитет од националистички, сепаратистички, терористички и други групи, организации и движења.

Во одбрана од надворешна агресија на Руската Федерација и нејзините сојузници (пред се ЗНД) посебна улога треба да имаат нуклеарните сили. Поаѓајќи од реалната моќ на таа категорија на воена сила, во воената доктрина на Руската Федерација од 2000 година внесен е и

[154] Пошироко: Сава Живанов, Концепција националне безбедности Руске Федерације, Међународна политика, Београд, фебруари-март 2000, стр 6-11.

ставот дека "Русија е во состојба на секој агресор и на секоја агресија на Руската Федерација и нејзините сојузници може да нанесе одлучувачки воен пораз".[156]

Во тој документ внесен е и ставот дека "Русија го задржува за себе правото прва да употреби нуклеарно оружје како одговор на употребата на нуклеарно и друго оружје за масовно уништување, против неа или нејзините сојузници, а исто така како одговор и на агресија со конвенционални средства од широки размери во критична ситуација за Руската Федерација и нејзините сојузници".[157]

Руската воена доктрина од 2000 година е во суштина одбранбена, но по начинот на остварување одбранбено-офанзивна. Овој документ предвидува натамошни реформи и борбено оспособување на руските вооружени сили, како предуслов за нејзино успешно спроведување.

---

[155] Пошироко:Радован Радиновиќ, Русија пред новим одбранбеним изазовима, Меѓународна политика, Београд, февруари-март 2000, стр 12-17.
[156] Исто стр. 14
[157] Исто стр. 15

# ЗАКОНИТОСТИ НА РАЗВОЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА ВОЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА И ВОЕНАТА ВЕШТИНА

Новите и посовремени вооружување и воена техника, војната, многуте нови содржини на војната, новосоздадените услови, доведоа до еволуција и натамошно усовршување на воената вештина. Општите достигнувања на воената вештина, како и историското и проверено искуство, остануваат и понатаму актуелни и корисни, како што се: сознанијата за улогата на основните фактори на војната; потврдени принципи на воените дејствија; улога и задачи на одделните видови, родови и служби; улогата и основни содржини на подготовките за воени дејства; улога и задачи на командата и штабовите; суштина и карактер на основните начини на борбените дејствија; итн.

Воената вештина и понатаму забрзано се развива. Новите оружја и воената техника го условуваат усовршувањето на воената вештина. Тој процес се одвива ви три основни правци: а) изнаоѓање решенија за што посеопфатно и брзо искористување на ефектите и резултатите од дејството на најсовремените оружја (последните технолошки генерации); б) решавање на проблемите за одбрана и заштита од тие оружја; и в) паралелно со ова, интеграција на воените вештини со неопходните елементи на пропаганда, политички, економски, информативни и други содржини на војната, чија што улога е се поважна за процесот и исходот од војната. Воената вештина стана, повеќе отколку било кога, сложена и мултидисциплинарна, бидејќи мора да најде одговори на најновите достигнувања во воената техника и сите други важни содржини на современата војна. Вооружените сили на големите сили, тежиштето во усовршувањето на воените вештини го ставаат на примена на оние воени дејствија кои им овозможуваат што поголем ефект на најсовремените оружја со што помали загуби на сопствена страна, посебно човечки. За таа цел, посебно внимание им се посветува на дејствијата со голема оддалеченост, од воздушниот простор и вселената. Паралелно со ова, за своите интереси и дејствија пред се на копно, се бараат сојузници и се користат нивните услуги, силите кои веќе постојат на територијата на

противникот, како што се разни воени формации, сепаратистички и други организации и состави, како и елементите кои им се наклонети на нив. Тие ангажираат и сили за реализација на пропагандните, политичките, психолошките, економските и другите активности и делувања. Спроти нив, вооружените сили на средните, посебно на малите неразвиени земји, тежиштето на своите воени вештини го ставаат на пронаоѓање одговори за спротиставување на технички супериорниот противник. Нивната воена вештина е своевидна комбинација на одбрана и заштита од високо технолошки оружја, потоа иницијативи, итрости, како и врвна обука на сите состави за парирање на технички супериорниот и посилен противник, со максимално потпирање на сопствените сили, потенцијали и можности. Мерките на противвоздушна, противелектронска заштита, спротиставување на пропагандното, психолошко и разузнавачко дејствување и одлучното противтерористичко делување имаат исклучително значење за одбраната на малите држави.

## ЗАКЛУЧОК

Војната како мошне сложена општествена појава, со својот драматичен тек и тешките последици што со себе неминовно ги носи за луѓето и за материјалните вредности, отсекогаш претставувала предмет на посебно интересирање на најславните умови во сите изминати епохи, а како специфичен облик на општествен судир била и сеуште е предмет на проучување на голем број автори од различен стручен и научен профил.

Во звисност од општественото уредување и развојот на производните односи теоритичарите и научната мисла во однос на војната се движела од апологија на војната до осуда на истата. Според истражувањата на швајцарскиот научник Жан-Жак Ребел, во својата пет ипол вековна историја, човештвото водело околу 14.500 војни, во кои загинале над три милијарди и шестотини милиони луѓе со огромни материјални разорувања. Според Ханс Амолд (Hans Amold), пак, од 2340 седмици кои поминале од 1945 до 1990 год., светот уживал во мир, само три седмици кои навистина биле без војна[35]. Оттука, во досегашната историја на човештвото, современата научна мисла и севкупната светска јавност, никогаш не им посветувале толку големо внимание на проблемите поврзани со војната и мирот, како што е тоа случај во последните неколку децении од минатиот век па сé до денес. Самиот тој факт укажува на извонредното општествено значење што изучувањето на војната, како општествен и политички феномен, го имала и го има во животот на луѓето и на општествената заедница како целина. Зголеменото интересирање на научната мисла и на севкупната јавност за проблемите на војната и на мирот во последниве неколку децении се должи на многу чинители, меѓу кои би укажале на најмалку два:

- на долготрајното присуство на војната во општествените и во меѓународните односи изразено во фактот што војната како најбрутален

---

[35] Hans Amold, " The century of the Refugee A European Century, Aussenpolitek, Br. III, 1991.

облик на примена на физичко (вооружено) насилство, неодбегливо го следи развитокот на човековото општество од првите човечки цивилизации па се до денес.

- енормно проширување на содржините и димензиите на современата воена сила како по обем, така и по разурнувачката и уништувачката моќ на средствата со кои располага, доведе до тоа, војната во современи услови да стане сериозна закана не само за уништување на некој народ, нација, раса или етничка група, туку да стане реална закана и за уништување на биофизичката егзистеницијa на современата цивилизација. Постојат доста егзактни податоци за стравотната разурнувачка и уништувачка моќ на современата воена сила, како и показатели за ужасите и човечките страдања што неминовно ги предизвикува секоја војна. Во тој поглед последната светска војна по својот обем, суровост и трагичниот биланс на човечките и материјалните загуби, претставуваше една од најголемите катастрофи во историјата на човештвото.[2]

Воената организација е конститутивен елемент на државната организација и конкретен институционален и организациски облик на политичката моќ на дрдавата. Таа е специфична организација составена од луѓе, воена техника и друга опрема, наменета за водење на воорудена борба и обучена и оспособена определени цели на политиката да ги остварува со употреба на орудјето или со закана дека ќе го употреби орудјето. Историски гледано појавата на воената организација била условена со распаѓањето на првобитното општество и неговото социјално раслојување и појавата на државата при што, воената организација се појавува во улога на основна сила на државата и специјализирана организација наменета за примена на орудено насилство и водење вооружена борба. Значи, социјалното раслојување на првобитното општество и општествените противречности засновани врз социјалните разлики, ја обусловиле

[2] Човечките загуби во Втората светска војна изнесуваа околу 55 милиони луѓе, или во просек 4% од вкупното население на завојуваните држави, додека околу 29 милиони луѓе

појавата на дрдавата и на воената организација како посебна група на вооружени луѓе, опремени со посебни орудија и оспособени за водењње на орудена борба.

Во современата научна мисла е општоприфатен ставот дека организациските облици на воената организација и нејзините општесвени функции превосходно се условени од општествено-економските и технчко-технолошките карактеристики на секое конкретно општество. Имено, оранизациските облици на воената организација и нејзините општествени функции најчесто се третираат како непосреден израз и во крајна инстанца како резултанта на влијанието на економските, политичките и културните фактори и како феномени кои помалку или повеќе имаат повратно-последично дејство на целинта на општествено-политичкиот живот или на определени општествени сфери низ целата историја, а посебно во поновата и најновата историја на овие феномени.

Степенот на организираност и организациските облици на секоја воена организација можат да бидат мошне различни, што зависи од конкретните историски, општествено-политички, материјални и други услови, но сите имаат еден заеднички белег: тие се организирани, опремени и специјално обучени и наменети за водење на орудена борба. Првата воена организација за која постојат податоци била египетската армија. Таа на почетокот била составена од војничка каста, која дивеела на имотите близу до границата. Армијата се активирала само во случај на надворешен напад врз Египет. Подоцна, кога Египет почнал да води освојувачки војни, се појавува постојана (наемничка) војска, добро обучена за војување на туѓи територии.Во робовладетелското општество, тогашните робовладетелски дрдави како што биле Египет, Персија, Византија, Рим и други, покрај многуте специфичности во нивната организација, големина, вооружување и начинот на употребата на вооруденте сили, имале и некои заеднички карактеристики во таа смисла, што доколку некоја од овие држави според своето внатрешно уредување имала подемократски

---

беа ранети и осакатени (извор: Тоне Жабкар, Губици живе силе у ратовима империјалистичке епохе, Војно дело, 5/76).

карактер, воената организација ја сочинувале сите слободни граѓани, а војската ѝ служела само за одбрана од надворешни непријатели и имала повеќе елементи на привремена непрофесионална воена организација и обратно, доколку државата имала апсолутистички карактер, а војската ѝ слудела за внатрешна присилба и надворешни освојувања, дотолку воената организација имала повеќе елементи на постојана професионална наемничка војска.

Во феудалното општество воената организација ги имала сите елементи карактеристични за тоа општество, чии главно одлики биле економска, политичка и територијална расцепканост. Воената организација ја сочинувале малубројни, недоволно организирани и расцепкани војски на феудалците, неспособни да им се спротистават на добро организираните војски на Монголите, Татарите, Турците и другите освојувачи. Дури со појавата на големите дрдави и апсолутистичките монархии биле создадени предуслови за појава на големи наемнички војски кои постапно се претвораат во современи постојани војски.

Во периодот на домонополистичкиот капитализам, покрај низа специфичности, воената организација се карактеризира со масовното учество на народот во неа. Составот на армиите во тој период, во прв ред, бил врз национален принцип, а основната војничка маса ја сочинувале работниците и селаните. Граѓанското општество во борбата против наемничките војски на феудалните држави и апсолутистичките монархии успеале да ги покрене широките народни маси, така што на пример, во француската граѓанска револуција веќе се појавуваат масовни армии, најчесто организирани врз милицискиот систем на воено организирање, во чиј состав покрај буржоазијата, биле вклучени и селаните, работниците и градската сиромаштија. Основна вредност на така организираната војска била таа, што тогашните прогресивни граѓански сили успеале во борбата да ги вклучат широките народни маси подготвени да се борат за нови општествено-политички односи, и да ги уриваат надживеаните општествени односи

Со постапното јакнење на капиталистичките општествено-политички односи и политичко-социјалната диференцијација и јакнењето

на капиталистичките држави, доаѓа до засилено јакнење на воената организација врз принципот на постојана војска. Во половината на 19-от век во повеќето држави се воведува општа воена обврска, а постојаните војски добиваат нагласена улога и стануваат основни носители на низа колонијални и други освојувачки војни.

Воените организации на современите држави се мошне различни, пред се, според својата општествено-политичка суштина, според целта и нивната намена, како и според конкретните облици на организирање, што го отеднува согледувањето на нивните заеднички карактеристики. Во современата воено-политичка практика постојат различни решенија околу организацијата и пополнувањето на вооружените сили и степенот на задолжително служење на воениот рок.

Во светската практика постојат повеќе типови на воено организирање и начини на пополнување и регрутирање, како што се:

(а) милициски систем, според кој сите способни граѓани им припаѓаат на резервните сили и ја сочинуваат главнината на вооружените сили со мошне мало професионално јадро;

(б) систем на постојана војска, со општа воена обврска на која подлежат сите способни граѓани кои служат воен рок во мирновремени единици, а потоа се вклучуваат во резервниот состав;

(в) систем на платена постојана војска и доброволно служење на воениот рок или селективно;

(г) систем на платена професионална војска.

Споменатите облици на военото организирање треба да се сфатат сосема условно, зошто не се работи за наполно издиференцирани и строго разграничени облици, кои во целост ја покриваат целокупната воена организација на современиот свет и воено-политичките групации. Напротив, меѓу државите и земјите со ист општествено-политички систем, со иста надворешно-политичка ориентација постојат определени разлики во военото организирање, па дури и во рамките на еден облик на воено организирање постојат елементи на другите облици. Во таа смисла дадената поделба на облиците на военото организирање би требала да се

сфати повеќе како ориентација и тенденција, отколку како наполно изградени облици

Историјата на воената вештина во стариот век една е од содржините на развојот на човековото општество и неговата воена пракса. Во стариот век, кој во литераурата најчесто се совпаѓа со периодот на робовладетеските општествено-економски односи, воената вештина се развивала на различни општествено-економски, технички и сознајни основи.

Општествено-економската и техничката основа на развојот на воената вештина во периодот на раните робовладетелски држави ја карактеризираа раното робовладетелско производство, натурално стопанство, користење на физичката сила на луѓето и животните во уптребата на студеното оружје. Вооружените сили (воената организација) создавани се и пополнувани од редовите на роболадетелите и од редовите на слободните производители. Вооружените сили биле малубројни, нивното војување го карктеризирале најчесто, краткотрајни походи а нивната непосредна цел, најчесто, била да се разбијат или уништат противничките вооружени сили, начелно во еден борбен распоред и на едно бојно поле.

Од тој период останати се фрагментарни записи во кои сликовито се опишани разни историски сучувања и активности на поедини истакнати војсководачи во воените походи.

Во периодот на развиените робовладателски држави работата на робовите, особено во градовите, добивала одлучувачка улога, а тоа значајно влијаело на зголемувањето на производството и на поголемо класно подвојување. Истовремено, зголемено е интересирањето за водење на чести и големи воени походи. Со општествениот вишок на вредност створени се услови за формирање стоечки војски. Прв облик на стоечка војска била робовладетелската милиција во којаслужеле слободни граѓани. Во зависност од имотната состојба, добивале различни командни должности и оружје кое сами си го набавувале. Тешкотиите околу набавката на оружјети, нивната типизација, воедно и незадоволството на сиромашните на кои војната им претставувала се поголем терет, појавата

на масовно откупување на воената служба од страна на богатите, довело до стварање на наемнички војски. Во тој период воената служба стана основна егзистенција и професија на многу луѓе од тој период.

Во периодот на стариот век војувањето, воглавно, било дозволено. Војната се сваќала како општествено корисна и дозволена појава, а осудата од страна на голем број на мислители, немала битно влијание на смалување на нејзиното појавување.

Основна причина на ваквите сваќања за војната се темели врз основа на тоа дека владеачката класа ја оправдувала војната, па тоа влијаело не само во званичните ставови на владите туку и во ставовите на повеќето мислители. Второ, нискиот степен на развојот на науката и културата, особено на општествените науки, не овозможувал подлабоко запознавање на општествената суштина на војната.

Во областа на стратегијата на стариот век, војната била составен дел од политиката на сила, "прашње од животна важност за државата, патека на која може да се преживее или пропадне. Воената цел на војните била најчесто уништување или изнурување на противникот. Подготовките траеле кратко, иако во подоцнежниот период се зголемуваат и усложнуваат опфаќајќи ги и подготовките на државните материјални резерви. Основен облик на вооружениот судир во војната била краткотрајна битка, на почетокот само една (одлучувачка). Подоцна повеќе битки го сочинувале воените походи со долги паузи помеѓу поедини битки. Битката најчесто се изведувала со обостран напад а многу ретко напад и одбрана. На битката и претходело настапување на спротивставените војски, како многу важна етапа која влијаела на текот и исходот на борбата и војната.

Основни начела на воената вештина во стариот век биле: 1) да се има добра војска, како средство за остварување на целта на војната; 2) со вешта политика да се подготвува во погоден момент да се оствари целта; 3) војната да се води што пократко со што помалку човечки загуби и со што помали напрегања; 4) ако мораш да се бориш, бори се со сите расположиви врсти оружје и со сета сила; 5) на најважната точка на биоштето да се соберат што повеќе сили, не плашејќ се од ризикот на

споредните боишта  или точки на боиштето; 6) подобро е да настапуваш отколку да се браниш; 7) војската да се држи што е можно повеќе собрана а не расфлана (расчленета); 8) во борбата излез од ситуацијата сам да бараш, т.е. прилагодување на акцијата на условите, во таа смисла треба да се соберат сите сили на одлучуважкото место и во одлучувачкиот момен на борбата; 9)енергично да се развива постигнатиот успех додека потполно не се исцрпи моралната и материлалната сила на непријателот; 10) упетреба на сите расположиви средства за да се постигне и  одржи борбениот дух и моралот на воската; 11) да се војува одлучно, напрегајќи ги сите сили и духот на телото.

За развојот на воената вештина во државите од стариот век каратеристично е тоа што од нејзиниот настанок па и долго време после тоа, предмет на нејзиното разматрање и практикување била војната односно подготовките и водењето на војната. Тоа го потврдува теорискиот опус на Сун Цу Ву и на теоретичарите кои ги анализирале неговите текстови и другите военоисториски дела кои биле напишани во стариот век. Во овие дела, се анализирани поедини проблеми на подготовките и водењето на тогашните војни, така да тие (тогашните) сознанија ни даваат релативно сигурни претстава за сваќањета на војната, воената вештина 0и нивната меѓузависност.

Ако од денешна временска дистанца ги анализираме тогашните сознанија и знаења за војната на државите кои највеќе придонеле за развојот на воената вештина  стара Кина, Грција, Македонија, Рим, се доаѓа до заклучок дека воената вештина во тој период теориски и практично станувала се посложена (усложнувала), особено во обласа на вооружената борба. Оттука, теоријата на воената вештина неминово била насочена кон стекнување на теориски сознанија и знаења во потесна област на воената стварност, која била најнепосредно и најочигледно врзана за употребата на вооружените сили во војна, односно во вооружената борба. Тоа го потврдуваат многу стекнати знаења изложени во делата на Цезар, Елијан, Енеј, Фронтин, Ксенофон, Тукидит и дуги. Нивните трудови покажале дека уште од тогаш почнале да се менуваат содржината и обемот на поимот војна и воена вештина, па согласно со тоа

морало да се редефинира појдовното одредување на тоеријата на воената вештина. Како најзначајни редефнирани теориски основи на поимот воена вештина ги дал Вегециј. Тој бил прв воен теоретичар кој после Сун Цу Ву кој систематизирано низ воопштување ги опишал воените искуства на вооружените сили во стариот век, во конкретен случај вооружените силли на Рим. Во тие трудови (огледи) ги наоѓаме првите генетички извори на денешните сваќања за воената вештина и нејзината теорија.

Воената организација на секоја држава била дирекно условени со степенот на развојот на економијата, општествените и политичките карактеристики на земјата. Поразвиената економија и општественото и политичкото уредување на земјата посовршено и воената организација била посилана и посовршена. Составот, бројноста и борбениот квалитет на војските од стариот век зависел од начинот на пополнување, моќта на државата и оперативните потреби во смисол на загрозеноста на владечката класа.

На нискиот степен на развој на производните сили во робовладетелското општество му одговараше еднострано постројување на борбениот поредок. Тоа биле фалангите во повеќето грчки држави и легиите во Рим.

Воските на стариот век биле најчесто од два вида: копнена војаска и морнарица. Примарно значење и застапеност имала копнената војска. Скоро во сите војски пешадијата била главна и бројна најголем род војска. Пополнувањето било претежно со припадниците на владеачката класа и го сочинувала нејзиниот главен дел, а некаде и целата вјска.

Во однос на пешадијата коњаницата имала воглавно помошна улога, освен во македонската и картагинската војска, каде била како род рамноправна со пешадијата.

Дејствата на воената морнарица се сведувале на дејства против непријателските бродови и заштита на сопствениот поморски сообраќај, уништување на противничката флота и заеднички дејства со копнената војска. Борбените дејства се изведувале само во поволни метеоролошки услови и близу до копното. поморската тактика во почетокот се сведувала на борба на поединечни бродови, додека боиште претставувала бродската

палуба, но со време маневарот на ескадрите како делови на флотата добива на значење. Најорганизирани и најсилни морнарици во стариот век развивале и имале Грција и Римската империја.

Системот на командување во робовладетелските војски се темелеше на непосредното влијание, на мал број старешини, врз текот и исходот на вооружение судири. За разлика од деспотиите на Древниот исток, во кои власта на војсководецот и монархот била обединета во потполност, во војските на грчките држави системот на командување имал поинакви обележја. Во војските на грчките држави имало колективно раководење, но во судбоносните судири командата над војската била доверувана на најспособните команданти. Во Грција за таа цел формирана е првата своеврсна офицерска школа "Соматофилакија" (Корпус на кралските деца). Традицијата наа грчките држави, во поглед на командувањето, на своевсрен начин ја прифатила и Римската империја. Така организиран систем на командување одговар на тогашниот степен на развојот на општеството и војската, како и на физиономијата на вооружените судири. Битките биле изведувани на мал простор, со ангажирање на сите сили. Борбениот поредок на фангите бил згуснет, а влијането на војсководачот командантот било незначајно. Војсководачот го подготвувал, организирал и постројувал борбениот распоред, но со почетокот на битката сите старешини биле на чело на своите единици и се бореле во блиска борба со ладно оружје. На текот на битката влијаеле само со своето непосредно присуство, личната храброст и со вештината на ракувањето со оружјето. Кога борбениот распоред почнал да станува порастресит, особено по појавата на резервата, местото на војсководците воглавно било вон непосредниот борбен судир, на места од каде најлесно и најдобро можеле да го набљудуваат боиштето и да командуваат со единиците во борбените дејства.

Во сите држави на стариот век на подготовките на војските им се посветувало особено значајно внимание. Се водело сметка за благовремена изработка на воениот план, моралот, материјалните подготовки, здравственото обезбедување, мобилизацијата, уредувањето на територијата, обуката на старешините и војниците.

Воената мисла и пракса на стариот век биле основа за теоријата и праксата на воената вештина во средниот век. Промените во теријата и праксата на воената вештина на стариот век биле периодични и симболични, така да кај воените тероретичри се стекнувал впечток дека во воената вештина ништо не се менува и за победата во војна битни се искуството, волјата и храбороста во војната.

Имајќи ги предвид општествените движења во меѓународната заедница во период од Наполеоновите војни до крајот на Првата светска војна, можат да се издвојат две групи на причини кои претставуваат причини за целокупниот развој на светот и тоа економски и политички. Зголемувањето на економската криза предизвика промени во општествената надградба, превенствено во политиката.

Економските причини кои го определија опшествениот развој во тој период биле: индустријализавија; развој на трговијата, подобрување на комуникациите, укинување на многи карински бариери и др.

Како најзначајни политички причини на општествено-економските движења во Европа биле придобивките од Францускатa буржоаска револуција и будењето на националната свест.

Воената мисла во почетокот на XIX век ја карактеризираше вобличувањето на теоријата на воената вештина во специфична форма чија основа ќе остане и понатаму. Еден од најистакнатите теоретичари кој се бавел и ја проучувал природата на војната и настојувал да ја согледа неговата суштина бил Клаузевиц, а неговите концепции имале одлучувачко влијание врз политичката и воена мисла на XIX. Сепак покрај Клаузевиц, голем број на тоеретичари од сите други општествени области се бавеле со војната како општествена појава. Со анализа на ставовите за содржината и обемот војната можата да се извлечат следните заклучоци: а) различните сознанијата за војната биле условени од достигнувањата на воените теоретичари и различното општествено-економско уредување и б) како единствена содржина на војната се одредува вооружениот судир.

При војувањето не се водело сметка каде престанува стратегијата а почнува тактиката, ниту во званичните правила, воената вештина е поделена на тие две области. Поделбата се јавува во теоријата на воената

вештина за полесно изучување на истата. Во тој период се разгледува односот на стратегијата и тактиката како две сосоедни полиња на воената вештина.

Вооружената борба, иако како пим во тоа време не егзистирала во делата на воените торетичари, се сметала како главна и единствена содржина на војната и дека победникот во вооружената борба е победник во војната. Сите други облици на државна и национална моќ и сила (економска, политичка, дипломатска), разгједувани се како активности кои и претходат на војната, а некои од нив имаат и одлучувачка улога за завршувањето на војната.

Со создавањето на националните армии, зајакнувањето на индустријата и научниот напредок, обезбедувањето на борбените дејства добива ново обележје. Обезбедувањето на војските во борбените дејства во тој период ги опфаќаше борбеното и задининското обезбедување ос содржините кои ги карактеристични за тој период.

Во подоцнежниот период до крајот на Првата светска војна на светската општествено-економска сцена се случуваа големи превирања и судири различни по интензитет и обем. Овој период е карактеристичен по најинтензивниот, до тогаш забележен, развој на човештвото кој се огледа во: револуционерни научни и технолошки пронајдооци; зголемување на обемот на производството и извоз на капиталот; интернационализирање на капиталистичките општествени односи; нерамномерност и спротивности во економскиот и политичкиот развој на земјите; зголемување на јазот помеѓу работната сила и капиталот; изградба на коллонијалниот систем на империјализмот; промена на односот на силите, појава на нови светски сили и изразена диференцијација на запад и исток. Карактеристиките на општестевено-политичките односи во тој период имаа одредено влијание на конституентите на воената вештина и тоа: големиот број на војни овозможи огромен број на искуствени сознанија за вооружената борба; екононмските разлики створија јаз во системот на вредности кои се одразува на филозофскиот (позививистички и дијалектички) и доктринарен (офанзивен, дефанзивен) пристап на вооружената борба сведувајќи се на поделбата на исток-запад; стварање на

оригаинална револуционерна доктрина; тотализацијата на судирите ги отвори новите на истражување кои не може да ги опфати воената вештина.

Еволуцијата на воената вештина одела, како и за другите науки - од искуствени сознанија до теорискиот фонд. Во овој период различниот третман на воената вештина (занает, вештина, наука, теорија и пракса, наука и вештина), не може да се оспори дека воената вештина се развивала од вештина, теориското воопштување, до наука. Дилемата дали воената вештина е наука или вештина или и едно и друго, е актуелана во расправите во овој период. Воената вештина израснала во наука со сите нејзини атрибути но не престанала да биде и вештина. Оспорувањето на научната заснованост на воената вештина е израз на идејалистичките и субјективистичките гледишта и непризнавањето на законитостите на вооружената борба. Од друга страна негирањето на функцијата на вештината ја негираше творечката, креативната улога на човекот, ја апсолутизираше тоеријата или вредноста на одредени методолошки прин ципи. На крајот може да се каже дека разноликоста во терминолошкото определување на воената вештина е резултат на различниот пристап на предметната област, судирот на релација научно-стручно, историското наследство, карактерот на самите нации и слично.

Научно-технолошкиот напредок, како резултат на општествениот развој, придонесе во пронаоѓањето и производството на нови оружја и усовршувањето на постојното оружје и опрема. Оваaa тенденцијја најизразена била во најарзвиените земји во тоа време, додека помалку развиените држави или неразвиените, сразмерниo на своите материјални можности, оружјето го купувале или биле во кооперативни односи.

Новите технолошки откритија, вооружување и опрема битно влијаеле на организацијата на воената организација (војската). Во овој период го карактеризираат милионски армии, промени во организацијата на војските, зголемување на интензитетот на вооружените судири, огромна употреба на техничкиот средства, просторно проширување на боевите и битките кои пак довеле промени во воената мисла и пракса и до воведување до терминот операција со поинакви содржини. Оттука, спрема

критериумот на нивото на ангажирањето на силите кои учествуваат во борбените дејства или според целта се разликуваат дејствата о тактичко оперативно и стратегиско ниво. Тактичкото ниво е означувано со терминате напад и одбрана, оперативното ниво со терминате одбранбени и нападни операции, додека на стратегиско ниво борбените дејства се користеле терминате офанзива и дефанзива.

Воената организација била организирана на три начини: систем на стоечка војска; систем на народна (територијална, милициска) војска и мешовит (кадровски ) систем.

Техничко-технолошките откритија го изменија и амбиентот на изведувањето на борбените дејаства, односно борбените дејства се изведуваа на копно, на море и во воздуот. Сето тоа влијаеше и на организацијата на системот за раководење и командување кој во услови на милионски армии, уптреба на најразлични тахнички средства, изведувањето на борбените дејства на огромни протори, станувашe се посложен. Во развојот на организацијата на командувањето, процедурите и техничките средства кои се користеле за командување, воочливи се битни развојни моменти: функциите на командувањето како непроменливи категории остануваат исти и се менуваат начинот и средствата со кои тоа се реализира.

## БИБЛИОГРАФИЈА


Archer Jones, *Elements of military strategy*, Wesport, Connecticut London, 1996.

Барелсон Б. *Анализа садржаја*, Институт друштвених наука, Београд 1960.

Beker David, Laserski izazov -"Rat zvijezda" ČGP DELO, Llubljana, 1985.

Богдановиќ М., *Методолошке студије*, Институт за политичке студије, Београд, 1993.

Brent F. Nelson, Alexander Stub, *The EUROPIAN UNION,* London, 2003.

Buzan, B., People, States and Fear, Harve ster Wheasheat, 1991.

Ванковска Билјана, Цветковски Цветан *Правото и одбраната-основи на одбрамбеното право,* РОБЗ, Скопје, 1996.

Вишнјиќ Душан, *Појам оружане борбе*, ВИНЦ, Београд.

William J. Long and Peter Brecke, *War and Reconciliation*, The MIT Press, London, 2003.

Вујевиќ М., *Увођење у знанствени рад у подручју друштвених наука*, Информатор, Загреб,1998.

Вулета Вулетић — *Војна техника и војна доктрина*, ВИНЦ, Београд, 2001.

D-r. Vučinić Mihajlo — Ograničeni ratovi,VINC, Beograd,1987.

Wright D., — A Study of War, Chikago, 1951.

Вејл Д. Лоренс, — *Цивилна Одбрана*, ВИНЦ, Београд, 1991.

Гилл А., — *Како се истражује*, школска књига, Загреб, 1994.

Гликсман А., — *Говор рата*, ВИНЦ, Београд, 1991.

Good W., Hatt P., — *Методи социјалног истраживања*, Вук Караdзиќ, Београд, 1996.

Гоцевски Трајан, — *Основни суштини и карактеристики на системот на ОНО на СФРЈ*, НИО Студенски збор, Скопје, 1990.

Гоцевски Трајан, — *Политичкиот и економскиот систем и одбраната на Македонија*, Просвета, Куманово, 1994.

Гоцевски Трајан, — *Основите на одбрамбено-заштитниот систем на Р. Македонија*, Европа 92, Кочани, 1995.

Гоцевски Трајан, — *Современи тенденции во одбраната*, Македонска ризница, Куманово, 1997.

Grizold A.,Tatalović S.,
Cvrtila V., *Suvremeni sistemi nacionalne sigurnosti*, Fakultet političkih znanosti, Zagreb, 1999.

Grizold A., Medjunarodna sigurnost, teorisko-institucionalni okvir, Fakultet političkih znanosti u Zagrebu, Zagreb, 1995.

Grupa autora *Međunarodni odnosi*, Fakultet političkih znanosti, Zagreb, 2003.

Ѓоревски Владимир Сите војски на светот, НИП Ѓурѓа, Скопје, 1995.

Димишковски Слободан, *Војна, војска и политика*, НИП Глобус, Скопје, 1994.

Димишковски Слободан, *Основи на националната одбрана на Република Македонија*, НИП Глобус, Скопје, 1996.

James F. Dunnigan, *Како водити рат*, ВИНЦ, Београд, 1993.

Jagdish Bhagwati, *In Defence of Globalization*, A Coucil on Foreign Relations Book, OXFORD, Unifersity Press, 2004.

Jasna Plevnik *Iza globalizacije*, Golden marketing, Zagreb, 2003.

Jeremy Black *War and Wolrd military power and the fate of continents*, Yale Univesity Press New Haven and London, 1998.

| | |
|---|---|
| John M. Colins, | Military Strategy, principles, practices, and historical perspectives, Brassy's Inc Washington. D.C. 2002. |
| Коен М., Најгел Е., | *Увод у логику и научни метод*, ЗУНС, Београд, 1977. |
| Кузев Стојан | *Стратегија за одбрана,* Југореклам, Скопје, 2001. |
| Larkin, Jeremy, | *Maritime Strategy and Europian Security*, Brassey's, London, 1990. |
| Др. Момчило Лазовиќ, Др. Стоишиќ Милинко, | *Теорија ратне вештине*, Полициска академија,Београд, 1998. |
| Лењин В. И., | *Држава и револуција*, Култура, Београд, 1960. |
| Мамула Бранко, | *Савремени свијет и наша одбрана*, ВИЗ, Београд, 1985. |
| Мамула Бранко, | *Одбрана малих земалја*, ВИЗ, Београд, 1988. |
| Мелон Кристијан, Милер Жан Мари, Семлен Жак, | *Неоружани отпор*, ВИНЦ, Београд, 1989. |
| Мандр Цери, Голдсмит Едвард, | *Глобализација*, CLIO, 2003 |

Група аутора — *Методиологија истраживања у области општенародне одбране*

Милиќ Војин, — *Социолошки метод,* НОЛИТ, Београд, 1978.

Милосављевиќ С., — *Истраживање политичких појава*, Институт за политичке студије ФПН, Савремена Администрација, Београд, 1982.

Mićović V., — *Globalizacija i novi svetski poredak,* Žigoja štampa, Beograd, 2001.

Мужиќ В., — *Методологија педагошког истраживања*, Светлост, Сарајево, 1988.

Нацев Зоран, — *Едукативни проекции во одбраната*, НИП Ѓурѓа, 1995.

Нацев З. — Доктрина и стратегија, НИП ЃУРЃА, Скопје, 1998.

Нацев З., Начевски Р. — Војна, мир, безбедност, Македонска ризница, Куманово, 2000.

Љубичиќ Никола, — *Општенароднaта одбрана-стратегија на мирот*, Скопје, 1976.

Оцокољиќ Станислав, — *Стратегија суперсила на прагу XXI века*, ВИНЦ Београд, 1991.

Паузан Р., Бери, *Извори војне доктрине*, ВИНЦ, Београд, 1992.

Peter Paret, *Makers of Modern Strategy,* Pricenton University Press, New Jersey, 1986.

Потконјак Н., *Израда научно-истраживачког пројекта, најсложнији и најважнији део процеса истраживања,* Осијек, Педагошки факултет.

Радишић Светозар, *Неокортикални рат*, ВИЗ, Београд, 2001.

Савић А., Делић М., Бајагић М., *Безбедност света од тајности до јавности*, Институт безбедности, Виша школа унутрашњих послова, Полициска академија, Београд, 2002

Соколовски Васил, *Војна стратегија*, ВИЗ, Београд, 1965.

ССНО, ГШ на ЈНА, *Стратегија на вооружената борба*, Војна Штампарија, Београд, 1983.А

Stanley R. Slon, *NATO, the European Union, and the Atlantic Community*, Rowman& little field publisher, INC. 2003.

Стојановић М., *Планирање општонародне одбране и друштвене самозаштите*, Привредапублок, Београд, 1988.

Teokarević J., Milinković V., *Bezbednost Evrope i širenje NATO-a*, Institut za evropske studije, Beograd1998.

Tofler Alvin i Hajdi, *Rat i antirat,* PAIDEIA, Beograd, 1998.

Held Dejvid *Demokratija i globalni poredak*, Libertas, Beograd, 1997.

Шамић Мидхат, *Како настаје научно дело*, Свјетлост, Сарајево, 1984.

Шарп Џин, *Самостојнна одбрана*, Скопје, 1994.

Shelling T., *The strategy of conflict*, Hardvard University, Cembrige, Massachuseets, London, 1994.